**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Весна ДИМИТРИЕВСКА**

# ПРИЧИНИ И ОПШТЕСТВЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**– докторска дисертација –**

Ментор: **проф. д-р Петре Георгиевски**

**Скопје**
**2002**

# СОДРЖИНА

**УВОД** ........ 1

## I ДЕЛ
## ТЕОРИИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА

**1. ТЕОРИИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА** ........ 13
1.1. ТЕОРИЈА НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ ........ 16
1.2. ТЕОРИЈА НА СПОНТАНИЗМОТ ........ 19
1.3. СОЦИЈАЛДАРВИНИЗАМ ........ 20
1.4. ДИРКЕМОВА ТЕОРИЈА ЗА СОЛИДАРНОСТА ........ 21
1.5. ТЕОРИЈА НА ХАРМОНИЈАТА ........ 23
1.6. ТЕОРИЈА ЗА „ДРЖАВА НА БЛАГОСОСТОЈБА“ ........ 24
1.7. ТЕОРИЈА ЗА „НОВАТА“ РАБОТНИЧКА КЛАСА ........ 26
1.8. ТЕОРИЈА КОЈА ГО ОСПОРУВА ПОСТОЕЊЕТО НА СИРОМАШТИЈАТА ........ 27
1.9. ТЕОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА (НЕ)ЕДНАКВОСТ ........ 29
1.10. ТЕОРИЈА ЗА СТЕКНАТИ КАРАКТЕРИСТИКИ – „КУЛТУРА НА СИРОМАШТИЈАТА“ ........ 30
1.11. СТРУКТУРАЛНИ ТЕОРИИ ........ 33
1.11.1. Функционализам и теорија на стратификација ........ 35
1.11.2. Класно-конфликтна теорија ........ 38

## II ДЕЛ
## ПОИМНО-ХИПОТЕТИЧКА РАМКА И МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА СИРОМАШТИЈАТА

**1. ДЕФИНИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА** ........ 44
1.1. ДЕФИНИЦИЈА НА АПСОЛУТНАТА СИРОМАШТИЈА ........ 50
1.2. ДЕФИНИЦИЈА НА РЕЛАТИВНАТА СИРОМАШТИЈА ........ 52
1.3. ДЕФИНИЦИЈА НА СУБЈЕКТИВНАТА СИРОМАШТИЈА ........ 55
1.4. ДЕФИНИРАЊЕ СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 55

**2. ГРАНИЧНИ ЛИНИИ, ПРОФИЛ И ИНДИКАТОРИ ЗА СИРОМАШТИЈА** ..... 56
2.1. ГРАНИЧНИ ЛИНИИ НА СИРОМАШТИЈАТА ..... 60
2.1.1. Линии на сиромаштијата утврдени во Република Македонија ..... 62
2.2. ПРОФИЛ НА СИРОМАШТИЈАТА ..... 66
**3. КОНКРЕТНА ФОРМУЛАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ ХИПОТЕЗИ** ..... 74
**4. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..... 80
4.1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ..... 80
4.2 ПРИМЕРОК ..... 82
4.3. МЕТОДОЛОШКИ ПОСТАПКИ ПРИ АНАЛИЗАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ..... 84
4.4. ИНДИКАТОРИ НА СИРОМАШТИЈАТА ..... 84

## III ДЕЛ
## ТЕНДЕНЦИИ ЗА ОСИРОМАШУВАЊЕ ВО СВЕТОТ

**1. ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА СИРОМАШТИЈАТА** ..... 86
**2. СОСТОЈБАТА СО СИРОМАШТИЈАТА ДЕНЕС** ..... 92

## IV ДЕЛ
## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА И ОСИРОМАШУВАЊЕТО

**1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..... 108
**2. ЕКОНОМСКА ТРАНЗИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..... 112
2.1. ПРИВАТИЗАЦИЈА ..... 124
2.2. СОЦИЈАЛНА СТРАТИФИКАЦИЈА ..... 125
2.3. ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 133

## V ДЕЛ
## ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1. СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..... 137
1.1. ПРОФИЛ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 138
1.1.1. Животни услови на домаќинствата ..... 140
1.1.1.1. Станбени услови ..... 140
1.1.1.2. Опременост на домаќинствата ..... 141
1.1.1.3. Образованието и сиромаштијата ..... 144
1.1.1.4. Здравјето и хигиената ..... 146
1.1.1.5. Исхрана – анализа на расходите ..... 147
1.1.1.6. Како се снаоѓаат сиромашните граѓани ..... 152

1.1.2. Релативната сиромаштија ..................... 155
1.1.3. Субјективната сиромаштија во периодот 1998-2000 година ... 166
1.2. ДРУГИ ИНДИКАТОРИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА ..................... 170
1.2.1. Основни демографски индикатори ..................... 171
1.2.2. Витални индикатори ..................... 172
1.2.3. Индикатори што се однесуваат на образованието ..................... 175
1.2.4. Индикатори за социјална заштита ..................... 176
1.3. МЕРЕЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА ..................... 178
**2. ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..................... 179
2.1. МАКРО И МИКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ..................... 182
2.1.1. Макроекономска политика ..................... 182
2.1.1.1. Макроекономската политика во СРМ и промените што настанаа во Република Македонија ..................... 182
2.1.1.1.1. Монетарно-кредитната политика ..................... 182
2.1.1.1.2. Фискална политика ..................... 190
2.1.1.1.3. Политика на цени ..................... 195
2.1.1.1.4. Надворешнотрговска политика ..................... 196
2.1.1.2. Макроекономската политика во Република Македонија во овој десетгодишен транзициски период ..................... 198
2.1.2. Микроекономска политика ..................... 204
2.1.2.1. Право на работа ..................... 205
2.1.2.2. Приватизацијата ..................... 214
2.1.2.3. Невработеност и вработеност ..................... 222
2.1.2.3.1. Бројна состојба и динамика на невработените ..................... 224
2.2. АНАЛИЗА НА НИСКОПРИХОДОВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ... 233
2.2.1. Анализа на податоците за приходите ..................... 234
2.3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ НА РМ“ ..................... 242

## VI ДЕЛ
## ПОСЛЕДИЦИ ОД СИРОМАШТИЈАТА

**1. НЕДОХРАНЕТОСТ** ..................... 256
1.1. АНАЛИЗА НА РАСХОДИТЕ ЗА ХРАНА КАЈ СИРОМАШНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..................... 257
**2. ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ** ..................... 261
**3. ХИГИЕНСКИ ПРОБЛЕМИ** ..................... 267
**4. СТАНБЕНИ ПРОБЛЕМИ** ..................... 268
**5. ОБРАЗОВНИ ПРОБЛЕМИ** ..................... 269

**6. НАРУШЕНИ СОЦИЈАЛНИ ОДНОСИ ВО СЕМЕЈСТВОТО** ............ 269
**7. НАРУШУВАЊЕ НА БИО-ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА** ............ 272
**8. ДЕЦА НА УЛИЦА** ............ 273
**9. БЕЗДОМНИЦИ** ............ 275
**10. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ** ............ 276
**11. НИЗОК ЖИВОТЕН СТАНДАРД** ............ 278

**ЗАКЛУЧОЦИ** ............ 279

**ЛИТЕРАТУРА** ............ 298

**ПРИЛОЗИ** ............ 308

# УВОД

Сиромаштијата како појава е присутна во секое општество дури и во оние најбогатите за кои обично човек смета дека ја нема. Уште во 60-тите години, Мајкл Харингтон, за најбогатото општество – американското, во својата позната студија „Втора Америка“ утврдува дека во тоа време, околу 50 милиони Американци се сиромашни; тоа, всушност, е онаа втора Америка.

Распространетоста на сиромаштијата е условена од недостатокот на природни извори и на животни добра, како и поради неразвиеноста на производните сили. Зголемувањето на бројот на сиромашните особено доаѓа до израз во услови на елементарни непогоди (поплави, суши, земјотреси), епидемии, војни итн.

Имено, денес сме сведоци на голем економски напредок во светот воопшто; висок индекс на очекуван живот; висок индекс на образование; висок индекс на опфатеност на генерациите во трите степени на образованието; висок паритет на куповната сила (PPP); висок индекс на човековиот развој (HDI). Наспроти достигнувањата, сè позачудувачко е сознанието дека приближно една милијарда луѓе живеат на работ на егзистенцијата. Половина милијарда од жителите на планетава се хронично гладни, а исто толку и неписмени. Тоа се одрази на *human poverty index* (HPI), кој бележи пораст.

Затоа се наметнува прашањето зошто и денес, во дваесет и првиот век, се соочуваме со најсуштествениот проблем – сиромаштијата.

Токму ова прашање е основниот мотив да го истражуваме проблемот на сиромаштијата во Република Македонија.

Општо е познато дека Република Македонја е сиромашна земја. Вниманието, во овој труд, е насочено кон определувањето на причините за зголемувањето на бројот на сиромашните граѓани во Република Македонија, како и на последиците од таа состојба. Особено внимание е посветено на дефинирањето и на мерењето на сиромаштијата.

При изборот на проблемот, се раководевме од потребата во Републиката да се зборува отворено за сиромаштијата, правилно да се дефинира, како и да се определат јасни критериуми за нејзино мерење, да се определи профилот на сиромаштија во Македонија за да може да се утврдат причините и последиците од сиромаштијата.

Имајќи ја предвид комплексноста на проблемот што се истражува, во овој труд, вниманието е фокусирано кон:

- утврдување на профилот на сиромаштијата во Републиката;
- утврдување на факторите што влијаат за осиромашување на граѓаните. Особено е фокусирано вниманието кон факторите што условуваат низок општествен развој;
- утврдување на последиците од состојбата во која се наоѓаат граѓаните на Република Македонија, чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во Република Македонија.

Причините се бараат во промените кои настанаа во транзицискиот период во Република Македонија (1990-2000 година).

Имено, со стекнувањето на независноста, во 1991 година, Република Македонија го започна процесот на темелни промени во многу специфични и тешки услови. Темпото на транзициските промени во голема мера беше условено од негативните економски ефекти кои земјата ги трпеше и сè уште ги трпи.

Анализата на сиромаштијата во Македонија, во периодот 1990-2000 година, би била непотполна доколку не се истакне фактот дека Македонија во претходниот период (пред 1990 година), па сè до денес, немала

објективни можности економски нормално да се развива. Темпото на транзициските промени беше условено од негативните економски ефекти што ги трпеше и сè уште ги трпи земјата, како резултат на војната во поранешна Југославија, на познатите проблеми со Грција, на косовската „бегалска“ криза итн.

Во услови кога опаѓа економската активност, кога се намалени платите, кога настануваат структурни промени во стопанството, до израз доаѓаат социјалните разлики меѓу луѓето, што се одразува крајно негативно врз целината на реформите воопшто, но и врз осиромашувањето на определен број граѓани од Република Македонија.

Намалувањето на бруто домашниот производ за 18,3 % во однос на состојбата во 1989 година (2080 американски долари во 1989 год., 1700 долари во 2001 год.), високата стапка на невработеност (32 %, за 2001 год.) и постојаното зголемување на бројот на корисници на социјална помош се само некои индикатори кои зборуваат за паѓањето на животниот стандард и за зголемувањето на нееднаквоста меѓу населението.

Голем број граѓани на Република Македонија, кои припаѓаа на средните слоеви до пред неколку години, денес, со страв и со нескриена носталгија по минатото, велат: „станавме многу посиромашни од порано“. Особено погодени од новонастанатите промени во целокупното општество се социјално ранливите групи (помалку образованите, неквалификуваните работници со ниско образование, домаќинките, семејствата со еден родител, невработените, пензионерите особено оние со мали пензии, руралното население).

Во овој транзициски период се случуваат големи движења во социјалната структура, како во трансферите во социјалните категории, така и во составот на социјалните групи. Богатите стануваат уште побогати, а сиромашните посиромашни.

Сите наведени промени, а секако и голем број други несомнено придонесоа да се намали квалитетот на живеењето во државата. Вкупните месечни приходи ни оддалеку не ги задоволуваат потребите на домаќинството.

Опаѓањето на квалитетот на живеење дојде до израз со намалувањето на работната способност и со ниските плати и со нивната нередовна исплата. Во такви услови, сосема е очекувано голем дел од жителите на Република Македонија да се чувствува сиромашен.

Кој е сиромашен, колку е сиромашен, како да се дефинира сиромаштијата, како да се измери, кои се причините и последиците – тоа се поставените прашања на почетокот на овој труд, а одговорите се во самиот докторски труд кој стои пред вас.

Овој докторски труд има цел да го определи профилот на сиромаштија во Републикава, да ги утврди причините за осиромашување на граѓаните во периодот 1990-2000 година, како и да ги утврди последиците од сиромаштијата.

Раководејќи се од поставените цели, имајќи предвид дека во Република Македонија, во овој транзициски период, па и во поранешниот систем, нема систематско научно мерење на сиромаштијата, особено внимание во овој труд е посветено токму на проблемот околу мерењето и околу дефинирањето на сиромаштијата. Прво посериозно мерење на сиромаштијата во Републикава е направено во Заводот за статистика на Република Македонија во рамките на проектот „Социјални реформи – техничка помош" и на потпроектот за социјална помош нарачан од страна на Владата на Република Македонија.

Како сиромашни се сметаа сите лица, семејства и групи лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво што ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат. При мерењето на сиромаштијата се тргна од претпоставката дека постојат однапред определени и добро дефинирани нивоа на животниот стандард наречени линии на сиромаштија, кои мора да се достигнат доколку не сакаме едно лице да биде категоризирано како сиромашно.

Мерењето на сиромаштијата е направено според апсолутната и според релативната линија на сиромаштијата. Апсолутната линија на сиромаштијата се засновува врз утврдување на апсолутен стандард на опстојување за минимални трошоци. Релативната линија на сиромаштија се засно-

вува врз утврдување релативен стандард на осиромашување определен како неопходно ниво на приходи (расходи).

Општата хипотеза ја изразува поврзаноста на промените настанати во транзицискиот период (1990-2000 година), кои влијаеја Република Македонија да има низок степен на економска развиеност, како и влијанието врз вработеноста и врз невработеноста.

Вака поставената хипотеза укажува на каузалната поврзаност на факторите што влијаат врз сиромаштијата. Промените кои настанаа во економскиот и во политичкиот систем во транзицискиот период ги сметаме за причина – независна варијабла. Последиците се изразени во нискиот економски развој – зависна варијабла. Имено, ако имаме низок економски развој (во овој случај независна варијабла, односно ако тој е причина), тогаш ризикот да се зголеми невработеноста, а да се намали вработеноста, како и да се намали вредноста на платите (зависни варијабли – последица), е поголем. Ниските плати и невработеноста се причина за осиромашувањето, односно зависната варијабла се јавува како независна.

Причините за зголемувањето на бројот на сиромашните граѓани во овој транзициски период ги бараме во опаѓањето на економскиот развој во анализираниот период, кој се карактеризира со централизација на власта, со корумпираност, со несоодветната макроекономската политика, како и со немањето сопствена стратегија за развој.

Сосема погрешено е мислењето дека исклученоста од минимум прифатливиот начин на живење во Република Македонија (сиромаштијата), е резултат на дејствувањето само на наведените фактори. Нив ги има повеќе и сите заемно дејствуваат врз осиромашувањето на граѓаните во Републикава. Сиромаштијата секогаш се јавува како последица на дејствувањето на многу фактори кои дејствуваат непосредно, кои секогашсе поврзани причинско-последично. Притоа тешко може да се издели само една причина.

Поставените хипотези укажуваат на заемната поврзаност на промените настанати во транзицискиот период (повеќепартитноста, високата централизација на власта, макроекономската политика и немањето страте-

гија за развој) што влијае врз состојбата со пазарот на трудот, притоа најдиректно го изразуваат нивното дејство врз лицата, врз семејствата и врз групите лица кои се сиромашни, но и врз оние лица кои имаат ниски приходи, врз домаќинствата што имаат вработен само еден член кој има нередовна плата и таа е ниска, доколку невработените членови се повозрасни или немаат содветно занимање итн.

Како што се забележува, независната варијабла, промените (економски и политички) во досегашниот транзициски период е многу комплексна целина, која преку своите елементи посредно влијае врз зависната варијабла – осиромашувањето, притоа проверката на општата хипотеза е отежната. Имено, проверката ќе се изврши врз основа на апликативни докази. Соочени со комплексната каузална поврзаност на промените во транзицискиот период, кои ги сметаме за причина, проверката на основната хипотеза ќе ја извршиме со помош на анализа на достапни документи и на статистички податоци, за промената во политичкото уредување, промените во макро и во микроеконономската политика, следени преку монетарната кредитна политика, финансиската политика, политиката на цени и преку надворешната трговска политика.

За добивање појасна слика на состојбата со економскиот развој во РМ, а со цел да се утврди дали промените во транзицискиот период се резултат на новонастанатата состојба, ализирана е состојбата на сите димензии (монетарната кредитна политика, финансиската политика, политиката на цени и надворешната трговска политика) во поранешната СРМ, која беше во составот на СФРЈ и состојбата во транзицискиот период. Како и состојбата со истите показатели на економскиот развој во транзицискиот период.

Направена е анализа и на микроекономски план, притоа е анализиран моделот и начинот на приватизацијата, особено внимание им се посветува на правото на работа во поранешна СРМ и на промените кои настанаа на овој план во транзицискиот период, со цел да се откријат факторите што имаат најсилно влијание врз осиромашувањето.

Во анализата на причинско-последичната поврзаност на варијаблите истакнавме дека состојбата со вработеноста/невработеноста и малите плати се причина за осиромашувањето, притоа тие одделно ќе бидат анализирани во делот Причини за сиромаштијата.

Раководејќи се од општата хипотеза и од прифатената дефиниција за сиромаштијата, „сиромашни се сметаат лицата, семејствата или групите од лица чии ресурси (материјални, културни и социјални ) се на такво ниво што ги исклучува од минимум прифатливиот начин на живеење во РМ", се изведени одделните хипотези кои укажуваат на влијанието на образованието, на работниот статус и на приходите врз осиромашувањето.

Преведени со емпириски јазик, одделните хипотези укажуваат дека ризикот за осиромашување е поголем кај домаќинствата со мали приходи, кај невработените/стечајните работници и кај необразованите.

Како индикатори за изнесената констатација се одделните прашања од спроведената анкета за „Социјалната исклученост на граѓаните на РМ", како и прашањата од анкетниот прашалник „Промените во социјалната структура во РМ".

Анализата на прашањата од истакнатите анкети покажува дека граѓаните во Републикава честопати не се хранат доволно ниту количински ниту по состав на храната, себеси се сметаат за сиромашни, сопствената положба во домаќинството ја оценуваат неповолна, просечно месечно најмногу трошат за храна, финансиската состојба во домаќинството ја оценуваат како неповолна.

Методолошкиот пристап се темели врз квантитативна и врз квалитативна анализа, за кои ќе стане збор подетаљно кога ќе биде анализирана нивната примена.

*  *  *

На крајот на овој увод, авторот чувствува потреба да искаже особена благодарност на менторот на овој докторски труд, проф. д-р Петре Георгиевски, за интелектуалната и за моралната поддршка во текот на изработката на овот труд.

Долготрајната соработка со него ми овозможи да го познавам и да го следам неговиот научен кредибилитет. Особена испирација и поддршка во моите истражувања беа неговите модерни теоретски достигнувања во социологијата, особено во методологијата.

# I ДЕЛ

# ТЕОРИИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА

Во стручната литература се употребуваат многу зборови што имаат исто или, честопати, слично значење. Таков е случајот и со поимот *сиромаштија*.

Зборот „сиромаштија“ има долга и широка употреба во социолошката, во социјалната, во социјално-политичката и во правната литература.

Англискиот збор *poverty* (‘сиромаштија’) и францускиот *la misere* (‘беда, односно најтежок облик на сиромаштија’) означуваат недостаток од неопходни средства за човековиот опстанок (храна, покрив над глава, греење, облека и обувки, лекарска заштита и слично). Во англискиот јазик се употребуваат и зборовите: *distess*, *want*, *pauper*, со слично или со исто значење.

Во германскиот јазик зборот *tie arnut* се употребува за означување на сиромаштија, но и за означување на најтешкиот облик на таа состојба (беда). За вториот поим во употреба се и други зборови (*beduerftigket*, *entbehrung, mangel, elend*).

Во српскохрватското јазично подрачје во употреба се различни зборови: „убоги“ (буквално означува *питачи*, *бездомници*). Во периодот на социјализмот, во стручната литература (освен некои исклучоци), во нормативните акти и во политичката артикулација, терминот *сиромаштија* бил заменет со други термини: социјална загрозеност, социјална необезбеденост, социјална несигурност, материјална необезбеденост и сл.

Сиромаштијата не може да ја разбереме доколку не направиме разграничување на поимот *сиромаштија* од другите сродни поими. За потребите на овој труд не би можеле да ги изложиме сите сродни поими, но ќе се ограничиме само на оние кои имаат најдиректно значење со поставениот проблем (беда, социјална исклученост и животен стандард).

Во македонското јазично подрачје се користат истите или слични термини како во српскохрватското јазично подрачје. Во поново време се користат и зборовите: *беспарица*, *немаштија* и *беда*, како синоними на зборот *сиромаштија*. Таков е и поимот *беда*.

За потребите на овој докторски труд, цениме дека не е потребно да правиме подетаљна анализа на поимот *беда*.[1] Но, не се согласуваме со оние автори кои го изедначуваат значењето на поимот *беда* и *сиромаштија*. Бедата ја сфаќаме само како понизок облик на сиромаштија.[2]

Следен поим кој заслужува внимание секако е поимот *социјална исклученост*. Честопати овој поим се изедначува со поимот *сиромаштија*, што е сосема погрешно.

Петер Абрахамсон (Peter Abrahamson), дански социолог, истакнува дека се социјално исклучени оние лица што се наоѓаат на долниот сегмент од општеството, тие се поткласа на сиромашните, тие се екстремната фаза на маргинализацијата. Тие се карактеризираат со слабеење на семејните врски и на социјалните односи. Социјално исклучени се оние групи луѓе кои не може да учествуваат во општествените процеси на општествено прифатлив начин. Социјално исклучените не се само оддалечени од паза-

---

[1] Многу се чести литературните и научни записи уште од најстари времиња во кои се зборува за бедата. Меѓутоа, зборот *сиромаштија* ретко се употребувал. Имено, тој факт не ни дава за право да тврдиме дека авторите кои го употребуваат поимот *беда* прават разграничување на овие поими (беда – сиромаштија), при што, употребувајќи го поимот *беда*, пред сè, мислат на најнискиот облик на сиромаштво, како што, всушност, денес во литературата се толкува поимот *беда*. Честопати во записите се забележува употребата на поимот *беда* и во потесно и во пошироко значење. Токму затоа се јавуваат недоразбирања.

[2] Во поголемиот дел од достапната литература (особено онаа од постар временски период) авторите зборуваат за беда, меѓутоа не прават разграничување на одделни степени на сиромаштијата, при што честопати зборуваат за сиромаштво, а го употребуваат поимот *беда*. Авторот на овој труд, го употребува поимот *сиромаштија*, при анализата, свесен дека можеби некаде во недостаток на достапна информација за истиот проблем може да се погреши.

рот на трудот, тие се специфични групи на кои им недостасува поширока интеграција во општеството. Петер Абрахамсон како пример ги наведува: децата на улица, уживателите на дрога, криминалците, луѓето што живеат во прифатилишта, ментално болните, бездомниците, жртвите од насилство, рано пензионираните, лицата што користат социјална помош долго време, бегалците, имигрантите итн.[3] Социјално исклучени се: долго време невработените, со мали плати, претежно неписмени и неквалификувани, отфрлени од училиште, ментално и физички хендикепирани и неспособни за работа, оние што користат дрога, деликвентите, оние со криминално однесување, непотполните семејства, злоупотребуваните деца, младите без работно искуство и без квалификации, разни религиски и етички малцинства, долгогодишни корисници на социјална помош, жителите на нехигиенски населби, оние на кои нивото на потрошувачка им е под основните потреби, оние чии навики и потрошувачка се стигматизирани, оние кои се движат надолу по општественото скалило, социјално изолираните без пријатели и без семејство.

Поимот *социјална исклученост* честопати се поистоветува со добро познатите термини како што се: сиромаштија, дискриминација, маргинализација и социјална нееднаквост.

Социјалната исклученост укажува на нов пристап кон социјално загрозените групи.

Некои автори сметаат дека временската димензија е значаен индикатор за употребата на термините *сиромаштија* и *социјална исклученост*. Присутно е мислењето дека поимот *сиромаштија* е соодветен за употреба во периодот на раната индустрилизација, додека поимот *социјална исклученост* е поприфатливо да се употребува во постиндустриското, односно во постмодерното општество. Или, како што вели Абрахамсон, *сиромаштија* е модерен поим, а *социјалната исклученост* – постмодерен еквивалент.

Марија Колин вака ги согледува разликите меѓу сиромаштијата и социјалната исклученост:

---

3 Nenadić Mile, *Sociološki itinerr*, Prosveta, Beograd 1999 379.

„Главната разлика меѓу сиромаштијата и социјалната исклученост е во тоа што социјалната исклученост ја вклучува и сиромаштијата, додека сиромаштијата е потесен поим, бидејќи се изразува преку доходот. Разликата меѓу овие два поима произлегува од структуралните промени во општеството. Сиромаштијата повеќе се однесува на недостатокот од приход, од материјални извори за издржување на семејството, на социјалната исклученост. Таа е повеќе релативен поим и се однесува на несоодветната социјална партиципација, на недостатокот од интеграција и од моќ. Концептот на сиромаштијата повеќе е ориентиран кон недостатокот од материјални извори за задоволуване на егзистенционалните потреби, додека концепот на социјалната исклученост е многу поширок, бидејќи подразбира разни облици на загрозеност и на маргинализација и има голем број политички, економски и социјални концепции и димензии.

Честопати поимот *животен стандард* („низок животен стандард" се поистоветува со сиромаштија.[4] Постои поврзаност меѓу овие поими, но никако не треба да се изедначуваат. Зголемувањето на бројот на сиромашните влијае врз опаѓањето на животниот стандард, и во таа релација би требало да ги разгледуваме овие поими.

---

[4] Постојат многу дефиниции за тоа што е животен стандард: би го изделиле мислењето на поголем број автори кои под животен стандард подразбираат материјални услови на живот и работа. Душан Лакичевиќ, во делото *Увод у социјалну политику*, истакнува дека во поранешна Југославија превладувало мислењето дека под животен стандард се подразбира ниво на животни и на работни услови на луѓето, односно степен на задоволување на човековите животни потреби, а тие се од материјална и од нематерјиална природа (издавач *Савремена администрација*, Београд 1987, 12). Во *Зборникот на социјални поими* од Социјална политика, Едита Вајс вели: „Поимот *животен стандард* ги опфаќа материјалните, работните и другите услови за живот и за работа ва една земја во одреден временски период.

Значи, станува збор за една општествено-економска категорија чиј развој влијае врз целокупната општествено-економска репродукција.

# 1. ТЕОРИИ ЗА СИРОМАШТИЈА

Во литературата може да сретнеме многу теории кои на определен начин се однесуваат на сиромаштијата. Интересот за проучување на овој општествен проблем бил различен, и тоа гледано од аспект на временската димензија, како и од аспект на интересот на различните науки и научни дисциплини за овој проблем.

Нашето интересирање во овој труд е да зборуваме за најразличните класификации на теориите што ја проучуваат сиромаштијата.

Во интерес на основниот проблем на овој труд, причините и последиците од сиромаштијата, ќе се осврнеме на оние теории во кои се зборува за овие проблеми. Притоа би сакале да истакнеме дека, доколку определени автори се споменат како претставници на две или на повеќе различни теории, таквиот став говори за нивниот нејасно изграден став за целината на оваа повеќедимензионална појава. Поголемиот број автори исклучиво не го проучувале проблемот *сиромаштијата*, затоа може да го разбереме нивното различно гледање на причините и на последиците за појавата на сиромаштијата. Таков е случајот на пример со А. Смит и со Спенсер, кои се претставници на теоријата на либерализмот, но, според определени ставови за обезбедување социјална и материјална сигурност на сиромашните слоеви, се приближуваат до теоријата на хармонизмот.

Интересот за истражување на сиромаштијата бил намален по Втората светска војна. Се сметало дека економскиот напредок го елиминирал тој проблем (сиромаштијата).

Интересот на социолозите и на другите научници за изучување на сиромаштијата повторно заживува во постиндустриските општества. За новата генерација старото сфаќање на сиромаштијата го изгубило своето значење.

Во зависност од потребите и од можноста за решавање на проблемот со сиромаштија, теоретичарите се групирале во четири групи: оние

коишто сметаат дека проблемите со сиромаштијата во високоразвиените капиталистички општества се лесно решливи социјални проблеми; оние коишто сметаат дека овие проблеми ќе се решат сами по себе, автоматски; оние коишто сметаат дека проблемите со сиромаштијата не треба да се решаваат, бидејќи се во функција на одржувањето на системот; и оние што сметаат дека сиромаштијата практично е нерешлив социјален проблем.[5]

М. Радовановиќ зборува за теории каде што се смета дека сиромаштијата ќе исчезне по пат на ограничување и на контрола на раѓањето, со принудна работа и со разни облици на казнување, за теории кои препорачуваат ресоцијализација на „општествено неприлагодените" сиромашни личности; за теории кои се залагаат за измена и за прилагодување на помалите општествени средини на сиромашните и за теории кои предлагаат поголеми општествени реформи „кои еднаш за секогаш ќе ја искоренат сиромаштијата".[6]

Сите општествени теории за сиромаштијата главно можат да се поделат на две групи: индивидуалистички теории кои причината за сиромаштија ја бараат во поединецот; и структурални теории, кои сметаат дека причините треба да се бараат во одредени општествени процеси во структурните општествени нееднаквости. Елисабет Том (Elisabeth Thom) прави класификација во зависност од тоа дали се поддржува претпоставката за инхерентни или за стекнати квалитети на поединецот, односно на општествените структури одговорни за сиромаштијата.

Од крајот на XVIII до почетокот на XX век биле доминантни традиционалистичките теории за сиромаштија: теоријата на либерализмот, теоријата на спонтанизмот, теоријата на социјален дарвинизам и Диркемовата теорија за солидарност.

Современата граѓанска наука ја става сиромаштијата на маргините, иако овој проблем допира до суштината на човековите и на општествените односи.

---

5 Radovanović Miroslav, *Sociologija bede i pauperizacije*, Dečje novine, Gornji Milanovac 1983, 272.

6 *Ibid.*, 273.

Причините за таквата незаинтересираност, според некои мислители, се во сè почестата анализа на оние општествени слоеви кои немаат никаква економска и политичка моќ. Сиромашните, како што вели Харингтон, се политички невидливи. Како општествена група, сиромашните се атомизирани, неорганизирани, надвор од некоја организирана група и политичка партија, па така не би можеле да бидат забележани и анализирани.

За приврзаниците на граѓанската наука, како што забележува М. Радовановиќ, „објективно и субјективно е тешко, а често нефункционално толку да се спушти на општественото дно“,[7] токму затоа, можеме да го разбереме и нивниот отпор кон проучувањето на овој проблем. Сиромашните кои не работат во стопанството се надвор од продукциските капиталистички односи, па е логично за нив да не се интересира граѓанската наука, смета Радовановиќ.

Иако недоволно кохерентна, современата граѓанска мисла причините за сиромаштијата ги бара надвор од економските фактори, минимизирајќи ги нејзините последици и распространеност. Постојат дури теории кои сосема го оспоруваат постоењето на сиромаштијата во развиените општества.

Во текстот што следува особено ќе се осврнеме на традиционалните теории на либерализмот, на спонтанизмот, на дарвинизмот, на Диркемовата теорија за солидарноста, како и на современите граѓански теории за хармонизмот, за општествената благосостојба, за социјалната стратификација, за новата работничка класа, за оспорувањето на постоењето на сиромаштија, за социјалната (не)еднаквост и за „културата на сиромаштија“.[8]

---

7 *Ibid.*, 222.

8 Свесни сме дека е потребна продлабочена анализа на теориите за сиромаштвото, но за потребите на овој труд само во најопшти црти ќе говориме за истакнатите теории.

## *1.1. ТЕОРИЈА НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ*

Сиромаштијата како општествена појава долго време била објаснувана од позицијата на либералната буржуаска доктрина „Laisse faire" (Лок, Смит, Рикардо, Русо и други). Според оваа доктрина, државата и стопанството го штитат слободниот развој на „природните" сили на граѓанското општество како што се конкуренцијата и слободната трговија. Државата има функција на „идеален колективен капиталист" (Енгелс), обезбедувајќи го индивидуалниот и општиот интерес како и заштитувајќи го постоечкиот општествен систем. Во таа смисла, сите фактори на економските односи (капиталот и работата, односно капиталистот и пролетерот) се еднакви меѓусебе. Од ова произлегува дека нема потреба од општа општествена функција. Приврзаниците на оваа теорија не го признаваат постоењето на сиромаштијата, притоа имаат изразито негативен став кон нужноста од интервенција на државата во сферата на заштитата на сиромашните. Интервенцијата нужно доведува до раздор меѓу примателите и давателите на заштитата, со самото постоење на раздорот се оправдува постоењето на сиромаштијата, што не е прифатливо за нив. Заштитата, доколку се извршува во семејството и во групите слични на нив, не носи последици на општествен план. Приврзаници на ваквото толкување има многу. Ние ќе ги изделиме сфаќањата на Смит, на Рикардо, на Спенсер и на Вебер.

Еден од протагонистите на оваа теорија, Адам Смит, смета дека „сиромаштијата се јавува сама од себе со помош на механизмите на слободното стопанство и на неа својственото забрзано и зголемено производство. Грижата за сиромашните внатре во овие механизми, кои дејствуваат врз принципот на понуда и на побарувачка, ја нарушуваат рамнотежата на слободниот пазар. Според тоа, одделните мерки за грижа на сиромашните стануваат бесмислени".[9]

---

[9] Холштејн Валтер, Мејнхолд Мариан, *Социјални рад у капиталистичким продукционим условима*, Виша школа за социјалне раднике, Београд 1980, 76.

Заштитата на сиромашните, според приврзаниците на оваа теорија, е исклучиво во семејството, секој друг облик на заштита се сметал за опортун.

Рикардо тврдел: „Која било тенденција на плаќање или на субвенционирање на надниците надвор од природните пазарни цени на работната сила може само да ја влоши состојбата на сиромашните. Најдобар лек за сиромаштијата е намалувањето на помошта, а со тоа и поттикнување на навиките за штедливост, за промисленост и за независливост меѓу сиромашните“.[10]

Макс Вебер, во рамките на неговата позната теорија за проблемите на вредностите во општествените науки и за феноменот на бирократијата, се спротивставува на сфаќањата за потребата од државна помош и од донесување закон за социјално осигурување. Тој во таквиот закон гледа опасност од јакнење на државната бирократија. Тој не ја гледа можноста за подобрување на материјалната и на социјалната положба на сиромашните во донесувањето на законот за социјално осигурување. И покрај тоа што неговите предупредувања за бирократизацијата на државата се покажаа како точни, неговиот однос кон социјалната функција на државата, па и да е бирократизирана, не можеме да ја прифатиме, бидејќи така се запоставува човекот и неговото право да живее во услови достојни за човекот.

Приврзаниците на оваа теорија сметале дека самите сиромашни се виновни за состојбата во која се нашле, бидејќи: „не работат, не штедат, мрзливи се, деструктивни се, имаат неодговорно однесување. Кој било облик да се ублажи сиромаштијата ќе доведе до поголема мрзливост кај нив.“[11]

Особено негативен став кон интервенцијата на државата во заштитата на сиромашните зазема и Спенсер. Тој смета дека таквиот облик на заштита е спротивен на правната природа на граѓанското општество. Така се создава раздор меѓу давателите и примателите на заштитата. Последи-

---

[10] Pinker Robert, *Socijalna teorija i socijalna politika*, цитирано од: Lakičević Z. Mira, *Socijalna ugroženost*, Institut za socijalnu politiku, Beograd 1987, 37.

[11] Spencer Herbert, *The study of sociology*, Williams and Norgate, London 1968, 340 (цитирано од: Пинкер Р., *Социјална теорија и социјална политика*, 28).

цата од таквиот раздор е преголемото нагласување на состојбата на сиромаштија, а со тоа се врши и оправдување на постоењето на сиромаштијата во општеството. Спенсер смета дека нема поголема божја казна за идното потомство од оптоварувањето со зголемена продукција на имбецили, на мрзливци и на криминалци.[12] Зголемените трошоци за заштита на сиромашните, смета Спенсер, може да го загрозат биолошкиот и моралниот квалитет на нацијата, може да го преобразат обичниот работен човек во незадоволен даночен обврзник, а понекогаш и во питач. Затоа, тој смета дека е пожелно да им се даде заштита на сиромашните во рамките на „родителската љубов", на групите сродни на нив и на пријателите.

Од наведените карактеристични ставови на приврзаниците на теоријата на либерализмот е воочлива нивната повеќедимензионална еднострaност, како во ставовите за причините, така и во мотивите за заштита и во патиштата за надминување на сиромаштијата. Јасно е изразен нивниот нехуман и несоцијален однос кон оваа популација граѓани.

Современата практика е сведок дека развојот на капиталистичкото производство не доведе до „автоматско исчезнување на сиромаштијата", туку таа егзистира и во најразвиените современи капиталистички држави. Материјалното обезбедување и остварувањето на социјална сигурност на сиромашните, колку што ни е познато, никаде не ја загрозило положбата на сиромашните, туку напротив ја подобрило. Во капиталистичкото општество бројот на сиромашните се зголемува токму кога тие ќе се препуштат сами на себе. Во такви економски услови, нивниот економски опстанок единствено е можен доколку има систем на заштита, пред сè од страна на државата.[13]

---

12 *Ibid.*

13 Системот за заштита може да се оствари и со помош на црквата, на хуманитарните организации, на поединци и сл.

## *1.2. ТЕОРИЈА НА СПОНТАНИЗМОТ*

Најистакнат претставник на оваа теорија е англискиот економист Томас Роберт Малтус, кој го застапува мислењето за непотребноста па дури и за штетноста од социјалната функција на државата. Тој се залага за укинување на секаква јавна и законска грижа за сиромашните, со цел да се спречи зголемувањето на бројот на населението. Во своите „Есеи за принципите на населението", Малтус ја развива торијата за законот на населението. Според неа, сиромаштијата ја сфаќа како ограничување на средствата за живот (средствата за исхрана се зголемуваат со аритметичка прогресија, а репродукцијата на населението се одвива според геометриска прогресија). Тој предлага враќање на сиромаштијата на ниво на животни средства, советувајќи им на сиромашните апстиненција од: брак, сексуален однос и раѓање. Малтус ја смета сиромаштијата за природна состојба, која има двојна улога во капиталистичкото општество. Прво, сиромаштијата е подлога за несразмерен пораст на населението. Второ, сиромаштијата е единствениот мотив што го тера човекот да работи. Малтус смета дека човекот работи само тогаш кога му се заканува опасност од сиромаштија. Притоа извлекува заклучок дека сиромаштијата е „мотор на прогресот". Грижата за сиромашните не треба да биде предмет на државна активност, имено кога расположливите средства се недоволни, одземањето на приватните средства на оние кои сè уште не осиромашиле може само да предизвика ново осиромашување. Доколку државата им помага на сиромашните, тоа ја нарушува општествената рамнотежа на државата. Причината за сиромаштијата Малтус ја бара во самите луѓе. Малтусовата теорија за сиромаштијата е под силно влијание на Волтеровото размислување за овој проблем.

Волтер, познат француски филозоф, смета дека луѓето природно се нееднакви. Сиромаштијата постои поради недостаток на материјалните добра и поради егоистичката природа на човекот кој се раѓа со силна желба за власт, за богатство, за задоволства и со голема наклонетост за неработа и за безделничење. Волтер ја смета сиромаштијата за знак дека во

државата владее цивилизација и богатство. Ова негово толкување не би можеле да го прифатиме бидејќи сиромаштијата се јавува и во богатите и во помалку богатите држави.

Малтусовата теорија лесно била прифатена и од конзервативните општествени сили. Хуманистички ориентираните мислители остро се спротивставиле на Малтусовите ставови. Роберт Овен ја критикува оваа теорија, притоа истакнувајќи: зголемувањето на населението не го загрозува производството на материјалните добра. Ова свое тврдење Овен го поткрепува со пример: „Во Англија, во која населението се зголемило за една петина 1792-1817 година, во истиот период производните сили се зголемиле за 17-пати. Во прилог на ова е и податокот дека за изминатите 20 години сиромаштијата на нашата планета се зголемило за 250 %, а не го загрозила растот на производството. Напротив, условите за работа се подобрени, продолжен е просечниот човеков живот од 40 на 70 години. Таков пораст на човештвото бил можен благодарение на зголемувањето на материјалното производство, неспоредливо во поголеми размери отколку зголемувањето на населението, така може да се зборува за спротивна аритметичка и геометриска прогресија“.[14] Идеолошката заслепеност на Малтус се гледа во ставот дека причината за сиромаштијата е во самото население. Тој го прогласува како непотребно сето она што не е во интерес на капиталистичкото производство.

## *1.3. СОЦИЈАЛДАРВИНИЗАМ*

Одделни мислители го објаснуваат феноменот *сиромаштија* со помош на Дарвиновата теорија за законите на природното избирање.

Според ова гледиште, сиромаштијата е последица на вродени недостатоци на индивидуите поради кои не можат да се вклучат во работниот процес и самостојно да ја обезбедуваат својата егзистенција. Станува збор

---

[14] Лакичевиќ Душан, „Теорије сиромаштва“, *Социјална политика и социјални рад*, број 2-3, Београд 1983, 13.

за инфериорни способности на поединците, како во физички, така и во ментален поглед. Ваквото толкување на причините за сиромаштијата очигледно е под силно влијание на социјалниот дарвинизам дека сиромашните луѓе се помалку способни и се помалку успешни во приспособувањето. Авторите, кои се приврзаници на социјалниот дарвинизам, сметаат дека сиромаштијата не може да се искорени. Тие зборуваат и за можноста од ублажување на сиромаштијата со институциални мерки.

Такво е и Спенсеровото гледање на овој проблем. Тој смета дека заштитата на сиромашните ја нарушува биолошката структура и го влошува квалитетот на нацијата.

Ваков негативен став кон сиромаштијата е застапен кај конзервативниот дел на буржуазијата и кај некои политичари, кои се залагаат за пасивен однос на државата кон сиромашните слоеви во општеството.

Слично гледиште застапува и италијанскиот социолог Вилфредо Парето. Тој ја објаснува сиромаштијата со помош на генетички условената поделба на човековото општество на супериорна етика и на безлична маса. Елитата е богата, природно предодредена да владее, а масата е сиромашна, таа е предиспонирана да слуша.

Основните причини за појавата на сиромаштијата не се бараат во нееднаквата распределба, во начинот на производство и во особеностите на производните односи, туку се бараат во природните и во психичките особини на луѓето. Ова зборува за едноставноста и за субјективноста на оваа теорија. Нејзината последна цел е фетиширање на класното општество и оправдувањето на нивната дихотомна поделба на супериорна етика и на безлична маса.

## *1.4. ДИРКЕМОВА ТЕОРИЈА ЗА СОЛИДАРНОСТ*

Важно е да се анализираат најзначајните Диркемови ставови за солидарноста бидејќи солидарноста е едно од фундаменталните начела врз кое се засновува помошта на сиромашните.

Емил Диркем со својата концепција за поделбата на општествениот труд и за типовите на солидарност, како облици на колективна свест, даде основа за една од најраспространетите и највлијателните теории во социологијата (функционалистичката теорија на социјалната стратификација).

Солидарноста на поединецот со општествената група Диркем ја објаснува со моралот во општеството. Значи, во општеството човекот кој има своја индивидуална свест се соочува со општествената свест, која е над индивидуалната свест. Општествената свест не му припаѓа на одделен биолошки организам, таа е иклучиво од духовна и од психичка природа. Колективната свест се изразува во рамките на збир на општествени норми и однесувања, кои вршат притисок врз индивидуалната свест. Тие норми се задолжителни, со нивното непочитување општествено е санкционирано. Прифаќањето на овие норми поединецот не ги сфаќа како притисок, туку како корист. Со самиот факт што индивидуата мора да ги почитува моралните норми во општеството сосема е очигледно дека општеството е над индивидуата и надвор од неа.

Диркем смета дека помошта на сиромашните треба првенствено да биде во опсегот на семејството, а потоа помошта треба да ја обезбедуваат здруженија со разни занимања. Тој не се согласува со можноста државата да ја преземе контролата на заштитата на сиромашните од две причини: државата премногу е оддалечена од поединецот за да може да преземе заштитна функција и, второ, таквата активност е многу комплексна за да може да се спроведува само со еден државен орган.

Диркем има негативен однос кон егалитаризмот. Тој потсетувал дека со векови луѓето биле задоволни со многу помала општествена правда. Оттука произлегува и неговата препорака дека, доколку сакаме да владее ред во општеството, „треба да се задоволат потребите на луѓето со она што го има. За да бидат задоволни, луѓето не смеат да мислат дека треба да имаат повеќе, туку треба да бидат уверени дека немаат право да бараат повеќе“.[15] Присилувајќи се на постојана дисциплина, вели Диркем,

15 Lakičević Z. Mira, *Socijalna ugroženost...*, 43.

„сиромаштијата нè подготвува за мирно прифаќање на колективната дисциплина, додека богатството може да побуди дух на побуна која е извор на неморалноста“.[16]

Диркем во сиромаштијата гледа:

- заштита од аномија и од општествена дезорганизација,
- воздржаност од општото задоволство,
- механизам кој нè присилува на постојана самодисциплина, и
- можност за подготовка за прифаќање на колективната дисциплина.

Од друга страна, Диркем на богатството гледа како на несакана состојба, која побудува отпор кој е извор на неморалност.

Диркемото сфаќање на солидаризмот е едноставно и во многу нешта поставено неточно. Неговите ставови се засноваат врз статичкото определено општество. Неприфатливо е и неговото сфаќање за причините на солидарноста кои ги бара во идеите, во морално-вредносниот систем, надвор од објективната стварност. Диркем го фетишира институтот на општеството кој станува апстракција издигната и многу оддалечена од човекот, како општеството да не се состои од поединци и од нивните меѓусебни интеракции.

## *1.5. ТЕОРИЈА НА ХАРМОНИЈАТА*

Со цел да се овозможи непречено оплодување на капиталот од страна на експлоатираната класа и да се обезбеди социјален мир, како противставување на претходните теории (либерализмот, спонтанизмот и солидаризмот), се појави теоријата на хармонизмот. Според оваа теорија, државата треба да презема социјално политички мерки со цел да ги заштити сиромашните слоеви во општеството, првенствено од економскиот и од политичкиот опортунитет.

Првите никулци на оваа теорија ги среќаваме во делата на Смит и на Рикардо.

---

16 Vrcan Srdan, *Društvene nejednakvosti i moderno društvo*, Školska kniga, Zagreb 1974, 135.

Смит укажува дека освен економската сфера, постои и општествено-етичка сфера базирана врз алтруизмот, притоа наведените сфери треба да бидат во хармоничен однос. Таков хармоничен однос може да постои во непосредната практика доколку социјалната политика е подредена на економската политика, односно на примарните барања за зголемување на профитот, на производството и на потрошувачката на материјалните добра. Џон Мејнед Кејнс во своето дело „Општи теории за вработеноста, за каматите и за парите“ (1936 год.) ги развил основните Смитови и Рикардови идеи.

Кејнс смета дека социјалната функција е важна компонента на капиталистичката држава, доколку таа ги уважува битните елементи на капиталистичките производствени односи (приватната сопственост, класните односи, постоечката класна структура, како и слободниот пазар).

По Втората светска војна, приврзаниците на теоријата на хармонизмот истакнуваа дека е неопходно паралелно да се развие економска и социјална политика. На тој начин ќе се постигне подобрување на животниот стандард и на куповната моќ, што е истовремено стимуланс за зголемувањето на производството и на профитот.

Вака сфатена, теоријата за хунанизам нема цел да обезбеди социјална и материјална сигурност на работничката класа и на сиромашните слоеви. Целта на социјалната политика е овозможување и оплодување на капиталот од страна на експлоататорската класа, а исто така и обезбедување социјален мир.

### *1.6. ТЕОРИЈА ЗА „ДРЖАВАТА НА БЛАГОСОСТОЈБА“*

Теоријата за „држава на благосостојба“ денес е многу присутна во науката. Кога се зборува за „држава на благосостојба“, обично се мисли на држава од современ развиен капитализам, која води активна економска и социјална политика.

Економската и социјалната политика во „државата на благосостојба" подразбира мерки на прераспределба на доходот со цел да се постигне поголема еднаквост, обезбедување социјална сигурност на сите членови на државата, овозможување бесплатни (здравствени, образовни и културни) услуги, целосна вработеност, контрола на основните цени и доходот. Вакви големи компетенции на државата не им беа познати на претходните традиционални теоретичари. Теоријата за постоењето на „држава на благосостојба" направи големи промени во сфаќањата за функциите на државата во капиталистичкото општество.

Еден од позначајните претставници на оваа теорија е англискиот социјален политичар Ричард Титмус. Тој ја истакнува новата улога на социјалната политика во индустриски развиените капиталистички држави. Таа нова улога се постигнува со „интеграцијата во општеството, обезбедувајќи универзални и селективни услуги, врз основа на потребите, а не на пазарот".[17]

Гунар Мирдал, шведски социјалдемократ и економист, истакнува дека суштината на социјалната политика е во прераспределбата на доходот. Државата, според него, треба да има еден дел од доходот кој правилно ќе го распредели за благосостојба на сите и за општествен прогрес.

Тој правилно забележува дека подобрувањето на условите за живеење на сиромашните позитивно влијае врз економскиот развој на државата. Со мерките на социјална политика се мобилизира и подобро се оспособува главно пасивното население дотогаш. Со помош на државната помош сиромашните ќе се „оживеат", ќе се мобилизираат, ќе ја надминат нивната пасивност, апатичноста, резигнираноста, ќе ги зголемат нивните побарувања, а со тоа, вели Мирдел, ќе дојде до општествен прогрес.

Со барањата за поголема економска еднаквост и за социјална правда, која ја пропагира оваа теорија, доаѓа до објективни граници на условеност кои ги наметнуваат карактеристиките на капиталистичкиот систем. Вистинската интеграција на економските и на социјалните односи

---

17 Lakičević Z. Mira, *Socijalna ugroženost...*, 47.

во развиените капиталистичи држави не е можна сè додека постојат основните пречки содржани во институциите на профитот, што доведува до концентрација и до централизација на капиталот од страна на моќните мултинационални компании. Оттаму, социјалната политика, која се протежира во оваа теорија, има резидуален, а не универзален карактер, и повеќе е корективна, а најмалку е креатор на нови односи.

Теоријата на „државата на благосостојба“, иако во суштина е конзервативна, утилитаристичка и индивидуалистичка, влијаела врз хуманизацијата на стопанството и врз државата во која е промовирана.

## *1.7. ТЕОРИЈА ЗА „НОВАТА“ РАБОТНИЧКА КЛАСА*

Поттикнато од функционалистичката теорија за социјална стратификација, се јавило сфаќањето за „новата“ работничка класа (Кларенс Шраг, Ото Ларсен, Сејмоут Липсет, Рајнхард Бендикс и др.)

Благодарение на општествените промени во економијата, во политиката и во социјалата, кои се условени од системот на социјалното обезбедување, од растот на животниот стандард, од зголеменото образовно ниво на работниците и од подобрените животни услови, во науката превладува мислењето за постењето на нова работничка класа. Се сметало дека таа класа не е пауперизирана и обесправена како работничката класа во раниот период од развојот на капитализмот. Новата работничка класа е производ на современата индустрија и својот животен стандард ѝ го должи на високата продуктивност на работата.

С. Малет (S. Mallet) смета дека околу „новата“ работничка класа се случуваат промени на три нивоа: стручност, распределба и сигурност на вработувањето.[18]

Неспорно е дека работничката класа во современото капиталистичко општество претрпела значителни промени, но промените не се условени од наведените фактори што ги истакнуваат привврзаниците на оваа

---

[18] Cvetičević Velko, *Klase i klasna struktura savremenog društva*, Školska knjiga, Zagreb 1974, 104.

теорија. Додека постојат капиталистички општествени односи засновани врз системот на класна експлотација ќе постои и работничка класа како антипод на боржуазијата. Промените, што се присутни кај работничката класа во периодот на развиениот капитализам, не се плод само на производственот напредок, туку се резултат и од борбата на работничката класа за подобрување на својата положба. Сите внатрешни промени што се наведуваат од страна на приврзаниците на оваа теорија во основа не се изменети. Работничката класа и понатаму е експлоатирана, изделена е од средствата за производство и е отуѓена од резултатите на својот труд. Експлоатацијата на туѓиот труд го „отуѓува човекот во производството, доведува до економско оутѓување, а ова отуѓување е основа на сите отуѓувања на човекот, особено на политичко и на идеолошко“.[19] Или, како што вели Ботомор (Bottomor), во индустрискиот систем на работа работниците не се потврдуваат, туку се негираат во процесот на работата.

Со право може да констатираме дека теоријата за „нова“ работничка класа, и покрај тоа што е доста застапена, нема значајна научна вредност и не зборува многу за причините за сиромаштијата. Во периодот кога се појави теоријата за „новата“ работничка класа, работничката класа се наоѓаше во тешка состојба, притоа бројот на осиромашените работници постојано се зголемуваше. Имено, оваа теорија еднострано и неточно извлекува заклучоци за постоењето на „новата“ работничка класа, штитејќи ги интересите на постоечката власт.

## *1.8. ТЕОРИЈА КОЈА ГО ОСПОРУВА ПОСТОЕЊЕТО НА СИРОМАШТИЈАТА*

Многу екстремно, но сепак присутно кај одделен број мислители е сфаќањето дека сиромаштија ќе исчезне во развиените капиталистички земји. Ваквото толкување се базира врз одделни неточни воопштувања.

---

[19] Marković Z. Danilo, „Marksizam i humanizacija rada“, *Socijalističko samoupravljanje i humanizacija rada*, Savremena administracija, Beograd 1980, 11.

Постоењето на сиромаштијата се оспорува со аргументите „потполна“ вработеност, прераспределба на доходот од богатите кај сиромашните, со постојани тенденции за нови реформи на општествениот систем. Уште во 1952 год. американскиот теоретичар Фредерик Луис Ален пишува: „Милиони семејства во нашите индустриски градови, села, фарми излегле од сиромаштијата и се во состојба да уживаат во она што традиционално се смета за нужно за средната класа“.[20] По Втората светска војна систематското истражување на сиромаштијата било запоставено, токму од претходно наведеното убедување дека економскиот напредок го елиминирал тој проблем во развиените општества. Не само што превладувало тоа уверување во јавното мислење, туку и познати научници придонесувале за неговото зацврстување. Познатиот американски економист Кенет Албрехт (Kenneth Albraht), во своето познато дело „Богато општество“ (*The Affluent Society*), од 1958 година, тврди дека сиромаштијата е надмината појава во американското општество.

Шепард Клоунг, глорификувајќи го прогресот во американското општество постигнат во последните дваесет години, го зазема истиот став. Мајкл Харингтон со неговото познато дело *Друга Америка* ги побива нивните ставови.

Други приврзаници на оваа теорија за непостоењето на сиромаштијата се: Сајмон Кузњец, Д. Сирс, Ф. Пејш, Х. Лидал, Е. Пауел, Б. Џувенил и др.

Како и кај претходните теории, и тука може да се воочи едноставноста, идеолошката заслепеност, конзервативноста и малата научна вредност. Сиромаштијата, не само што не може да се оспорува, таа сè повеќе се шири во развиените капиталистички општества, се зголемува бројот на невработените, реалната наемнина опаѓа, поради светската економска криза, порадии инфлацијата и поради порастот на трошоците за живот. За наводната прераспределба на доходот од богатите кон сиромашните не може да се зборува, бидејќи таквиот потег е инкопатибилен на капиталис-

---

[20] Allen Lewis Frederick, *The Big Change*, Harper and Brothers, New York 1952, IX (цитирано од: Lakičević Z. Mira, *Socijalna ugroženost...*, 51).

тичките производствени односи и на заснованата експлоатација врз него. Појавата на сиромаштијата е неразделно поврзана со карактеристиките на капитализмот. Како таква, таа ќе егзистира сè додека постојат класните односи, приватната сопственост, наемниот труд и експлоатацијата.

### *1.9. ТЕОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА (НЕ)ЕДНАКВОСТ*

Инспирирани од развојот на граѓанското општество и од неговата стабилизација, во педесеттите години од дваесеттиот век е развиена нова доктрина. Во нејзини рамки се јавува гледиштото за социјалната еднаквост.

Една група приврзаници на оваа теорија сметаат дека индустријализацијата на општеството ја трансформира дотогашната социјална нееднаквост во еднаквост на луѓето, независно од обликот на производствените односи, од идеологијата и од политиката. Ова особено доаѓа до израз во материјалната распределба, каде што се намалуваат разликите меѓу богатите и сиромашните во распределбата на доходот, која тежнее кон сè поголема егалитарност. Особено се истакнува еднаквоста во правата на сите категории работници.

Друга група мислители не го оспорува постоењето на нееднаквоста. Притоа тие сметаат дека таа нееднаквост е условена од индивидуални и од субјективнни фактори. Имено, не се истакнува работливоста, умешноста, штедливоста и работливиот дух, како порано, туку се потенцираат разликите во знаењето и во стручноста. Општествената положба, според овие мислители, се определува според нивното знаење и според стручноста.

Одделни мислители ја определуваат нееднаквоста во граѓанското општество како универзална појава, како трајна вредност на капиталистичкиот систем, која никогаш не може да се елиминира, туку може само да се ублажи.

Приврзаниците на теоријата за социјалната (не)еднаквост во современото капиталистичко општество забораваат дека општествените и социјалните нееднаквости се неразделна компонента на класното општество

воопшто. Според тоа, и капиталистичкото општество, без оглед на кое ниво од развојот се наоѓа, го карактеризира социјална нееднаквост. Всушност, класното општество постои таму каде што има системска и структурална општествена нееднаквост. Општествената и социјалната нееднаквост во капиталистичкото општество се една од основните негови карактеристики. Таа нееднаквост се манифестира со материјалната продукција и во материјалната репродукција на општеството, со политичката доминација, односно со учество во власта и во управувањето, со општествената поделба на трудот и со монополот над интелектуалната работа и во сферата на општествената распределба на сите цивилизирани добра, во сите подрачја на животот и на работата.

## *1.10. ТЕОРИЈА ЗА СТЕКНАТИ КАРАКТЕРИСТИКИ – „КУЛТУРА НА СИРОМАШТИЈАТА“*

Во науката превладува мислењето дека начинот на живеење на сиромашните е сличен во различните општества, а во многу нешта е различен од начинот на кој живеат останатите жители кои не се сиромашни. Теоријата за културата на сиромаштијата беше доминантна во шеесеттите години. Идејата за културата на сиромаштијата најсилно е изразена во делата на американскиот антрополог Оскар Луис (Oscar Lewis, *The Culltureof Poverty*) и на Мајкл Харингтон (*The Ather America*).

Тие ја опишуваат сиромаштијата како еден културен процес и како процес на создавање алтернативни вредносни ориентации во постоечките општествени услови. Имено, тие сметаат дека културата на сиромашните има позитивна адаптивна функција. Тоа значи дека содржи механизми за приспособување без кои сиромашните тешко би опстанале. Оскар Луис ги објаснува културните обрасци на сиромашните како наследна особина која се пренесува генерациски преку семејниот начин на живеење и преку социјализацијата, обновувајќи ја на тој начин сиромаштијата постојано. При-

фатениот начин на живеење и формираната култура претставуваат пречка за подобрување на состојбата на сиромашните.

Оскар Луис, врз основа на своите многубројни истражувања, доаѓа до сознание дека културата на сиромашните е базирана врз многу меѓусебно поврзани обрасци (општествени, економски, семејни и психолошки). Во текстот што следува ќе истакнеме некои од нив.

На сиромашните им недостасува учество и интеграција во најзначајните институции во општеството. Како последица на таквата општествена изолација се јавува недостаток на економските ресурси.

На ниво на заедницата сиромашните ги препознаваме по лошите услови за живеење (супстандардно живеење), по пренаселеноста, по барањето решение за појавените проблеми на локално ниво. Сиромашните од урбаните населби, како што истакнува Луис, не членуваат во синдикатите или во други здруженија, не членуваат во политички партии, многу малку ги користат банките, болниците, музеите, стоковните куќи и сл.

На ниво на семејството, Луис зборува за отсуство на детството како важен период во развојот на човекот, честото напуштање на семејството од страна на таткото,[21] раните сексуални односи, тенденцијата на мајката да е стожер на семејството, авторитарноста, ривалството и конфликтноста се главните карактеристики на семејните односи.

Главните карактеристики на сиромашниот човек, според Луис, се: преголемото чувство на маргиналност, беспомошноста, безперспективноста, зависноста, инфеиорноста, силната ориентација кон сегашноста со сразмерно мала можност да не се одолее на задоволствата, на чувството на резигнација и на фатализмот, како и големата застапеност на сите видови паталошки појави.

Истражувањата потврдуваат дека стандардизираниот начин на однесување на сиромашните не е реакција на постоечката ситуација, туку добива сила на култура. Како таква, културата на сиромашните има тенденција да ја обновува сиромаштијата. Кога еднаш ќе се зацврсти, вели

---

[21] Приврзаниците на теоријата „присилна ситуација", особено внимание му посветуваат на овој проблем (види: Haralambos Michael, Heald Robin, *Uvod u sociologiju*, Globus, Zagreb 1989, 158).

Луис, „културата на сиромашните има тенденција трајно да се обновува, од поколение на поколение. Во периодот кога градските деца ќе навршат шест или седум години, тие веќе се задоени со темелните вредности и погледи на свет од својата супкултура и не се психички подготвени да ги искористат изменетите услови или сè поголемите можности што би им се овозможиле во животот“.[22]

Приврзаниците на теоријата за културата на сиромаштија причините за сиромаштијата ги бараат во стечените индивидуални и групни карактеристики. Како поважни причини за сиромаштија приврзаниците на оваа теорија ги изделуваат несоодветната социјализација, лошата родителска грижа, ограниченоста во одделните урбани средини и нееднаквите можности во образовните системи. Понекогаш во рамките на овие сфаќања се нагласува улогата на училиштето како главен канал на социјална промоција. Се смета дека училиштето, односно неговите стандарди се приспособени на децата од средните слоеви и како такви не успеваат да ги мотивираат децата од „суппролетерските семејства“.

М. Харингтон, зборувајќи за сиромаштијата во Америка, го истакнува проблемот на училиштето, односно различноста на вредностите кои се очекуваат во училиште и во животот на сиромашните. „Сè што ги опкружува сиромашните, нивниот живот, нивните доблести, не ги подготвува да ја користат новата шанса. Родителите одвај чекаат децата да станат работоспособни, учениците се чувствуваат затворени и го чекаат моментот кога нивното школување ќе ги задоволи законските норми“.[23]

Треба да истакнеме дека теоријата за културата на сиромаштијата наидува на постојани критики. Постојано се јавуваат прашањата дали воопшто постои култура на сиромаштијата, како и дали таа продонесува да се изгради критичен суд кон теоријата за култура на сиромаштија.

Критичарите на оваа теорија се задржуваат на самиот поим „култура“. Употребата на поимот *култура* имплицира на однесувањето стек-

---

22 Ненадиќ Миле, *цит. дело*, 378.

23 Харингтон Мајкл, *Друга Америка*, Просвета, Београд 1965, 48.

нато во семејството, базирано врз вредности кои еднаш се усвоени и се отпорни кон нови промени.

Често се оспорувани аргументите дека сиромашните живеаат во сопствен свет и дека нивната култура е самостојна и издвоена од нормите и од вредностите на матичната култура во општеството. Приврзаниците на теоријата за културата на сиромашните го објаснуваат однесувањето на сиромашните како реакција на усвоените културни обрасци, тие не го сфаќаат однесувањето на сиромашните како реакција на „присилна состојба“. Со други зборови, сиромашните се принудени да се однесуваат онака како што се однесуваат, а не дека на таквото однесување ги насочува културата на сиромашните. Приврзаниците на теоријата за ситуациската присилба упатуваат кон заклучокот – кога ќе се елиминира присилбата врз сиромашните, без никакви пречки сиромашните ги прифаќаат матичните обрасци на однесување и ја користат постоечката можност.

## *1.11. СТРУКТУРАЛНИ ТЕОРИИ*

Во рамките на овој поширок пристап може да се раликуваат различни теории – економска, политичка, функционалистичка теорија на стратификација и нејзините варијанти, класноконфликтни теории кои се јавуваат под силно влијание на Веберовите сфаќања, како и некои нови интегрирани варијанти за истражување на општествената структура (на пр. А. Гиденс).

Економската теорија, причините за појавата на сиромаштијата ги гледа во ниските надници, во невработеноста, во нискиот степен на образование, како и во несодветната класификација. Колеман и Кресиј (Coleman, Cressyj), претставници на оваа теорија, сметаат дека луѓето кои немаат соодветна класификација и немаат работа тешко можат да најдат работа, вработените тешко може да ја задржат работата и малку се платени. Токму затоа нивната економска состојба е несигурна. Доколку на таквата по-

ложба се додаде болест или некој друг инцидент, тогаш поединецот или домаќинството автоматски паѓа под линијата на сиромаштијата.

Невработеноста, според економската теорија, најмногу влијае врз материјалната загрозеност.

Развојот на технологијата, особено автоматизацијата на производството, постојано создава „сиромашни луѓе/домаќинства“.

И покрај тоа што економското толкување истакнува некои клучни аспекти за настанување на сиромаштијата, тоа честопати го наведуваат само некои непосредни фактори на сиромаштијата, не објаснувајќи ги самите факти во контекстот на глобалното систем.

Под политичка теорија, која ја споменавме, се подразбира влијание на државната политика врз јавното мислење, односно на владејачката идеологија врз сиромаштијата. Тука не станува збор за теорија во вистинска смисла на зборот, бидејќи и таа не истражува повеќе причини за сиромаштијата. Овој пристап е карактеристичен за високоразвиените држави и за дејството на „државата на благосостојба“ и за нејзините потенцијални и практични можности да ја елиминира сиромаштијата.

Според овој пристап, степенот на нееднаквоста во општеството е прашање на сиромаштијата. Ова гледиште на смета дека треба да се укине нееднаквоста воопшто. Умерената нееднаквост, според ова толкување, е прифатлива.

Сите наведени пристапи имплицираат различни можности на промени во рамките на глобалното општество, како и на нивното влијание врз елиминирањето, односно врз одржувањето на сиромаштијата како одделна општествена состојба. Заедничка тема за сите структурни пристапи е проблемот на општествената нееднаквост и неговото толкување. Од аспектот како се гледа на глобалната структура на општеството, сите овие теории може да се поделат на: функционалистички, конфликтни, класни теории, повеќедимензионални (под влијание на Вебер) и синтетички класен пристап кој ги интегрира Марксовото и Веберовото гледиште.

### 1.11.1. ФУНКЦИОНАЛИЗАМ И ТЕОРИЈА НА СТРАТИФИКАЦИЈА

Функционалистичкото објаснување на општественото раслојување ја опфаќа дистрибуцијата на општествените вредности, вклучувајќи го и приходот, со што на некој начин содржи извесни импликации на сиромаштијата. Имено, оваа теорија директно не се занимава со проблемот на сиромаштијата. Една од причините што не се зборува за сиромаштијата во рамките на оваа теорија е нејзината ориентација кон институционализираните облици на нееднаквоста како универзална појава. Главни претставници на функционалистичката теорија на стратификација се Т. Парсонс, К. Дејвис и В. Мур (T. Parsons, K. Davus, W. Moore).

Во една поширока смисла овој пристап ги опфаќа сите гледишта кои тргнуваат од поделеноста на општеството на функционално поврзани групи во рамките на општестената поделба на трудот. Она што е заедничко на сите функционалистички гледишта на општествената структура е меѓузависноста на општествените класи и нивната соработка базирана врз општествен консензус.

Основното функционалистичкото гледиште кое го застапуваат К. Дејвис и В. Мур е следново: општествената стратификација е функционална и е неопходна за одржување на човековото општество; стратификацијата е универзална појава за сите сложени општества, притоа конкретни видови на раслојување се разликуваат во зависност од даденото општество, од времето и од условите; секое општество има свој функционално-вредносен систем, врз чија основа се јавува нееднаква распределба на општествените вредности, што предизвикува раслојување на луѓето; и постоењето на основните општествени вредности е мерка за проценување (оценување) на општествената положба на индивидуите.

Како што може да се забележи, Дејвис и Мур тргнуваат од претпоставката дека општеството е функционален механизам кој на некој начин треба да ги мотивира членовите да ги реализираат обврските што им ги наметнуваат нивните различни улоги во општеството. Оваа теорија се темели врз различната функционалност, т.е. врз значењето на одделните

општествени положби. Според тоа, овој пристап имплицира дека положбата на сиромашните е производ на нивната помала функционалност за општествениот систем, притоа се смета дека и таквото место во дистрибуцијата на општествени вредности е праведна. Основната забелешка на ова сфаќање е токму во таа насока. Општеството претставува одреден поредок кој ги институализира привилегиите и интересите на владејачките општествени групи. Функционалноста и значењето на одделните улоги во општеството не може да се определи според некоја единствена целина, туку се базира врз поредокот кој ги фаворизира определените општествени улоги. Набљудувано од овој агол, Х. Ганс истакнува дека сиромаштијата е навистина функционална, меѓутоа за оние кои имаат моќ и богатство „сиромашните се корисни: зашто ја обезбедуваат работната сила за извршување на „валкани" работи кои се плаќаат евтино, одржувајќи ниско ниво на надницата; зашто работат во социјалните служби; бидејќи служат како жртвени јарци; бидејќи служат како опомена за оние кои не треба да ѝ конформираат на етиката на работата итн."[24]

Функционалистичката теорија на Дејвис и на Мур е критикувана и поради својот конзерватизам.

Новата научно-техничка револуција значајно влијаеше врз промената во општествена структура. Особено изразени промени имаше внатре во општествените класи. Во тој социјален контекст настана функционалистичката теорија на социјална стратификација, како реакција на марксистичката торија за класите и за класната борба. Оваа теорија настојува да го минимизира постоењето и улогата на класите и на класната борба во современите високоразвиени индустриски општества. Суштината на оваа теорија се состои во наводната потреба од воспоставување социјална стратификација, со цел да се ублажат најзините (општествени и психолошки) последици.

При определувањето на поимот *класа* не се тргнува од системот на општественото производство, од организацијата на работата и од начинот

---

[24] H. Gans, *The Uses of Poyerty: The Poor Pay All*, Social Policy, No. 2, 1971, 21-23 (цитирано од: Митровић Александар: *Роми на границц сиромаштва*, ИДП Научна книга, Београд 1990, 40).

на распределбата на општественото богатство, туку се поаѓа од статусни критериуми, како што се приходот (богати – сиромашни), образованието, полот, староста и сл., според кои се диференцираат луѓето во современите општества. Моќта се смета за основен услов за општественото раслојување. Теоријата на стратификација ја дефинира како општествената улога вкупна, синтетички изразена награда за извршување на општествените улоги (функции). Угледот зазема автономен карактер во социјалната стратификација (Вебер особено го истакнува ова гледиште). Овие критериуми на социјалната структура внатре во еден систем не може да се менуваат, бидејќи се исклучуваат внатрешните фактори на промени и на судири. Единствено се можни промени во рамките на постоечкиот систем, а не и промени на самиот систем. Луѓето не го менуваат системот, туку се приспособуваат на дадениот систем, поради неговото ефикасно функционирање. Внатре во тој хармоничен и непроменлив систем постои изразена хоризонтална и вертикална подвижност. Таа подвижност придонесува да се намали бројот на оние луѓето кои се на дното, како и да се зголеми бројот на средните слоеви во современото индустриско општество (Пол Хег, Нелзон Фут и др). На тој начин социјалната мобилност и кристализацијата на класите во марксистичка смисла го зголемуваат бројот на оние кои ја базираат својата егзистенција врз професијата, врз приходот и врз престижот.

Овие основни ставови на функционалистичката теорија на социјалната стратификција укажуваат на нејзината статичност, на идеолошката определеност и на едностраноста.

Марксистичката теорија за класите и за класната структура не може да се замени со ставот на оваа теорија дека современото индустриско општество се диференцира на слоеви според одредени обележја (материјално богатство, општествена моќ или општествен углед), нерамномерно распоредени. Проблемот е очигледен бидејќи основната цел на теоријата на социјалната стратификација е сочувување на постоечкиот систем на современото индрустиско општество. Тие не го бараат излезот во капиталистичкиот начин на производство, туку во советот – оние што се на дното да останат на дното, бидејќи качувањето нагоре е претешко.

### 1.11.2. КЛАСНО-КОНФЛИКТНА ТЕОРИЈА

Класно-структуралниот пристап при анализата на сиромаштијата има неколку основни варијанти, од кои најзначајна е онаа што се потпира на Марксовото сфаќање за класната структура на општеството.

Р. Дофрендорф (R. Dofrendorf) се спротивставил на функционалистичките сфаќања, издигајќи ја конфликтната теорија за општествената структура. Тој го дефинирал класниот судир врз основа на авторитет (власт), тврдејќи дека моќта во процесот на одлучување е поопшта карактеристика при одредување на поимот на класите, отколку што е местото и односот кон средствата за производство. Имено, тој тврди дека сопственоста на средствата за производство е облик на концентрација на моќта на одлучување, односно дека поимот *сопственост* подразбира монополизирани права на донесување одлуки. Така, класниот судир во современите општества пред сè значи борба за власт и за влијание за донесување клучни општествени одлуки“.[25]

Класниот пристап на општествената структура е тесно поврзан со сфаќањето и со определувањето на поимот *сиромаштија*.

Самото постоење на сиромаштијата природно е наметнато од општествената нееднаквост.

Р. Титмус (R. Titmuss) констатира дека тешко би можеле да ги разбереме новите облици на сиромаштијата доколку не ги имаме предвид фактите за промената и карактеристиките на нееднаквоста.

П. Таунсенд (P. Townsend) смета дека проблемот на сиромаштијата е во рамките на раслојувањето на општеството и дека тој проблем може да се решава само со големи реформи кои треба да се случат во редистрибуцијата на националниот производ, т.е. на глобално ниво. Ова гледиште се потпира на Марксовото сфаќање за сиромаштијата. Маркс смета дека сиромаштијата е последица од класната нееднаквост, од внатрешни структурни судири меѓу класите, од кои едната располага со економска и со

---

[25] *Ibid.*, 45.

политичка моќ, а другата е лишена од таа моќ. Ваквиот однос произлегува од начинот на производство во капиталистичкото општество, притоа сиромаштијата е последица од таквиот начин на производство. Имено, според ова гледиште, сиромаштијата може да биде искоренета доколку се направат радикални промени во областа на производството.

С. Шпицер (S. Spitzer) прави обид да ја примени Марксовата теорија за поврзаноста на начинот на производство во капиталистичкото општество со репродукцијата на „релативниот вишок на население“, користејќи ги Марксовите анализи во *Капиталот* за општиот закон на капиталистичката акумулација на која ѝ кореспондира создавањето на „масата од вишок население“. Сфаќајќи го овој механизам како структурен извор, Шпицер смета дека сегментот на општеството е репроматеријал од кој со селективно влијание на социјалната контрола се создаваат две основни групи: девијантни и општествен „отпад“, кои се опасност за опстанокот на поредокот.

Класниот пристап во основа тргнува од местото на општествената група во економската структура во општеството и тврди дека сите облици на нееднаквост (разликите во можностите за социјална промоција, за престиж, за стил на живеење, дискриминацијата на етничките и на расните малцинства, општествената моќ) произлегуваат од класните разлики, било тие да се дефинираат класично (преку сопственичкиот однос, „услови за производство“) или како пазарна структура[26].

Сиромаштијата е анализирана од различни аспекти. Воведувањето на трите компоненти на стратификацијата (класа, статус и моќ) од страна на Вебер го заживеаа пристапот на социјалната стратификација, притоа трите Веберови компоненти на стратификацијата станаа релеванти и за проучувањето на општествената нееднаквост и на сиромаштијата за многу автори. Вебер верувал дека престижот, односно општествениот углед и политичката димензија на стратификацијата, честопати се сосема независни од припадноста на одредена класа, за разлика од Маркс кој ја истакнува економската или класната компонента на стратификацијата.

---

[26] Оваа теза е преземена од Вебер и неа ја користат поголем број современи теоретичари (на пр.: A. Giddens, S.M. Miller).

С.М. Милер (S.M. Miller), во својот пристап кон сиромаштијата, кој можеме да го наречеме повеќедимензионален, тргнува од Вебровиот стратификуван концептот на општеството, преземајќи ги споменатите категории (класа, статус и општествена моќ), додавајќи уште две (образованието и социјалната мобилност).

# II ДЕЛ

# ПОИМНО-ХИПОТЕТИЧКА РАМКА И МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА СИРОМАШТИЈАТА

Секое научно истражување, како што истакнува професор Петре Георгиевски,[27] има цел или настојува да дојде до ново сознание за појавата што е предмет на истражувањето, или пак, да провери некое недоволно проверено сознание, било тоа да е од теориска или од емпириска природа.

Овој труд ја има токму целта да дојде до нови сознанија за сиромаштијата, особено за состојбата во Република Македонија, во овој транзициски период. Следна задача е да ги издели факторите што имаат најсилно влијание врз оваа појава (сиромаштијата), како и да укаже на последиците од сиромаштијата, со цел колку е можно подобро да се прикаже појавата.

Теориското истражување има дедуктивен карактер, чија крајна цел е одредени теориски ставови за сиромаштијата да ги проучи и да ги согледа – да ги разоткрие заемните врски како и да дојде до нови сознанија за неа.

Истражувањето, што е предмет на овој труд, се карактеризира со: откривање и изучување на голем број каузални врски меѓу промените во општествено-економскиот систем во Република Македонија во периодот 1990-2000 година и нивното влијание врз осиромашувањето на граѓаните. Имајќи ја предвид комплексноста на истражуваниот проблем, како и голе-

---

[27] Георгиевски Петре, „Социолошка методологија“, *Социологија*, НИП „Студенски збор“, Скопје 1998, 37.

миот број фактори што влијаат врз осиромашувањето, применети се различни методолошки приоди, со цел колку е можно подобро да се прикаже причинско-последичниот однос на анализираната појава.

Според временската димензија, ова истражување е лонгитудинално, бидејќи сиромаштијата ја анализира во периодот пред осамостојувањето и во транзицискиот период 1990-2000 година.

Според својата димензија, ова истражување, со оглед на тоа што користи повеќе нивоа на истражување, е експлоративно бидејќи сиромаштијата во Република Македонија е малку истражувана. Цел на ова истражување е да ги идентификува проблемите за истражување на сиромаштијата и прецизно да ги формулира прашањата на кои ќе може да одговори идното истражување.

Ова истражување има цел да одговори кои се причините за зголемениот број сиромашни луѓе во овој трнзиционен период, што ја имплицира истражувачката цел да се откријат причините или неопходните и доволните услови. За да се постигне таа цел, неопходно е да се направи детален опис на сиромаштијата и да се развие добра теориска рамка на истражувањето која се темели врз општествената димензија и врз општествената законитост.

Истражувањето на причините и на последиците од сиримаштијата условува потреба од примена на квантитативен и на квалитативен приод.

Потребата да се воочи целината на поврзаноста на хипотезите, на варијаблите и на индикаторите, кои во овој докторски труд ги има многу, нужно ја услови примената на квантитативната анализа. Анализата е направена врз основа на добиените податоци од проектите „Промени во социјалната структура“ и „Социјалните исклучувања и несигурноста на граѓаните на РМ“,[28] како и врз основа на секундарни извори.

---

[28] Авторот чувствува потреба да истакне дека направената анализа на добиените податоци не е најсодветна за проблемот на овој трудот; сепак големината на примероците ни дава можност да воочиме некои законитости кои се од значење за сиромаштијата, а во таа насока и за причините и за последиците од неа.

Почитувајќи ги мислењата на Мајкл Харингтон, дека многу сиромашни се „невидливи“ за обичните минувачи, мислењето на еден мудрец од Гана[29] дека сиромаштијата е како топлината, не можеш да ја видиш меѓутоа можеш да ја почуствуваш, како и мислењето на професор Петре Георгиевски, со цел подобро да се прикаже профилот на сиромаштијата, причините особено последиците од сиромаштијата, беше применета и квалитативна анализа. Квалитативната анализа беше спроведена врз резултатите од деседгодишното следење на педесет домаќинства. Со нив се водени нестандардни и стандардни интервјуа, правена беше анализа на нивните месечни расходи во домаќинствата (за што ги трошат парите каде ги купуваат потребните продукти, како се снаоѓаат од први до први во месецот). Двапати годишно (напролет и назима) им беа доставувани однапред подготвени образци во кои ги пишуваа нивните расходи, што купиле, од каде и по кои цени во текот на денот. Во образците беше предвидено да се внесат и податоци за користењето на производи од сопствено производство, подарените работи, позајмените, користењето на резервите (најчесто замрзнувачот, зимниците сл).[30] Домаќинствата честопати беа набљудувани (Велигден, Ѓурѓовден, Рамазан, Бајрам, свадби, родендени итн.). Квалитативната анализа ни овозможи да дознаеме 50 животни приказни. Ваквиот пристап многу ни помогна да направиме класификација на сиромашните.

Од друга страна, примената на овој метод ни овозможуваше проверка на некои теориски сознанија.

---

[29] *Актуел*, 31 август 2001 година, 30.

[30] При примената на овој метод наидувавме на тешкотии, поради немотивираноста да се пополнуваат тие како што ги нарекуваа тетратки, за што мораше да се бараат стимулативни средства.

# 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Да се каже дека сиромаштија има во едно општество е само прв чекор кон расветлувањето на проблемот. Сиромашни луѓе имало и ќе има сè додека постои човекот. Но да се каже дека во едно општество има сиромаштија, тоа е нешто друго. За правилен пристап кон изучувањето на овој општествен феномен е неопходно најпрвин јасно да се дефинира сиромаштијата.

Честа е појавата во различни јазични подрачја да се употребуваат различни термини за означување на „состојба во која се нашле поединци да немаат доволно приходи“. Навидум, како да е разбирлив сам по себе зборот *сиромаштија*, мислејќи на сиромашните лица, кои се валкани, испокинати, гладни, боси, без домови и со лоши услови за живеење. Дали навистина тие лица се токму сиромашни? Кој е критериумот за нашата оцена дека тие се сиромашни? Што е причината тие лица така да изгледаат? Тоа се само некои од прашањата на кои треба да се одговори за да можеме некое лице или група лица да ги окарактеризираме како сиромашни.

Уште во првобитните истражувачки искуства[31] се покажа дека не е лесно да се дефинира, а уште потешко да се измери сиромаштијата. Тешкотијата особено доаѓа до израз кога треба да се разграничат сиромашните од несиромашните.

Историски набљудувано, пристапот кон дефинирањето на сиромаштијата е различен во зависност од временската димензија.

Кон крајот на индустриската епоха, интересот за проучување на сиромаштијата бил намален. Дури сè одело во таа крајност дека во потрошувачкото општество во државата на благосостојба, сиромаштијата сосема ќе исчезне.

---

[31] Првите истражувања датираат од почетокот на XIX век.

Интересот за проучување на сиромаштијата од страна на социолозите повторно заживува во постиндустриските општества.

Економистите, долго време, употребувајќи различни методи, прават обиди службено да ја дефинираат сиромаштијата, како ниво на доход под проценетите трошоци за живот од егзистенционално ниво. Притоа воочиле дека сиромашните семејства вообичаено трошат 1/3 од доходот за храна. Користејќи ги пресметките за храна во егзистенционалниот буџет, економистите го пресметале минималниот егзистенционален доходок. Тој минимум е добиен откако минималниот буџет за храна е помножен со фактор три.

Денес интерес за проучување на овој феномен (сиромаштијата) сè повеќе го побудува интересот на научната мисла, со што цениме дака ќе се елиминираат големите разлики во дефинирањето на сиромаштијата. Потребата правилно да се дефинира и да измери сиромаштијата сè повеќе станува нужност за секој истражувач на овој феномен. Оваа нужност особено доаѓа до израз при споредувањето во рамките на различни региони во иста држава, но и при можноста да се споредува сиромаштијата во различни општества.

Денес се прават обиди да се направи стандардизација при мерењето и при дефинирањето на сиромаштијата. Таков е примерот со стратегијата за намалување на сиромаштијата на Управниот одбор на WDR од 1990 год. (Извештај за светскиот развој). Европската унија продолжува да се соочува со фундаметалното прашање – како да се дефинира и како да се измери сиромаштијата, притоа добиените податоци да бидат споредливи во однос на различни временски дистанци, а исто така и во однос на различни држави.

Во постиндустриските општества сè повеќе се чувствуваат притисоци врз човекот во сферата на меѓучовечките односи, на културата и на психата, што несомнено наметнува нови форми на задоволување на потребите. Гледано од друга страна, воочливо е дека технолошката револуција создала „нова сиромаштија“. „Новите“, сиромашни жители се жртва на кризата и на влијанието на технолошката револуција.

Ѓовани Сарпелон, во Гласникот од UNEKU од јануари 1987 год., за новата сиромаштија вели: „најзагрозени во оваа категорија се невработените возрасни лица, кои немаат професионална стручност, кои моментално се во сенка. Но долго тие не може да бидат занемарени. Станува збор за привремено невработени работници кои немаат никакви изгледи повторно да најдат работа. Тука се и младите кои бараат прво вработување. Првите не се сиромашни бидејќи добиваат надомест за невработеноста, додека вторите не се искажуваат како сиромашни во статистиката на сиромашните, бидејќи живеат во семејства. И едните и другите се наоѓаат во вештачки создадена ситуација, која порано или подоцна ќе се претвори во вистинска сиромаштија".

Марија Колин укажува на постоењето на разлики меѓу самите сиромашни, со што се усложнува проблемот на дефинирањето. Во списанието „Сиромаштија и социјална исклученост" таа истакнува дека сиромашните се разнородни општествени групи. Тоа би значело дека на општественото дно постои поголема диференцијација која не се забележува однадвор. За тоа зборуваат различните типологии на сиромаштијата (сиромаштија на постојана криза, сиромаштија на предградијата, сиромаштија на затворениот круг, сиромаштија на долготрајните зависности и слично). Се зборува и за сиромаштија на различни социјални групи (сиромаштија на невработени, на стари, на жени, на помалубројни групи). Сиромаштијата може да има променлива позиција (сиромаштијата на невработените или на старите). Може да се одржува и како хронична состојба.

Употребата на различните термини за опишување на иста општествена појава, променливиот интерес за нејзино проучување, различниот пристап во истражувањето на овој проблем, условеноста од временската димензија и стратификацијата во самата сиромаштија се само некои од гореизнесените проблеми поради кои тешко можат да се задоволат барањата за јасно дефинирање на сиромаштијата, односно за дефиниција општо прифатлива за сите.

Прв обид за дефинирање на поимот *сиромаштија* е направен во Англија. Во него, освен идентификацијата кој е сиромашен, е нагласена

потребата од определување на базичните потреби од кои произлегуваат двете значења на овој поим. Првото е потесно и се однесува на сето она што е неопходно за одржување во живот. Второто е пошироко и го опфаќа сето она што се одразува на општиот животен стандард во општеството. Првиот критериум ги опфаќа само оние луѓе кои се на границата на гладување или на умирање од глад. Притоа треба да се има предвид дека она што е доволно за одржување во животот на поединците може да не е доволно за населението во целина. Во оваа дефиниција правилно се нагласува потребата од обезбедување некои основни потреби.

Чарлс Бут, во неговите пионерски истражувања, во Лондон, уште во 1880 година воочува дека сиромашните се разликуваат меѓу себе. Притоа за многу сиромашни ги смета оние лица чии средства се недоволни според нормалните стандарди за живот во државата. И кај него е нагласена потребата од јасно дефинирање на нормалните стандарди за живот. Сепак, премногу општо ги дефинира нив.

На сличен начин е дефинирана сиромаштијата во Германија. За Шерпнер (Scherpner) сиромаштијата претставува „неприспособеност на поединците на условите на материјалниот живот во општеството или неможност да се одговори на економските барања на општествениот живот“.[32] Шерпнер, освен тоа што ја воочува потребата од прилагодување на поединците кон условите на материјалниот живот, како и можностите на општеството да одговори на економските барања, тој не зборува за причините за неприспособеноста на поединците, а уште помалку за можноста за задоволување на неговите потреби.

За разлика од него, Валтер Халшејн и Мериен Мајнхолд (Walter Hallstein, Marianne Meinhold) ја дефинираат сиромаштијата како „индивидуална или колективна состојба во која на поединците кои се во таква состојба не им е овозможено соодветно да живеат, да се хранат, да заработуваат, да се снабдуваат и да се штитат“.[33]

---

32 Lakičević Z. Mira, *цит. дело*, 8.

33 *Ibid.*, 8.

Авторите правилно ја истакнуваат релативноста на атрибутот „соодветно“ бидејќи со тој критериум се определува суштината на едните наспроти богатството и благосостојбата на другите. Поширокото значење на поимот сиромаштија е слично како во *Англискаша енциклоиедија*[34], со што не се негира и можноста за потесното поимање на сиромаштијата.

М. Харингтон, при дефинирањето на сиромаштијата, смета дека треба да се тргне од минималното ниво на здравје, на станбени услови, на исхрана и на школување, кое денешниот степен на научни знаења ги определил како неопходни за живот.[35]

Мартин Равалион во своето дело *Poverty Comparisons* вели: „во едно општество има сиромаштија кога едно или повеќе лица го немаат потребното ниво на економска благосостојба за да го достигнат разумниот минимум стандард за тоа општество“.

Сосема е евидентна потребата кај сите споменати да се дефинира разумниот минимум стандард во даденото општество како појдовна точка од каде што ќе се тргне при разграничувањето на сиромашните од несиромашните. Факт е дека сиромаштијата не е статична појава, таа постојано е изложена на промени. Сиромашните во Британија денес сè со подобра материјална положба од сиромашните во минатото и од сиромашните во други земји. Сиромашните во САД заработуваат 50 пати повеќе од просечниот приход на некои во Индија. Гладувањето во најсиромашните држави во светот во минатото не е исто со денешната форма на гладување итн. Питер Таусен, во тој контекст, заклучува дека сиромаштијата може правилно да се воочи само во рамките на концептот на релативна лишеност. Тој за сиромашни ги смета индивидуите, семејствата и групите од населението само кога немаат средства за дневен оброк, кога не можат да учествуваат во активности кои се широко прифатени од општеството во кое живеат. Ваквата дефиниција не е широко прифатена, но наметна потреба од формирање истражувачки тим кој ќе утврди кои се најприфатливи

---

[34] *Encyclopedia Britanica*, *Macropedia*, Volume 14, Knowledge in Depth, Founded 1768, 15th Edition, 935-939.

[35] Харинтон М., *Друга Америка*, Просвета, Београд 1965, 240.

стандарди за живеење во Англија во 1983 год. Вака дефинираната сиромаштија овозможи попрецизно да се определи кој е сиромашен. Секако дека за сиромашни ќе се сметаат оние лица со личен стандард под минимум прифатениот стандард определен во општеството. Вака дефинираната сиромаштија нуди појасна определба. Сепак, за да се операционализира концептот на сиромаштијата, неопходно е да се одлучи како ќе се мери животниот стандард. Дефинирањето на сиромаштијата со помош на животниот стандард е особено проблематично, како од прагматички, така од идеолошки причини. Во практиката нискиот приход е мошне крута и недефинирана мерка за одредување на сиромаштијата.

Европската унија во Програмата за борба против сиромаштијата ја дефинирана неа во однос на приходите. Како сиромашна се сметаше секоја индивидуа со просечен нето доход под определено ниво. Во првата програма за борба против сиромаштијата линијата на сиромаштијата беше поставена под 50 %, од националниот нето просек *per capiita*, во односната држава. Оваа дефиниција наиде на многу критики, пред сè поради земањето на приходот како мерка за мерење на животниот стандард. Подоцна, во член 1 од Одлуката на Советот, како сиромашни се сметаа „индивидуите или семејствата чии ресурси се толку ниски што ги исклучува од минимално прифатениот стандард на живеење во државата-членка во која живеат“. Ресурсите беа дефинирани како „добра, пари во готово, плус сервиси од приватни или од јавни извори“

Во втората програма сиромашијата беше дефинирана вака: „индивидуи, семејства и групи луѓе чии ресурси (материјални, културни и социјални) се толку ограничени што ги исклучува од минимум прифатениот начин на живеење во државата-членка во која живееат“.[36] Оваа дефиниција го воведе концептот на социјална исклученост, истакнувајќи дека сиромаштијата со себе носи чувство на немоќ, на маргинилизираност или на исклученост, со што ја зголемува зависноста. Оваа дефиниција не прецизира

---

[36] *Социјална политика и социјална работа*, избор на текстови, Филозофски факултет Скопје 1999, 82.

што може да се подразбира под „минимум прифатлив начин на живеење" или како да се следи тој минимум.

Од изложеното за сиромаштијата може да се издвојат неколку различни приоди во дефинирањето на сиромаштијата. Општо земено, дефинициите за сиромаштија може да се поделат според три димензии:

– објективни наспроти субјективни дефиниции;
– апсолутни наспроти релативни дефиниции и
– директни наспроти доходовни дефиниции.

Со намера да изврши потполна идентификација на феноменот сиромаштија и да го дефинира поимот сиромаштија, Михаел Харламбос, во делото „Увод у социологију" методолошки ги разграничува апсолутната, релативната и субјективната сиромаштија. Доколку на оваа типологија ѝ ја додадеме социјалната исклученост и ако ја набљудуваме сиромаштијата како интернационализиран образец на однесување, секако дека ќе ја добиема целосната слика за тоа кој е сиромашен.

### *1.1. ДЕФИНИЦИЈА НА АПСОЛУТНАТА СИРОМАШТИЈА*

Концептот за апсолутна сиромаштија прв го аплицирал Б.Ф. Роунтри (B.F. Rowntree) кон крајот на XIX век. Подоцна му се вклучиле голем број други автори, од кој најпозната е М. Орхански (M. Orhansky).

Б.Ф. Роунтри за сиромашни ги сметал оние семејства на кои сопствените приходи не им овозможувале задоволување на минималните количини производи што им се потребни за одржување на физичката ефикасност (преживување и работната способност).[37]

Дефиницијата на апсолутна сиромаштија во себе содржи „објективни" мерила. Таа обично вклучува процена на темелните човекови потреби и се мери во рамките на средствата потребни за одржување на здравствените и на физичките способности. Поголемиот број мерила се состојат

---

[37] *Revija za socijalnu politiku*, br. 1, Zagreb 1994, 26.

во определување на квантитетот и на квалитетот на храната, на облеката и на станот. Апсолутната сиромаштија честопати се нарекува и сиромаштија на работ на опстанокот, бидејќи се темели врз процената на минималните потреби за опстанок. Најпрвин се определува цената на темелните потреби за живот, потоа се повлекува границата со помош на таа цена. Статистички границата се мери со цената на минималната „потрошувачка кошница". Како сиромашни ќе се сметаат оние чии приходи не го достигнуваат тој број. Сиромаштијата се дефинира и се операционализира и со храна мерена во фактори како што се потрошувачката во калории и во белковини, станот (изразен преку површината и преку бројот на членови), здравјето (мерено со помош на смртноста на доенчињата и достапноста на медицинските услуги).

Некои автори сметаат дека апсолутната сиромаштија се темели врз поимот за физички но и/или за културни потреби. Тие го прошируваат поимот за темелни потреби.

Древновски и Скот (Drewnowski, Scott) во дефинирањето на темелните потреби ги вклучуваат образованието, сигурноста, користењето на слободното време и забавата.

При идентификацијата на апсолутната сиромаштија, постојат многу спорни моменти, но се чини дека операционализацијата на поимот „темелни физички потреби" е најспорно. Она што за една општествена група се „темелни физички потреби", за друга група не мора да бидат. Вчерашните луксузни човекови потреби, како што истакнува М. Орхански, стануваат денешни основни потреби. Многу е тешко да се каже колку е денес доволно. Потребите за исхрана тешко може да се сведат на калории, на белковини, на минерали и на витамини.

Проблемот на вака дефинираната сиромаштија не се решава ниту со проширувањето на поимот сиромаштија со „основните културни потреби", бидејќи културните потреби се разновидни и не се така јасно разграничени. Секој обид да се определат апсолутни цврсти норми на културните потреби претставува нивна негација. Вака дефинираната сиромаштија наишла на сериозни критики, што е и разбирливо. Тешко може да се

бранат аргументите за постоење на минимални материјални и културни потреби за сите луѓе и едно мерило да важи за сите општества.

Таунсенд, објаснувајќи дека човекот не е Робинзон Крусо, кој живее на пуст остров, туку е „општествено животно кое е заплеткано во мрежата на односи во семејството, во работата и во заедницата", прави обид да го поткрепи својот став дека не е пожелно ниту е корисно да се зборува за сиромаштија од позицијата на апсолутните стандарди.[38]

Недостатокот на ваквиот пристап се состои во тоа што основните потреби се унифицирани за сите луѓе. Не се земаат предвид различните потрошувачки навики. Арбитралното одредување на основните потреби (видот и количината на услугите) го ограничува неговиот слободен избор. Можеби би било подобро да се утврдат само потребите и да се каже дека сиромашни се оние кои не располагаат со средства за задоволување на тие потреби.

## *1.2. ДЕФИНИЦИЈА НА РЕЛАТИВНА СИРОМАШТИЈА*

Имајќи ги предвид наведените недостатоци на поимот апсолутен стандард, кој се темели врз поимот за физички и/или културни потреби, многу истражувачи, наместо тој стандард, вклучуваат нова концепција со релативни стандарди, односно стандард што се однесува на одредено време и простор. Така поимот апсолутна сиромаштија е заменет со релативна.

Според конвенциите кои се на сила, самите припадници на даденото општество оценуваат што ќе се смета за пристоен и за прифатлив стандард и начин на живот. Имено, како што се менува конвенцијата од време навреме и од место на место, така се менува и дефиницијата.

Питер Таунсенд смета дека поединците, семејствата и одделни групи луѓе, доколку учествуваат во оние активности, живеат во оние услови и погодности кои се вообичаени, или барем се широко прифатени во опште-

---

38 *Ibid*, 27.

ството во кое живеат, ако немаат средства да ја купат општествено прифатливата храна – се сметаат за сиромашни. Нивните ресурси се изразито под оние кои се на располагање на просечен поединец или семејство. Тие се исклучени од вообичаените обрасци на живот".[39]

Не мора секое исклучување од вообичените обрасци на живот да има последица апсолутна сиромаштија, но може да доведе до фрустрираност, до чувство на маргиналност, на бесперспективност и на деприимираност. Во светот кој постојано се менува, се менува и дефиницијата за сиромаштија. Фрустрираниот и деприминираниот млад човек од средниот слој со факултетско образование, кој бара прво вработување, исто така е сиромашен како и работникот во времето на некој од индустиските револуции и економски кризи кој бил без постојано вработување. Релативната сиромаштија е еднакво неподнослива состојба како и апсолутната. Имено, денес кога промените во целокупното опкружување имаат брзо темпо, со исто темпо се менуваат стандардите врз кои се темели релативната дефиниција на сиромаштија.

Семјуел Менчер (Samuel Mencher) вели дека „агументите за релативни стандарди се темелат врз претпоставката дека во практична смисла стандардите станале толку флуидни, што дефиниција за потребите, и колку да е широка, не може да ги задоволи очекувањата на променливиот модерен живот".[40] И.М. Рубиноњ додава: „луксузот се претвора во удобност, а удобноста се претвора во нужност".[41]

П. Таунсенд ги надополнува веќе изнесените гледишта, укажувајќи: „Имено, во западните општества производите и услугите, како што се топла и ладна вода, фрижидер и машина за перење алишта, медицински и стаматолошки услуги, комплетно школување и автомобилите, го преминуваат патот од луксузот, преку удобност до нужни потреби."

Сиромаштијата е мултидимензионална појава која може да се дефинира не само во однос на стандардите за физичко преживување и за

---

39 Недаковиќ Миле, *цит. дело*, 373.

40 Haralambos Michel, *цит. дело*, 144.

41 *Ibid.*

задоволување на основните потреби, туку и во однос на релативните аспекти на квалитетот на живот.

Релативната сиромаштија подразбира социјална нееднаквост во различни аспекти на задоволуване на потребите (при вработувањето, при домувањето, при заштитата на здравјето, при социјалната мобилност и при потрошувачката).

Кога зборуваме за релативна сиромаштија, мислиме на синтезата на неповолни социо-економски, културни, политички, вредносни и други услови кои доведуваат до дефицит во задоволувањето на потребите, и се рефлектира во сите компоненти на животот.

Постојат низа проблеми со употребата на поимот *релативна сиромаштија.* Имено, не може да постојат некој општи норми за пристоен и за прифатлив начин на живот за целото општество. Внатре во самото општество, на мислењето за пристоен животен стандард може свое влијание да има народноста, припадноста на определена класа, возраста, верата, полот и други фактори. Поимот релативна сиромаштија претставува проблем при споредбата внатре во самото општество во различни периоди особено меѓу различни општества. За решавање на овој проблем Питер Таунсенд предложил едно решение, со што би се надминал, според него, проблемот на споредување. Тој укажува на потребата од постоење на две норми за сиромаштијата. Едната се однесува за „нацијата", а другата се однесува на светот. Нормите што се однесуваат на нацијата се темелат врз релативни стандарди, според конвенциите на даденото општество. Сиромаштијата во однос на светот би морала да се темели врз некои стандарди кои вклучуваат враќање на апсолутни норми на сиромаштија, и покрај сите негативни страни на апсолутните стандарди. На тој начин би било можно да се споредува сиромаштијата во различни држави.

## *1.3. ДЕФИНИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИВНАТА СИРОМАШТИЈАТА*

Како што упатува и самиот наслов, субјективната сиромаштија се однесува на сопственото доживување на сиромаштијата. Таа е тесно поврзана со релативната сиромаштија. Имено, сите оние кои се дефинирани како сиромашни според темелните норми, би се чувствувале сиромашни, што не мора да биде правило. Оној кој „паднал од коњ на магаре“, како што вели народот, имал големи приходи, а во одреден период приходите му се намалиле, може да се чувствува сиромашен, но другите членови од општеството нема да го сметаат за сиромашен. Спротивна е ситуацијата кога според сите стандарди некое лице се смета за сиромашно, а тој самиот не се чувствува.

## *1.4. ДЕФИНИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Почитувајќи ја потребата од меѓународна споредливост на податоците, при изборот на дефиницијата за сиромаштија во Република Македонија, земени се предвид специфичностите на државата и можноста таа да се споредува со други држави, како и меѓународните препораки.

При мерењето на сиромаштијата во Република Македонија е почитувана дефиницијата на статистичката служба на Европската унија *Еуростат* која ја дефинира сиромаштијата на следниов начин:

„Како сиромашни се сметаат лица, семејства и групи лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во државата во која живеат“.

Ние во нашето истражување исто така ја користиме истакнатата дефиниција.

# 2. ГРАНИЧНИ ЛИНИИ, ПРОФИЛ И ИНДИКАТОРИ ЗА СИРОМАШТИЈА

Граничните линии, профилот и индикаторите за сиромаштија се основа за анализа на сиромаштијата и за правење план за нејзино надминување.

Граничната линија на сиромаштија е мерка која ги одделува сиромашните од несиромашните. Оние чиј приход (потрошувачка) е под граничната линија се сиромашни, додека оние кои се над неа не се сиромашни.

Профилот на сиромаштија ја отсликува големината и природата на сиромаштијата и особините по кои се разликуваат сиромашните.

Индикаторите за сиромаштија ги сумираат: приходот, животниот стандард и социјалните услови на сиромашните.

Пред да се задржиме подетално на методологијата за определување на сиромаштијата, ќе се обидеме да дадеме одговор на следниве прашања: Како би требало да се мери животниот стандард? Што е гранична линија на сиромаштијата? Што се случува кога има гранична линија на сиромаштија? Што ако сè уште нема примена на граничната линија на сиромаштија во земјата? Што е индекс на разлика (јаз) на сиромаштија?

**Мерка за животен стандард**. Пред да укажеме на мерките за животниот стандард, би требало да го дефинираме самиот поим стандард.

Во литературата и во општествената практика терминот животен стандард е најразлично дефиниран. Она што е заедничко за сите дефиниции е вклученоста на материјалните и на нематеријалните услови за живот и за работа и можноста за зодоволување на тие човекови потреби. Дилемата настанува околу определувањето на конкретните човекови потреби. Обединетите нации, поточно Комитетот за меѓународно дефинирање и мерење на животниот стандард, уште во далечната 1954 година се обиде да даде свои определби на животниот стандард. Притоа истакнува дека очекувањата кои дадено население ги смета за соодветни ќе бидат опфатени

во животниот стандард. Според нив, во најширока смисла на зборот, животниот стандард ги содржи сите елементи што влијаат врз условите во кои човекот живее и работи. Со други зборови, животниот стандард е израз на степенот на задоволување на материјалните и на другите човекови потреби кои настануваат на одредено ниво на развојот на производните сили и на општествените односи. Голема е листата на елементите кои го сочинуваат поимот животен стандард. На почетокот ОН предложија педесет различни елементи. Подоцна бројот е намален, од практични потреби (можност за споредување и за анализа) на: здравје, потрошувачка на храна, образование, вработеност и услови на работа, домување, социјална сигурност, облека и обувки, рекреација и забава, човекова слобода.

Постојат два подеднакво важни аспекта на животниот стандард – приходи и расходи. Во практиката, податоците за потрошувачка се добар индикатор за животниот стандард. Обично податоците за потрошувачката се поверодостојни индикатори за моментниот животен стандард отколку податоците за приходот. При мерењето на потрошувачката би требало да се даде предложена вредност за потрошувачка од сопствено производство и би требало да се нормализира во врска со разликите во големината и во составот на домаќинството и да се прилагоди на разликите во локалните цени. Многу аспекти за благосостојбата на домаќинствата не се соодветно насликани преку приходот или врз база на мерење на потрошувачката. Поради тоа, може да се примени дополнителна информација за социјалните последици и да се контактира со социјалните установи. Овие информации вклучуваат: просечни години на живеење, старост, исхрана, писменост и пристап до основните училишта, здравствени установи, достапност на вода за пиење.

**Исцртување на граничните линии на сиромашија**. Гранична линија на сиромаштијата е „алатка“ за мерење на сиромаштијата. Повеќето гранични линии на сиромаштија се засновани врз податоци за приходите и за потрошувачката. Луѓето се сметаат за сиромашни кога нивниот измерен животен стандард (обично приход или потрошувачка) е под минимално прифатливото ниво, познато како гранична линија на сиромаштија. Во

однос на терминологијата, граничните линии на сиромаштијата можат да се одредат како релативни или како апсолутни.

Релативнате линија на сиромаштија се однесува на состојбата на поединец или на домаќинството споредено со просечниот личен доход во државата, така што граничната линија е одредена на ниво од 40 % од просечниот личен доход во државата. Релативните гранични линии на сиромаштијата варираат со нивото на просечниот личен доход.

Апсолутната линија на сиромаштија се заснова врз износот на најмалата потрошувачка кошница, во која се наоѓа неопходната храна со препорачан калоричен внес. Потоа граничната линија се зголемува со паричен додаток за непрехранбени потреби, во согласност со потрошувачките навики на сиромашните.

Во повеќе случаи е попогодно да се користи гранична линија на сиромаштија што веќе е во употреба во земјата, доколку веќе таква постои. Тоа не значи дека не може да се менуваат постоечките гранични линии, ако покажуваат недостаток на оперативна важност или, пак, ако даваат посериозни грешки во мерењето на сиромаштијата.

Во случај да не се применуваат гранични линии на сиромашија во замјата, тогаш вообичаен метод за определуване на апсолутна гранична линија е определувањето на калорискиот внес на храна, а потоа се одредува потрошувачката, односно нивото на приходот со кое лицето успева да дојде до таа храна. Се користат и варијации на овој метод. Прво се определува минималната цена на група хранливи продукти кои го достигнуваат нивото на енергетскиот внес, а потоа ова се дели со делот за храна, која го троши едно просечно сиромашно семејство. При определувањето на граничната линија во една држава, би трбало да има иста вредност за сите групи или области.

За оценување на сиромаштијата се преферира концептот за апсолутна сиромаштија бидејќи дава простор за компаративна анализа.

Тежината на проблемот со сиромаштијата ќе зависи од тоа каква е дистрибуцијата на сиромаштија под граничната линија на сиромаштија. Групирањето на сиромашните непосредно под границата е помалку сери-

озно, одколку дистрибуцијата, каде што голем број на луѓе имаат приход (или потрошувачка) под границата, што влијае врз осетливоста на мерената сиромаштија, која е до нивото на границата. Добра практика е да се земаат предвид најмалку две можни гранични линии на сиромаштија – горна и долна граница, со што би можело да се интерпретираат како сиромашни и многу сиромашни. Некаде во литературата се среќаваат две гранични линии, кои укажуваат на различни степени на живеење. Едната го означува социјалниот минимум, а другата се однесува на егзистенционалниот минимум. Социјалниот минимум означува ниво на ниски приходи, кои дозволуваат луѓето нормално да учествуваат во општествениот живот. Честопати во практиката социјалниот минимум се приближува до средното рамниште на благосостојбата на населението. Луѓето кои живеат околу тој минимум имаат можност за опстанок, и покрај тоа што се сиромашни. За разлика од нив, луѓето кои живеат на и особено под егзистенционалниот минимум имаат несигурна положба и често се чувствуваат отфрлени од општеството.

Индексот на преброени е дел од популацијата, чијшто измерен животен стандард (потрошувачка) е под границата на сиромаштија. Иако е корисен како брз индикатор за проблемот на сиромаштијата, овој метод е нечувствителен за разлките меѓу индивидуите во однос на длабочината или на тежината на нивната сиромаштија.

**Длабочина и тежина на сиромаштијата**. Индексот на разлика (јаз) претставува разлика меѓу границата на сиромаштијата и просечниот приход на сиромашните. Понекогаш се нарекува и соодност на разликите во приходот. Оваа мерка е добар индикатор за длабочината на сиромаштијата, но не ја отфрла и нејзината тежина. На пример, на измерената сиромаштија нема да ѝ влијае ако се изврши трансфер од сиромашна индивидуа до некој уште посиромашен. Оваа мерка не е осетлива за дистрибуцијата меѓу сиромашните.

Со цел да се прикаже степенот до кој паѓа приходот на индивидуата (или на домаќинството) под границата на сиромаштија, се применуваат

сензитивни мерки кон дистрибуцијата на сиромашните. Овие мерки не остануваат само на броење на сиромашните луѓе.

Овој концепт дозволува оцени во врска со тоа дали стромаштијата пораснала или опаднала со текот на време и дали тоа било со или без некаква промена во политиката, независно од тоа која линија или мерка за сиромаштија е одбрана. Се засновуваа врз споредба на кумулативниот приход во два момента. Ако кумулативната дистрибуција на приход за подоцнежна дата не е ни за степен повисока од онаа на претходната дата, во тој случај сиромаштијата недвосмислено опаднала. Ова се нарекува состојба на деминантност од прв ред. Ако кумулативните дистрибуции се вкрстени, случајот е многу покомплциран. Кога пресекот на нивото на доходот се наоѓа на самата или под граничната линија на сиромаштија, сè уште владее состојба на доминантност од прв ред. Но ако пресекот на нивото на доходот се наоѓа под граничната линија на сиромаштијата, се прашуваме во која дистрибуција има поголема кумулативна фрекфенција. Ова се нарекува состојба на доминантност од втор ред.

Денес е создаден посебен софтверски пакет (POVCAL) за да се проценат различните мерки за сиромаштијата, добиени од основните податоци за дистрибуцијата. Тоа овозможува осетливост на тестовите (како пример се зема предвид граничната линија на сиромаштијата) и симулации (како пример, се зема предвид дистрибутивно неутралниот пораст).

## *2.1. ГРАНИЧНИ ЛИНИИ НА СИРОМАШТИЈАТА*

Граничните линии на сиромаштијата се почетна точка за анализа на сиромаштијата. Тие обично се засновуваат врз податоците од приходите и од потрошувачката. Од истражувањето на групата луѓе кои се под граничната линија се овозможува брзо осознавање за тоа каков е проблемот на сиромаштијата. Како што веќе истакнавме, граничните линии на сиромаштија треба да се засноваат, секогаш кога е можно, врз концептот кој веќе се применува во државата, бидејќи оние кои ја кројат политиката се

најзапознати со тоа. Како што веќе истакнавме, „добрата практика“ распознава горна и долна гранична линија на сиромаштија. Горната гранична линија честопати се нарекува линија на социјален минимум. Втората ја означува границата меѓу сиромашните и многу сиромашните, или популарно наречена граница на минимум на егзистенција.

Граничната линија на сиромаштијата е износ на приходот или на потрошувачка неопходна за минимален стандард за исхрана и за други неопходности. Проценката на „неопходностите“ претставува најголем проблем при определувањето на линијата на сиромаштија. Во конструкцијата на граничната линија на сиромаштијата се јавуваат и други проблеми.

При определувањето на граничната линија на сиромаштија, целта е да се дефинира нивото на приход кое е доволно за да се купат минималните резерви на исхрана и други основни потреби. Една од најчесто употребуваните методи за одредување на местото на апсолутните гранични линии на сиромаштија се одвива така што прво се одредува минималната калорична вредност на храната за секој ден, на крајот се наоѓа трошокот или нивото на приходот со кое таа личност, всушност, го обезбедува тоа внесување на калориите. Варијација на овој метод е прво да се одреди минималната цена на групата прехранбени продукти со кои се постигнува калориска вредност што треба да се внесе, па потоа ова се дели со делот на храната што го конзумира едно просечно сиромашно семејство. Но врската меѓу внесувањето калории и приходот или потрошувачката не е иста во различни региони и во различно време. Се менува во зависност од разликите во вкусот, од нивото на активноста, од релативните цени, од јавно обезбедените добра и сл. Разликите, исто така, се јавуваат поради варијациите во големината на приходот потрошен на храна кај различни групи и на различни локалитети.

Типично за државите во развој е што врската меѓу внесувањето калории и приходот варира во руралните и во урбаните средини. Во руралните области вредноста на внесените калории е поголема. Според тоа, границата на урбаната сиромаштија е над границата на руралната сиромаштија. Но колку? Ако руралниот сооднос хранливи-нехранливи продукти се

спореди со урбаниот, за да се дојде до границата на урбаната сиромаштија, разликата ќе биде премногу голема.

Оваа рурално-урбана разлика може да предизвика сериозни проблеми пеи мерењето, кога има миграции од рурална во урбана средина. Да претпоставиме дека некој кој е многу над границата на сиромаштија во руралниот сектор се преселил во градска средина и нашол работа таму. Што ако таа работа го зголеми приходот на мигрантот, но за помала вредност отколку што изнесува разликата меѓу границата на сиромаштијата во руралната и во урбаната средина? И покрај тоа што на мигрантот ќе му биде подобро, сиромаштијата, како што се мери, ќе се зголеми, и оваа личност ќе се смета за сиромашна во урбаната средина. Навистина, можно е со економскиот развој и со зголемувањето на градовите на некои жители да им е подобро од претходно, а тоа би резултирало со зголемување на измерената сиромаштија.

## 2.1.1. ЛИНИИ НА СИРОМАШТИЈАТА УТВРДЕНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Не би можеле да зборуваме за сиромаштија, доколку таа не е измерена. При мерењето на сиромаштијата, неопходно е претходно да се утврдат и добро да се дефинираат нивоата на животниот стандард наречени „*линии на сиромаштијата*“. Доколку не сакаме некое лице/домаќинство да го сметаме сиромашно, тоа мора да ги достигне нивоата на животниот стандард – линиите на сиромаштија.

Владата на Република Македонија, признавајќи дека како резултат на сè позаострената економска криза дојде до „голем пад на животниот стандард и до интензивно осиромашување на населението, особено на слоевите од средниот и од долниот дел од општествената структура“,[42] во сво-

---

[42] Некои аспекти од реализацијата на програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1992 година; Републички завод за унапредување на социјалните дености, Скопје, јануари 1993 година, 1.

јата „Програма за заштита на социјално загрозеното население во 1992 год.“[43] презеде конкретен чекор за ублажување на таа состојба. Со посебна „Одлука за начинот и постапката за остварување на правото на надомест за заштита на животниот стандард на граѓаните до висина на социјално – заштитно ниво“ [44] се утврдени критериуми и мерила, начинот и постапката за остварување на правото на надомест за животниот стандард на граѓаните до висина на сицијално заштитно ниво. Со овој чекор, индиректно, Владата утврди одредено нино на сиромаштија.[45] Пресметувањето на линијата на сиромаштија му е доверено на Државниот завод за статистика, со стручна помош на консултантската агенција *PLS* од Данска.

База за пресметувањето на линијата на сиромаштија се резултатите од Анкетата за потрошувачката на домаќинствата (1994 год.).

При мерењето на сиромаштијата во Република Македонија, како што истакнува Благица Новковска, координатор на проектот „Социјални реформи – техничка помош“, се користат податоците за потрошувачката на домаќинствата.[46] Аргументите[47] зошто токму расходите се база при мерењето се следниве:

- трошоците покажуваат поголема стабилност со текот на времето;
- подолг период домаќинствата се соочуваат со големи варирања во нивните приходи, особено кога нивните нето плати ги добиваат со задоцнување од неколку месеци;

---

[43] *Службен весник на Република Македонија*, бр. 18/92, Скопје.

[44] *Службен весник на Република Македонија*, бр. 29/92,Скопје.

[45] Оваа постапка е регулирана со Одлука за утврдување на критериумите, на постапката и на исплатата на социјална помош од 1 април 1996 до 31 март 1997 година. Оваа одлука е засметана од 30 јануари 1995 год., а стапи на сила од 1 јануари истата година. Во член 2 од оваа одлука стои: „Нивото на социјална помош ќе се пресметува според бројот на членовите на домаќинството и неговата локација. Јасно е дефиниран бројот на членовите во домаќинството. За возрасни се сметаат лицата на возраст над 18 год., а за деца сите под таа граница. Основицата за утврдување на социјалната помош е 50 % од линијата на сиромаштија“. Линијата на сиромаштија е пресметана од страна на Републичкиот завод за статистика, кој беше вклучен во проектот „Социјални реформи – техничка помош“ во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

[46] Концепциски може да се користат и приходите.

[47] Аргументите ги истакнуват експертите од Заводот за статистика.

– во сегашните социо-економски услови приходите се недоволни за да ги покријат тековните трошоци на домаќинствата.

При пресметувањето беа земени предвид и приходите на домаќинствата утврдени со еквивалентните скали на OECD и од резултатите од Анкетата за потрошувачка.[48] За утврдување на линијата на сиромаштијата како показатели се земени процентот на домаќинствата кои имаат 40, 50, или 60 % од медијалниот еквивалентен приход и учеството на трошоците за храна од 50, 55 или 60 % во вкупната потрошувашчка. Врз основа на резултатите, во најризичната група спаѓа делот на населението што има под 60 % од еквивалентниот приход и 60 % трошоци за исхрана. Во истата година во Заводот беше пресметана и апсолутната линија на сиромаштија, која беше конструирана за три региони: Скопје, другите градски подрачја и селските подрачја. Апсолутната линија беше пресметана користејќи го методот на енергетската вредност на храната.

Во Република Македонија, при мерењето на сиромаштијата, се користи „двојниот метод" за утврдување на линиите на сиромаштијата. Во употреба се релативниот и субјективниот метод за утврдување на линијата на сиромаштијата.

Релативниот метод на сиромаштијата се темели врз утврдувањето на релативниот стандард на опстојување, определен како неопходно ниво за опстојување. Овој стандард е утврден како 70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка на домаќинствата.

Експертите од Републичкиот завод за статистика кои ја мерат сиромаштијата го фаворизираат релативниот метод за мерење на сиромаштијата. Основни причини за определбата на тој модел според нив се: расположливост со сите податоци неопходни за пресметувањето на линиите на сиромаштијата, споредливост на податоците со поголем број европски држави и разбирливост на податоците за корисниците. Утврдувањето на

---

[48] Основа за пресметуване на приходите на домаќинството според OECD стандарди: вкупните приходи се делат со коефициентот добиен; 1 + 0,7+ 0,5; на пр., доколку домаќинството има 4 члена: еден е глава на семејството, двајца возрасни членови и еден член до 14 години; тогаш коефициентот ќе биде 1 + (2 x 0,7) + 0,5 = 2,9. Коефициентот го добиваме кога вкупниот приход ќе го поделиме со 2,9, во нашиот пример.

субјективниот стандард на опстојување се базира врз мислењата изразени од целата популација, затоа што на тој начин се добиваат информации за социјално прифатливиот минимален стандард на живеење во одредена држава.

Двојното мерење на сиромаштијата создава можност за разгледување на две линии на сиромаштија, со што е овозможено многу пореално да се оценат состојбите со животниот стандард на населението.

За овој проблем, експертите од Економскиот институт во Скопје предност му даваат на мерењето на сиромаштијата според приходовниот модел.

Може да заклучиме: утврдувањето на линиите и мерењето на сиромаштијата е можно да се изведува на различни начини; определбата како ќе се мери сиромаштија (кој концепт ќе се примени) во Република Македонија е прашање на кое треба да му се посвети посебно внимание, особено од страна на научната јавност. Го предлагаме интегралниот пристап, замајќи ги предвид, освен другото, и разликите во демографскиот состав на населението, нерамномерната развиеност на одделни региони во државава и различните културолошки особености на домаќинствата. Примената на комбинираниот модел (според приходи и расходи) и доволно големиот опфат на единиците што се анализираат ќе резултира со добро дефинирана линија на сиромаштијата.

Добиените резултати[49] од анализите на стромаштијата во Републикава се прикажани со помош на: *hezd count index, poverty gap poverty* и *severity индекс*.[50]

---

[49] Информациите за населението и за животниот стандард ги добиваме пред сè од пописите на населението, од социо-економските анкети за домаќинствата и од административните извори за социјалниот статус на населението. Ниеден извор на информации не ги обезбедува сите иинформации. Затоа при мерењето на сиромаштијата се користат комбинирани извори. Пописот на населението обезбедува покриеност на целото население и затоа се користи за следење на демографските и на територијалните промени кај населението. За следење на социо-економските промени кои се подинамични се користат податоците од анкетните истражувања: анкета за работната сила и анкета за приходите на населението.

Како основен административен извор на информации за социјалната состојба на населението се податоците за корисниците на разните видови на социјални бенефиции. Административните информации овозможуваат да се следи ефикасноста на социјалната политика но

## 2.2. *ПРОФИЛ НА СИРОМАШТИЈАТА*

Профилот на сиромаштијата е аналитичко средство за собирање информации за изворите на приход, за моделите на потрошувачка, за економските активности и за животните услови на сиромашните. Започнува со дефиниција и со мерење на сиромаштијата заснована врз една или врз повеќе гранични линии на сиромаштијата. Овие гранични линии ја отсликуваат димензијата на сиромаштијата само преку приходот и потрошувачката. За поголема прецизност неопходни се податоци за тоа како живеат сиромашните и за економската средина во која тие работат. Оттука профилот ја става сиромаштијата во економски, во институционален и во социјален контекст на државата.

---

главниот недостаток е што не обезбедуваат подетални информации за економско демографските карактеристики на лицата и на домаќинствата корисници на социјални бенефиции. За мерење и за следење на сиромаштијата главен извор на информации се податоците од анкетата за потрошувачката на домаќинствата. Ова е најзначајниот и најсеопфатниот извор на информации.

Анкетата за потрошувачка на домаќинствата е многу детаљно истражување, како што истакнуваат стручните служби во Заводот за статистика. Со анкетата за потрошувачката на домаќинствата се добиваат информации за социо-економските и за демографските карактеристики на домаќинствата. Со неа се прибираат детаљни податоци за приходите, за потрошувачката на домаќинствата, за субјективното мислење за неопходното ниво на месечни приходи за различни видови домаќинства и задруги карактеристики на животниот стандард на домаќинствата. Податоците се прибираат на ниво на примерок, но се подготвуваат процени на состојбите и тие се однесуваат на вкупното население. Анкетата е со квартална периодика и се однесува на примерок од 1025 домаќинства. Изборот на домаќинствата е преку случаен двоетапен репрезентативен примерок.

[50] При мерење на *сиромаштијата* во Република Македонија, но и за нејзино следење се пресметуваат:

*Главен збирен индекс* (*Head count index*) или индекс кој го покажува процентот на населението кое живее под линијата на сиромаштијата (тоа може да бидат домаќинства или одделни лица во зависност од избраната мерна единица). Ова е главниот индикатор на сиромаштијата и ја изразува застапеноста на сиромаштијата

*Индекс на длабочината на сиромаштијата* (*Poverty gap index*) може да се дефинира како среден пропорционален недостиг на приход за целата популација (наместо на сите сиромашни домаќинства или индивидуи).

*Poverty severity* индекс, го определува дефицитот на просечниот приход (трошок) во однос на линијата на сиромаштијата.

Индексот на длабочината на сиромаштијата може да се толкува како минимален износ на пренос на приходот што е неопходен за да се отстрани сиромаштијата во однос на минималниот износ на националниот приход потребен за да се избегне сиромаштијата кога приходот би бил распореден рамномерно.

Главните прашања што треба да се поставуваат при формирањето на профилот на сиромаштија се следниве:

Што е гранична линија на сиромаштијата (горна и долна)?

Колку луѓе се сиромашни и екстремно сиромашни?

Колку е голема разликата (јазот) во сиромаштијата?

Каква е дистрибуцијата на животниот стандард меѓу сиромашните?

Дали сиромашните претежно се во град или село?

Дали во последно време имало миграција на сиромашни кон урбани средини? Како се поврзува сиромаштијата со полот, со расните и со етничките карактеристики? Кои се главните извори на приход кај сиромашните? Какви продукти или услуги продаваат (трговски/нетрговски)? Колку е голем факторот на невработеноста или на делумната вработеност? Колку се важни продуктите што ги конзумираат сиромашните? Каков е едукативниот, здравствениот и нутрицискиот статус на сиромашните? Каков е фертилитетот на сиромашните? До кои јавни служби имаат пристап сиромашните? Каков е квалитетот на услугите? Што поседуваат сиромашните (замја, куќа, финансии)? Кои се опкружувачките димензии на сиромаштијата? Колку се варијабилни приходите на сиромашните? Со какви ризици се соочуваат?

Онаму каде што има достапни информации, профилот би требало да ги идентификува главните карактеристики на продуктивноста и на потрошувачката кај сиромашните. Дали сиромашните селани ја обработуваат сопствената земја, дали работат за дневница во земјоделството или пак се занимаваат со други активности кои немаат врска со земјоделство? Дали сиромашните граѓани работат за дневница или како мали претприемници во формалниот или во неформалниот сектор во производството или во услужните дејности. Важни се податоците за поседот на сиромашните, како и нивната технологија за производство, користењето податоци и пристапот до социјалните и до инфраструктурните услуги. Утврдена е структурата на потрошувачката на сиромашните, вклучувајќи го и нивниот пристап кон јавните добра. Неопходни се индикаторите на животниот стандард на сиромашните – на пример смртноста кај доенчињата, писменоста и просечниот

животен век – како директни показатели и како мерки за тоа до кој степен им недостига на сиромашните пристапот кон некои можности и услуги. Корисно и препорачливо е разгледувањето на сиромаштијата по региони.

Исто така, поради посебната ранливост на сиромашните кон шоковите од паѓањето на цената на акциите, треба да се посочат ризиците со кои се соочуваат во производството и во потрошувачката.

Профилот на сиромаштијата е снимка на сиромашните. Но, исто така, треба да се земат предвид промените во карактеристиките на сиромашните со текот на времето и реакциите во нивното однесување. Профилот на сиромаштија треба да се дополнува со нови податоци и да се коригира на неколку години, поради долготрајни промени, како што е миграцијата во потрага по работа или зголемената зависност од платениот труд. Но често се важни и краткотрајните промени во однесувањето на сиромашните. Како што поскапуваат некои потрошувачки добра, сиромашните ги заменуваат со поевтини продукти. Според тоа, треба да се земе предвид и потенцијалниот асортиман на производи кои можат да се произведат и да се конзумираат од страна на сиромашните.

Профилите на сиромаштија се создаваат од најразлични извори на податоци.

**Анкети во домаќинствата**. Овој вид анкети дава исцрпни информации за индивидуите и за домаќинствата – за нивото на нивните приходи и за потрошувачката, за вработеноста, за професионалниот статус, за производството, за локацијата, за составот на домаќинството, за образованието, за нутрицискиот и здрвствениот статус, како и за други индивидуални карактеристики. Овие анкети ни даваат темелна база на податоци од која се прави профил. Тие се единствен извор на податоци кој може да даде директна претстава за дистрибуцијата на животниот стандард во општеството и за тоа колку домаќинства не го поседуваат даденото ниво на стандард. Анкетите што се спроведуваат во практиката може да бидат определени со четири димензии: рамки на избор, единици на набљудување, број на набљудувања во еден период и основни индикатори за прибирање на податоци за животниот стандард.

Анкетата може да ја опфати целата популација на државата или посебно дефинирани подрачја. Рамката на анкетата ќе зависи од заклучоците што сакаме да ги изведеме од неа.

Како единица на набљудување може да биде домаќинство или поединец од домаќинството. Домаќинството обично се дефинира како група лица кои се хранат и живеат заедно.

Бројот на набљудувањата обично се сведува на едно или на две интервјуа. Во некои држави се спроведуваат долгорочни анкети во кои истото домаќинство се испитува неколкупати (панел).

Од неодамна и нашиот Завод за статистика прибира податоци за потрошувачката на домаќинствата.

Ваквите истражувања ретко ја опфаќаат целата држава, бидејќи се скапи и се јавува проблем со застареноста на планот (првобитниот примерок со текот на времето станува застарен). Во некои анкети се користи модифицирана верзија на долгорочните истражувања, каде што секоја година се заменува дел од примерокот. Ова ги намалува трошоците за панелот, но намалува некои предности.

Основните индикатори што се користат во практиката се базираат врз анкетата за приходите и за расходите на домаќинствата. Најчесто анкетите се спроведуваат на репрезентативен примерок. Редок е случајот да се опфати целата популација. Поголемиот примерок дава поголема точност на оценетите параметри на населението, како што е просечната потрошувачка *per capite*, но може да има помала точност кај другите параметри. Притоа особено треба да се внимава на интерпретирањето на податоците за потрошувачката на домаќинствата.

Многу голем примерок може дури да даде погрешна оцена за сиромаштијата ако истражувањето не е случајно, или ако во добиените податоци не се коригирани можните грешки што се должат на стратификацијата. Едно треба да биде јасно – за правилно мерење на сиромаштијата големо значење има добро избраниот примерок, добриот изглед на прашалникот и организацијата на теренот.

Случајниот примерок гарантира статистичка случајност која се бара при статистичките заклучоци. Со обезбедувањето на случаен примерок истражувањата се нетенденциозни и даваат добро дефинирана дистрибуција.

Сиромашните не мора да бидат точно презентирани во анкетното истражување. Можеби е тешко да се интервјуираат во оддалечени региони или се скитници. Освен тоа, со анкетата не е опфатена една група сиромашни - бездомниците. Некои од истражувањата не се дизајнирани за таа цел, во нивните рамки на дизајнирање на примерокот не е вклучено целото население. На пример, анкетата за работната сила е рестриктивна и се однесува исклучиво на економски активното население, кое не опфаќа некои подгрупи од сиромашните.

Постојат различни методи за бирање примерок со кој може да се добие поефикасна анкета. Тука предност би им дале на стратификуваниот случаен и на класираниот примерок.

Опсегот на производите и на изворите на приходи треба да биде сеопфатен. Треба да се опфатат прехранбените и непрехранбените производи и сите извори на приходи. Потрошувачката треба да ги опфати сите парични издатоци за производи и за услуги плус вредноста на натуралната потрошувачка, како што е храната произведена на сопствената фарма и вредноста на живеењето во сопствени станови. Дефиницијата на приходот трба да го вклучи приходот во натура.

Општ проблем со кој се соочуваме при анализа на анкетите за домаќинствата е можноста анкетите да не се точно интегрирани. На пример, за да се валоризираат ефектите од промените на главните прехранбени цени во држави со големо производство на храна, не е доволно да се знае учеството на потрошувачката во буџетот, туку мора да се знае и сопственото производство на храна во домаќинството. Дали домаќинството ќе загуби или ќе добие од промените на цените на храна ќе зависи од нето потрошувачката на сопственото производство. Ова може да ја направи анкетата неупотреблива за анализа и да создаде проблеми во политиката.

Домаќинствата се разликуваат според големината, според демографскиот состав, како и според цените и платите. Тоа создава разлики во потрошувачката и во трошоците на домаќинствата. Постојат различни приоди базирани врз анализата на потрошувачката, како што се еквивалентните скали, индексите на трошоците за живот и еквивалентните мерки на приходот.

За правилна анализа на сиромаштијата треба да укажеме и на реалната потрошувачка по еквивалентот возраст. Оваа потрошувачка е определена со вкупните номинални трошоци за сите стоки и услуги, поделени со два дефлатора – индекс на трошоците за живот и еквивалентната скала која ги изедначува разликите во величината и во составот на домаќинството. Постои обемна литература за овие два дефлатора.

Како и кај сите извори на податоци, наодите од овие анкети се проверуваат и се споредуваат со очигледни индикатори, како што се пазарните цени.

Еве еден пример за профил на сиромаштија, создаден врз основа на податоци за домаќинствата во Гана.

Профилот на сиромаштија на Гана се заснова врз податоци добиени со анкета во домаќинствата, од првата година на истражувањето на животниот стандард во Гана кое беше спроведено од Службата за статистика на Гана, со поддршка од Светската банка. Ова претставуваше огромен напредок за базата на податоци која се состоеше од ограничени испитувања постари од 15 години.

Беа конструирани две апсолутни гранични линии на сиромаштија. Првата беше поставена на две третини од просечната потрошувачка по жител. Втората беше поставена на една третина од просечната потрошувачка по жител. Со примена на горна гранична линија на сиромаштија беше добиен следниов профил на сиромаштија:

– Сиромаштијата главно е селска. Сиромашните во градовите се помалубројни и не се толку сиромашни како тие во селата. Акра има најмала распространетост (4 %) и најмал интензитет на сиромаштија, според броењето по глава на жител и според мерењето на јазот (разликата) во сиромаштијата.

- Распространетоста на сиромаштијата варира во зависност од различните региони. Најконцентрирана е во саваната, во басенот Волта и средишните брегови. Ова варирање ги рефлектира и климатските разлики, бидејќи областите со подобра клима имаат и по две жетви годишно. Посиромашните региони имаат проблем со транспортот и со понискиот степен на образование.
- Фармерството е главен извор на приход за сиромашните. Тие претежно се ситносопстваници кои се потпираат врз сопственото производство на храна.
- Сиромаштијата повеќе е проблем на малата продуктивност меѓу оние кои сами работат (претежно фармери), отколку на една отворена невработеност.
- Индикаторите за образование, за здравство и за исхрана се најлоши во селските области.
- Моделите за потрошувачка покажуваат дека храната е главен расход за сиромашните (69 % од вкупните трошоци).[51]

**Анкета во заедницата**. Одреден број најважни компоненти на животниот стандард се поврзани со погодностите на заедницата и со услугите кои не се својствени за индивидуалното домаќинство. Ова ги вклучува пазарите на трудот и најважните стоки за широка потрошувачка произведени или конзумирани од сиромашните. Исто така, содржат информации за достапноста, за квалитетот и за употребата најсоодветна социјална и економска инфраструктура. Кога истражувањето во заедницата е направено заедно со анкетата во домаќинствата, комбинацијата го подобрува разбирањето на ограничувањата и на можностите што влијаат врз животниот стандард. Исто така, корисни се административните регистри и институционалните истражувања (во училиштата, во здравствените центри, на пазарите и сл.).

**Еклектичен пристап**. Во многу држави податоците за домаќинствата не се сеопфатни и не се секогаш достапни. Во овие држави промислена-

---

[51] *Poverty Reduction*, Handbook, The World Bank, Washington D.C. 1993, 41.

та употреба на веќе постоечки и достапни информации може да обезбеди основа за профилот на сиромаштија. Делумни податоци, како микро испитувања на различни по важност сектори или пазари (земјоделство, како и повремена работа во град или на село) може да дадат груби процени за приходите. За поседувањето имот, во некои случаи, може да помогне земјишниот катастар. Квалитативни оцени на сиромаштијата, направени од оние кои добро ја познаваат државата, можат да бидат одлична проверка на овие броеви. Како пример за примена на ваков тип податоци за создавање профил на сиромаштија е Малави.[52]

Профилот на сиромаштија во Малави бил создаден за три типа домаќинства – малостопанственици, работници на имот и градски домаќинства. За малосопствениците пописот на земјоделското население и годишното обновување на податоците овозможија информација за составот на приходот и за големината на семејството. Како и да е, пописот беше разединет повеќе од големината на земјопоседништвото, отколку од групата приходи, што доведе до неколку поделби. Испитувањето на помала група луѓе овозможи податоци за составот на трошоците. За работниците на имот банката направи мало испитување, поради недостаток од други извори на податоци. За градските домаќинства беше достапно националното испитување на градскиот приход и потрошувачка, иако од постара дата. Популациската дистрибуција по потсектори беше добиена од пописот во 1987 година и беше обновена во 1989 година.

Врз основа на граничната линија на сиромаштијата, дефинирана од минималните нутрициски потреби и од трошоците за прехранбени/непрехранбени продукти, сиромашните опфаќаат половина од популацијата. Јазот на сиромаштијата е само околу 4 % од ГДП.

**Социјални и инфраструктурни услуги**. Освен индивидуалните варирања и варирањата во домаќинствата, профилот на сиромаштија вклучува и индикатори на квалитетот и на достапноста на различни социјални инфраструктурни услуги (вода, санитарии, здравство, образование и транс-

---

52 *Ibid.*, 43.

порт). Ваква информација може да се добие од административните записи и од базата на податоци, одржувани од одделни министарства, од секторски истражувања на институции или од истражувања од страна на заедницата. Добиените информации од овие извори може да бидат истовремено корисни за следење на тоа како и каде се дадени социјалните и инфраструктурните услуги и да се одреди нивото на услуги и на погодности достапни во различни делови на државата.

За профилот на сиромаштијата во Република Македонија ќе зборуваме подоцна.

## 3. КОНКРЕТНА ФОРМУЛАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ ХИПОТЕЗИ

Имајќи ја предвид комплексноста на проблемот што се истражува, причините и општествените последици на сиромаштијата во РМ, вниманието во овој докторски труд е насочено кон:

- утврдувањето на профилот на сиромаштијата во Републиката;
- утврдување на факторите што влијаат за осиромашување на граѓаните, со особено внимание на факторите што условуваат низок општествен развој;
- утврдување на последиците од состојбата во која се наоѓаат граѓаните од РМ, чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво што ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во Република Македонија.

Причините за осиромашувањето на граѓаните на РМ ги бараме во промените што настанаа во транзицискиот период во РМ (1990-2000 година). Со стекнувањето на независноста, од 1991 год., започна процесот на темелни промени во РМ. Условите во кои се одвиваа промените беа специфични. Темпото на транзициските промени беше условено од негативните

економски ефекти што државата ги трпеше и сè уште ги трпи како резултат на: војната во поранешна Југославија, познатите проблеми со Грција, косовската „бегалска“ криза итн.

Во услови кога опаѓа економската активност, кога се намалени платите, кога настануваат структурни промени во стопанството, до израз доаѓаат социјалните разлики меѓу луѓето што од своја страна крајно негативно се одразува врз целината на реформите воопшто, но и врз осиромашувањето на одделен број граѓани од Република Македонија.

Намалувањето на бруто-домашниот производ за 18,3 % во однос на состојбата во 1989 год. (2080 $ во 1989 год., 1700 $ во 2001 год.), високата стапка на невработеност (32 %, за 2001 год.) и постојаното зголемување на бројот на корисници на социјална помош се само некои индикатори кои укажуваат на падот на животниот стандард и на порастот на нееднаквоста меѓу населението.

Голем број од граѓаните на Република Македонија, кои пред неколку години припаѓале на средните слоеви, денес со страв и со нескриена носталгија по минатото велат: „Станавме многу победни од порано“. Особено погодени од новонастанатите промени во целокупното општество се социјално ранливите групи (помалку образованите, неквалификуваните работници со нижо образование, домаќинките, семејствата со еден родител, невработените, пензионерите (особено оние со мали пензии), руралното население).

Во овој транзициски период се случуваат големи движења во социјалната структура. Богатите стануваат уште побогати, а сиромашните уште посиромашни.

Сите наведени промени, а секако и голем број други, несомнено придонесоа да опадне квалитетот на живеењето во државата.

Опаѓањето на квалитетот на живеење особено дојде до израз со намалувањето на работната способност, со малите плати и со нивната нередовна исплата. Во такви услови сосема е очекувано голем дел од жителите на Репблика Македонија да се чувствуваат сиромашни.

Сиромаштијата тесно е поврзана со работниот статус на членовите во домаќинството. Оваа поврзаност особено доаѓа до израз кај невработените лица.

Возраста исто така влиае врз сиромаштијата, при што многу поизразена е кај повозрасните членови од домаќинството одошто кај помладите членови. Да се биде надвор од пазарот на трудот, па и да се биде невработен, кај помладите членови на домаќинството не води секогаш кон сиромаштија, додека кај повозрасните тоа сигурно значи сиромаштија.

Сиромаштијата е во тесна врска и со височината на индивидуалната заработувачка. Повисоката заработувачка го намалува ризикот од сиромаштија.

Сиромаштијата е тесно поврзана со бројот на вработените членови во домаќинството во однос на бројноста на домаќинството. Секако, доколку бројот на членовите во домаќинството е поголем, а вработен е само еден член, можноста домаќинството да е сиромашно не е исклучена.

Сиромаштијата е поврзано и со типот и со местото на живеење, набљудувани квантитивно и квалитативно.

Образованието е значаен фактор кој може да има силно влијание врз сиромаштијата. Денес, кога настанува целосно преструктурирање на стопанството, необразованите, односно оние без квалификација се првите кои ги почуствуваа реформите, со што беа изложени на осиромашување.

Како сиромашни ние ги сметаме сите лица, семејства и групи лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во Републикава.

Причините материјалните, културните и социјалните ресурси (на лицата, на семејствата и на групите лица) да се на ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живење во Републикава се многубројни. Свесни сме дека не можеме да ги опфатиме сите фактори што влијаат врз појавата и врз постојаното ширење на сиромаштијата во Републикава. За нас од особен интерес е временскиот период 1990-2000 година, популарно наречен транзициски период. Причините за зголемувањето на сиромаштијата ги бараме токму во промените кои се случија во тој период: ви-

соката централизација на власта по осамостојувањето на Република Македонија; високата корумпираност; недобрата макроекономската политика; како и немањето сопствена стратегија за развој.

Општата хипотеза укажува на врската меѓу промените настанати во транзицискиот период – промените на економски и на политички план кои влијаеа Република Македонија да има низок степен на економска развиеност и тенденција за зголемување на бројот на невработените, намалувањето на вработеноста, опаѓањето на висината на вкупните месечни приходи, како и зголемувањето на сиромашните граѓани.

Општата хипотеза гласи: Нискиот степен на економска развиеност придонесе да се намали бројот на вработените и да се зголеми бројот на невработените, како и да се намалат вкупните приходи во домаќинствата. Тоа резултираше со зголемување на сиромаштијата.

Имено, претпоставката дека нискиот економски развој (во овој случај независна варијабла $x$) придонесува да се зголеми невработеноста, да се намали вработеноста, како и да се намали вредноста на платите (зависни варијабли $y_1, y_2, y_3$) укажува на релацијата $x \rightarrow y_1, y_2, y_3$.

При проверката на општата хипотеза ќе ги користиме индикаторите за економскиот развој, и тоа: бруто-домашниот производ, индексите на цените, инвестициските стапки, процентот на личната, на јавната и на инвестициската потрошувачка, стапката на вработеност и на невработеност и индексот на платите и на реалните трошоци за живот.

Имено, општата хипотеза укажува на дејствувањето на повеќе варијабли. Според тоа, шематскиот приказ би бил, $x \rightarrow z \rightarrow y$, каде што: $x$ е неповолниот економски развој во транзициониот период, $z$ го означува заемното дејство на невработеноста, ниските плати како и намалената вработеност, а со $y$ е означува зависната варијабла – сиромаштијата.

Посебните хипотези гласат:

1. Колку се приходите во домаќинството пониски, толку е поголем ризикот од осиромашување на домаќинството. Шематски приказ: низок приход ($x$ независна варијабла), осиромашување на домаќинството ($y$ зависна варијабла) $x \rightarrow y$.

2. Ако се зголемува бројот на невработените и на стечајните лица, ризикот од осиромашување станува поголем. Шематскиот приказ за изразување на врската меѓу работниот статус ($x$) и сиромаштијата ($y$) е $x \to y$.
3. Колку е понизок степенот на образование на членовите во домаќинствата, толку е поголема можноста домаќинството да е сиромашно. Ист е шематскиот приказ на независната варијабла степен на образование ($x$), како и зависната варијабла сиромаштијата ($y$).

Иако цениме дека приходите, образованието и работниот статус не се единствените причини за состојбата но сиромаштијата, определбата за нив е лимитирана пред сè од достапноста на потребните податоци за анализа.[53] Сепак, сосема е евидентно дека задоволувањето на материјалните, на културните и на социјалните ресурси во најголема мерка зависи од имањето/немањето пари во домаќинството. Токму поради тој момент, особено внимание се посветува на вработеноста и на невработеноста, како и на платите и на нивната исплата. Имено, посебната хипотеза „колку е приходот во домаќинството понизок, толку е поголем ризикот од осиромашување на домаќинството" е насочена токму кон таа релација.

Сиромаштијата секогаш се јавува како последица од дејствување на многу фактори, кои секогаш имаат причинско-последична врска, при што тешко може да се издели само една причина за нејзиното постоење.

Независната варијабла на нискиот економски развој е комплексна целина и посредно влијае врз зависната варијабла осиромашувањето, при што е отежната проверката на општета хипотеза. Имено, проверката ќе се изврши врз основа на *апликативни* докази. Соочени со комплексната каузална поврзаност на промените во транзицискиот период кои ги сметаме за причина, неводенечената категоризација на поимите, различните методологии при собирањето и при прикажувањето на податоците и недостапноста на одделни податоци отежнаа проверувањето на основната хипотеза да се изврши со помош на анализа на достапни документи и статистички податоци.

---

53 За проверка на поставениеа хипотези ќе се користат податоците од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурноста на граѓаните на Република Македонија", бидејќи во почетната фаза авторот на трудов не предвиде таква проверка на хипотезите. Би сакале да истакнеме дека податоците не се адаптирани за истражување на сиромаштијата.

Промените во макро и во микро еконономската политика, следени преку монетарно кредитната политика, преку финансиската политика, преку политиката на цени и преку надворешнотрговската политика, ќе бидат основните индикатори кои ќе ни послужат да утврдиме за каков економски развој станува збор во анализираниот период во РМ.

За добивање појасна слика на состојбата со економскиот разој во РМ, со цел да се утврди дали промените во транзицискиот период се резултат на новонастанатата состојба, ќе бидат анализирани истите индикатори во поранешната СРМ, со што ќе се направи споредба на двата периода.

Анализа ќе се направи и на микроекономски план, при што како индикатор ќе ни послужи моделот и начинот на приватизација. Особено внимание ќе му се посвети на правото на работа (какво беше во поранешна СРМ и промените што настанаа на овој план во транзицискиот период), со цел да се откријат факторите што имаат најсилно влијание врз осиромашувањето на граѓаните.

Во анализата на причинско-последичната поврзаност на варијаблите истакнавме дека состојбата со вработеноста/невработеноста и малите ниските плати се причина за осиромашување, при што тие ќе бидат посебно анализирани во делот за причините за сиромаштијата.

Како индикатори за изнесената констатација ни служат прашањата од спроведената анкета „Социјалната исклученост на граѓаните на РМ" како и прашањата од анкетниот прашалник „Промените во социјалната структура во РМ".

Прашањата од наведените анкети укажуваат како се хранат, дали храната им е доволна на граѓаните во Републикава, дали себеси се сметаат за сиромашни, како ја оценуваат сопствената положба во домаќинството, колкави се просечните месечни приходи во домаќинствата, колку средства изделуваат за храна.

Потребата да се анализираат причините и последиците од сиромаштијата наметна потреба во истражувањето да се вклучат многу варијабли, кои беа централна категорија во квантативните истражувања и кои беа беа во функција на поставените хипотези.

# 4. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Примената на квантитативниот и на квалитативниот метод – триангулациска стратегија, беше остварена во анализата на поставениот проблем. Комбинацијата од повеќе методолошки приоди, техники на прибирање и на обработка е основата на оваа анализа.

Самиот карактер на истражувањето насочуваше и кон употреба на одредени технички средства за прибирање на потребните податоци. Во ова истражување беа употребени следниве техники: набљудување, интервју, како и анкетен прашалник.

## *4.1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП*

Основната анализа се заснова врз анкетно истражување и врз статистички податоци, но се користени и следниве постапки:

**Набљудувањето** како методолошка постапка за прибирање податоци за поставениот проблем беше применета само при квалитативната анализа на 50-те сиромашни домаќинства. Потребата да се прошири примарното искуство, да се создаде појасна слика за односите во домаќинството и пошироко, да се осознае нивната култура на живеење и да се проверат одредени информации за нив изнуди упутреба на оваа техника. Набљудувањето го вршевме лично. Тоа беше етапно (1990-2000 год). Во почетокот беше применето набљудување без учество. Подоцна, со стекнувањето на заемна доверба меѓу истражувачот и набљудуваните домаќинства, истражувачот беше честопати по најразлични поводи поканувап во нивните домови – токму тогаш беа и набљудувани.

**Интервјуто** беше водено од страна на истражувачот врз истите домаќинства во истиот временски период. Разговори со членовите од домаќинството се водеа според однапред подготвено упатство за разговорот. Упатството содржеше:

– социо-демографски податоци за домаќинството;
– животни услови на домаќинството;
– како се снаоѓаат во животот (составување крај со крај);
– мало стопанство, работа на црно;
– социјални трансфери;
– младите и образованието;
– здравје и исхрана;
– социјални последици;
– дефинирање и проценка на сопствената состојба.

Освен со 50-те домаќинства, ваков разговор беше извршен и во декември 1997 година, со 400 членови од различни сиромашни домаќинства од целава Република.

**Прашалникот во** ова истражување користи податоци од две истражувања[54] во кои се анкетирани 3 299 граѓани на Република Македонија (види примерок).

**Статистичката документација**, како средство за прибирање податоци во ова истражување, служеше како основно средство за добивање податоци за профилот на сиромаштијата во Република Македонија. Имено, Републичкиот завод за статистика од 1995 година наваму, со финансиска помош од Светската банка, почна да ја мери сиромаштијата според веќе дефинирана методологија за пресметување на сиромаштијата. Од страна на Заводот беа утврдени и линиите на сиромаштијата. Утврдената методологија и јасно дефинираните линии ни се основата за реализирање на истражувањето.

Во истражувањето се користени статистички податоци и од други достапни извори. Тука би ги истакнала: Републичкиот завод за вработување, Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Агенцијата за приватизација, Републичкиот завод за социјална работа, Министерството за развој, Министерството за труд и социјална политика, како и разни други владини и невладини здруженија и асоцијации, кои имаат допирни точки со овој проблем.

---

[54] Од проектите *Промени во социјалнаша сшрукшура во Рейублика Македонија* и *Социјалнаша исклученосш и несиїурносша на ѓраѓаниѿе на Рейублика Македонија.*

## *4.2. ПРИМЕРОК*

Во рамките на проектот „Квалитативна анализа на животниот стандард на населението во РМ“ беа опфатени 400 домаќинства од целата земја. Република Македонија беше поделена на четири региони: Скопје, централен, источен и западен регион. Во секој регион беа анализирани по 100 домаќинства. Проектот се одвиваше во две фази. Во првата фаза во секој регион беше разговарано со 50 домаќинства избрани од Заводот за стстистика на РМ, а во втората фаза во секој регион беа избрани уште 50 домаќинства кои анкетарот ги избра сам или со помош на центрите за социјална работа.

Во централниот регион беа офатени следниве градови: Битола, Ресен, Македонски Брод, Гевгелија, Велес, Неготино, Кавадарци, Прилеп, Валандово, Демир Хисар, Крушево. Пропорционална беше и застапеноста на руралните населби. Од анкетираните домаќинства во овој регион 76 се Македонци, 12 Муслимани, 10 Роми и 2 Власи. Од нив 7 се едночлени, 9 двочлени, 18 тричлени, 34 четиричлени, 12 петочлении, 20 повеќечлени.

Во скопскиот регион, 21 домаќинство се од: Арачиново 4, по две домаќинства од Марино, од Сарај и од Драчево; по едно домаќинство од: Љуботен, Љубанци, Огњанци, Трубарево, Кучково, Рашче, Горно Свиларе, Глумово, Ракотинци, Љубош, Морање. Од градското подрачје на Скопје беа опфатени 79 домаќинства: Центар 17, Гази Баба 10, Чаир 12, Карпош 19 и Кисела вода 21. Според етничката припадност, структурата е: 55 Македонци, 25 Албанци, 15 Роми, други 5, а според бројот на членовите: 7 едночлени домаќинства, 16 двочлени, 20 тричлени, 24 четиричлени, 16 петчлени, 8 шестчлени и 9 домаќинства со седум или со повеќе членови.

Во источниот регион беа опфатени: Виница со околните села Трсино и Градец, Делчево со околното село Вирче, Берово со селата Владимирово и Русиново, Кратово со селото Трновец, Пробиштип со селото Злетово и Штип.

Во западниот регион беа опфатени градовите и околните села на: Гостивар, Кичево, Охрид, Струга, Дебар. Според етничката припадност: 29

македонски домаќинства, 51 албански, 6 турски, 10 ромски и 4 други. Според бројот на членовите во домаќинството: 4 едночлени домаќинства, 19 двочлени, 18 тричлени, 26 четиричлени, 16 петчлени, а другите беа со 6 или со повеќе членови во домаќинството.

Изборот на домаќинствата за квалитативната анализа, која беше спроведена во периодот 1990-2000 година, беше направен на следниов начин: избрани беа 50 домаќинства од различни региони; Кочани, Велес, Скопје и Гостивар. При изборот на домаќинствата се внимаваше да бидат застапени следниве страти: млади брачни парови (5), самохрани родители (3), домаќинство кое се издржува од пензија (6), домаќинство со двајца вработени (4), домаќинство со еден вработен (7), домаќинство каде што работоспособните членови од домаќинството на се вработени (25), домаќинство кое се состои од едно лице, а беа опфатени и повеќечлени домаќинства. Сите 50 домаќинства во поранешниот систем на биле сиронашми. Значи осиромашиле во овој транзициски период.

Во рамките на проектот „Социјалното исклучување и несигурноста на граѓаните на Македонија", под раководство на д-р Илија Тодоровски, беше спроведена анкета со опфат од 1199 испитаници. Анкетата беше спроведена во периодот од 18 до 30 декември 2000 година, со употреба на репрезентативен повеќефазен случаен примерок на популација над 18-годишна возраст.

Исто така, во квантитативната анализата во овој докторски труд се користат податоците од спроведената анкета во рамките на проектот „Промени во социјалната структура на Македонија со посебен осврт на високото образование" под раководство на проф д-р Петре Георгиевски. Примерокот на анкетата опфаќа 2100 лица. Изборот е направен од вкупниот број лица кои кои имаат право на глас 1 449 070 на возраст 18-70 години. Примерокот е случаен и е проверена неговата репрезентативност.

## 4.3. МЕТОДОЛОШКИ ПОСТАПКИ ПРИ АНАЛИЗАТА НА ПОДАТОЦИТЕ [55]

Анализата на податоците првенствено е базирана врз статистичкиот метод. Во ова истражување се применети повеќе видови статистички постапки: мерки за централна тенденција, мерки за варијабилност, структурни показатели, применети се постапки за анализа на временската динамика на појавата (индекси, тренд и сл.), анализирани се заемните врски меѓу појавите (корелација и хи-квадрат). Применета е и мултиваријантна анализа при тестирањето на посебните хипотези. Најпрвин се одредени различни нивоа на приходи, потоа е побарана зависност меѓу утврдените нивоа и одделните варијабли (место на живеење, возраст, пол, семеен статус, сопственост на живеалиштето, образование, работен статус, националност). Следниот чекор се состоеше во елиминирање на зависностите со помал интензитет, потоа е направено вкрстување на трите варијабли со најсилен интензитет. На крајот, варијаблите со највисок степен на поврзаност се анализирани со одделните варијабли кои зборуваат за состојбата на сиромаштијата.

## 4.4. ИНДИКАТОРИ НА СИРОМАШТИЈАТА

Индикаторите на сиромаштијата помогнуваат во водењето и во имплементацијата на сиромаштијата. Тие помагаат и при продолжувањето на анализите за стратегиите на земјите и при подготовката на програмите со кои треба да се утврди каде дошло до прогрес, а каде до сериозни заостанувања, регресии или до новонастанати проблеми. Индикаторите се избрани врз основа на нивната способност да овозможат постојана анализа и

---

[55] За постапките при обработката на податоците нема да стане збор, бидејќи тие се општо познати во секое посложено анкетно истражување, почнувајќи од планот на табелирањето, од логичната и од содржинска контрола на прибраните податоци, сè до компјутерската обработка.

следење на сиромаштијата на ниво на земјата. Индикаторите обезбедуваат и основа за споредување меѓу државите .Тие служат и како индиректни мерки за сиромаштијата, кога директните мерки на се достапни.

Постојат безброј индикатори. Ние ќе изделиме некои за кои цениме дека заслужувваат посебно внимание.

Здравјето на децата и нутритивниот статус се важен индикатор на сиромаштијата. Веќе зборувавме за индикаторите што ги определуваат граничните линии на сиромаштија.

Без индикаторите на приходите и социјалните индикатори не би можеле да ја добиеме вистинската слика на сиромаштијата. Првите ги следат можностите за заработувачка на сиромашните, додека, пак, вторите (социјалните) ја следат провизијата и исходот од социјалните улуги.

За промените во здравствениот статус честопати како индикатор се зема стапката на смртност под петнаесетгодишна возраст. Овој индикатор дава широка слика за здравјето на децата, но не е осетлив на културните предрасуди. Со надополнувањето на информациите за стапката на смртност под петгодишна возраст со податоци за вакцинации и за исхрана на децата, сликата станува целосна.

Поради критичната улога на жените во стратегиите за преживување на сиромашните семејства, нивниот статус во општеството и можноста за пристап до услугите се важни индикатори за семејната благосостојба. Можноста за запишување во основните и средните училишта, исто така, е важен индикатор.

# III ДЕЛ

# ТЕНДЕНЦИИ ЗА ОСИРОМАШУВАЊЕ ВО СВЕТОТ

## 1. ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА СИРОМАШТИЈАТА

Сиромаштијата има долга историја. Таа постои откога постои човекот и човековото општество.

Кога човекот едвај успевал да собере храна за да опстане во живот, сиромаштијата станувала многу изразена појава.

До појавата на првото класно општество, продукцијата и репродукцијата на сиромаштијата била условена од недостатокот на природни извори, од неразвиеноста на производните сили и од сеопштата неможност на човекот да се справи со делувањето на природните сили. Ширењето на сиромаштијата, условена од недостатокот на природни извори, на животни добра и од неразвиеноста на производните сили, особено доаѓало до израз со појавата на поплавите, на сушите, на земјотресите, на епидемиските болести, на војните и на меѓусебните пресметки.

Сиромаштијата е присутна и го „следи“ човекот низ целата негова историја, од самото негово појавување па сè до ден-денес. Притоа, со право можеме да кажеме дека сиромаштијата е особена и повеќедимензионална општествено-историска појава, а во тоа ќе се увериме и од натамошнито излагање. Мира З. Лакичевиќ истакнува дека „целокупната човекова историја не е ништо друго туку историја на човекова двојствена борба: а) за

искоренување на сиромаштијата која е условена од недостаток на природни извори и од неразвиеноста на производните сили; и б) за укинување на класните општествени односи и на заснованата експлоатација од нив, која ја одржува и ја репродуцира сиромаштијата".[56] Имајќи го предвид изнесеното, парадокс е што многу видувања од минатото за овој проблем останале непознати за нашата цивилизација. Имено, до ден денес не е напишана историја за сиромаштијата како општествено-историска појава.

Првите размислувања за овој проблем датираат од стариот Египет и од Индија. Релативно развиени филозофски толкувања и вредносни ставови за овој општествен феномен првпат среќаваме во учењата на античките грчки мислители. Тоа не е случајност, знаејќи дека проблемите на сиромашните слободни луѓе длабоко ги засегнувале етичките чувства на античка Грција. Сиромаштијата влијаела врз општествените односи и врз политичката стабилност на државата.

Речиси сите антички филозофи, освен ретки исклучоци, сметале дека постоењето на богатството и на сиромаштијата е природна појава, како што се класните нееднаквости меѓу луѓето и институцијата ропство. Поголем број од авторите укажуваат на причинско-последичните аспекти, развивајќи одредени тези од утилитаристички или од хуманистички побуди, со намера на тој начин да влијаат врз општествената реалност. Особено внимание заслужуваат ставовите на Платон и на Аристотел:

Платон бил противник на големите социјални нееднаквости меѓу слободните Хелени. „Има две работи" – вели Платон во познатото дело *Држава* – „на кои чуварите на државата треба да внимаваат... Тоа се богатството и сиромаштијата – едното поттикнува луксуз, мрзливост, млитавост, а другото ниskost, желба за нанесување зло, независно од љубовта за нови работи". Оставајќи го настрана Платоновото неприфатливо и одамна отфрленото толкување за психологијата на богатите и на сиромашните. Значајно е што тој точно го забележува класниот антагонизам предизвикан од големите материјални нееднаквости, кој несомнено претставува

---

[56] Lakičević Z. Mira, *Socijalna ugroženost...*, 22.

опасност за државата, бидејќи во него војуваат богатите и сиромашните, што е многу поволно состојба за надворешниот непријател.

Некои филозофи од софистичката и од стоичката школа развиле хуманистички мисли за сиромаштијата, залагајќи се за еднаквост и за братство меѓу лугето во космополитски размери, за укинување на приватната сопственост (Зенон, Диоген и др.).

Сиромаштијата во практиката била спречувана, а последиците биле ублажувани со помош на аграрни реформи, со бришење на долговите, со ослободување на сиромашните од данок, со ограничување на богатењето, со гарантирање на заедничко земјиште и сл. Државата им помагала ва сиромашните кои немале семејство и кои биле неспособни за работа. Значајно е да истакнеме дека социјално-заштитната дејност во грчките држави била правно регулирана. Дури постоел специјален данок за помош на сиромашните.

Аристотел го набљудува проблемот на сиромаштијата од гледиштето на општествениот интерес, односно на владејачката класа. Неговото толкување на последиците од сиромаштијата е материјалистичко. „Бедата" – вели Аристотел во познатото дело *Политика* – „води кон востанија и злочини, па затоа треба да се сузбие... Каде што мнозинството е сиромашно и не е почитувано, таму државата мора да има многу непријатели". Аристотел им порачува на луѓето кои ја раководат државата: „Оној кој сака да владее, треба и да помага". Аристотел не се залага за укинување на сиромаштијата, односно на класната нееднаквост. Тој се залага за таква политика која ќе ја ублажи сиромаштијата, за да се постигне социјален мир. По тој повод вели: „Добро е, па дури во интерес на богатите, да се соберат вишоците од јавните приходи, за да се поделат во еден мах на сиромашните, особено ако индивидуалните делови се доволни за купување на мал неподвижен имот или барем мала трговска работилница или мало земјиште".

Проблемот *сиромаштија* бил во центарот на вниманието кај мислителите од средниот век, но во рамките на теолошките доктрини. Заштитата на сиромашните била исклучиво под патронат на црквата.

Основата на христијанското учење на почетокот било сфаќањето за нужноста, за заемноста и за солидарноста меѓу верниците, како и сфаќањето за меѓусебна еднаквост меѓу луѓето. Со развојот на феудалната држава, христијанството ја менува својата првобитна концепција, прилагодувајќи се кон изменетите услови. Повеќе не се проповеда еднаквост и не се осудува приватната сопственост.

Сиромаштијата станува масовна појава во феудалните држави.

Помош на сиромашните слоеви им давала црквата, но не преземала конструктивни мерки за заштита (јавна работа, доделување средства за работа и слично).

Во периодот на првобитната акумулација на капиталот, сиромаштијата на одредени слоеви станувала масовна појава. Во Англија, каде што прва почнала првобитната акумулација на капиталот (во XVII век), се смета дека половина милион луѓе требало да примат материјална помош од државата, поточно – една четвртина од вкупното население.

Во Франција на почетокот на XV век, во Париз, на пример, имало 80 000 питачи.[57] Во следниот век нивниот број неколкупати се зголемил. Се случувало во градските болници дневно од глад да умираат и по 600 луѓе.

Слична била состојбата и во Германија. Таму на 1000 жители просечно имало 260 питачи. Идентична била состојбата и во САД, каде што капитализмот свој подем бележи подоцна. Во Њујорк, во 1873 год., имало 10 000 питачи, а околу 7500 од нив спиеле во пренатрупани сиромашни прифатилишта, каде што можеле да останат само една недела.[58]

Карактеристично за овој период е што многу автори со исто значење ги употребуваат изразите: работник, бедник и питач. Нивните образложенија би можеле да ги синтетизираме во следново: Станува збор за група луѓе кои имат ист или сличен стил на живеење, при што не можеме да очекуваме разлики меѓу нив.

---

[57] Авторот на овој докторски труд чувствува потреба да истакне дека изнесените бројки не ја даваат вистинската слика на појавата, бидејќи недостасуваат други податоци (бројки) со кои би се добила подобра претстава за појавата. Имено, во посочениот пример, појавата би била појасна доколку располагавме со податоци за вкупниот број на жители во Париз.

[58] Bičanić R., „Nastajanje radničke klase, bjeda i oskudica stanovništva", во: Haramine M., Drašković B., *Radnički pokret i socijalizam*, Naprjed, Zagreb 1962, 38, 66.

Притоа како да подзаборавaат на големата резервна армија која ја нудела својата работна сила по многу ниска цена, како резултат на дејствувањето на законот на понудата и на побарувачката, додека условите за работа и исплатата на нивниот вложен труд ги правело да бидат бедни.[59]

Енгелс, во познатото дело *Положбата на работничката класа во Англија*, укажува на поврзаноста на зголемениот капитал и зголемувањето на сиромашните, при што вели: „Зголемувањето на капиталот ги притиска работниците, претворувајќи ги во питачи принудени целото свое време да ѝ го дадат на фабриката.“.

Масовната социјална беда предизвикана од првобитната акумулација на капиталот во земјите на западна Европа го поттикна вниманието на голем број мислители. Оттогаш сиромаштијата, како општествен проблем, сè почесто е присутна во општествените науки, но и во политиката.

Социјалните мислители различно го објаснуваат овој феномен, при што сугерираат различни решенија, во согласност на нивните погледи на свет и со нивната вредносна ориентација. Некои дела имаат длабока хуманистичка порака, инспирирани од суровата реалност на англиското општество од XVI век, каде што „овците ги изеле луѓето“. Томас Мор ја објаснува појавата на масовно питање, на скитањето и на криминалот како природна последица од сиромаштијата во која луѓето навлегле без своја вина. Луѓето, смета тој, се однесуваат така бидејќи нивните услови за живеење се недостојни за еден човек. Наместо репресивни мерки, тој предлага темелна но не реална утопистичка општествена и социјална реформа.

---

59 Условите за работа и односот на работодаваталот и работниците бил крајно суров. Капиталистот го сметал работникот како дел од машината, а кон него се однесувал како средство за работа што треба максимално да се искористи. Работниците работеле и по 16 часа дневно, во ладни, мрачни и влажни работилници. Честопати биле физички злоупотребувани, немале право на годишен одмор, не биле осигурани во случај на повреда на работа. Споредувајќи ја положбата на работникот-пролетер со положбата на робот, на кметот, на сиромашниот селанец, кои имале барем гаранција за гол живот, Маркс со право вели дека положбата на наемните работници е најужасна, најмизерна и најнечовачка. Пролетеријатот е оставен сам на себе без никаква социјална сигурност. Поради непостоење на хигиенско-техничка заштита во работилниците во Англија неделно умирале по 15 работници. За десет години (1852-1861) бројот на настраданите работници изнесувал 8466 (К. Маркс, *Капитал*, том 1, Култура, Београд, 1947).

Слично објаснување на сиромаштијата среќаваме и во учењето на Роберт Овен. Тој добро забележал дека масовните асоцијални појави во тоа време (скитањето, питањето, проституцијата, алхохолизмот, кражбите, тепачките) настануваат како последица на општествено-економските услови, како и фактот дека овие појави влијаат негативно врз производството.

Важна улога во распространетоста и во репродукцијата на сиромаштијата во класните општества има карактерот на производните односи и експлоатацијата на човекот од човек. За современото класно општество, наемната работа и експлоатацијата, невработеноста и резервната индустриска армија и општествените нееднаквости имаат одлучувачко значење во репродукцијата на сиромаштијата.

Со појавата на првите социјалистички држави се сметало дека сиромаштијата ќе исчезне. Меѓутоа, како што знаеме, првите социјалистички држави настанале на подрачје каде што не бил доволно развиен капитализмот, каде што сиромаштијата имала масовни размери. Исклучиво тешката економска и социјална ситуација, предизвикана од тешката општествената и економска состојба, создала поволна почва за развој на социјалните движења, каде што човекот, неговата слобода, подобриот живот и благосостојбата се во центарот на вниманието. Новото социјалистичко општество нудеше: општествена сопственост на средствата за производство; непосредно одлучување на производителите за плодовите од својот труд; производство во служба на човековите потреби; распределба според вложениот труд; ослободување на човекот од сите облици на отуѓеност. Но и тоа репродуцираше сиромаштија, покрај тоа што за сиромаштија не се зборува во државите со социјалистичко уредување. Во овие држави се настојувало сиромаштијата, колку е можно пообјективно, сосема да се елиминира и да искорени како општествена појава.[60] Одделни мислители дури сметаат дека поимот сиромаштија не треба да се употребува кога станува

---

[60] Практиката покажа дека залагањето повеќе имаше идеолошка примеса, додека реална основа за надминување на овој проблем намаше, во што впрочем ќе се убедиме, анализирајќи ја состојбата во СРМ.

збор за социјалистичките држави. Ваквиот став за сиромаштијата им дава право на некои мислители од овој период терминот сиромаштија да го заменат со други термини: социјална загрозеност, социјална необезбеденост, социјална несигурност, материјална необезбеденост и сл. Имено, тие не ја исклучуваат сиромаштијата како општествена појава. Меѓутоа, таа за нив нема релативно траен, стабилен карактер, барем во социјалистичките општества.

Наглото зголемување на материјалните добра, засновано брз индустриската технологија, создало уште поголем јаз во економско-социјалната положба меѓу богатите и сиромашните.

Денес е направен голем прогрес во сите сфери во светот. Во задницата на достигнувањата сè позачудувачко е сознанието дека еден милион луѓе во светот се сиромашни.

## 2. СОСТОЈБАТА СО СИРОМАШТИЈАТА ДЕНЕС

Денес сме сведоци на голем економски напредок во светот: висок индекс на очекуван живот, висок индекс на образование, висок индекс на опфатеност на генерациите во трите степени на образованието, висок паритет на куповната сила (PPP); висок индекс на човековиот развој (HDI). Наспроти достигнувањата, сè позачудувачко е сознанието дека приближно една милијарда луѓе живееат на работ на егзистенцијата. Половина милијарда од жителите на планетава се хронично гладни. Толкав е и бројот на неписмените,[61] што се одрази на (HPI) индексот што бележи пораст. Оттука се наметнува прашањето: Зошто и денес во дваесет и првиот век се соочуваме со најсуштвествениот проблем – со сиромаштијата?

---

[61] Radovanović Miroslav, „Beda i siromaštvo“, *Socijalna zaštita u SR Hrvatskoj*, Zagreb 1984, 125.



Голем број аналитичари го поврзуваат зголемувањето на бројот на сиромашни во светот со глобализацијата.[62] Несомнено е дека глобализацијата има свое влијание врз зголемувањето на бројот на сиромаштијата, но не можеме да се согласиме дека таа е главната причина за сè поголемиот број сиромашни во светот.

Според податоците од *Global Economic Prospects and Developing Countries*, најголемиот број од сиромашното население во светот живее во Источна Азија, на Пацификот, во Источна Европа, во Централна Азија, во Латинска Америка, на Карибите, во Средниот исток, во Јужна Африка, а најсиромашното население живее во потсахарска Африка. Населението во овие држави најчесто живее со приходи пониски од 1-2 долари на ден. Бројот на сиромашните постојано се зголемува, пред сè во државите со голема популација, особено во Кина, во Индија, во Бангладеш и во Нигерија.

---

[62] Глобализацијата е веројатно еден од најексплоатираните причинители за појава на голем број општествени феномени во последната декада. Терминот е толку многу користен и споменуван, што неговата претерана општа употреба го прави да прерасне во клише. Глобализацијата се карактеризира со поголема отвореност на општествата и со зголемени меѓународни влијанија на сметка на намалената национална контрола. Иако не постои прецизна дефиниција со која би се опфатил хетерогениот карактер на оваа појава, сепак најопшто би можеле да ја определиме како процес на економска, на политичка, на социјална и на културна меѓузависност во светски рамки, каде што случувањата и одлуките во еден дел од светот имаат повратно влијание во голем број други локалитети. Оваа определба укажува на фактот дека глобализацијата се јавува во повеќе форми (на пр.: еколошка, културна, политичка, технолошка, економска и сл.).

Доколку ја анализираме сиромаштијата со помош на повеќе индикатори, тогаш, освен Бангладеш, овие земји не би можеле да ги вброиме во редот на најсиромашните земји во светот. Како што веќе наведовме, најсиромашни се сметаат земјите од потсахарска Африка.

Во средината на 70-тите бројот на сиромашните во државите-членки на ЕУ[63] го надмина бројот од 38 милиони луѓе. Кон крајот на 80-тите години, според истата дефиниција, 52 илјади луѓе (повеќе од 15 %) од вкупната популација на ЕУ се сметаше дека живеат на линијата или под линијата на сиромаштија.[64] Бројот на луѓето кои живеат во сиромаштија варира од една држава-членка до друга. Статистичките податоци зборуваат дека Португалија е државата со најмногу сиромашни лица, потоа следуваат Грција и Ирска. Франција и Англија имаат исто така висока стапка на сиромаштија. Најниски стапки се забележани во Данска, во Холандија, во Луксембург, во Белгија и во Германија.[65]

Анализата што следува е направена според индикаторот за рангот според индексот на човековиот развој (HDI) спореден со рангот според економската развиеност (GDP per capita). На тој начин, кај определената држава се добива позитивен показател (плус) кога HDI рангот е повисок од GDP рангот, и спротивно – негативен показател (минус) кога HDI рангот е понизок од GDP рангот.

Во првата група со повисоко ниво на човековиот развој од економскиот има 41 држава од вкупно 64. Најповолни се случаите во Шпанија, во Финска, во Нов Зеланд, во Костарика, во Гренада, во Полска, во Фиџи и др. Спротивно, со пониско ниво на човековиот развој од економскиот (негативен) во првата група има 21 земја од 64. Најнеповолни се случаите во

63 Националните извештаи за сиромаштија од ЕУ беа подготвени по заедничка методологија. Сепак добиените податоци од компаративен аспект беа многу неизедначени. Причината за тоа лежи во различните национални искуства во истражувањето на овој феномен. Некои земји, на пр. Англија, ја имаат проучувано сиромаштијата повеќе од 150 години, а најголем придонес дале истражувањата на Роунтри (Rowntree, 1901) и Таунсенд (Townsend, 1979). Други, пак, започнаа со истражувања во доцните 60-ти години на XX век.

64 *Социјална политика и социјална работа*, избор на текстови, Филозофски факултет, Скопје 1999, 84.

65 *Ibid.*

Кувајт, во Катар, во Брунеи, во Обединетите Арапски Емирати, во Хонг Конг, во Сингапур и др.

Во втората група со средно ниво на човеков развој има 66 држави. 39 од нив имаат позитивна положба, а 27 спротивна положба.

Во третата група се наоѓаат 44 држави, од кои 19 имаат позитивна положба, а 25 негативна (види Табела 1).

Табела 1: Индекс на нивото на развиеност по селективни држави.

| Ранг според HDI | Држава | HDI | GDI | + или - ранг | Индекс на очекуван живот | Индекс на образованието |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Канада | 0,960 | 0,99 | +10 | 0,90 | 0,99 |
| 2 | Франција | 0,946 | 0,99 | +12 | 0,90 | 0,96 |
| 3 | Норвешка | 0,943 | 0,99 | +5 | 0,88 | 0,97 |
| 4 | САД | 0,943 | 0,99 | -1 | 0,86 | 0,99 |
| 5 | Финска | 0,942 | 0,99 | +17 | 0,86 | 0,98 |
| 8 | Јапонија | 0,940 | 0,99 | +2 | 0,91 | 0,92 |
| 9 | Нов Зеланд | 0,939 | 0,98 | +17 | 0,86 | 0,97 |
| 10 | Шведска | 0,936 | 0,99 | +12 | 0,89 | 0,93 |
| 11 | Шпанија | 0,935 | 0,98 | +19 | 0,88 | 0,95 |
| 13 | Австрија | 0,933 | 0,99 | 0 | 0,86 | 0,95 |
| 14 | В. Британија | 0,932 | 0,99 | +7 | 0,86 | 0,95 |
| 15 | Австралија | 0,932 | 0,99 | +5 | 0,89 | 0,92 |
| 16 | Швајцарија | 0,930 | 0,99 | -12 | 0,89 | 0,91 |
| 18 | Данска | 0,928 | 0,99 | -9 | 0,84 | 0,96 |
| 19 | Германија | 0,925 | 0,99 | -3 | 0,86 | 0,93 |
| 20 | Грција | 0,924 | 0,97 | +15 | 0,88 | 0,92 |
| 21 | Италија | 0,922 | 0,99 | -4 | 0,88 | 0,99 |
| 26 | Луксембург | 0,900 | 1,00 | -25 | 0,85 | 0,85 |
| 30 | Ј. Кореја | 0,894 | 0,97 | +6 | 0,78 | 0,93 |
| 37 | Словенија | 0,887 | 0,97 | +1 | 0,80 | 0,89 |
| 39 | Чешка Реп. | 0,884 | 0,97 | +2 | 0,79 | 0,89 |
| 47 | Унгарија | 0,857 | 0,96 | +6 | 0,73 | 0,88 |
| 49 | Мексико | 0,855 | 0,96 | +5 | 0,79 | 0,82 |
| 52 | Полска | 0,851 | 0,86 | +17 | 0,77 | 0,92 |
| 54 | Кувајт | 0,848 | 0,99 | -49 | 0,74 | 0,72 |
| 67 | Бугарија | 0,789 | 0,73 | +8 | 0,77 | 0,87 |
| 69 | Турција | 0,782 | 0,87 | -2 | 0,72 | 0,75 |
| 76 | Хрватска | 0,759 | 0,62 | +10 | 0,78 | 088 |
| 80 | Македонија | 0,749 | 0,64 | +3 | 0,78 | 0,83 |
| 105 | Албанија | 0,656 | 0,44 | +3 | 0,76 | 0,76 |
| 106 | Кина | 0,650 | 0,46 | +1 | 0,74 | 0,76 |
| 112 | Египет | 0,612 | 0,60 | -20 | 0,66 | 0,57 |
| 139 | Индија | 0,451 | 0,21 | +1 | 0,61 | 0,53 |

Извор: Н. Узунов, Научен собир, *Човековиот развој во Република Македонија*, фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 1999, 7.

Споредувајќи ги резултатите во прикажаната табела, можат да се констатираат значајни несовпаѓања на индексите внатре во одделни држави:

- Луксембург е економски најразвиена држава во светот (GID индекс 1,00), но според HDI индексот е 26-та, со негативен ранг (-25), поради релативно ниските индекси на очекуваниот живот и на образованието;
- Кувајт е меѓу економски најразвиените замји во светот, но според HDI индексот е дури на 54-то место поради многу нискиот показател во развојот на човекот (-49);
- Спротивен е случајот со Полска, која е пред Кувајт – на 52-то место (+17) итн.

Сепак, не треба да се премине во другата крајност па да се заклучи дека високо ниво кај индексот за човековиот развој може лесно да се постигне и при ниско ниво на економски развој. Тоа може да се констатира и од показателите на одделните држави, а и од Табела 2. Податоците во табелата се презентирани од „Human Development Report 1998", каде што државите се групирани по географски региони или по нивото на развиеност.

Табела 2: Ниво на развиеност по региони или по групи држави.

| Држави групирани по региони и по развиеност | Очекуван живот во години | Степен на образование | PPP per capita во $ | HDI индекс |
|---|---|---|---|---|
| Индустријализираните | 74,2 | 98,6 | 16,337 | 0,911 |
| Источна Азија без Кина | 71,7 | 96,3 | 9,934 | 0,883 |
| Латинска Америка | 69,2 | 86,7 | 5,982 | 0,831 |
| Светски просек | 63,6 | 77,6 | 5,990 | 0,772 |
| Источна Европа | 68,1 | 98,5 | 4,109 | 0,756 |
| Југоисточна Азија и Пацифик | 64,7 | 87,3 | 3,852 | 0,683 |
| Источна Азија со Кина | 69,3 | 82,4 | 3,359 | 0,676 |
| Арапските замји | 63,5 | 56,0 | 4,454 | 0,636 |
| Сите замји во развој | 62,2 | 70,4 | 3,068 | 0,586 |
| Јужна Азија со Индија | 61,8 | 50,5 | 1,724 | 0,462 |
| Подсахарска Африка | 50,6 | 56,9 | 1,407 | 0,386 |
| Најмалку развиените замји | 51,2 | 49,2 | 1,008 | 0,344 |

Извор: Н. Узунов, Научен собир, *Човековиот развој во Република Македонија*, фондација „Фридрих Еберт", Скопје 1999, 8.

Источна Европа има добар показател за очекуваното траење на животот и уште подобар показател за степенот на образование (речиси еднаков со индустријализираните земји кои се сметаат за најразвиени), но нејзиниот паритет во купната сила е низок, па така HDI индексот се наоѓа под светскиот просек.

Голема е разликата во Источна Азија во зависност дали во групата ќе се вклучи Кина или не.

Групата арапски држави има повисока PPP per capita од државите на Источна Европа, но во рангирањето според HDI се многу пониско поради неповолните показатели кај човековиот развој. Групата на најразвиените држави, т.е. на индустријализираните, имаат многу висок PPP, но во тие држави и HDI би можел да биде повисок од досега постигнатиот.

Како што веќе истакнавме, компаративната анализа тешко може да се применува во истражувањата на сиромаштијата како примарна техника. Токму поради тоа и во анализата на состојбата на сиромаштијата во светот ќе користиме различни пристапи (еден веќе изнесовме со помош на индексите на развиеност).

Следен начин на прикажување на состојбата со сиромаштијата ќе биде изложен со помош на височината на приходите и на реалните трошоци за живот.

Големите промени кои настанаа во државите од поранешниот источноевропскиот социјалистички блок условија опаѓање на животниот стандард. Промените не се одвиваа насекаде со исто темпо. Користејќи ги резултатите од истражувањето што го спроведе „Политика“,[66] ќе се обидеме да ја доловиме сликата за сиромаштијата во овие држави.[67]

Проблемите во речиси сите држави што се анализираат се општи и заеднички за сите нив (ниски плати, голема невработеност, инфлација, намален стопански раст, цутење на сивата економија, што резултираат со состојба на егзистенционален минимум).[68]

Најголема просечна плата е забележана во Чехија – околу 400 германски марки, а најмала во Бугарија – 90 марки.

---

66 *Политика*, 9.10.1994 година, 9 (со помош на дописниците од Танјуг и од Бета).

67 Преку анализата на животниот стандард, преку просечните плати, преку потребата за задоволување на основните животни потреби, како и преку цената на дневната потрошувачка кошница ќе се обидеме да го прикажеме профилот на сиромаштијата во анализираните држави.

68 Белешка: Терминот *егзистенционален минимум* е преземен од наведеното истражување. Бидејќи поимот не беше дефиниран, не можеме точно да судиме за што станува збор.

Две третини од населението во овие држави живее на егзистенционалниот минимум. Одделно состојбата изгледа вака:

**Бугарија** – 60 % од населението живеело под егистенционалниот минимум. Според пресметките на бугарскиот синдикат, на четворочлено семејство во Бугарија, во 1994 година, му биле потребни околу 460 марки месечно за да ги задоволи основните животни потреби. Високата инфлација (68,7 %) услови уште поголем пораст на цените, додека просечната плата остана иста (90 марки). Многу бугарски граѓани излезот го бараат во големи или во мали бизниси, по дворовите или по влезовите на зградите, продавајќи различни производи, при што „е работа“ да се заработат и десет лева дневно.

**Полска** – Просечната плата се движи 150-300 марки. За месечната семејна исхрана се потребни околу 400 марки. Ако се додадат и трошоците за домување, комуналните услуги и слично, тогаш за живот на полските граѓани им се потребни барем три-четири просечни плати. Инфлацијата во тој период била 32 % (на годишно ниво), со тоа што податоците зборуваат дека во тој период се покачиле комуналните услуги, струјата и цените на прехранбените продукти. Во Полска е загрижувачка состојбата со невработеноста (17 %). Само 27 % од полските граѓани сметаат дека се апсолутно сиромашни, 55 % сметаат дека понекогаш се сиромашни, а 18 % никогаш не се чувствувале сиромашни.

**Унгарија** – Околу 60 % (3,5 милиони) од населението живее на границата на егзистенционалниот минимум – практично секој трети граѓанин[69]. Како ризични групи се сметаат Ромите и децата помали од 18 години. 70 % од сиромашните во Унгарија се Роми, додека 49 % од сиромашните се деца на возраст под 18 години. Просечната плата изнесува околу 350 марки. За задоволување на основните потреби за живот им се потребни трипати повеќе пари (850 марки). Состојбата е особено загрижувачка за вработените кои се финансираат од буџетот. Инфлацијата во Унгарија се движеше околу 18 %. Граѓаните се во постојан страв од нови

[69] „Чеси и Југословени живе најбоље“, *Политика*, 7.06.1995 година, 4.

поскапувања. На прашањето како би се оцениле себеси (апсолутно сиромашни, повремено сиромашни или никогаш не се гледаат себеси како сиромашни), унгарските граѓани се изјасниле вака: 24 % сметаат дека се апсолутно сиромашни, 58 % дека се повремено сиромашни, а 18 % никогаш не се чувствувале сиромашни.

**Романија** – Просечната плата изнесува околу 50 марки. Меѓутоа, само за исхрана на четворочлено семејство се потребни околу 400 марки. Доколку се додадат трошоците за кирија, за комуналните услуги и сл., за пристоен живот се потребни 3-5 просечни заработувачки. Инфлацијата се движела околу 75 %.

**Русија** – И покрај тоа што руските продавници се полнат со луксузни и со скапи производи, џебовите на граѓаните сѐ повеќе се празни. Просечната плата изнесува 150-200 марки, при што само за исхрана во домаќинството се потребни 500 марки (како што сметаат руските аналитичари за овој проблем). Доколку се земат предвид и трошоците за кирија, за затоплување, за струја и сл., полека се доближува до износот во западните земји, при што за пристоен живот се потребни и до шест просечни плати. Инфлацијата во анализираниот период во Русија изнесуваше 6 %.

**Словакија** – Просечната плата се движи околу 240 марки. Словакија е држава со голема бројка на пензионери (50 % од населението). Освен тоа, 15 % од активното население е невработено. Според мислењето на експертите, животните потреби на Словаците можат да се задоволат со три до четири просечни плати. Словаците самите за себе сметаат дека: 42 % се апсолутно сиромашни, 53 % се сиромашни понекогаш, а само 5 % не сметаат дека се сиромашни.

**Чехија** – Просечната плата изнесува околу 400 марки. Аналитичарите сметаат дека за пристоен живот на четиричлено семејство се потребни две просечни плати. Пензионерите во Чехија се најзагрозената категорија, судејќи според височината на пензиите. Невработеноста е многу мала (3 %), а во Прага дури и недостига работна сила. Цените се релативно стабилни, а годишната инфлација изнесувала 10 %. Меѓутоа, поради сушата доаѓа до поскапување на некои земјоделски производи. Интересни се пода-

тоците од испитувањето на субјективното чувство за сопствената положба. имено 46 % од Чесите се гледаат себеси како апсолутно сиромашни, 45 % повремено се чувствуваат сиромашни, а 9 % никогаш не се чувствувале сиромашни.[70]

**Југославија** – Воспоставувањето на институцијата цивилно општество претпочита слободни, економски, независни и самосвесни граѓани. За граѓаните во Југославија, според мислењето на Александра Пошарац, тешко може да се даде таква карактеристика, бидејќи повеќе од една третина од нив не може да ги задоволи одсновните потреби,[71] втората третина е потенцијално сиромашна, бидејќи е многу блиску до линијата на сиромаштијата. Целосно набљудувано, повеќе од 90 % од населението во Србија е на граничната линија на сиромаштијата. Според југословенската статистичка служба, во првата половина на 1990 год. во Југославија имаше 14,1 % сиромашни (околу 1,5 милиони). Бројот на сиромашните многу се зголеми во 1996 година (приближно на 2,7 милиони). 26 % од населението имало приход понизок од минималната конзумирана храна во семејството.[72] Селското население во Југославија живее подобро од градското. Во првата половина на 1996 год. сиромаштијата на селското население изнесуваше 16,8 % – само 15 % повисока од онаа во 1990 год. (сиромаштијата кај селското население во 1990 год. изнесуваше 14,6 %). Показателот на сиромаштијата на градското население порасна од 13,2 % (во 1990 год.) на 30,4 % (во 1996 година). Сиромаштијата во Југославија многу посилно е изразена во градовите. Имено, од вкупниот број сиромашни 77 % се во градовите. Според статистичките служби, во Југославија во 1996 год. приходите на 540 000 луѓе (5,13 % од вкупното население или околу 20 % од сиромашните) се пониски за 50 % од минималната конзумирана храна во семејството. Во истата година имаше околу 30 000 луѓе кои земаа бесплатни оброци,

---

70 *Ibid.*

71 Pošarac Aleksandra, „Srbija na kolenicama", *Vreme*, 9.01.1995, 11.

72 Pošarac Aleksandra, „Social consequences of the crisis – poverty and inequality in Yugoslavia", меѓународен научен симпозиум *Економска и социјална права : финансирање социјалних расхода – јавна потрошња и социјални трансфери, расподела доходка и сиромаштво у Југославији*, Београдски центар за људска права, Београд 1998.

бидејќи немаа други извори. Сепак, според анализата на Александра Пошарец, најпогодени беа семејствата на работниците во индустриските сектори и на рударите кои живеат во градовите. Непобитен беше фактот дека на 1/5 од сиромашните им недостигаа најмалку 50 % од приходот за да ги задоволат минималните потреби за храна.[73] За да биде појасна сликата, ќе укажеме дека егзистенционалниот минимум за четиричлено домаќинство во Југославија, прооценет од страна на аналитичарите, изнесувал 540 динари.[74] Просечната плата во анализираниот период изнесувала 250 динари, што значи дека основните потреби можат да се задоволат со малку повеќе од две плати.[75]

Причините за изнесената состојба во домаќинствата, Александра Пошарац ги согледува во:

- намалувањето на платите и на приходите на популацијата;
- заостанатите (неисплатени ) плати;
- порастот на невработеноста;
- сè поголемите активности во неформалниот сектор (сивата економија)[76]

**Во Хрватска** во овој транзициски период, како што истакнува Иван Магдалениќ,[77] сè почесто ги среќаваме сиромашните.

Користејќи ги податоците од истражувањето „Hrvatsko radništvo i socijalna prava",[78] можеме да заклучиме дека секое трето семејство во Хрватска дневно располага со помалку од 20 куни по член, а тоа е помалку од 4 $, што, според некои теориа за сиромаштијата, се смета за граница на сиромаштијата.[79]

---

73 *Ibid.*

74 Во пресметката влегуваат трошоците за храна, за домување, за кумуналии и за хигиена.

75 „Чеси и Југословени живе најбоље", *Политика*, 9.10.1994 год., 9.

76 *Ibid.*

77 Magdalenić Ivan, : „Socijalna prava kako je vide ‚siromašni' i ‚bogati'", *Revija za socijalnu politiku*, br. 4, Zagreb 1998, 229.

78 Magdalenić Ivan, *Hrvatsko radništvo*. Истражувањето опфаќа 1485 испитаници, 708 (47,7 %) жени и 777 (52,3 %) мажи, односно 0,15 % од вкупно вработените во 1998 година. Резултатите се објавени во *Revija za socijalna politika*, br. 4, Zagreb 1998.

79 *Ibid.*, 26.

Внимателната анализа на изнесената состојба зборува за невоедначеност на стандардите за процена на тоа кој е сиромашен и колку е сиромашен. Секако дека не е исто да си сиромашен во Прага, во Белград, во Лондон, во Париз, во Пекинг итн. Сепак, една слика за состојбата на сиромаштијата во светот се доби од претходните искажувања.

Општ е заклучокот дека во сите држави каде што се одвиваат транзициски процеси граѓаните имаат ниски приходи, кои ни оддалеку не ги задоволуваат основните потреби на домаќинствата.

Економските реформи во државите во транзиција создадоа големи разлики меѓу националните економии во државите, предизвикувајќи рецесија и сиромаштија.

# IV ДЕЛ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА И ОСИРОМАШУВАЊЕТО

За транзицијата денес се пишува многу, но мал е бројот автори кои укажуваат дека феноменот транзиција е глобален процес поврзан со системот на промени во меѓународното опкружување, а пред сè со новиот мегациклус на технолошки генерирани структурни промени.[80]

Транзицијата е комплексен, структурален, повеќеслоен и долгорочен процес, кој не смее да се сведува само на промените во стопанисувањето или пак само на приватизација.

Во зависност од научниот пристап, процесот на транзиција може да се анализира од различни аспекти. Лила Стошиќ[81] зборува за три нивоа или за три видови активности, кои го карактеризираат процесот на транзицијата: преоѓање во постсоцијалистичко општество, што претставува политичка волја; неекономско транзициско опкружување, вклучувајќи нова развојна парадигма и нов систем на вредности; преоѓање во постиндустриско општество, односно во информатичко општество со валоризација на новите технологии и со формирање на новите структури во стопанството и

---

[80] Поповић Томислав, *Основи транзиције и проблем приватизације (случај Југославије)*, Институт економских наука, Београд 1996, 28.

[81] Стошиќ Лила, „Дефинирање на фазите на транзиција воопшто и одредување на фазите во кои се наоѓа Република Македонија“, зборник *Некои аспекти од развојот на македонската економија во услови на транзиција*, Економски институт, Скопје 1999, 19-23.

во општеството; преоѓање во ново постлибералистичко општество на глобализирана конкуренција со битно нови услови, правила и прописи.

Некои автори прават временско омеѓуване, при што зборуваат за фази на транзиција. Таков е примерот со Богомир Ковач,[82] кој зборува за три фази. Првата фаза го опфаќа временскиот период 1989-1992 година. Оваа фаза е карактеристична по политичката либерализација и по економскиот интернационализам (антиинфлациска и стабилизациска политика, приватизација). Втората фаза (1993-1995 год.) има обележја на економска хармонизација, односно на политика на структурно приспособување, на развој и на социјална реформа на државите. Третата фаза вклучувањето на повеќе држави во глобалниот процес на европската хармонизација.

Светската банка,[83] го анализира транзицискиот период во две фази: првата фаза ја нарекува пониска, а втората понапредна. Основна содржина во првата фаза би била: либерализација на цените, либерализација на надворешната трговија, либерализација на внатрешната трговија, интензивирање на странските директни инвестиции, стабилизација на монетарната политика, креација на институциите во економијата, во правото, во политиката и во другите сфери на општеството, заштита на приватната сопственост, креација, воведување и јакнење на правото што го легализира пазарното стопанство и приватизацијата на фирмите, во прв план на малите и на средните претпријатија.

Втората фаза од процесот на транзиција, според Светската банка, се карактеризира со следниве процеси: промени во финанскиот сектор, приватизација на банките и развој на пазарот на капитал, промени во јавниот сектор, приватизација на државните претпријатија или на делови од нив, финансиско и менаџерско реструктурирање на здравствениот систем и истакнување на значењето на приватниот сектор за ниц, реструктурирање на пазарниот систем и сл.

---

[82] Ковач Богомир, „Општа теорија за транзиција не постои“, *Перспективи*, 1/1, Скопје 1996.

[83] *Transition*, World Bank, 11-12/1996 год., 54.

Проф. Томислав Поповиќ шематски го прикажува процесот на транзиција во вид на растечки елипсоиди, чиј волумен се шири или се стеснува, а неговите составни делови и слоеви се менуваат и се комбинираат.

Моделски приказ на процесот на транзицијата




Извор: Prof Tomislav Popovič. исто, стр. 31.

Општите услови за транзиција (културните, политичките, историските и географските обележја на процесот) се опфатени во првиот слој.

Во внатрешниот (втор) слој е прикажана генеричката содржина на транзицијата. Тука е содржана целокупната инструментализација на стопанскиот систем (технологијата, финансиите, организацијата и институциите: правниот систем, сопственоста и регулативата на стопанскиот систем). Јадрото на транзицискиот процес се наоѓа во третиот внатрешен круг. Во јадрото се содржани интеракциите меѓу социјалните групи во до-

менот на интересите (сакам – не сакам), вредносното (да – не) и доктринарното (зошто и како) во однос на националната програма за транзиција. Во средишната елипсоида е сместена политичката волја. Политичката волја е синтетички израз на меѓусебно вкрстените влијанија на интересите, на доктрините и на вредностите, како и надворешните влијанија преку каналите за комуникација со светот. Каналите за кумуникација и за интеграција со светот (ККИС) претставуваат реални текови и механизми на двонасочно поврзување и валоризирање на националната програма во рамките на регионалната глобална транзиција. ККИС ги опфаќаат тековите на информациите, на знаењето, на стоките, на услугите и на факторите на производство. Тука се опфатени и духовните и други комуникации со светот.[84]

За да ја добиеме вистинската слика за Република Македонија во овој транзициски период, ќе ги користиме статистичките податоци од Републичкиот завод за статистика, од Агенцијата за приватизација, од Републичкиот завод за вработување, од Народната банка на Македонија, од Министерството за развој, од Платниот промет, од резултатите од истражувањата на овој проблем, како и извештаите на стручните екипи на UNDP објавени во *Human Development Raport* за 1997, 1998 и 1999 год.

Притоа ќе се направат споредбени анализи според нивото на економската развиеност,[85] т.е. според бруто-општествениот производ по жи-

---

[84] Поопширно во: PopovićTomislav, *цит. дело*, 31.

[85] *Индекси на развиеноста*: Како што е познато, економската наука и макроекономската политика во целиот период по Втората светска војна па до денес пресметуваат и се служат со индикаторите за стопанскиот развој и за нивото на економска развиеност, како што се: националниот доход односно бруто-општествениот производ *per capita*, стапките на растежот на производството и на прометот, индексите на цените; инвестициските стапки, стапките на вработеност и на невработеност, процентите на личната, на јавната и на инвестициската потрошувачка, големината на монетарните агрегати, берзанските индекси итн. Сите овие пресметани статистички показатели, како што истакнува акад. Никола Узунов, се многу значајни и корисни. Прикажаните параметри ја прикажуваат стопанската активност, но не и ефектите врз благосостојбата на луѓето.

Во последнава деценија од векот концептот за човеков развој се темели врз нови индекси на човековиот развој. Тука би ги изделиле:

– индекс на очекуваното траење на животот;

– индекс на образованоста на возрасните;

– индекс на опфатеноста на генерациите во трите степени на образованието;

тел (GDP per capita). Споредби ќе се прават и според нивото на човековиот развој.[86]

Предмет на истражување во овој дел од трудот е прикажувањето на економската состојба на Република Македонија во периодот 1990-2000 година и профилот на сиромаштијата. За таа цел, прво ќе се задржиме на општите податоци за Република Македонија: промените во политичкиот систем, промените во економскиот систем. Состојбите, тенденците и динамиката на основните макроекономски индикатори во Република Македонија ќе бидат следени со помош на општествениот бруто домашен производ, со материјалните трошоци, со општествениот производ, со амортизацијата, со народниот доход, со нето платите, со нето акумулацијата, со бруто инвестициите, со увозот и извозот, со вработеноста и невработеноста.

На крајот ќе ја споредиме состојбата во Републикава со состојбите во некои „транзициски држави". Посебно ќе биде анализирана сиромаштијата во Република Македонија.

Основна цел во овој дел е да се одреди во која фаза од приодот на транзиција се наоѓа Република Македонија денес, да се објасни профилот на сиромаштија, како и да се определат објективните и субјективните фактори што влијаат врз осиромашувањето на граѓаните во државава.

Методолошкиот приод се темели врз квантитативна и квалитативна анализа. Како основни извори на податоци, при анализата, служат објавените публикации, извештаите на стручните екипи на UNDP во *Human Development Raport* за 1997, 1998 и 1999 год., статистичките податоци, резултатите од спроведените истражувања *Социјалните исклучувања и несигур-*

---

- индекс на човековиот развој (HDI – human development index) како најважен и агрегатен индикатор, пресметан со конструкција на претходните четири показатели;
- индекс на човековиот развој кај жените (GDI – gender-relateddevelopment index);
- индекс на сиромаштија (HPI – human poverty index) пресметуван не само според личните примања (приходи) и потрошувачка, туку и врз лишеноста од пристапот во образованието и во културата, од невработеноста и сл.

[86] За држави со висок човеков развој се сметаат оние кои имаат HDI над 0,800. Среден човеков развој имаат земјите со HDI 0,500-0,800. Земји со низок човеков развој се оние со HDI помал од 0,500.

*носта на граѓаните на Република Македонија* и *Промени во социјалната структура во Република Македонија*, како и резултатите од квалитативната анализа.

Анализирани се различни враменски периоди, [87] при што честопати како репер се користи 1989 година.[88] Податоците се собрани по тековни цени, па, врз основа на движењето на индексите на цени на мало, сведувани се на цените од 1989 година. Анализирани се и структурите по дејност, по облици на сопственост, по базични и верижни индекси, по просечни стапки на пораст и по трендови.

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија е мала земја со површина од 25 713 км$^2$ и со два милиона жители. Се наоѓа во центарот на Балканскиот Полуостров, без излез на море.

Претежно е ридско-планинска замја, со не многу високи и лесно проодни планини. Има добра собраќајна комуникација со соседните држави.

Според пописот од 1994 година, во градовите живее 58 % од вкупното население. Скопје е главен град во државата и има половина милион жители.

---

[87] Свесни сме дека користењето податоци од различни извори не е избор кој нуди добар квалитет на истражувањето. Соочени со недостапноста на одредени податоци, кои цениме дека имаат значење за трудов, бевме принудени да користиме различни извори. Тука се соочивме со уште еден проблем – невоедначената класификација или различните статистички пресметувања за ист проблем (според различни методи). Сакаме да истакнеме дека за овие фундаментални показатели констатациите не се менуваат брзо од година во година, особено при меѓународните споредувања. Анализираните појави се многу инертни, т.е. бавно се менуваат, а и промените ретко го менуваат рангот на оделните земји.

[88] Вообичаено е при анализа на состојбата во замјите во транзиција како базична година да се зема 1980 година.

Во Македонија, според пописот од 1994 год., живеат: 66,6 % Македонци, 22,7 % Албанци, 4,0 % Турци, 2,1 % Срби, 0,4 % Власи, 1,9 %. Процентот на другото население што не се изјаснило изнесува 0,1 %. Националните разлики меѓу етничките групи се големи, па затоа се појавуваат и повремени меѓунационални спротивставувања и тензии.

Македонскиот народ има многувековна национална самобитност, со оформен посебен јазик (македонски) во групата на јужнословенските јазици. Оттаму е и неговото долготрајно настојување за национална афирмација и за државна самостојност. Меѓутоа, македонскиот народ ја постигна својата националната самостојност при крајот на Втората светска војна, кога како посебна република влезе во составот на југословенската федерација.

Државната самостојност на Република Македонија беше постигната по распаѓањето на Југословенската федерација. Државната независност на Македонија беше прогласена на 8 септември 1991 година. Во истата година, на 17 ноември, беше донесен и нов Устав со кој државата се нарече Република Македонија. Во 1993 година Република Македонија беше примена како членка на Обединетите Нации и се зачлени во голем број други меѓународни организации и асоцијации.

Историографијата на Република Македонија зборува за периоди со посебни карактеристики. Во целата досегашна историја на Македонија би можеле како позначајни периоди да ги изделиме: периодот од почетокот на дваесеттиот век па до крајот на Првата светска војна; времето од крајот на Првата до почетокот на Втората светска војна; периодот по Втората светска војна до 1990 год., со разликување на фазите: 1945-1954 год. административно-централистички систем, 1955-1979 самоуправен систем и 1980-1990 економска стагнација проследена со политичка криза. Таков е и сегашниот период на економска транзиција и на политичка трансформација кој започна во 1991 година.

Во составот на југословенската федерација (1945-1990 год.), Република Македонија имаше внатрешна самостојност, иако денес овој факт често се негира. Таа имаше Устав, Парламент, Влада, законодавство, бу-

цет, судство, локална самоуправа, полиција, знаме, грб и други атрибути на државноста. Учествуваше и во сите државни органи на Федерацијата.

Целосната самостојност и сувереност Република Македонија ја доби во 1991 год. со конституирањето на Парламентот, со изборот на Претседател на Републиката, со Владата, со донесувањето на Уставот, со својата војска, со својата Централна банка, со паричната единица, со признавањето од други држави, со зачленувањето во Обединетите нации и во други меѓународни организации и сл.

Денес во Република Македонија се одвиваат паралелни процеси на изградба на самостојна, независна и суверена држава, на оформување демократски, плуралистички, граѓански политички систем и на формирање пазарен правно-сопственички економски систем.

Процесот на оформување на новиот политички систем со демократија, со плурализам и со граѓанските права како основни карактеристики започна во овој транзициски период, од 1991 год. Досега е изграден повеќепартиски систем, уставно се трансформирани и законски се гарантирани политичките права, дефинирани се националните и етничките права и сл. Во овој процес претстојат уште обврски на државата за постигнување вистинско меѓуетничко сожителство, без често конфронтирање, каква што е сегашната состојба, за децентрализација на државната власт и за афирмација на локалната самоуправа во новите 123 општини. Овие обврски би требало да имаат предимство во однос на другите.

Следен процес претставува транзицијата на економскиот систем. Од 1991 год. до денес е постигнато следново: совладана е инфлацијата, стабилизирана е националната валута, либерализиран е пазарот, изграден е внатрешен финансиски систем, приватизирани се поголем дел од претпријатијата и сл. За жал, во овој период е забележливоиво опаѓањето на животниот стандард и осиромашувањето не граѓаните на Република Македонија.

Во периодот по Втората светска војна па сè до 1990 год. Македонија од заостанато подрачје сттигна до положба на недоволна развиеност. Во Светскиот развоен извештај за 1998 год., објавен од Светската банка, Република Македонија беше сместена на самиот премин од ниско доходов-

ната кон подолната група на среднодоходовните земји. Таа се наоѓа во иста група со земјите на југоисточна и на централна Европа. Во иста група се наоѓаат: Бугарија, Романија, Словаккија, Полска и Хрватска, а од овој регион во погорната група на среднодоходовни замји се наоѓаат Чехија, Унгарија и Словенија.[89]

Ако се анализираат податоците од периодот пред брзото пропаѓање на стопанската активност, т.е. од средината на 80-тите години, односно во 1986 год. како година на највисока ниво, со двојно повисок производ од денес, пак ќе се констатира дека Македонија ни тогаш не се наоѓала во истата група на среднодоходовните економии.

Оваа констатација упатува на заклучокот дека денешните економски, социјални и други проблеми во Република Македонија, особено состојбата со осиромашувањето, не се производ само од економската транзиција, туку се резултат и на нивото на развиеност на државата во претходниот период. Имено, Република Македонија се соочуваше и денес се соочува со: аграрна пренаселеност во рамничарските краишта, урбана пренаселеност во градовите, голема невработеност, неправилна демографска динамика на регионот, економска емиграција, недоволна образованост и неквалификуваност на голем број лица, недоволна еманципација, особено на голем број жени и на некои етнички групи, традиционална култура на живеење, висока стапка на природен прираст на населението (над 2 %) итн.

Овие и други слични проблеми се резултат на сè уште ненадминатото наследство од претходните периоди, кои во новонастанатите услови немаат сопствени сили да го прекинат јазот на неразвиеноста, ниту да ја пробијат линијата на сиромаштијата. Ова не значи дека сегашната состојба треба да им се препишува само на недоволната развиеност и ефикасност на претходниот систем, а да се занемарат реперкусиите од сегашната економска транзиција која доведе до: опаѓање на стопанската активност; висока невработеност; ниски и нередовни плати, а со тоа и до зголемување на бројот на лицата кои осиромашуваат.

---

89 Види Табела 1.

# 2. ЕКОНОМСКА ТРАНЗИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[90]

Целиот досегашен транзициски период, доколку ги анализираме статистичките податоци,[91] можеме да го поделиме на три потпериоди: 1990--1993, кога се забележува опаѓање на економските показатели; 1994-1997 година, период на стагнација; и 1998-2000 година, период на заживување.

Првиот период се карактеризира со осамостојување на Република Македонија, прва стабилизациска програма. Тоа е периодот кога настана тотален колапс на индустријата. Периодот на спроведување на стабилизациските програми предложени од ММФ е вториот период. Овој период се карактеризира со стагнација на реалниот сектор и со започнување на процесот на приватизација. Третата фаза се карактеризира со незначително „будење " на индустријата, но и со нов економски шок.

Македонија од 1992 година е на патот на трансформација од некогашна самоуправна во модерна пазарна економија. Крајната цел на таа трансформација е членството во ЕУ. Патот на транзиција се темели врз „правилата на играта" што ги поставија ММФ и Светската банка. Економската политика се темели врз стратегијата на шок-терапија. Доктринарна основа на стратегијата е комбинација од неокласичен либерализам и ортодоксент монетаризам. Наталија Николовска ја оцени економската стратегија како бесмислена, истакнувајќи дека од самиот старт се навлегува во една безизлезната состојба.[92]

Пазарот се претвори во огромен шопинг-центар на „полубесплатни странски производи". Излез од настанатата состојба се побара во орто-

---

90 За полесно следење на состојбата, поголем број од табелите со податоци за изнесената состојба се дадени на крајот од оваа глава.

91 Доколку анализата ја правиме според други показатели, тогаш ќе зборуваме за друга поделба.

92 Николовска Наталија, Давковска С. Гордана, *Македонската транзиција во дефект*, Магор, Скопје 2001, 30.

доксниот монетаризам, кој протежираше високи каматни стапки. Своевидниот парадокс на овој монетаризам се состои во тоа што е пригушен домашниот производствен погон. Во задднината на оваа постапка на владините институции кои ја спроведуваат истакнатата политика стоеше функционалната ориентација на кредитно-монетарната политика кон одржување на стабилност на девизниот курс. Ваквите движења во економската политика во овој транзициски период доведоа до тоа да се „скрши рбетот на економскиот систем“.[93]

Вклучувањето на Македонија во глобалниот економски систем се случи преку програмата за стабилизација и преку структурното приспособување кон ММФ. Во текот на реализацијата на програмата сите појдовни принципи се преобразија во својата спротивност, што може јасно да се забележи од демистифицираниот приказ во табелата што следува.[94]

Резултантата е вулгаризација на целиот проект и негово сведување на монетарна анархија во којашто стабилизацијата на цените и валутата загубија секаква врска со случувањата во реалниот сектор.

Ако главната цел на транзицијата беше јакнење и афирмација на пазарната економија, во овој период се случи најголемата контрадикција на транзицијата – јакнење на државниот интервенционизам (висока централизација на власта). Иако главна заложба на програмата за стабилизација и за структурно преобразување беше рестриктивна фискална политика, и таа се покажа како најслаба точка на тие програми.

Табела 3: Демистификација на програмата за стабилизација и структурно прилагодување кон ММФ.

| Стартни хипотези | Последици |
|---|---|
| Рестриктивна финансиска политика | Буење на буџетска држава |
| Рестриктивна монетарно-финансиска политика | Кумулација на внатрешен долг |
| Политика на стабилен девизен курс | Кумулација на надворешен долг |
| Либерализација на економијата | Капитулација на стопанството |
| Структурно приспособување | Разградување на стопанската структура (дезиндустријализација, деградација, дезорганизација) буење на неформалниот сектор |

Извор: Н. Николовска, Г. Силјановска, *Македонската транзиција во дефект*, 30.

[93] *Ibid.*

[94] *Ibid.*

Интересен е податокот што во овој период државните расходи постојано растат[95] и повеќе не е прашање на издржливост на општеството на даночниот товар, туку повеќе е прашање на амбициите на реформистите во однос на трошењето на парите.

Во овој период се појавија голем број незаконски, неидентификувани ставки (афери), узурпирања и „пљачкосувања“ на економското богатство на народот, кои го претворија буџетот во класичен пример на „дупнато корито“

Друга значајна цел на стабилизациската програма беше формирањето на цената на капиталот на слободниот пазар. Во услови на ниско ниво на штедење и на затечени дефицити во банкарскиот систем,[96] наспроти стопанство кое не располага со сопствена акумулација, ваквиот принцип резултираше со високи камати. Вака високите каматни стапки само придонесоа за одлевање на капиталот од производството во финансиската сфера, зголемувајќи го нивото на финансиско шпекулативните трансакции (Тат, Алфа и сл.). Високата цена на капиталот не создаваше поволни услови за производство.[97] Таа само прохибитативно дејствуваше со што ја зголеми невработеноста и доведе до зголемување на нееднаквоста.

Намалувањето на вработеноста (што може да се забележи и од Табела 4 и од Графикон 1), порастот на непродуктивната потрошувачка, дезиндустријализацијата и дезинвестирањето се само некои од процесите што се резултат на делотворноста на волшебното делување на девизниот курс врз инфлацијата.

---

95 Види во табелите 11 и 12.

96 Види во Прилогот.

97 Види во Прилогот.

Табела 4: Број на вработени во Република Македонија во периодот 1996-2000 година.

| Година | Анкета на работна сила | Административни извори |
|---|---|---|
| 1996 | 537 591 | 348 984 |
| 1997 | 512 301 | 331 525 |
| 1998 | 539 762 | 315 525 |
| 1999 | 545 222 | 313 647 |
| 2000 | 545 068 | 315 069 |

Извор: Административни извори на Државнот завод за статистика на РМ.

Графикон 1: Број на вработени во РМ во периодот 1996-2000 година.




Извор: Административни извори на Државнот завод за статистика на РМ.

Во услови на тешка битка со инфлацијата, меѓународните институции го воведуваат девизниот курс како номинално сидро, при што тој е е во парадоксална колизија со неговата улога на инструмент на надворешно-трговската политика. Парадоксот во случајов се состои во тоа, како што истакнува Н. Николовска, што станавме дел од глобалната пазарна економија со административна цена на курсот и таквата цена ја презеде информативната, алокативната и редистрибутивната функција. Во тој случај сосема се нормални последиците на огромното одлевање на домашните ресурси во странство, од високата задолженост на земјата по патот на надворешно-трговскиот дефицит. Процесот завршува со задолжувањето на

земјата во рамките на *stand-by* аражманот. Кредитите добиени од меѓународните институции се користат за подобрување на дефицитетот на надворешнотрговскиот биланс. Конкретна последица од таквиот процес е постојаната задолженост на земјата. Учеството на долгот во ОБП во 1995 год. изнесуваше 27 %, во 1999 год. тој се зголеми на 48,7 %.[98]

Промените во овој транзициски период и монетарната стабилизација требаше да бидат инструментална цел за структурно приспособување на Македонија кон глобалната светска економија. Меѓутоа, во условите кои се наметнуваа во замјава, се анулираа сите можности за реализација на политиката на структурно преобразување.

Системот не создава внатрешна акумулација, додека надворешната се троши преку разни форми на непроизводствена потрошувачка. Фамозното структурално преобразување сè повеќе ја претворува државава во шверцерска транзит зона, со целосно корумпирана и криминогена структура.

Транзициското искуство од една декада во Република Македонија дава сосема транспарентни показатели на промените во економскиот систем: порастот на ОБП во периодот 1991-2000 година има негативна вредност (просечно -3 %), индексот на ОБП *per capita* забележува загуби на материјалната основа на развојот. Просечниот пораст на индустриското производтво е со стапка од 6,5 во периодот 1975-1985 година; во периодот на транзицијата тој се трансформира во пад со стапка од 8 %, со што се случи рапиден процес на дезиндустријализацијата и ориентација кон нови форми на индустриско производство. Во овој период е забележан голем пад на инвестициските вложувања. Учеството на инвестициите во осумдесетите години изнесуваше просечно 30 %, додека во транзицијата тие опаднаа на 16 %.

Учеството на индустриското производство во структурата на општествениот бруто-производ падна од 47 % (1985 година) на 18 % (1999

---

[98] Николовска Наталија, Давковска С. Гордана, *Македонскаша шранзиција во дефекш*, Магор, Скопје 2001, 31.

година). Стапката на невработеност од 20 % во 1989 година се зголеми на 51,3 % во 2000 година (пресметана според стандарданиот метод).

Сосема очекуван е и порастот на сиромаштијата од 9 % во 1994 година на 21 % во 2000 година.[99]

Не треба да ги заборавиме затекнатите состојби во економскиот систем, а секако и сложените услови во кои се спроведуваат промените.

Бавното спроведување на реформите во економскиот систем се должи на: ниското ниво на развиеност (како што истакнавме); стагнација; економска криза; наследена висока задолженост; изградба на нова самостојна држава; неповолни услови на окружувањето на земјата; отежнати деловни комуникации со развиените држави во светот, партиски интереси; што, всушност, претставуваат некои од пречките за нормално одвивање на економските промени.

Надворешните опкружувања имаа и сè уште имаат негативно влијание врз економскиот развој на Македонија. Досегашната криза во регионот нанесе и сè уште нанесува големи штети на стопанството. Освен тоа, војните и политичките тензии ги забавуваат реформите и преструктуирањето на стопанството. Како резултат од војните на поранешните простори на некогашна СФРЈ, од ембаргата, од војната во Косово, од тензиите на северната граница и од новонастанатата состојба со албанските екстремисти беа и сè неповолни за успешно стопанисување на предвидените мерки. Посебно треба да се истакне војната во Косово и бегалската криза од 1999 год. која ѝ нанесе голема материјална штета на македонската економија.

Бавното вклопувањето во надворешните економски односи и сè поголемото присуство на сивата економија имаат влијание во севкупната структура на стопанството во Република Македонија.

Промените некаде настанаа спонтано, но во поголемиот дел се иницирани и преземени од страна на државата со економски реформи и со мерки на макроекономската политика.

---

99 *Национален извештај за човековиот развој на Република Македонија за 2000 година*, Институт за социолошко и политичко-правни истражувања, Скопје.

Резултатот од транзициските промени во овој десетгодишен период ќе го прикажеме (поткрепиме) и со некои економски показатели добиени од најразлични извори.[100] Не би сакале во овој дел да зборуваме дали прикажувањето на состојбата е најдобра токму со индикаторите што следуваат.[101]

---

[100] Свесни сме дека со користењето на различни извори (примарни и секундарни) се доведува во прашање можноста за споредување дури и јасноста на претставување на истражуваниот проблем. Сепак, нужно беше да се користат различни извори бидејќи не можеше на друг начин да се анализира овој комплексен проблем. Имено нема еден извор кој би ги задоволил потребите на анализата, па дури и да има еден извор (на пр. Агенцијата за приватизација: во истиот анализиран период е забележлива различна евиденција, различна класификација, различна методологија, што честопати е поврзана со интересите на раководната структура, а не со интересите на науката) нема воедначена методологија во целиот анализиран период.

[101] За појасно следење на натамошната анализа ќе ги појасниме поимите: бруто вредност на производството, бруто домашен производ, амортизација – потрошувачка на фиксен капитал, меѓуфазна потрошувачка, додадена врадност, средства на вработените, деловен вишок, како е направена пресметката на БДП според производниот модел, според постоечките цени како и пресметката на БДП според расходовниот модел – според постоечките цени.

Бруто вредност на производството претставува вредност на произведените стоки и услуги во текот на една година, независно дали се продадени или се ставени во резерви. Вредноста на производството се состои од три вида производство: пазарно, наменето за сопствена финална употреба; и непазарно производство. Поради специфичниот карактер на одредени дејности, бруто-вредноста на производството се дефинира на различен начин. На пр., во трговијата, бруто-вредноста на производството претставува разлика меѓу продажната и набавната вредност на продадената трговска стока, односно бруто вредноста на производството е еднаква на бруто маржата во оваа дејност итн.

Амортизација – потрошувачката на фиксен капитал во еден пресметан период се дефинира како опаѓање на тековната вредност на основните средства на производителите предизвикано од физичкото трошење, од нормалното застарување и оштетување во несреќни случаи. При пресметката на БДП, вредноста на амортизацијата е пресметана врз основа на податоците од годишните пресметки на правните субјекти.

Средствата на вработените се дефинираат како вкупен износ на исплатените надоместоци на вработените во пари или во натура како надомест за извршената работа во текот на една година. Оваа категорија (средства на вработените) се состои од пресметаните плати, од надоместоците на плата, од пресметаните придонеси за социјално осигурување, од даноците за платите, како и од сите надоместоци што претпријатието односно работодавачот им ги исплатува на работниците, како што се надоместоците за превоз, за сместување, за исхрана, за регрес за годишен одмор итн.

Деловниот вишок е резидуална големина на додадената вредност и се добива кога додадената вредност ќе се намали за амортизацијата, за средствата на вработените и за даноците на производството.

Додадената вредност, пресметана по базични цени, претставува основна категорија на БДП и се добива како разлика меѓу бруто-вредноста на производството и меѓуфазната потрошувачка.

Во овој трензициски период е евидентно опаѓањето на БДП (види Табела 5). Не треба да заборавиме дека опаѓањето на БДП е присутно цела деценија пред почетокот на транзицијата. Кризата во 80-тите години ги беше влошила условите за работење во стопанството и воопшто во живеењето. Опаѓањето на производството беше евидентно и во првите пед години од транзицискиот период. Годишната стапка на бруто-домашниот производ во 1991 год. е негативна и изнесува -7,0 %. Во следната година, бруто-домашниот производ уште повеќе е опаднат и изнесува -8 %. Растечкиот тренд, за жал неповолен, е присутен и во 1993 година, кога е забележано најголеме опаѓање на бруто-домашниот производ од -9,1 %. Опаѓањето на бруто-домашниот производ е забележливо сè до 1996 година, кога почнува процесот на благ пораст. Тој тренд е присутен и во 1997, во 1998 и во 1999 год., што се забележува од Табела 7.

Годишните стапки на индивидуалното производство, само ја потврдуваат изнесената состојба.

---

Меѓуфазната потрошувачка претставува врадност на производите и на пазарните услуги што ги употребува производителот како инпут во процесот на производство, исклучувајќи ја потрошувачката на фиксен капитал, т.е. амортизацијата, со цел да се произведат други производи и услуги.

Бруто-домашниот производ е пресметан по пазарни цени и претставува резултат од финална производствена активност на сите резидентни производствени единици на територијата на една држава во текот на набљудуваниот период, коригирана за вредноста на импутираните банкарски услуги и даноци на производство кои не можат да се расчленат по производи и по услуги. Во даноците на производство се вклучени цените, увозните давачки и такси, данокот на промет, намалени за вредноста на субвенциите. Пресметката може да се прави според два модела: производен и расходовен. Во согласност со препораките на методологијата „Систем на национални сметки 1993 година“ на Обединетите нации, Државниот завод за статистика на РМ за првпат состави и направи пресметки на бруто-домашниот производ по постоечките цени. Пресметките на БДП по постоечките цени се многу важни бидејќи тој е основен макроекономски агрегат што се користи за утврдување на степенот на економската развиеност на целата национална економија и претставува споредбен показател меѓу националните економии на други држави во светот. Пресметката на БДП по постоечките цени се направи според моделот на единечна екстраполација, при што се користени Ласперовите волуменски верижни индекси, како и едноставни волуменски индекси.

Пресметка наБДП според расходовниот модел по постоечките цени за првпат се направи со помош на пресметките за агрегатите на употребата на БДП (финална потрошувачка, бруто инвестиции, извоз и увоз на стоки и услуги) по постоечките цени. Пресметките се направени со модел на дефлација и притоа се користени соодветни дефлатори (ценовни индекси) за секој од агрегатите на употребата на бруто-домашниот производ.

Табела 5: Годишни стапки на движењето на бруто-домашниот производ (во %).

| | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бруто домашен производ | -7,0 | -8,0 | -9,1 | -1,8 | -1,2 | 0,8 |
| Индустриско производство | -15,3 | -16,2 | -12,2 | -10,7 | -8,8 | 3,1 |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија, цитирано во: *Национален извештај за човековиот развој*, 1997, 28.

Табела 6: Средно годишни стапки на движењето на општествениот производ (во %).

| Приход | Вкупно | По жител |
|---|---|---|
| 1981/85 | 0,6 | -0,8 |
| 1986/90 | -1,2 | -2,3 |
| 1991/95 | -8,6 | -9,5 |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија, цитирано во: *Национален извештај за човековиот развој*, 1997, 28.

Табела 7: Бруто домашен производ.

| Година | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| * | -6,6 | -7,5 | -1,8 | -1,1 | 1,2 | 1,5 | 2,9 | 2,7 |

* БДО во милиарди денари, 1 УСД = 67,91 ден (19.05. 2000 год.).

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Од изнесените податоци би можеле да заклучиме дека првата фаза[102] на економската транзиција (во периодот 1991-1995 год.) предизвика општо опаѓање на стопанството, дека втората фаза (1996-1999 год.) навестува заживување и развој на стопанството.

Основен потенцијал во сегашната фаза на економската транзиција претставува секторот на поголемите, сега веќе приватизирани претпријатија. Поради нивната лоша состојба и поради деградацијата во процесот на досегашната транзиција, во јавноста превладува мислењето дека тие веќе се расходувани и дека немаат перспектива. Сегашното новно користење е

[102] Определбата како прва фаза е направена врз основа на дадената состојба во табелата.

во просек под 40 % од порано достигнатите можности, а нивната опрема е многу амортизирана и технолошки застарена.

Сепак, тие навистина претставуваат реален потенцијал во сегашнава фаза и, по спроведувањето на приватизацијата, секое од овие претпријатија нужно мора да претрпи преструктурирање и обновување на веќе амортизираните средства.

Денес слободно може да кажеме дека ја изгубивме економската сувереност, т.е. дека нашето пауперизирано преживување го доведовме до целосна зависност од милосрдието и од разбирањето на меѓународната заедница. Не можеме многу да парадираме со демагошки изрази, при што ни е проблематичен и поимот сувереност. Реализмот ни е потребен заради макроекономскиот балон (на шематскиот приказ што следува), со право истакнува Наталија Николовска, бидејќи тој балон без поддршка на меѓународната заедница не може долго да остане надуен.




Шпекулативен балон на макроекономската состојба во 2000 година.

Економската и социјалната криза што ја погоди Република Македонија во последните години предизвикаа значителни промени во благосостојбата на населението изразена преку влошувањето на стандардот на граѓаните, преку голема економска несигурност и преку порастот на сиромаштијата.

Голем дел од населението зависи од социјалната помош (10 % од населението во државава прима социјална помош од буџетот).

Сегашната економска транзиција доведе до:

- висока невработеност[103] (36,0 % според стандардите на ИЛО, односно 41,7 % според официјалните статистички податоци за 1997 година);
- опаѓање на личниот стандард на населението, на пример: само на 5,1 %, од испитаните граѓани вкупните месечни приходи им се доволни и им останува да заштедат, 16,8 % живеат со штедење но имаат доволно, другите испитаници имаат проблеми со задоволувањето на месечните потреби. Интересен е податокот што од вкупните месечни приходи што им стојат на располагање на испитаниците, тие најмногу изделуваат за храна. На прашањето: Дали можете да оцените колку просечно месечно издвојувате пари за храна од вкупните ваши приходи? се добиени одговори кои само го потврдуваат Егеловиот закон[104], што ни дава право да кажеме дека во Република Македонија имаме низок животен стандард, бидејќи 72 % од испитаниците се изјасниле во прилог на Егеловиот закон;[105]
- измена на шемите на социјалното осигурување, социјална несигурност и раслојување. Мал е процентот на оние кои ѝ припаѓаат на високата класа 0,6 %; 1,9 % од граѓаните се изјасниле дека ѝ припаѓаат на високата средна класа; 30 % сметаат дека ѝ припаѓаат на средната класа; 4,7 % сметаат дека ѝ припаѓаат на ниската средна класа; 32 % ѝ припаѓаат на работничката класа, а 23 % сметаат дека ѝ припаѓаат на ниската класа.[106]

---

103 За овој проблем повеќе ќе зборуваме во следната глава.

104 Животниот стандард се состои во задоволување на материјалните и на нематеријалните човекови потреби. Во услови на низок животен стандард, материјалните потреби имаат приоритет. Тоа особено е изразено во примерот со храна. Доколку повеќе од 60 % се троши за храна, станува збор за низок животен стандард.

105 Податоците се од споменатото истражување *Промени во социјалната структура во Република Македонија*.

106 *Ibid.*

Актуелната состојба во економската сфера (стечај, ликвидација на препријатијата и структурно прилагодување на препријатијата) придонесе за кумулирање на неактивиран и на делумно активиран човечки потенцијал. Кај голем број од населението, во услови на намалена стопанска активност и вработеност, на нередовна исплата на платите, доаѓа до намалување на потрошувачките капацитети за купување на прехранбени производи, сè помалку може да се издвојува за облека, за обувки, за мебел, за бела техника и за други апарати потребни во домаќинството.

Цениме дека падот на стопанската активнот е основната причина за падот на реалниот бруто-домашен производ. Имено, реалниот бруто-домашен приход во 1997 год. изнесуваше 66 % од оној од 1990 год., или реално опадна за 3,6 % просечно годишно. Негативниот тренд на бруто-домашниот производ ја одразува целокупноста на реалното живеење во државата.

Во периодот на транзиција (1990-2000 год.) се зголеми јазот меѓу трошоците за живот и платите. Трошоците за живот пораснаа, а реалните плати на вработените во голема мера се намалија. Во споредба со трошоците за живот, номиналните плати бележат значително помал пораст, при што реалните плати опаѓаат (види Табела 8).

Табела 8: Индекс на плати и на реални трошоци за живот.[107]

| Години | Индекси на номинална нето плата (вкупно) | Индекс на трошоците за живот | Индекс на реална нето плата (вкупно) |
|---|---|---|---|
| 1990 | 100,00 | 100,0 | 100,0 |
| 1991 | 184,4 | 210,8 | 87,5 |
| 1992 | 1 984,4 | 3 396,6 | 58,4 |
| 1993 | 11 818,8 | 15 692,4 | 75,3 |
| 1994 | 24 231,3 | 35 825,7 | 67,6 |
| 1995 | 26 815,6 | 41 450,3 | 64,7 |
| 1996 | 27 553,1 | 42 403,7 | 65,0 |
| 1997 | 28 321,8 | 43 506,2 | 65,1 |
| 1998 | 29 356,3 | 43 462,7 | 67,5 |
| 1999 | 30 200,0 | 43 158,5 | 70,0 |

Извор: *Статистички годишник на Република Македонија*, Скопје 2000, 173.

[107] Под поимот *исплатени нето плати* се подразбираат просечно остварените примања во месецот (годината) по работник остварени за работа со полно, со пократко и со подолго работно време. Вкупно исплатените нето плати опфаќаат и надомест за годишен одмор, за државни празници, за платено отсуство до седум дена, за платено отсуство за стручно усовршување, за боледување до 60 дена и сл. Индексот на исплатени реални плати претставува однос меѓу индексот на номинално исплатената нето плата и индексот на трошоците за живот.

На почетокот на овој транзициски период, спонтано, со самоиницијатива на одделни граѓани, дојде до создавање приватен сектор во малото стопанство.

Од страна на државата до 1997 година не беа презамени речиси никакви мерки во макроекономската политика за потикнуване на овој процес.

Со помош на мерките на макроекономската политика се врши приватизација на претпријатијата. Поранешната општествена сопственост се трансформира во приватен сектор.

Некоординираноста и неправилностите во преструктурирањата на препријатијата од општествена во приватна сопственос условија промени во севкупната структура во стопанството. Неправедниот начин на спроведување на приватизацијата има свое директно влијание врз зголемувањето на бројот на лицата кои се најдоа под бирото за вработување, исто така и врз нередовноста во исплатувањето на платите и врз нивната ниска вредност.

## 2.1. ПРИВАТИЗАЦИЈА[108]

Приватизацијата беше започната во 1989 год., а се засили и се забрза со донесувањето на новиот Закон за трансформација на препријатијата со општествен капитал, донесен од парламентот на Република Македонија во 1993 година.

Речиси во сите препријатија мерките за приватизација и за преструктурирање на стопанството се разделени. Препријатијата целосно се сконцентрирани кон приватизацијата и речиси воопшто не се размислува за нужните мерки за преструктуирање, дури станува практика препријатието да се доведе до работ на опстојување (доведување во стечај).

---

[108] За овој проблем ќе зборуваме во следната глава.

Во Републикава е присутен и секторот на јавна сопственост. Овој сектор го сочинуваат неприватизираните препријатија од различни стопански гранки, кои се регистрирани како „општествени“ и „јавни“ претпријатија. Од 1996 година започна приватизацијата и на овие препријатија, со низа недостатоци и неправилности.

Може да зборуваме за уште еден сектор, кој според своите карактеристики е различен од другите сектори. Тоа е секторот на приватни земјоделски домаќинства. Овој сектор, во поглед на општествените и на политичките промени има најсигурен статус. Социјалната положба на приватните земјоделски домаќинства не е подобра од положбата на граѓаните кои егзистираат од претходно наведените сектори.

Периодот на транзицијата во вкупноста на процесите вклучува и промена на социјалната стратификација на населението.

## *2.2. СОЦИЈАЛНА СТРАТИФИКАЦИЈА*

За полесно да ја разбереме социјалната стратификација ќе ја прикажеме шематски. Долго време во периодот по Втората сведска војна траеше процесот прикажан од левата страна на шемата, каде што во нејзините горни слоеви се вбројуваат политичката, воената, стопанственичката и интелектуалната елита.

Табела 9: Шематски приказ на движењата во социјалната стратификација.[109]

| Пред претходниот систем | Во периодот на транзиција |
|---|---|
| Горни слоеви | Горни слоеви |
| Средни слоеви | Средни слоеви |
| Долни слоеви | Долни слоеви |

109 *Национален извештај за човековиот развој*, 1998, 8.

Големата маса на службеници и работници ги сочинуваат средните слоеви. Голем дел од селанството, пензионерите, невработените лица, како и нееманципираните делови од етничките малцинства го сочинуваат долниот слој.

Во досегашниот период на транзициски промени, доминантни во горните слоеви сега стануваат успешните бизнисмени, кои произлегуваат од средните слоеви, а многумина од поранешните елитни групи се спуштија во средните слоеви. Во средните слоеви сега се вклучуваат малите стопанственици и дел од замјоделците. Во исто време, голем број луѓе од средните слоеви се спуштија во долните слоеви, така што овој сегмент стана многу голем и има постојан тренд на зголемување.

Зголемувањето на бројот на луѓето во долниот слој ја дава опачината на транзицијата. Оваа состојба доведува до зголемени социјални тензии, до масовна безработица, до паѓање на реалните плати и до пораст на сиромаштијата.

Со опаѓањето на животниот стандард, граѓаните на Република Македонија сè повеќе ја чувствуваат социјална несигурност во сите области (види Табела 10).

Табела 10: Оцена на областите од социјална сигурност каде настанале најмногу промени (%).

| | Состојбата останала иста | Состојбата бележи пораст | Состојбата бележи опаѓање | Нераспре -делени |
|---|---|---|---|---|
| Исхрана | 0 | 11,6 | 53,0 | 35,4 |
| Здравствена заштита и сигурност | 0 | 12,2 | 57,0 | 30,8 |
| Хигиена (задоволување на хигиенски потреби) | 0 | 12,1 | 42,0 | 45,9 |
| Културни пореби | 0 | 7,9 | 56,7 | 35,4 |
| Домување | 0 | 8,6 | 47,9 | 43,5 |
| Социјална комуникација | 0 | 6,1 | 59,2 | 34,7 |
| Друго | 0 | 0,6 | 6,0 | 93,4 |

Извор: Резултати од анкетата „Промени во социјалната структура во Република Македонија“.

Како што се забележува од изнесените податоци за овој сегмент од социјалната сигурност (исхрана, хигиена, културни потреби, домување, социјална комуникација), анкетираните чуствуваат промени, пред сѐ негативни. Во просек над 50 % од испитаниците сметаат дека настананале промени. Отежнати се можностите за задоволуване на изнесените потреби. Ставовите на менаџерите, на директорите, на стручњаците, на службениците, на работниците и на невработените за настанатите промени во социјалната сигурност не остапуваа – сите се согласуват дека настанале промени, и тоа негативни.[110]

Новонастанатите промени во овој транзициски период придонесоа за разградување на стратификуваната структура на општеството во процес на осиромашување на многу слоеви од популацијата и на брзо збогатување на сосема мал дел од населението.[111] Поради високиот пораст на трошоците за живот и поради намалената куповна моќ на домаќинствата мал е процентот на домаќинствата кои не се соочуваат со овој проблем. Во овие рамки, сосема се индикативни податоците за зголеменото учеството на трошоците за исхрана, за бруто-станарина, за вода и за струја во вкупната маса на трошоци во домаќинството. Состојбата на постојаното осиромашување во домаќинствата станува уште појасна и со исплатата на сѐ помалите и нередовни плати, како и со структурата на индивидуалната потрошувачка на домаќинствата.

Класификацијата на индивидуалната потрошувачка по намена во периодот 1995-1998 год. е прикажана во табелата што следува.

---

[110] Заклучокот е потврден и со податоците од *Истражувањето на промените во социјалната структура во Република Македонија* (види во Прилогот).

[111] Поопширно за општествената слоевитост во Република Македонија види во: Георгиевски Петре, *Социологија*, НИП Студенски збор, Скопје 1998, 292.

Табела 11: Структурата на индивидуалната потрошувачка на домаќинствата по намена 1995-1998 година.

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 |
|---|---|---|---|---|
| Храна и безалкохолни пијалаци | 35,3 | 34,5 | 34,6 | 34,6 |
| Алхохолни пијалаци и тутун | 5,6 | 5,4 | 4,5 | 4,6 |
| Облека и обувки | 6,2 | 6,2 | 5,9 | 5,9 |
| Бруто станарина, вода, струја и др. | 18,2 | 18,2 | 18,0 | 17,7 |
| Мебел, апарати за домаќинство, производи за одржување на станот | 3,9 | 3,5 | 3,7 | 3,7 |
| Здравствена заштита | 2,8 | 3,0 | 2,6 | 2,7 |
| Сообраќај | 12,2 | 12,2 | 11,0 | 11,1 |
| Комуникации | 1,0 | 1,0 | 2,5 | 2,7 |
| Рекреација и култура | 3,0 | 3,6 | 4,1 | 3,7 |
| Образование | 1,1 | 1,2 | 1,2 | 1,2 |
| Ресторани и хотели | 5,0 | 5,3 | 5,0 | 4,8 |
| Други стоки и услуги | 5,2 | 5,7 | 6,0 | 6,1 |

Извор: *Статистички годишник на Република Македонија*, 2000, 220.

Како што се забележува од податоците во табелата, како и од добиените резултати од анкетата[112] и од достапните статистички податоци, домаќинствата се принудени да ги намалат издвојувањата за облека и за обувки, за мебел и за апарати за домаќинствата за сметка на потребите од храна. Особино загрижуваат малите вредности на издатоците за образование, за здравствена заштита, за рекреација и за култура во целиот временски период. Податоците загрижуваат пред сè поради фактот што анкетираните, при рангирањето на приоритетните потреби, ги оценуваат културните, образовните и здравствените потреби со помал ранг. Првичниот впечаток е дека нема потреба од задоволување на тие потреби. Можеби општата нивна финансиска ситуација налага таков став. Секако дека проблемот заслужува поговемо внимание. Цениме дека ваквиот однос несомнено носи последици за иднината на македонските граѓани. Состојбата е особено загрижувачка кај сиромашните граѓани, за кои ќе зборуваме подоцна.

Анализата на расходите во јавната потрошувачка упатува на една состојба за која цениме дека има значење за осиромашувањето на граѓаните или можеби повеќе за ублажување на состојбата. Проблем е нерамномерната распределба на потрошувачката во јавниот сектор, каде што е најголемо учеството на владините расходи (види Табела 12).

---

[112] Резултати од истражувањето на *Промени во социјалната структура во Република Македонија.*

Табела 12: Структура на јавната потрошувачка според функцијата.

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 |
|---|---|---|---|---|
| Образование | 25,1 | 24,6 | 25,2 | 24,3 |
| Здравствена заштита | 26,9 | 29,4 | 31,6 | 30,5 |
| Социјална заштита | 1,2 | 2,2 | 1,9 | 1,9 |
| Владина потрошувачка | 46,7 | 43,8 | 41,3 | 43,2 |
| Вкупно јавна потрошувачка | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, 2000, 222.

Треба да истакнеме дека во целокупниот транзициски период е присутно едно кружно движење на причинско-последичните односи. Таква е состојбата и со платите. Намалувањето на вредноста на платите и нивната нередовна исплата доведоа до ограничување на здравствената заштита, до намалување на средствата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, до нередовна исплата и до намалување на бројот на корисниците на додатокот за деца, до определени ограничувања во образованието и во други услуги кои порано беа бесплатни. Оваа состојба директно се рефлектира врз зголеменото чувство на осиромашување на граѓаните.

Социјалната положба на голем дел од граѓаните е влошена и поради ниското општо ниво на стопанска развиеност, поради преголемиот број пензионирани лица, поради малите приходи на голем број домаќинства и слично. Во овој десетгодишен период, неповолните движења во стопанството придонесоа за намалување на бројот на активните осигуреници, од една страна, и зголемување на пензионерите, од друга страна.

Овие состојби предизвикаа намалување на приходите и зголемување на расходите во буџетот и во фондовите на државата. Во периодот на транзициските промени, поради стечај, поради ликвидација на претпријатијата, поради приватизирањето на претпријатијата, како и поради структурално прилагодување на стопанството, голем број лица останаа без работа.

Треба да истакнеме дека сегашниот систем на обезбедување на социјалната сигурност на работниците кои остануваат без работа им обезбедува паричен надоместок за невработеност. Тука се наметнуваат две прашања, што заслужуваат внимание. Дали средствата добиени врз таа основа

се доволни, од една страна, и дали тиа средства што се изделуваат не се истовремено и причина за осиромашувањето. Средствата потребни за социјално обезбедување во случај наневработеност се обезбедуваат од придонесот за вработување на работниците и од средствата од буџетот на Република Македонија. Придонесот за вработување изнесува 1,5 % од платата на работниците. Намалениот број на вработените, нередовната исплата на платите и нивната ниска основа придонесоа да се намали приливот на средства од придонесот за вработување, од каде што досега се обезбедуваше исплата на материјалните права врз основа на невработеност. Динамиката на структурата на средствата за социјално обезбедување на невработените е прикажана во Графикон 2, во кој јасно се забележува колку парични средства се изделуваат во 2001 година врз таа основа. Секако дека сликата ќе биде појасна доколку се погледне и Графикон 3, каде што се прикажани корисниците на паричен надоместок. Најголемо е учеството на работниците кои се технолошки вишок. Не се забележува некоја позначајна промена ниту во однос на состојбата во 2000 година.

Графикон 2: Право врз основа на невработеност за 2001 година (во ден).



Графикон 3: Корисници на паричен надоместок (во ден).




За одбележување е дека во последните години учеството на приливот на средства од вкупните приходи за вработување се намалува, а од друга страна се зголемува учеството на средствата од буџетот на Републиката.[113]

Севкупните промени кои настанаа во овој период доведоа и до социјални тензии. Јорде Јакимовски[114] истакнува дека интензитетот на судирите меѓу одделни слоеви денес најсилно е изразен меѓу богатите и богатите, потоа меѓу работниците и овластените раководители, како и меѓу лицата кои бараат работа и вработените. Како помалку значаен го смета судирот меѓу младите и старите, како и судирот меѓу селското и градското население.

Несомнено е дека мерките и динамиката на транзицијата придонесоа да се влоши состојбата на долните социјални слоеви.[115]

---

[113] Правилата во врска со материјалното обезбедување во случај на невработеност се регулирани со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

[114] Јакимовски Јорде, *цит. дело*, 77.

[115] Пошироко види во делот за причини и за последици од осиромашувањето.

Изнесените констатации ќе ги потврдиме со резултатите од истражувањето што го спроведе.[116] Истражувањето покажа дека 56 % од населението има влошена материјална положба (види Табела 13).

Табела 13: Ставови на анкетираните домаќинствата во Македонија за промената на финансиската состојба, споредена со минатите 12 месеци (во %).

| | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 |
|---|---|---|---|---|
| Се подобри | 25 | 12 | 13 | 8,6 |
| Остана иста | 37 | 35 | 41 | 35,0 |
| Се влоши | 37 | 49 | 46 | 56,0 |
| Не знам | 1 | 4 | 0 | 0,4 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100,0 |

Извор: Проекти „Евробарометар“ и „Јавно мислење“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје 1997.

Одговорите на испитаниците упатуваат на сознанието дека граѓаните во Републикава се во тешка финансиска состојба. Ако внимателно ја погледнеме Табела 13, ќе забележиме дека се намалува бројот на граѓаните кои финансиската состојба во домаќинството ја оцениле како подобра, зголемен е бројот на оние кои ја оценуваат финансиската состојба во домаќинствата како лоша. Слични се ставовите на анкетираните лица опфатени во истражувањето *Промени во социјалната структура во Македонија*, што ни дава право да зборуваме дека голем број од населението во државава се соочува со економски и со социјални проблеми.

Анализата на изнесените податоци според социодемографските обележја на испитаниците упатува на заклучокот дека субјективниот став на анкетираните значително зависи од занимањето, односно од работниот статус, од степенот на образование и од секторот на вработеност. Од повтореното истражување, во анкетата од 1999 год., во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, забележливи се сосема мали

[116] Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје, во рамките на проектот *Социо-економска структура и проблемите на населението во Република Македонија.*

промени во ставовите само кај испитаниците сопственици на помали фирми. Имено, 20 % од испитаниците се изјасниле дека финансиската положба се подобрила, 35 % дека останала иста, а 45 % дека се влошила. Најголем процент (60 %) од вкупниот број на работниците (НКВ, КВ, ВКВ) и на домаќинките смета дека нивната финансиска состојба се влошила.[117]

Степенот на образование исто така има свое влијание врз изнесените ставови за финансиската состојба, особено за состојбата со осиромашувањето.[118]

Новонастанатата економска состојба придонесе да опадне и животниот стандард на граѓаните на Ракедонија Македонија.

## *2.3. ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Во овој дел нема да зборуваме за различните пристапи кон дефинирањето на животниот стандард.[119] Особено внимание ќе им посветиме на резултатите од веќе споменатите истражувања. За каков животен стандард може да зборуваме во Република Македонија е прашањето на кое ќе побараме одговор.[120] Одговорот на поставеното прашање го побаравме од самите граѓани.[121] Според животниот стандард и според начинот на живее-

---

117 *Ibid.*, 82.

118 Подетаљно ќе зборуваме во следните глави.

119 За овој проблем веќе беше зборувано во првиот дел.

120 Во Република Македонија нема јасни критериуми според кои се мери степенот на задоволување на материјалните и на другите потреби. Проблемот произлегува од вообичаеното прашање кои се мерилата, критериумите, за да се определи кои човекови потреби треба да се мерат. Свој допринос на овој план даваат ОН, упатувајќи јасна определба кои елементи треба во секој одделна држава да се мерат (здравје, потрошувачка на храна, образование, вработеност и услови за работа, домување, социјална сигурност, облека и обувки, рекреација, забава и човекова слобода. Републижкиот завод за статистика континуирано го следи животниот стандард преки индикаторите за масечната потрошувачка кошница; Економскиот институт исто така врши мерење на животниот стандард; Заводот за унапредување на домаќинствата исто така го мери животниот стандард; Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања; Институтот за социологија при Филозофскиот факултет и др. Она што е главен проблем кај сите мерења е веќе истакнат – немање воедначени критериуми.

121 Ги користевме резултатите од споменатите истражувања.

ње, 48,5 % од граѓаните на РМ се изјасниле дека чувствуваат дека ѝ припаѓаат на групата *ниту богати ниту сиромашни*, а за сиромашни и за многу сиромашни се сметаат 39,9 %.[122] Како поткрепа на овој податок ќе ги изнесеме одговорите на прашањето дали вкупните месечни приходи на вашето семејство (домаќинство) ви се доволни за задоволување на потребите во домаќинството. Само 5,1 % се изјасниле дека вкупните приходи им се доволни па дури и можат да заштедат; дека живеат со штедење но имаат доволно се изјасниле само 16,8 % од испитаниците; а 21,8 % се изјасниле дека мораат многу да штедат за да ги задоволат основните егзистенционални потреби; за најевтина храна и за режиски трошоци им се доволни парите на 11 % од испитаниците; само за најевтина храна парите им се доволни 11,4 %; а на 23,1 % од испитаниците парите не им се доволни, честопати позајмуваат и живеаат од ден за ден. За да биде целосна сликата ќе ги изнесеме и одговорите на прашањето: Дали можете да приближно да оцените колку просечно месечно изделувате парични средства за исхрана од вкупните ваши приходи? До 20 % од вкупните приходи за храна изделуваат само 1,2 % од испитаниците; 21-40 % од вкупните приходи во домаќинството за храна трошат 4,4 %; во интервалот 41-60 % се изјасниле 9,4 %. Сите други одговори само ја потврдуваат тезата за низок животен стандард, бидејќи, доколку над 60 % од вкупните приходи во домаќинството се изделуваат за храна, станува збор за низок животен стандард. Имено, 83,8 % од испитаниците се изјасниле токму во прилог на изнесената теза.

Од досега изнесеното е јасен заклучокот: транзицискиот процес е започнат, но темпото и квалитетот на содржината не се задоволителни. Процесот на либерализација на цените е завршен. Либерализирана е внатрешната трговија. Процесите одеа во правец на пропаѓање на големите трговски претпријатија со општествена сопственост и на формирање нови мали фирми во приватна сопственост. Опаѓањето на економската активност во државава се рефлектираше во опаѓање на стандардот на населението, што предизвика големо намалување на бројот на фирмите и со опстанок на најголемите од нив.

---

[122] Резултати од истражувањето *Промени во социјалната структура во Република Македонија.*

За надворешната трговија е карактеристичен неорганизираниот настап, кој предизвикува големи штети во стопанството: се појавија голем број мали надворешнотрговски претпријатија кои меѓусебно си конкурираат и не се во состојба да ги наметнат своите услови на партнерите од странство. Овие претпријатија обично се препуштени сами на себе, без поддршка од банките или од државата.

Монетарната политика ја одржува стабилна домашната валута. Меѓутоа, се почесто се истакнуваат негативните ефекти од таквата крута политика на стабилност (низок стапански развој, дефицит на платниот биланс, невработеност итн.).

Поголем дел од законските проекти честопати се подготвени по угледот на други држави.

Процесот на приватизација на фирмите во најголем број случаи е завршен. Приватизацијата носи карактер на инсајдерска, како што истакнува Лила Стошиќ,[123] односно распливната, која беше проследена со низа негативни ефеки. Присутни се спорови во врска со начинот на спроведување на приватизацијата, кои се решаваат во судовите.

Реструктурирањето на приватизираните претпријатија сè уште не е започнато, односно реструктурирањето не го следи процесот на приватизацијата и е во значително задоцнување со многу негативни ефекти.

Сивата економија, како составен дел на сите држави во транзиција, е изразито присутна и е без знаци на смирување. Според некои показатели,[124] дури 50 % од трансакциите во стопанството се одвиваат без посредство на денарска парична маса.

Економската стабилност во Републикава сè уште ниска е, според некои проценки (Euromoney), со знаци на влошување.

Сите економски параметри се ниски (високи негативни стапки на растеж, голема невработеност, опаѓање на вработеноста, негативна нето акумулација или нејзино отсуство, мал обем на инвестиции, големи и рас-

---

[123] Јакимовски Јорде, *цит. дело*, 56.

[124] Бишев Глигор, „Челичните стеги на сивата економија", *Economy Press*, 10.11.1995.

течки трговски дефицити, зголемен увоз а намален извоз итн.) и не создаваат можности за излез од постоечката негативна состојба.

Содржините од втората фаза[125] се малку застапени. Банкарскиот систем е на почетокот на реконструирање. Доверливоста на банкарскиот систем е ниска.

Реконструирањето на препријатијата кои е од посебен интерес за државата, но сè уште е во фаза на подготовка. Реорганизацијата на здравството е започната.[126]

Претстои реорганизацијата на пензискиот систем.

Исто така, треба да претрпи измени и образованието на сите нивоа.

Сосем е јасен заклучокот дека во Република Македонија се одвиваат активностите од првата фаза на периодот на транзиција и на нив сè уште треба да им се посвети доволно внимание. Оттука сосема јасно се воочува и поврзаноста меѓу должината на периодот на транзиција (на фазите во неговите рамки) и развиеноста на државата која е во процес на транзиција.

Замјите на CEFTA се веќе во втората фаза на транзиција.[127]

Во врска со оценатa на фазите на транзиција во Европа, ќе истакнеме[128] дека се предлага започнување на преговори за прием само на пет држави: Полска, Унгарија, Чехија, Словенија и Естонија, а неофицијално е оценето дека само три или четири држави ги исполнуваат условите за прием во ЕУ. Значи, ниту една од замјите не ги поминала двете фази и не го заокружила процесот на транзиција.

---

[125] Заклучокот е правен врз основа на фазите на транзицијата за кои говори Светската банка. Всушност, сите случувања во државата се одвиваат според тој модел.

[126] Со реорганизацијата на зравството се отворени многу проблеми на кои треба внимателно да се работи.

[127] Тие излегуваат од зоната на негативните стапки на растежот, на дезинвестирањето, на сивата економија и на малата економска стабилност на системот.

[128] Приемот на нови членки во ЕУ се врши со задоволување на три критериуми: политички (функционирање на демократските механизми); економски (конкурентност на стопанството) и правни (способност за усогласување на правниот систем). Државите кои ги исполнуваат критериумите може да станат членки. Тоа, всушност, ни е и реперот врз чија основа судиме за фазата на транзиција на оделните земји.

# V ДЕЛ

# ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сиромаштијата е мултидемензионален феномен што одговара на извесни животни услови кои значат неможност да се учествува во општествениот живот на заедницата на која ѝ припаѓаме. Сиромашни имало ги има и денес, насекаде во светот. Сиромаштијата е како студот, вели еден наш сограѓанин, не можеш да ја видиш но можеш да ја почувствуваш, а за да ја почувствуваш, мора да си сиромашен.[129] Ние не би се согласиле во целост со изјавата, но за да ја запознаеме подобро сиромаштијата моравме да ги посетиме нивните домови и да разговараме со нив. Сликата за сиромашните домаќинства во републикава можевме да ја добиеме со помош на литературните и на новинарските записи, на непосредни разговори, на набљудувања или од статистичките бројки, но дали ќе ја почувствуваме.

Мерењето на благосостојбата на населението во Република Македонија е започнато во 1996 година, со подготовка на податоци за сиромаштијата за периодот 1994-1996 година.

---

[129] Изјава на еден граѓанин (*Квалитативна анализа на сиромашните домаќинства*).

Основа на анализата на сиромаштијата во Република Македонија во овој дел од трудот се резултатите од мерењата на сиромаштијата за периодот 1997-2000 година спроведени од страна на Републичкиот завод за статистика, од мерењата што ги прави Економскиот институт во Скопје, од резултатите од проектите „Промени во социјалната структура во Република Македонија", „Социјалната исклученост на граѓаните на РМ", „Квалитативна анализа на животниот стандард на населението во Република Македонија", од истражувањата спроведени во Институтот за социолошки и политичко-правни истрачувања во Скопје, како и од квалитативни анализи на 50 домаќинства од различни региони во Републикава Македонија, кои осиромашија во транзицискиот период, набљудувани континуирано во периодот 1990-2000 година.

Во овој дел од трудот авторот има задача да ѝ го предочи на јавноста профилот на сиромаштија во Републикава и оттаму да ги извлече причините за сиромаштијата.

## *1.1. ПРОФИЛ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Повеќегодишните мерења и квалитатативната анализа на сиромаштијата овозможија идентификување на основните профили на сиромаштијата, на ризичните групи од населението и на ризичните фактори за осиромашување.

Врз основа на мерењето и на следењето на сиромаштијата во Републиката, може да се идентификуваат три главни групи сиромашни домаќинства:

- Традиционално сиромашни. Главните карактеристики се: ниско образовно ниво на членовите на овие домаќинства, стари членови во домаќинството, низок економски потенцијал, затоа што главен извор на средствата за живеење е најчесто земјоделството.
- Новоосиромашени домаќинства. Транзицијата предизвика многу социоекономски промени кои од своја страна создадоа многу нови социјални

категории и процес на социјална стратификација. Социјалните последици од транзицијата ги почуствуваа и домаќинствата од урбаните средини. Како домаќинства кои токму во тој период почувствуваа опаѓање на животниот стандард се: домаќинствата без ниту еден вработен, домаќинствата со вработени членови но кои не ги добиваат своите плати навреме, домаќинствата кои имаат повеќе членови.

- Хронично сиромашни. Најранливите групи од населението: старите лица, неспособните лица, институционализираните лица, земјоделските домаќинства без каков било постојан приход, може да се дефинираат како хронично сиромашни лица/домаќинства.

Во анализата не се замени предвид бездомниците.[130]

Рамка 1: Карактеристики на бездомниците во Република Македонија.

| |
|---|
| Како што истакнува д-р Марија Доневска, има различни видови бездомништво (хронични бездомници, бездомници по сопствен избор или по некоја случајна ситуација, кои подоцна се враќаат во своите домови. Да се дефинира бездомништвото е мошне комплицирано.<br>Општо прифатлива е дефиницијата која ја дава Марија Доневска: „Бездомници се луѓето кои немаат покрив над главата и кои немаат никакви можности со сопствен напор да обезбедат живеалишта“.[131] Поширокатa дефиниција би требало да ги опфати сите лица што го немаат решено станбеното прашање, што го усложнува дефинирањето на бездомништвото (Што станува со децата кои ги напуштиле социјалните институции ако немаат контакт со роднините, а државата не се грижи за нив?; Што станува со лицата кои насилно се избркани од домовите; со затворениците; со питачењето на децата на улица, кои цел ден се на улица итн). Истражувањето што го спроведе Марија Доневска покажа дека најчесто (50 %) од другите се самци, 35 % се разведени, 14 % се во брак, 3 % се вдовци/вдовици, а другите се разделени без никакви контакти со семејствата. Во оваа група има доста мажи, но и ментално заостанати. Секој бездомник е посебна приказна и тешко може да се направи нивна класификација. Бездомниците најчесто се лоцираат онаму каде што можат да се изгубат во масата на другите луѓе (железничките и автобуските станици, до пазарите). Лете најчесто го менуваат местото на престојување и одат онаму каде што мислат ќе најдат храна. Кај Ромите е забележано семејно бездомништво. Според евиденцијата на Хуманитарниот македонски национален центар, во Скопје има 65 бездомници, но овој број не е дефинитивен и бројот се движи и до 200 лица, како што истакнува Марија Доневска. |

---

130 Бездомништвото и сиромаштијата се неразделно поврзани. Факт е дека крајната сиромаштија е причина дел од нив (сиромашните) да станат бездомници. Сепак, поради специфичноста на бездомниците и поради отежнатиот контакт со бездомниците, тие не се вклучени во анализата.

131 Доневска Марија, „Бездомништво“, *Зум*, бр. 75, 1.02.2002 год., 55.

Карактеристиките на сиромашните домаќинства ќе бидат анализирани преку податоците за:

- Животните услови во домаќинството;
- Видот на домаќинството;
- Возраста на главата на домаќинството;
- Социо-економскиот статус на домаќинството;
- Бројот на вработени членови во домаќинството;
- Начинот како се снаоѓаат во животот;
- Социјалните трансфери;
- Здравјето и хигиената;
- Исхраната;
- Како се дефинираат себеси;
- Регионите;
- Образованието на главата на домаќинството;

Главна мерна единица е домаќинството.[132]

### 1.1.1. ЖИВОТНИ УСЛОВИ НА ДОМАЌИНСТВАТА

#### 1.1.1.1. **Станбени услови**

Сите интервјуирани домаќинства живеат или во сопствени индивидуални куќи, односно станови, или во индивидуални куќи, односно станови од родителите, купени во претходниот систем (кога, како што велат граѓаните, имаше станбена политика па се доделуваа општествени и солидарни станови, имаше поволни станбени кредити, или работните организации им

[132] Под *домаќинство* се подразбира секоја семејна или друга заедница на лица за која ќе се изјави дека заедно живеaат и заеднички ги трошат своите приходи за задоволување на основните животни потреби (домување, исхрана и др.), без оглед на тоа дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домакинството или некои од нив претстојуваат определено време во друго населено место, односно во странска држава, заради работа, школување или од други причини, при што престојувањето во странска држава треба да биде до една година.

даваа станови на своите вработени. По осамостојувањето на Република Македонија, во овој транзициски период им се даде можност на сите станари на општествените и на солидарните станови да ги откупат по поволни цени и на подолг рок на отплата. Голем број од тие домаќинства позајмија пари за да ги откупат становите, а парите сѐ уште не ги вратиле.

Квадратурата на становите/куќите е недоволна имајќи ги предвид стандардите за домување по член во домаќинството. Оваа појава е особено изразена кај ромските домаќинства. Повеќе од половината ромски домаќинства имаат на располагање станбен простор под 5 $м^2$ на член.[133]

Домовите на сиромашните граѓани се стари. Потребна им е реконструкција, а за тоа немаат пари. Во однос на станбените услови, постои разлика меѓу различните типови сиромашни домаќинства. Можноста за одржување и за реконструкција на домовите е доведена во прашање. Резултатите од квалитативната анализа зборуваат за поврзаноста меѓу времето на немање приходи во домаќинството и реконструкцијата во станот/куќата.[134]

Станбените услови во овој транзициски период се најнеповолни за младите брачни парови. Имено, за нив не постои никаква можност да се реши станбеното прашање. Најголем дел од нив живеат со родителите или во сопствени станови кои не можат да ги одржуваат или ги одржуваат нивните родители.

### 1.1.1.2. **Опременост на домаќинствата**

Македонските сиромашни домаќинства, во однос на опременоста на нивните домови, се разликуваат по тоа дали домаќинството е константно сиромашно, дали осиромашило во овој транзициски период и дали

---

133 Димитриевска Весна, „Карактеристики на ромските домаќинства во Република Македонија со посебен осврт на ромските населби во Скопје", научен симпозиум *Сиромаштија, фрагментација и можности за социјална интеграција*, Скопје 2002.

134 Резултати од квалитативна анализа: во периодот 1990-2000 година, само во четири домаќинства е направена преадаптација на просторот (во тие домаќинства во анализираниот период се вработени пет членови, а едно домаќинство започна приватен бизнис). Другите домаќинства само на две до три години го молерисуваат станот, други реконструкции не се направени во нивните домови.

станува збор за селско или за градско домаќинство. Кај првиот тип домаќинства недостасуваат некои основни делови од мебелот: кревети, маси, столици, фрижидер, електричен шпорет, телевизор. Онаму каде што ги има тие се пред распаѓање. Оваа појава е особено изразена кај ромските домаќинства. Кај втората категорија анализирани домаќинства ретки се случаите каде што недостасуваат основните апарати и мебел за нормално функционирање на домаќинството. Кај нив е присутен еден друг проблем: овие домаќинства сета опременост на домовите ја набавиле во претходниот период, сега се сочуваат со проблемот на амортизираност, со неможноста за негово, како и со неможноста да се набави нов. Речиси во сите 50 домаќинства, како и во оние 400 од квалитативната анализа спроведена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, нема купено нови апарати или мебел. Честа е појавата кога ќе се расипе некој апарат во домаќинството, доколку за поправка се потребни повеќе пари, тој да не се поправа. Приоритет во однос на поправките имаат: електричниот шпорет, бојлерот и машината за перење алишта.[135] Интересен е податокот дека ромските домаќинства имаат друг приоритет – по шпоретот предноста ја има оди касетофонот и видеорекордерот.[136]

Кај селските домаќинства исто е забележлива меѓусебната разлика на селските домаќинства, но и разликата во однос на градските домаќинства.[137] Селата кои се наоѓаат во недоволно развиените региони ги немаат потребните апарати во домовите, додека оние поблиску до урбанизираните места се повеќе опремени. Овој податок не ни дава право да воопштуваме дека регионалната развиеност е клучниот фактор за таквата состојба.

Зимскиот период им создава проблем (дополнителни расходи) на домаќинствата, кој обично, освен другото, се одразува и во квалитетот на

---

135 Би сакале да истакнеме дека и тука приоритетот за поправање на апаратите е поврзан со културните навики на домаќинството. Имено, во ромскитре семејства радиокасетофонот и видеорекордерот имаат поголема предност за поправка отколку електричниот шпорет, односно руралните домаќинства не ценат дека електричниот шпорет е најпотребен бидејќи претежно го користат шпоретот на дрва.

136 Овие податоци упатуваат на еден значаен момент – културата на живеењето.

137 Селата што гравитираат поблиску до градовите и оние што се разбиени и тешко достапни до градовите, поголемите градови и градовите во внатрешноста на Република Македонија.

исхраната, но и во доволноста на затоплувањето на нивните домови. Поголемиот дел од анализираните домаќинства се затоплуваат на дрва или комбинираат дрва и струја. Меѓу истакнатите типови постои разлика. Домаќинствата кои постојано биле сиромашни дури и не успеваат да се затоплат, пред сè поради немање дрва, поради искршени прозорци и врати и поради несодветна изолација, па честопати, во услови на многу студени зими, завршуваат трагично.

Речиси сите домаќинства кои осиромашиле во овој период имаат вода за пиење и канализација. Луѓето во селата и во некои градски населби без водовод се снабдуваат со вода од бунари, од селски чешми. Некои од нив се одалечени повеќе од 300 метри од домот. Сите домаќинства од руралните средини користат полски тоалет. Голем број од домаќинствата во руралните и во ромските средини воопшто немаат купатила.

Повеќето градски домаќинства живеат во урбанизирани делови на градовите каде што водата, струјата, канализацијата и ѓубрето се решени преку градската ифраструктурна мрежа. Сепак, и во градовите има домаќинства кои немаат вода и канализација во домовите.[138]

Сметките за вода, за струја, за ѓубре и други сметки во најголем број случаи не ги плаќаат редовно и во просек доцнат по 5-6 месеци. Во испитуваниот период, на 11 домаќинства им била исклучена струјата.[139] Мал број од домаќинствата, откако ќе им биде исклучена струјата, го презема ризикот сам (нелегално) повторно да ја приклучи струјата.[140]

---

[138] Пример се ромските домаќинства во скопските населби.

[139] Едно шестчлено домаќинство од село Бузалково, Велешко, шест месеци било исклучено од електрично напојување, поради неплатени сметки. Пред да им ја исклучат струјата, немале платено сметки за 12 месеци. Им биле потребни 6 месеци да соберат пари за да ги платат сметките за 1995 година. Не поминале многу години повторно во 1999 година им е исклучена струјата.

[140] На Агим од Скопје струјата му била исклучена трипати. Тој секогаш сам повторно се приклучувал. Поради ова двапати бил на суд. Меѓутоа, на некој начин е толериран и добивал само опомени. Агим е свесен дека прави кривично дело и дека еден ден може да биде затворен, но тој вели: „Тогаш ќе направам поголемо кривично дело за да има зошто да одлежам во затвор. Јас струјата не ја вклучувам зошто сакам да правам кривично дело. Јас сакам да работам, нека ми овозможат „буџите“, мислејќи на претпоставените, да работам. Со работа ќе ја платам струјата.“

### 1.1.1.3. **Образованието и сиромаштијата**

Образовното ниво на родителите во сиромашните домаќинства е незадоволително. Голем е бројот на оние кои не го довршиле основното образование.[141] Повеќето од овие родители се невработени или работат во непрофитабилни организации. Но и оној мал број испитаници со повисоко образование се невработени.

Сите домаќинства ја споделуваат скепсата со можностите да се најде работа. Тие го поврзуваат вработувањето со „имање врски".

Чувството на бесперспективност, кое сите го носат во себе, не условува идентични одговори во однос на потребата од образование. Родителите за една од причините за нивната лоша материјална состојба го сметаа нивното недоволно образование. Токму затоа се подготвени да се „жртвуваат" за да им обезбедат подобра иднина на своите деца.[142] Овој став на родителите не го споделуваат нивните деца. За нив „џабе ти е школо ако немаш врски". Всушност, тоа го мислат голем број родители, независно од тоа што ги потикнуваат своите деца да учат. Тие се свесни дека за да живееш „добро" не треба да си образован. Судејќи врз основа на резултатите од спомenatите истражувања, кај ромските и кај албанските домаќинства, кога се зборува за образование на женските деца, сосема е евидентно отсуството на интерес за школување. Ваквиот однос кон образованието се должи на многу фактори. Ќе истакнеме неколку: културен сте-

---

[141] Тука мислиме на резултатите од квалитативната анализа на 400 домаќинства од целата држава, анализирани во рамките на проектот *Квалитативна анализа на сиромашните домаќинства во Република Македонија* нарачан од Светската банка, а како член на истражувачкиот тим бев и јас. Имено, резултатите зборуваат дека 33,5 % (134) анкетирани родители (глави на семејството) немаат завршено основно училиште, 41 % (164) се со завршено основно училиште, 21,5 % имаат завршено средно училиште, а другите испитаници имаат вишо/високо образование.

[142] Сепак, треба да истакнеме дека овој став на родителите претежно доминира кај домаќинствата кои осиромашиле, во почетокот на новонастанатата состојба на осиромашување. Имено, се покажа голема зависност меѓу времето поминато во состојба „да се нема приходи, сиромаштија" и мотивираноста за стекнување знаење во негативна смисла, од страна на родителите; честопати вклучувајќи ги и децата во процесот на трудот, потценувајќи го училиштето.

реотип, ангажираност од страна на родителите, отсуство на контрола и на самоконтрола од страна на родителите, сиромаштија и сл.[143] Анкетираните директно не се изјасниа дека образованието не е за женските деца, но наведуваат цела редица изговори зошто тие не учат. Некои од нив се:

– Девојка од Дебар, Албанка: не го продолжив школувањето зошто уште во основно училиште облекував кратки фустанчина, а наставниците приговараа. Знаев дека така ќе биде и во средно, луѓето овде се такви. Сите ќе велеа дека сум неморална...;
– Девојка од с. Делогожда: Не продолжив да одам во средно во Струга зошто требаше секој ден да патувам со автобус. Ќе ме задеваа многу момчињата, луѓето во село ќе зборуваа за мене – види ја оваа сама во автобус или во комбе – затоа не сакав да се запишам;
– Албанка од град од западниот регион: обезбедивме средства за школување на синот. Ќерките не мора да учат;
– Семејство од Скопје, како образложение зашто ќерките не учат таткото вели: „Мајка им е болна. Тие треба да ја заменат во домашните обврски“.

Кај македонските домаќинства не само што не се прави разлика меѓу половите на децата во однос на образованието, туку има случаи кога се преферира повисоко образование за женските деца. Еве што вели една мајка (40-годишна) од с. Беловиште, Тетовско: „Не се знае во каква куќа ќе падне, друго е со диплома во рака, машкото полесно ќе се снајде“.

Анкетираните домаќинства кои осиромашиле во овој транзициски период не се разликуваат од претходната група испитаници во поглед на образованието, само што нивното образовно ниво е малку повисоко.

---

143 Во едно ромско семејство населено на периферијата на Штип, родителите секој ден ги праќаат децата во училиште најчесто со карање и со тепање. Во разговорот со децата, зошто не сакаат да одат во училиште, тие ни велат: „Немаме книги и кога одиме на училиште учителот ни вели не ни требаат гости, а другите деца ни се смеаат“.

### 1.1.1.4. **Здравјето и хигиената**

Двата типа анализирани домаќинства (оние кои постојано се сиромашни и оние кои осиромашиле во овој транзициски период) се согласни со ставот дека последниве години дошло до влошување на нивната материјална положба, што директно се одразила и врз нивната здравствена состојба. Лошите станбени услови (животот во влажни, нечисти, незатоплени станови со недоволна светлина...), влошената исхрана, како и чувството на несигурност кое е вкоренето во нив доведоа до намалување на отпорноста на нивните организми кон различни видови заболувања, како и до психосоматски реакции. Намалувањето на конзумирањето храна богата со витамини и млечните производи го намали имунитетот на голем број деца, поради што често имаат потреба од лекарска грижа. Ваквата ситуација создава дополнителени проблеми на овој тип домаќинства.

Кај возрасните, особено кај оние што се носители на семејниот авторитет, од вкупно 450 испитаници, 86,9 % се со нарушена душевна состојба, понервозни, подепресивни, почувствителни. Некои се соочени со зголемен крвен притисок. Особено се зголеми бројот на кардиоваскуларните заболувања. Имено, од 450 анкетирани глави на домаќинствата, само осум лица изјавија дека немале ниту еднаш проблем со болести од кардиоваскуларен тип. Ваквиот тип заболување повеќе е изразено кај членовите кои подолго време се во состојба да немаат средства за живот, кои во претходниот систем имале пристоен живот. Имено, долготрајната „немаштија“ и секојдневната неизвесност ја намалуваат психичката рамнотежа и издржливоста на организмот не само кај главата на домаќинството туку и кај останатите членови на домаќинството. Ова особено можеше да се воочи кај домаќинствата кои се анализирани во десетгодишниот период.

Нарушената здравствена состојба создава нови проблеми во сиромашните домаќинства. Тоа го потврдија и резултатите од разговорите со самите сиромашни домаќинства. Имено, од 400-те анкетирани, запрашани: Доколку имате здравствени проблеми, како ги надминувате?, речиси кај сите анкетирани одговорите беа исти: „Не дај боже да е некој болен, осо-

бено од некоја сериозна болест. Здравствените проблеми ни создаваат нови проблеми и не прават уште повеќе сиромашни".

Во едно домаќинство во с. Галата болни се сите членови во домаќинството. Мајката боледува од епилепсија, таткото е полуинвалид, ќерката (15 години) уште од втора година има проблеми со 'рбетот. Работи само таткото, во Силика, и нема сини картони. Во 2000 год., кога последен пат го посетивме домаќинството, таткото не работеше. Сопругата не може да оди на контрола (2 год. не била), пие само аспирин. Ќерката која била на операција нема пари за постоперативна рехабилитација, па во прашање го доведува успехот од операцијата за која многу се задолжиле.

Вакви состојби во сиромашните семејства се честа појава. Нивната долготрајна состојба на немање пари во домаќинството е причина за болестите, особено за хроничните болести, а и спротивно – и болестите се причина за нивната сиромаштија.

#### 1.1.1.5. **Исхрана – анализа на расходите**

Поголемиот дел од испитаниците не гладуваат,[144] но квалитетот на нивната исхрана значително се влошува во последниве години. Храната што стои на располагање во домаќинството се конзумира по некој ред. Предност имаат децата, возрасните се справуваат со дадената состојба како што можат. Една домаќинка од Неготино вели: „Јас и маж ми јадеме што ќе се најде (леб, сол, маргарин). Честопати прескокнуваме оброци. Лете пиперките и патлиџаните се најчестите продукти што ги јадеме). Внимаваме на исхраната на децата." Од месечните расходи (за мај 1998 година) дознаваме дека нивното петчлено семејство (три деца на возраст од: 8, 5 и 3 години) во тој месец потрошило 96 леба, 2 кг тестенини, 2,2 кг пилешки батаци, 2,4 кг замрзната риба, 1 кг колбаси, 2,2 кг салама, 7,5 литри млеко, 3,7 кг урда, 0,9 кг сирење, 8 л зејтин, 1 кг маргарин, 8 кг компир, 4 кг зелка,

144 Не мислиме на гладување во најекстремен случај, никаква достапност на храна.

4 кг грав, 7 кг кромид, 10 кг пиперки (замрзнати), 15 кг патлиџан (салце), 8 кг краставици, 30 китки кромитчина, 2,4 кг кафе, 0,6 мл сјај, 2 тоалетни сапунчина, 3 кг прашок за перење, 7 ролни тоалетна хартија, 20 л бензин, 10 хартиени пелени, 4 супи, 400 гр чоколаден крем, 81 пакетчиња цигари, 15 пакетчиња флипс, 13 сладоледи, 3 кроасани. Од споредбата на овие расходи со стандардите за минимум потребите од храна логичен е заклучокот дека сè што е конзумирано во ова петчлено семејство е под пропишаните стандарди. Потрошувачката на лебот и на мастите се приближува кон дозволената граница. Прашање што ни се наметнува се внимава на исхраната на децата.

Во текстот што следува ќе се задржиме само на некои сегменти од расходите, поточно на квалитетот на исхраната. Ова не значи дека го омаловажуваме значењето на останатите расходи или пак дека тие не се анализирани. Резултатите од истражувањето сами по себе ги маргинализираат останатите расходи.

Анализирани беа педесет домаќинства. При изборот, водевме сметка за бројот на членовите во домаќинството, дали домаќинството било сиромашно и во претходниот систем, за бројот на вработените членови во домаќинството, за националната припадност, за развиеноста на општината, за образованието и за приходите.

Особено внимание беше посветено на ризичните типови на домаќинства (самохрани мајки/татковци, пензионери, инвалидизирани лица, домаќинства каде што нема вработен ниту еден член и домаќинствата каде што има вработено некој член но приходите им се минимални или нередовни).

Анализирани беа нивните расходи напролет (мај) и во зимскиот период (декември). Набљудувани беа во еден подолг период (1995-2000 год.)

Со анализата се доби појасна слика за двата типа домаќинства, особено за она за што и како ги трошат парите.

Анализата на расходите ја потврди веќе констатираната теза дека и двата типа на домаќинства парите што ги имаат на располагање (често-

пати позајмени или од свесно пречекорен лимитот на тековните сметки) ги трошат за храна.

Кај домаќинствата од првата категорија (оние кои постојано се и кои биле сиромашни) е забележливо конзумирање на производи купувани по евтина цена на пазарите, честопати со критичен рок на траење, честопати собирани од пазарите како неподобни за продавање или собирани од нивите откако производителите оцениле дека тие производи им се непотребни.

Конзумирањето производи од жито и житни преработки се движи во рамките на дозволените стандарди. Конзумирањето на сите други производи за нормално живеење е сведено под пропишаните стандарди. Ваквата состојба е присутна во пролетниот и зимскиот период во целиот испитуван период.

Сосема минимални средства се трошат за хигиена, а некои домаќинства дури воопшто и не трошат пари за средства за хигиена (на пр.: осумчлено семејство во текот на еден месец користи едно сапунче од 150 грама, 3 ролни тоалетна хартија, 1 кг детергент, една паста за заби од 50 мл).

За потребите од облека и од обувки воопшто не размислуваат.

Режиските трошоци не ги плаќаат. Често пати им е иклучувана струјата. Интересен е податокот што е голем бројот на домаќинствата каде што членовите на домаќинството пушат. За цигари секогаш мора да се најдат пари, велат самите. А кога зборуваат за сопствената сиромаштија велат дека немаат пари да им купат млеко на децата. Анализираните расходи често укажуваат на податокот дека повеќе пари се трошат за цигари отколку за прехранбени производи, а во некој друг контекст зборуваат дека не можат да ги купат (на пр. истото осумчлено домаќинство за петнаесет дена троши 56 пакетчиња цигари (1288 денари), само 700 денари за месо, за риба, за јајца и за сувомеснати производи и 850 денари за млеко и за млечни производи).

Тука се наметнува едно суштествено прашање за културата на живеење на овие домаќинства, за кое мислиме дека е многу значајно.

Воочлива е мала промена во однос на задоволувањето на потребите на домаќинствата кои осиромашиле по 1990 година.

Употребата на виталните масти се движи во предвидените минимални стандарди. Другите производи се користат приближно нормално. Забележливо е помала употреба на основните прехранбени производи во зимскиот период. Овие „осиромашени“ домаќинства зиме многу често јадат зелка, грав и компири (тие се најевтини производи). Ваквата состојба се должи, како што велат самите, на нивната намалена куповна моќ во зимскиот период. „Во зима ни се ограничени можностите за дополнителни заработувачки. Есента немавме пари да правиме зимница, кога производите беа поевтини. Сега немаме пари да ги купиме. Зимата е ладна, а ние мораме некако да се стоплиме, затоа помалку јадеме“, се искажуваше поголем дел од испитаниците.

Овие домаќинства изделуваат малку повеќе средства за хигиена од предходниот тип домаќинства кој не чувствуваше потреба за хигиена. Режиските трошоци ги плаќаат, но со задоцнување, при што често пати им е исклучена водата и струјата.

За облека и за обувки изделуват малку средства, и тоа претежно за децата. Облеката ја набавуваат од пазарите, поевтино, или пак самите ја шиат. Кај оваа категорија на испитаници сè уште е присутна потребата да сè изгледа добро во нова облека, како и да не биде „демоде“. Но многу тешко го остваруваат тоа. Од оваа и од други причини произлегува огромниот револт кај овие испитаници.

Како и претходната група испитаници, и кај оваа група, кај оние домаќинства каде што има пушачи, а ги има многу, не се откажуваат од цигарите, и покрај тоа што другите производи ги конзумираат под пропишаните стандарди.

Интересен е податокот што овие домаќинства трошат пари за лижавчиња, за флипс, за грицки и за мастики, а не посветуваат внимание на квалитетот и на разновидноста на производите што треба да ги конзумираат.

Оваа категорија испитаници многу често излезот од постоечката ситуација го бара во игри на среќа (лото, бинго).

Општ е заклучокот дека сиромашните граѓани во Македонија се хранат неквалитетно. Производите ги набавуваат по евтини цени, често со поминат рок на употреба.

Споредувано со стандардите што ги даваат Европската економска заедница, Заводот за унапредување на домаќинствата во Република Македонија и Републичкиот завод за статистика за минимум потребната храна, сиромашните домаќинства, освен употребата на лебот, на маслото и на маргаринот, кои се движат во рамките на предвидениот минимум, сите други производи ги користат под потребниот минимум.

Сите домаќинства кои осиромашиле (од втората категорија) трошат многу повеќе отколку што им се реалните приходи.

Многу честа е појавата приходите во домаќинството да се помали од расходите. Домаќинствата го надополнуваат недостигот на пари со позајмувања, со одложено плаќање и со свесно пречекорување на дозволеното салдо на тековната сметка. Оваа појава е повеќе присутна кај домаќинствата кои не се постојано сиромашни, туку осиромашиле во овој транзициски период низ кој минува Република Македонија.

На крајот, произлегува нашата дилема дали е можно да се прикаже вистинската слика за сиромашните домаќинства во Македонија анализирајќи го само задоволувањето на минималните потреби од храна, или пак е потребно анализата да се дополни со сознанијата за тоа како сиромашните во Македонија ги задоволат потребите за облека, за обувки, за средства за хигиена, за здравствена заштита, за образование, за опремување и за одржување на станот, за рекреација и за забава.

Мислиме дека општо се наметнува прашањето за какви други потреби би можело да се дискутира, кога сите останати потреби се маргинализирани, во услови кога 100 % од парите се трошат за храна, а честопати дури и недостигаат.

### 1.1.1.6. **Како се снаоѓаат сиромашните граѓани**



Бројот на вработените лица од сиромашните домаќинства е речиси симболичен.

Најголем дел од нив се вработени во фирми од јавниот сектор што се со недефиниран статус или, пак, во процес на приватизација. Состојбите во овие фирми се нестабилни. Обемот на нивната работа е намален. Исплатата на заработувачките е нередовна, а секојдневни се внатрешните поделби и реорганизации.

Членовите на сиромашните домаќинства најчесто се со ниско образование и затоа обично се ангажирани како хигиениари, чувари, текстилни работници, продавачи, КВ и ВКВ работници, а некои и како административни службеници. Тие се првите што би требало да бидат отпуштени од работа. Сето ова придонесува да се зголеми чувството на немоќ и на секојдневна загриженост за работното место.

Вработените согледуваат дека можностите за нивна преквалификација се минимални, а исто така ограничени се и можностите да се најде работа во друга фирма. Тие добро знаат дека можности за вработување има само во приватниот сектор, бидејќи во државните институции вработуваат оние кои имаат пари за поткуп или оние кои имаат добри роднински

или пријателски врски. Токму затоа одат на работа секој ден, па дури и кога фирмата им е под стечај, оптоварувајќи го и онака празниот семеен буџет со транспортните трошоци. Една анкетирана од Гостивар вели: „Девет месеци не ме викнаа на работа.Се плашам да не ме стават под Завод за вработување. Работев 20 години, каде сега да одам. Врски немам, подобро да одам секој ден на работа. Така ќе знаат дека ништо друго не работам".

Малиот број анкетирани кои работат во приватниот сектор често го изразуваа своето незадоволство пред сѐ од минималните примања, од несигурноста на работното место но и од лошиот третман на работодавачите.

Ангажирањето во неформалниот сектор е честа појава кај овие домаќинства. Работата најчесто се договара лично или со помош на пријатели. Вработувањето на овој начин најчесто е сезонско, повремено или случајно.

Еден дел од анализираните домаќинства има семејни пензии или зема паричен надомест врз основа на стечај, на технолошки вишок од работен однос, на технолошки вишок од загубари или поради реформи во државната администрација.[145]

Можноста да се преживее честопати ја бараат и од роднини, од пријатели, од соседи, најчесто позајмувајќи пари. Чести се појавите на „купување на почек" или на свесно пречекорување на дозволената состојба на тековните сметки. Изнесената состојба беше многу поприсутна во првите години. Како што одминуваше времето, нивната состојба не се подобруваше. Домаќинствата не можеа ниту да позајмуваат, немаа ни можности да го прават тоа ниту со тековните сметки.

Во последните години речиси сите домаќинства престанале да комуницираат со своите роднини, пријатели и соседи. Престанале да ги славаат родендените, славите и сл.

---

[145] Периодот 1995-1998 година се карактеризираше со голем број фирми кои отидоа под стечај. Во тој период се појави голем број стечајни работниси. Овој процес не е сопрен. Сите стечајни работници добиваа паричен надоместок од 3000 денари преку Заводот за вработување.

Следењето и анализата на сиромаштијата овозможи идентификување на заедничките карактеристики на сиромашните лица/домаќинства:

- Ниско образовно ниво. Најголем дел од членовите на сиромашните домаќинства се со незавршено основно образование или само со основно образование. Ова е особено изразено кај руралните и кај ромските домаќинства, што сигурно силно влијае врз големиот ризик од осиромашување токму кај овој вид домаќинства и врз долгорочниот ризик од продлабочување на нивната сиромаштија.
- Ризичен економски статус на пазарот на трудот. Најголем дел од невработените сиромашни лица се долготрајно невработени или, доколку се вработени, имаат несигурна работна иднина. Голем дел од нив се вработени во неформалниот сектор, што не го намалува ризикот од натамошно осиромашување. Ризичниот статус на пазарот на трудот е посилно изразен во помалите урбани средини и во руралните области. Основна причина е што пазарот на трудот во овие средини е ограничен и помалку флексибилен. Истовремено, помали се можностите за преквалификации на сиромашните лица како начин за нивно прилагодување на потребите на пазарот на трудот.
- Лоши услови за живеење. Сиромашните лица, а пред сѐ традиционално и хронично сиромашните лица живеат во многу лоши станбени услови. Ова е многу изразено во руралните области и во приградските населби на поголемите урбани средини.
- Лоша здравствена состојба. Ниското образовно ниво, лошите услови за живеење и, пред сѐ, долгорочната сиромаштија влијаат за лошата здравствена состојба на поголем дел од сиромашните лица.
- Социјална правда/неправда. Освен квантитативните, мерливи карактеристики на сиромашните лица/домаќинства, забележителни се и квалитативните карактеристики на сиромаштијата. Чувството на социјална неправда заради процесот на осиромашување и долгорочната сиромаштија е препознатливо кај најголемиот дел од сиромашните домаќинства.

## 1.1.2. РЕЛАТИВНАТА СИРОМАШТИЈА

Според мерењата што ги презентираше Републичкиот завод за статистика, засновани на релативни стандарди, сиромаштијата во Република Македонија се зголемува. Истовремено, со порастот на осиромашениот дел од населението се продлабочува и сиромаштијата на одредени профили на лица и домаќинства.

Табела 14: Профили на сиромаштија, 70% од медијаната на еквивалентната потрошувачка во 1997, 1998, 1999 и во 2000 година.

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочината | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочината | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочината | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочината |
| Вкупно | 19,01 | 4,55 | 20,69 | 5,03 | 20,98 | 5,69 | 22,34 | 6,02 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Во периодот 1997-2000 год. е забележливо постојано зголемување на вкупниот збирен индекс и на индексот на длабочината на сиромаштијата во однос на состојбата во 1997 година, но и во однос на секоја претходна година.[146] Особено загрижува постојаното зголемување на индексот на длабочината, како во однос на состојбата во 1997 година (за 32,3 %), така и во однос на состојбата во секоја претходна година. Основните причини за натамошното осиромашување на населението ги бараме во процесот на приватизацијата, во воените конфликти во регионот, во нестабилната состојба во државата, во процесот на социјалната стратификација на населението итн. Трендот на постојано осиромашување го потврдуваат и податоците за порастот на бројот на корисници на социјална помош.[147]

---

[146] Базичните индекси (база 1997 година) за вкупниот збирен индекс се: 1998 год. – 109,8; 1999 година – 108,8, 2000 година – 117,5. Базичните индекси за индексот на длабочината на сиромаштијата (база 1997 година) се: за 1998 год. – 110,5, за 1999 год. – 125,1, за 2000 год. – 132,3. Верижние индекси за вкупниот збирен индекс по години: 1998 – 109,8, 1999 – 101,4, 2000 – 106,5. Верижни индекси за длабочината на сиромаштијата по години: 1998 – 110,5, 1999 – 113,1 2000 – 105,8.

[147] За ова пошироко во делот за причини и за последици.

Најголемо осиромашување во анализираниот период, набљудувано според видот на домаќинствата, е забележано кај домаќинствата со деца (види ја табелата што следува) .

Табела 15: Релативна сиромаштија според видот на домаќинствата за периодот 1997-2000 година (70% од медијалните еквивалентни трошоци).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,0 | 5,7 | 22,3 | 6,0 |
| Старечки домаќинства | 12,5 | 2,1 | 14,5 | 2,2 | 17,1 | 4,3 | 16,9 | 3,7 |
| Брачен пар со деца | 18,2 | 5,3 | 24,8 | 6,8 | 28,0 | 9,5 | 21,9 | 5,1 |
| Други домаќинства со деца | 23,2 | 5,8 | 23,9 | 6,5 | 23,9 | 6,9 | 28,4 | 8,2 |
| Домаќинства без деца | 18,1 | 3,8 | 19,0 | 4,5 | 18,3 | 4,3 | 20,2 | 5,6 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Овој вид домаќинства може да се смета како многу ранлив со голем ризик од натамошно осиромашување, затоа што повеќе фактори истовремено го зголемуваат нивното осиромашување: местото на живеење (руралните подрачја, малите урбани средини) и возраста и образовното ниво на членовите на овие домаќинства.

Но осиромашувањето во овој период продолжува и за домаќинствата без деца, кои најчесто се старечките домаќинства без стабилни приходи. Ова значи и продолжување на процесот на осиромашување на хронично сиромашните лица/домаќинства. Старечките домаќинства имаат место на живеење и во урбаните и во руралните области, што значи дека за нив главен ризичен фактор за осиромашување не е местото на живеење, туку економскиот потенцијал.

Секогаш од особено значење е состојбата со најмладата популација и животните услови во кои се наоѓаат. Животниот стандард на домаќинствата со деца помали од 7 години е особено чувствителен затоа што помалиот економски потенцијал на овие домаќинства значи поголема веројатност за нивно социјално исклучување, ограничен пристап кон образованието особено кон повисоките облици на образование и помал пристап до здравствените услуги. Во анализираниот период е забележителен трендот на благо намалување на процентот на овие домаќинства кои се под утврдената линија на сиромаштија. Но истовремено е забележително продлабочувањето на сиромаштијата на оние домаќинствата со деца до 7 години, кои се категоризирани како сиромашни. Тоа укажува на потребата од посериозни анализи на овој вид на домаќинства пред сè на составот на овие домаќинства и на местото на живеење. Голем дел од сиромашните домаќинства со деца се дел од хронично сиромашните домаќинства. Во истиот период се забележува пораст на процентот на домаќинствата без деца до 7 години, кои се наоѓаат под линијата на сиромаштија. Осиромашувањето е проследено и со продлабочување на нивната сиромаштија.

Табела 16: Релативната сиромаштија во домаќинствата со и без деца до 7 години во периодот 1997-2000 година (70 % од медијалните еквивалентни трошоци).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,00 | 5,7 | 22.3 | 6.0 |
| Домаќинства без деца до 7 години | 17,4 | 3,5 | 18,7 | 4,3 | 19,7 | 5,1 | 21,8 | 5.8 |
| Домаќинства со деца до 7 години | 24,5 | 8,0 | 27,2 | 7,7 | 25,9 | 7,8 | 24,6 | 6.9 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 5: Релативната сиромаштија во домаќинствата со и без деца до 7 години во периодот 1997-2000 год.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Анализата на статистичките податоци за релативната сиромаштија[148] според бројот на членовите во домаќинствата зборува за поврзаноста на бројот на членовите во домаќинството и сиромаштијата, но и за про-

[148] Анализата е правена врз основа на податоците од Републичкиот завод за статистика.

длабочување на индексот на длабочината на сиромаштијата. Во последните неколку години најдинамично опаѓање е забележително кај домаќинствата кои се помногубројни и во чиј состав има повеќе семејства. Загрижувачки е фактот дека повеќе од четвртина од овие домаќинства имаат понизок животен стандард од дефинираното ниво за опстанок.

Најранливите категории од населението се домаќинствата со повеќе членови. Во анализираниот период најголемо осиромашување е забележано кај домаќинствата со 5 членови. Кај овој вид домаќинства во периодот од четири години се случило најголемо осиромашување во споредба со сите други профили на сиромашни домаќинства. Имено, вкупниот збирен индекс кај домаќинствата со шест члена за 1997 година изнесувал 31,1, додека кај домаќинствата со еден член 6,3. Иста е состојбата и со индексот на длабочината, кој кај домаќинствата со еден член во истата година (1997) изнесувал 1,4, додека кај домаќинствата со 6 члена индексот на длабочината на сиромаштијата изнесувал 8,5. Состојбата особено е загрижувачка кај семејствата со пет члена, бидејќи и двата индекси бележат зголемување (вкупниот збирен индекс за 1997 година 17,4, индексот за длабочината 3,4, додека во 2000 година вкупниот збирен индекс изнесува 33,6, а индексот на длабочината на сиромаштијата е многу висок – 9,6, што е особено загрижувачки податок).

Табела 17: Релативната сиромаштија според бројот на членовите во домаќинствата во периодот 1997-2000 година (70 % од медијалните еквивалентни трошоци).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,0 | 5,7 | 22,3 | 6,0 |
| 1 член | 6,3 | 1,4 | 11,1 | 1,7 | 16,5 | 5,8 | 14,5 | 2,7 |
| 2 члена | 17,0 | 3,1 | 16,4 | 2,6 | 15,6 | 3,1 | 16,6 | 3,6 |
| 3 члена | 15,8 | 3,5 | 12,9 | 3,1 | 16,6 | 4,3 | 13,5 | 4,4 |
| 4 члена | 18,0 | 4,1 | 20,4 | 5,0 | 20,6 | 4,8 | 20,9 | 5,3 |
| 5 члена | 17,4 | 3,4 | 29,5 | 7,2 | 23,8 | 7,6 | 33,6 | 9,6 |
| 6 члена | 31,1 | 8,5 | 30,0 | 7,7 | 29,0 | 8,3 | 27,5 | 6,6 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 6: Релативната сиромаштија според бројот на членовите во домаќинството во периодот 1997-2000 год.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Заслужува внимание и анализата на сиромашните домаќинства според возраста на главата на домаќинството.

Младите домаќинства со глава на домаќинството на возраст до 40 години се со висок ризик од понатамошно осиромашување. Во 1997 година 19,8 % од овој вид домаќинства биле сиромашни, а во 2000 година веќе 28,8 % биле категоризирани како сиромашни. И кај домаќинствата со повозрасни членови продолжува осиромашувањето но не со така изразена динамика.

Кај старечките домаќинства има незабележително опаѓање на делот од овој вид домаќинства кои се сиромашни, но поинтензивното продлабочување на нивната сиромаштија потврдува дека осиромашуваат, всушност, самечките старечки домаќинства.

Табела 18: Релативната сиромаштија според возраст на главата на домаќинството, 1997-2000 година (70 % од медијалните еквивалентни трошоци).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,0 | 5,7 | 22,3 | 6,0 |
| До 40 години | 19,8 | 6,1 | 24,0 | 7,2 | 26,9 | 8,4 | 28,8 | 8,5 |
| 40-59 години | 18,5 | 4,4 | 20,0 | 4,9 | 19,9 | 5,1 | 23,3 | 6,3 |
| Над 60 години | 19,4 | 4,0 | 20,3 | 4,5 | 20,4 | 5,6 | 19,3 | 5,0 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Табела 18: Релативната сиромаштија според возраста на главата на домаќинството во периодот 1997-2000 година




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

При анализата на сиромаштијата, во најранливи категории од населението секогаш се вбројуваат невработените но и вработените кои се со пониски квалификации, со несигурна работна иднина и со нередовна исплата на заработеното, што може јасно да се воочи и од прикажаната табела и од графиконот.

Од вкупниот број на домаќинства кои имаат само по еден вработен член во 1997 година, 19 % биле сиромашни, а во 2000 година 22,3 %. Истовременото продлабочување на нивната сиромаштија потврдува дека нивни главн ризични фактори се образовното ниво, дејноста на вработувањето и возраста. Динамиката на осиромашувањето упатува на заклучокот дека заради ниските квалификации на овие вработени лица не може да се очекува подобрување на животниот стандард на овие домаќинства.

Од домаќинствата со два и со повеќе вработени во 1997 година под линијата на сиромаштија биле 9,8 %, а во 2000 година 6,8 %. Истовремено податоците укажуваат на намалување на длабочината на нивната сиромаштија. Поради тоа што индексот на длабочината на нивната сиромаштија е многу низок, само мал износ на финансиски средства насочени кон семејните буџети на овој вид домаќинства може да ги отргне од категоријата сиромашни домаќинства.

Податоците од повеќегодишните мерења на сиромаштијата потврдуваат дека најранлива категорија се домаќинствата во кои нема ниту едно вработено лице. Речиси една третина од овој вид домаќинства се сиромашни, со висок вкупен збирен индекс.

Табела 19: Релативната сиромаштија според економскиот статус на членовите на домаќинството (70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,0 | 5,7 | 22,3 | 6,0 |
| Невработени | 26,0 | 7,1 | 29,0 | 8,1 | 31,2 | 9,3 | 32,6 | 9,7 |
| 1 невработен | 19,2 | 4,3 | 22,1 | 4,7 | 21,2 | 5,3 | 22,2 | 5,6 |
| 2 и повеќе вработени | 9,8 | 1,6 | 7,3 | 1,4 | 7,3 | 1,5 | 6,8 | 0,9 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 8: Релативната сиромаштија според економскиот статус на членовите на домаќинството.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Еден од ризичните фактори за осиромашување е и местото на живеење. Помалите урбани средини и селските средини, заради малите можности за вработување пред сè на повозрасните лица со помали квалификации, се места со висок ризик за осиромашување. Истовремено во овие средини се ограничени можностите за средно стручно образование, што предизвикува младата популација од домаќинствата со понизок стандард да остане со пониско образовно ниво. Со тоа младата популација од малите урбани средини и од селските области останува со висок ризик од категоризирање како хронично сиромашни.

Специфични се состојбите во главниот град Скопје, каде што мерењата на сиромаштијата покажуваат динамично осиромашување на населението од 1999 година. Имено, вкупниот збирен индекс изнесува 22,3, или за 60,4 % е зголемен во однос на состојбата во 1998 година. Особено загрижува изразеното продлабочување на сиромаштијата во главниот град на Републикава. Од анализираната состојба на индексот на длабочината на сиромаштијата во однос на состојбата во 1997 година е забележливо енормно зголемување на тој индекс за 186,6 %.

Основната причина за силно изразените промени на животниот стандард на жителите на Скопје е сепак социјалната стратификација која е најинтензивна токму во Скопје.

Табела 20: Релативната сиромаштија според местото на живеење, по региони (70 % од медијалната еквивалентна потрошувачка).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,0 | 5,7 | 22,3 | 6,0 |
| Скопје | 12,5 | 3,0 | 13,9 | 3,9 | 22,3 | 7,9 | 22,0 | 8,6 |
| Другите урбани средини | 20,3 | 4,3 | 21,5 | 4,9 | 18,0 | 3,5 | 18,8 | 4,0 |
| Рурални средини | 23,3 | 6,2 | 25,7 | 6,5 | 23,4 | 6,4 | 27,2 | 6,1 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 9: Релативната сиромаштија според местото на живеење, по региони.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Податоците од мерењето на сиромаштијата во РМ ја потврдуваат констатацијата дека образованието има силно влијание врз состојбата на сироматија. Најсиромашни се домаќинствата чија глава на домаќинството е лице без образование, за што говори вкупниот збирен индекс, кој во анализираниот период е највисок токму кај таа категорија испитаници. Кај ваквиот вид домаќинства е многу висок ризикот од социјално исклучување, знаејќи го податокот дека овој вид домаќинства се од селски средини со мали можности да го променат својот економски статус.

Просечното образовно ниво на учесниците на пазарот на трудот во Република Македонија е средното образование.[149] Податоците покажуваат ризик од натамошно осиромашување на работната сила затоа што средното образование очигледно не е образовно ниво кое обезбедува соодветен стандард на опстојување на вработените и можности за вработување за невработените.

[149] Податокот е базиран врз основа на резултатите од анализата на пазарот на трудот, кој го врши заводот за статистика на РМ.

Табела 21: Релативната сиромаштија според образованието на главата на домаќинството во периодот 1997-2000 година (70 % од медијалналните еквивалентни трошоци).

| | 1997 | | 1998 | | 1999 | | 2000 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочината на сиромаштијата | Вкупен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупрн збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата | Вкупрн збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
| Вкупно | 19,0 | 4,6 | 20,7 | 5,1 | 21,0 | 5,7 | 22,3 | 6.0 |
| Без образование | 34,4 | 7,3 | 38,9 | 9,0 | 37,5 | 13,1 | 42,6 | 13,0 |
| Незавршено основно | 26,6 | 7,4 | 28,8 | 7,3 | 30,3 | 7,1 | 34,2 | 8,9 |
| Основно | 28,0 | 7,2 | 21,8 | 5,8 | 30,6 | 9,0 | 30,4 | 9,2 |
| Средно | 11,2 | 2,0 | 16,9 | 3,8 | 13,6 | 3,1 | 14,0 | 3,1 |
| Вишо | 8,2 | 1,7 | 1,9 | 0,7 | 6,2 | 1,5 | 9,4 | 1,7 |
| Високо | 1,4 | 0,3 | 5,3 | 0,8 | 0,0 | 0,0 | 3,7 | 0,7 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 10: Релативната сиромаштија според образованието на главата на домаќинството во периодот 1997-2000 година




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

## 1.1.3. СУБЈЕКТИВНАТА СИРОМАШТИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1998-2000 ГОДИНА

Следењето на субјективното мислење на населението за сопствената сиромаштија ќе го проследиме со анализа на две прашања (индикатори): 1. Дали месечните приходи ги задоволуваат потребите на домаќинствата; 2. Мислењето на домаќинствата колку треба да изнесуваат минималните месечни парични средства за задоволување на основните потреби на домаќинствата; како и 3. споредбата на тековната финансиска состојба со состојбата во претходната година.

Табела 22: Субјективно мислење на домаќинствата дали со месечните приходи ги задоволуваат потребите.

| | 1997 | | | | 1998 | | | | 1999 | | | | 2000 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| Во целост ги задоволуваат | 5,7 | 1,5 | 6,8 | 5,7 | 3,7 | - | 5,2 | 3,6 | 4,1 | - | 3,2 | 4,7 | 5,2 | - | 3,1 | 6,2 |
| Главно ги задоволуваат | 29,7 | 30,9 | 34,3 | 27,7 | 26,8 | 30,3 | 33,5 | 24,3 | 28,2 | 35,3 | 25,8 | 28,5 | 26,6 | 12,5 | 23,7 | 28,3 |
| Главно не ги задоволуваат | 38,2 | 47,1 | 35,5 | 38,4 | 42,6 | 43,9 | 39,1 | 43,6 | 41,7 | 45,1 | 49,6 | 38,6 | 37,8 | 37,5 | 45,4 | 35,0 |
| Во целост не ги задоволуваат | 26,4 | 20,6 | 23,4 | 28,2 | 27,0 | 25,8 | 22,3 | 28,6 | 26,1 | 19,6 | 21,4 | 28,1 | 30,4 | 50,0 | 27,9 | 30,5 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 11: Субјективно мислење на домаќинствата дали со месечните приходи ги задоволуваат потребите.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Табела 23: Субјективна споредба на тековната финансиска состојба на домаќинствата со онаа од пред 1 година.

| | 1997 | | | | 1998 | | | | 1999 | | | | 2000 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќинства | Земјоделски | Мешани | Неземјоделски |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100.0 | 100.0 |
| Многу подобра | 0,3 | - | 0,4 | 0,3 | 0,1 | - | - | 0,1 | 0,1 | - | - | 0,1 | 0,3 | - | - | 0,4 |
| Малку подобра | 0,9 | 1,5 | 1,1 | 0,7 | 3,5 | 21,2 | 4,5 | 1,5 | 3,5 | - | 2,0 | 4,3 | 3,8 | - | 1,5 | 4,8 |
| Иста | 34,4 | 27,9 | 41,1 | 32,4 | 38,9 | 27,3 | 44,2 | 38,3 | 44,4 | 47,1 | 42,9 | 44,7 | 36,1 | 15,6 | 33,2 | 38,0 |
| Малку полоша | 37,7 | 52,9 | 34,7 | 37,4 | 32,4 | 33,3 | 29,2 | 33,3 | 28,1 | 37,3 | 29,8 | 26,9 | 32,0 | 31,3 | 38,9 | 29,5 |
| Многу полоша | 26,7 | 17,7 | 22,6 | 29,2 | 25,1 | 18,2 | 21,9 | 26,8 | 23,9 | 15,7 | 25,4 | 24,0 | 27,8 | 53,1 | 26,3 | 27,2 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 12: Субјективна споредба на тековната финансиска состојба на домаќинствата со онаа од пред 1 година.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Табела 24: Субјективно мислење на домаќинствата за минималните потребни месечни парични средства.

| | 1997 | | | | 1998 | | | | 1999 | | | | 2000 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сите домаќин-ства | Земјо-делски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќин-ства | Земјо-делски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќин-ства | Земјо-делски | Мешани | Неземјоделски | Сите домаќин-ства | Земјо-делски | Мешани | Неземјоделски |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| До 5000 денари | 2,3 | 7,4 | 2,6 | 1,6 | 2,3 | 6,1 | 4,3 | 1,3 | 2,1 | 5,9 | 1,6 | 1,9 | 2,0 | - | 1,1 | 2,5 |
| 5001-10000 | 17,0 | 35,3 | 16,2 | 15,4 | 17,1 | 28,8 | 18,5 | 15,5 | 17,7 | 25,5 | 17,1 | 17,3 | 14,7 | 37,5 | 17,6 | 12,7 |
| 10001-14000 | 6,2 | 4,4 | 8,3 | 5,6 | 5,5 | 12,1 | 3,9 | 5,4 | 4,6 | 17,7 | 6,0 | 3,2 | 3,7 | - | 5,0 | 3,4 |
| 14001-18000 | 18,7 | 26,5 | 21,1 | 17,0 | 15,4 | 28,8 | 15,9 | 14,0 | 13,3 | 9,8 | 16,3 | 12,5 | 19,3 | 31,3 | 18,7 | 19,0 |
| 18001-23000 | 19,6 | 11,8 | 17,0 | 21,4 | 19,9 | 9,1 | 21,5 | 20,4 | 19,9 | 17,7 | 20,2 | 19,9 | 16,4 | 9,4 | 19,8 | 15,5 |
| 23001-30000 | 24,1 | 10,3 | 23,8 | 25,7 | 23,5 | 7,6 | 18,9 | 26,5 | 26,1 | 19,6 | 29,0 | 25,5 | 24,5 | 6,3 | 20,6 | 26,7 |
| Повеќе од 30001 | 12,1 | 4,4 | 10,9 | 13,3 | 16,4 | 7,6 | 17,2 | 16,9 | 16,5 | 3,9 | 9,9 | 19,7 | 19,3 | 15,6 | 17,2 | 20,2 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Графикон 13: Субјективно мислење на домаќинствата за минималните потребни месечни парични средства.




Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Како што може да се забележи од прикажаните табели и од графичкиот приказ, субјективно мислење на домаќинствата е дека месечните приходи не ги задоволуваат потребите во домаќинството. Имено, во 1997 година 64,6 % од испитаниците се изјасниле дека главно не ги задоволуваат или во целост не ги задоволуваат потребите со месечните приходи што им стојат на располагане во домаќинството. Состојбата нема големи варирања во целиот испитуван период.

Во однос на субјективната споредба, тековната финансиска состојба на домаќинството со онаа од пред една година е иста или малку полоша. Имајќи предвид дека се анализирани сиромашни семејства, податоците загрижуваат, а тоа го потврди и квалитативната анализа.[150]

Сите анализирани домаќинства во целиот анализиран период сметаат дека минималните парични средства за нормален живот треба да се движат 18000-30000 денари. Така мислат приближно половината од испитаните домаќинства.

150 Пошироко ќе зборуваме во делот за последиците од таквата состојба.

## *1.2. ДРУГИ ИНДИКАТОРИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА*[151]

Би сакале да истакнеме дека од големо значење за анализата на сиромаштијата, особено за утврдувањето на причините за нејзиното појавување, се индикаторите на човековиот развој, преку кои лесно можеме да го утврдиме степенот на развиеност на даденото општество. Тие, всушност, ги отсликуваат постигнувањата на човековите способности, како и функциите во одредена земја. Според новата дефиниција од 1994 година, познатиот индекс HDI – Human Development Index претставува збир од три показатели:

1. Животен стандард (БДП per capita);
2. Должина на животот – се мери преку очекуваната должина на животот на човекот;
3. Достигнатото образование се мери преку стапката на писменост на возрасните и преку бруто стапката на упис на сите три степени на образование (примарно, секундарно и терцијално).

Пресметаниот индекс на човековиот развој по новата методологија од 1999 год. не е споредлив со претходните индекси на човековиот развој кои беа пресметани во Македонија.

Табела 25: Основни индикатори за пресметка на индексот на човековиот развој на Република Македонија.

| Индикатори | Очекувано траење на животот (1997/1999) во години | Стапка на Пименост на Возрасните (1994-попис) над 15 години | Бруто стапка на упис на сите три степени на образование 1998 | Реален БДП per capita - (ППП УС $1996) |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | 72,5 | 94,6 | 63,8 | 4163 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

151 Анализата што следува е преземена од www/forum.com.mk/newsletterlissvc3.htm.

## 1.2.1. ОСНОВНИ ДЕМОГРАФСКИ ИНДИКАТОРИ

Бројот на населението во Република Македонија во последните неколку години се зголемува со забавено темпо. Бројот на жените во 1999 во однос на 1994 година е зголемен за 3,7 %, а бројот на мажите за 3,6 %.

Во Македонија се забележува зголемување на бројот на старите лица во вкупното население. Во периодот од 1991 до 1999 година учеството на лица до 19 години, како и на работоспособното население од 20 до 59 години, е намалено, а се забележува зголемување на бројот на лица постари од 65-годишна возраст (од 7,3 % во 1991 на 9,7 % во 1999 година). Критичната вредност на учество на населението над 60 години (која изнесува 13 %) е достигната кај двата пола па дури и преовладува кај жените.

Табела 26: Населението според возраста 1996-2010 година.

| Возраст | 1996 | | 1997 | | 1998 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
| 0-14 | 23,5 | 24,9 | 23,1 | 24,5 | 22,6 | 24,0 | 18,4 | 19,9 |
| 15-24 | 15,9 | 16,7 | 16,0 | 16,7 | 16,0 | 16,7 | 14,2 | 15,1 |
| 26-64 | 50,6 | 50,2 | 50,7 | 50,5 | 50,8 | 50,7 | 53,6 | 53,7 |
| 65+ | 9,7 | 8,0 | 10,0 | 8,2 | 10,3 | 8,5 | 13,8 | 11,2 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Според одредени анализи на стручњаци кои се занимаваат со сиромаштија, се покажува дека брачниот статус на индивидуата е добар индикатор за оценување на сиромаштијата (Панстерс, Дијкстра, 2000). Немажените и неженетите лица се во подобра материјална ситуација. Вдовците и вдовиците имаат полош стандард, а по нив следуваат разведените.

Што се случува на овој план во Македонија?

Во Македонија е присутен процес на одложување на стапување во брак и кај жените и кај мажите. Бројот на бракови се намалува, додека бројот на разведени постепено расте. Во 1991 бројот на разводи на 1000 склучени бракови бил 32,4 а во 1999 година тој број се зголемува на 73,7 (Државен завод за статистика, 2000).

Во Македонија, според пописот од 1994 год., од вкупното население на возраст од 15 и повеќе години, 18,6 % жени се немажени и 27,4 % мажи се неженети.

На крајот на деведесеттите поголемиот број од женското селско население се обидува да ги напушти своите села. Како резултат на тоа, во многу селски подрачја може да се најде зголемен број неоженети мажи на возраст 25-45 години [152]

Според истите податоци од 1994 година, 9,4 % од вкупниот број на жители се вдовици, а 3,2 % се вдовци.

Според едно истражување направено во беровските села во 1999 година, од 234 испитаници (корисници на социјална помош и обични граѓани) 9,8 % биле вдовци или вдовици.

Бројот деца во семејството е исто така добар показател за материјалната ситуација. Семејствата со поголем број деца се во полоша ситуација.

Според пописот од 1994 год., во Македонија 65,9 % од вкупниот број семејства има деца. Бројот на деца под 18 години во рурални средини изнесува просечно 1,4, додека во урбани средини 0,97 (Фокусирање на сиромаштија, 1999).

## 1.2.2. ВИТАЛНИ ИНДИКАТОРИ

Постојат и други индикатори кои исто така се битни за оцена на човековиот развој и кои бараат детална анализа. Тоа се:

- стапката на смртност кај доенчињата;
- стапката на смртност кај мајките-родилки;
- стапката на смртност кај децата помлади од пет години;
- стапката на опфатеност во основното образование.

---

[152] *Национален извештај на Македонија*, 1999, 62.

Според досегашните сознанија (за жал, показателите се од различни временски периоди), состојбите во однос на горенаведените индикатори се следниве:

Најголем број деца се раѓаат од мајки на 20-29 годишна возраст (70,5 % во 1996 година), а околу 10,0 % деца се раѓаат од мајки помали од 19 години. Мајчинскиот морталитет од 1991 до 1999 год. е релативно низок и изнесува 15 на 100 000 живородени. Морталитетот кај новороденчињата под едногодишна возраст за 1996 година изнесува 16,4 на 1000 живородени, додека во 1999 изнесува 14,9 умрени, покажувајќи намалување.[153]

Табела 27: Стапка на смртност на доенчиња.

| Година | Женски | Машки |
|---|---|---|
| 1950 | 130,3 | 142,5 |
| 1960 | 112,9 | 116,2 |
| 1970 | 90,2 | 85,8 |
| 1980 | 51,9 | 56,5 |
| 1990 | 31,0 | 32,2 |
| 1998 | 16,3 | 16,3 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Морталитетот под 5-годишна возраст изнесува дополнителни 3,2 % на 1000 живородени. Можно е бројките да не се точни бидејќи се поставува прашање дали постои соодветна матична евиденција, односно пријавување на раѓањето и на смртта на децата. 91-94 % од детската популација е опфатена со вакцинација. Колективниот имунитет не може да се постигне поради фактот дека некои деца, иако се регистрирани во матичните служби, не се пријавени во здраствени домови, а исто така и поради тоа што некои деца го прекинуваат школувањето, особено девојчињата, каде што се врши вакцинација на училишните деца.

Во однос на децата на возраст 1-4 година се забележува пораст на инфекции на горните дишни патишта и на уртикариите. Исто така, се забележува пораст на анемии, на авитаминози, на рахитис и на дијареја, што е резултат од опаѓањето на стандардот на населението, од нехигиенските ус-

153 Донева Марија, www/forum.com. mk/newsletterlissvc3.htm.

лови на живот, како и од отсутството на водоводна и на канализациска мрежа во селските општини.

Општата стапка на смртност од 1991 до 1999 год. е покачена од 7,2 % умрени лица на 1000 жители на 8,3 % умрени лица на 1000 жители.

Табела 28: Витални индикатори во Република Македонија од 1996 до 1999 год. (на 1000 жители).

| | 1996 | 1997 | 1999 |
|---|---|---|---|
| Живородени | 15,8 | 14,8 | 13,5 |
| ВКУПНА СМРТНОСТ | 8,1 | 8,3 | 8,3 |
| Смртност на доенчиња | 16,4 | 15,7 | 14,9 |
| Природен прираст | 7,7 | 6,5 | 5,2 |

Извор: Административни извори на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Табела 28: Причини за смрт (стапка на 100,000 жители, проценти од вкупните причини).

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|
| Болести на срце и крвни садови | 55,3 | 55,7 | 55,1 | 55,3 |
| Малигни неоплазми | 16,6 | 16,8 | 17,6 | 17,2 |

Извор: Донев Дончо, *Здравствени аспекти на транзицијата во Македонија*, 2001, 41.

Стапката на присутност на туберкулоза во Македонија во 1997 год. изнесува 83,3, а 70,3 во 1999 год. (на 100 000 жители) и е значително повисока од стапката во развиените земји во Европа и во светот.

Со имунизација се опфатени 92-98 % од оние кои треба да се вакцинираат.

Смртноста во Република Македонија, како што веќе нагласивме, од година во година се зголемува, при што анализите на смртноста според причините укажуваат дека, како во светот, така и во Македонија, водечки причини за смрт се болестите на срцето, на крвните садови и малигните неоплазми.

## 1.2.3. ИНДИКАТОРИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

1.2.3.1. Згрижувањето и воспитувањето на децата до 7 години во Македонија се остварува во рамките на 52 организации (детски јасли, градинки, забавишта при предучилишна организација и при основни училишта) со 187 работни единици (Камберски, 2000). Во активностите на тие институции, според податоци од 1997 год., вклучени биле 12 % од децата на возраст од 9 месеци до 7 години. Најчесто во активностите учествуваат деца на вработени родители и деца од македонска националност во споредба со припадниците на другите етнички групи. Од вкупниот број деца згрижени во организации за воспитување во 1998 год., 12,5 % се деца со невработени родители, а 1,6 % се деца чии родители се неспособни за работа (корисници на постојана социјална помош) (Статистички преглед бр. 332). Еден дел од децата до 7-годишна возраст згрижени во институции користат надомест од страна на државата. Процентот на згрижени деца во 1997 год. изнесувал 4,7, додека во 1998 год. тој изнесувал 4.5 (Статистички преглед бр. 332).

Опфатот на децата во забавиште се зголемува, а исто така се забележува намалување на просечниот број деца во една забавишна група (од 24,9 деца во 1992 до 21,3 деца во 1998 год.). Најмал опфат со предучилишно воспитување и образование е присутен кај децата од турска националност, а по неа следуваат албанската и српската националност (Камберски, 2000).

1.2.3.2. Основното образование е бесплатно и задолжително за сите деца. Во однос на образованието постои рамноправност по националност, по пол, по социјална и по верска припадност. Со основно образование се опфатени повеќе од 98 % од децата на соодветна возраст, при што границата за тргнување на училиште не е точно дефинирана (6-8 години). Подетални анализи укажуваат дека особено припадниците на ромската националност влегуваат во групата незапишани во училиште.

Во Македонија 99,7 % од запишаните ученици (1998/1999 год.) го оформуваат основното образование. Најголемо напуштање на училиштето

се јавува во петто одделение, особено кај ученици од албанските паралелки и во руралните средини. Како резултат на тие процеси денес, од вкупниот број население во Македонија на возраст над 10 години, 5,4 % се неписмени.

1.2.3.3. Средно и високо образование. Бројот на ученици во средните училишта постепено се зголемува. Во 1995/96 година бројот на ученици од основно училиште кои продолжија образование во средно изнесувал 29,98 %, а во 1998/1999 тој број бил 34,3 %. Истото се однесува и на студенти. Во 1995/96 год. високото образование го продолжиле 36,1 % од учениците, а во 1998/99 год. тој број изнесувал 40,2 % (Статистички годишник, 2000).

Во Македонија постои голем расчекор меѓу одредени општествени групи и националности во однос на учеството во образовните институции. Во средното и во високото образование ретко се вклучени младите од селата и претставниците од ромската популација.

## 1.2.4. ИНДИКАТОРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Структурата на јавната потрошувачка на Република Македонија за потребите на социјална заштита не е променета и со години изнесува околу 2 % (здравствена околу 30 % и образование околу 25 % (Статистички годишник, 2000).

Показателите што следуваат се показатели за лица со различни видови ризици кои се најранливи во однос на сиромаштијата.

Благо се зголемува бројот на малолетни и на полнолетни корисници на социјална заштита со пречки во психофизичкиот развој.

Табела 30: Малолетни корисници.

| | 1997 | 1998 |
|---|---|---|
| Пречки во психичкиот развој | 3706 | 3732 |
| Пречки во физичкиот развој | 1357 | 1451 |

Извор: *Статистички преглед*, бр. 332.

Бројот деца со тешка ментална ретардација постепено се зголемува (од 903 во 1995 до 931 во 1998 год.), како и бројот на умерено ментално ретардирани деца (од 614 во 1995 до 667 во 1998 год.). Кај малолетните лица со физички пречки особено загрижуваат телесните инвалиди чиј број се зголемил од 595 во 1995 на 727 во 1998 година (Завод за социјални дејности на Република Македонија).

Табела 31: Полнолетни корисници.

| | 1997 | 1998 |
|---|---|---|
| Физички и психички попречени лица | 7636 | 8051 |
| Остарени, материјално загрозени, семејно незгрижени, без средства, потешко телесно и хронично заболени) | 5758 | 5946 |

Извор: *Статистички преглед*, бр. 332.

1.2.4.1. Корисници на социјална парична помош. Од сите категории социјално загрозени лица посебен интерес предизвикуваат корисниците на социјална парична помош.

Најголем број корисници според носителот на правото на социјалната помош се невработени (88,9 %). Вработените учествуваат со 5,2 %, пензионерите со 0,1 %, корисниците на постојана парична помош со 0,1 % и други лица со 5,5 % (Рејчановски, 2000).

Зголемување на бројот на корисници на социјална парична помош се забележува во малите градови и во нивната околина, како и во руралните општини во Македонија.

Според националната структура, социјалната помош е дистрибуирана на следниов начин:

Табела 32: Корисници на парична социјална помош според националност.

| НАЦИОНАЛНОСТ | Структура и број на население | Структура на домаќинствата на корисниците на социјална помош |
|---|---|---|
| Македонци | 66,6 | 43,0 |
| Албанци | 22,7 | 31,8 |
| Турци | 4,0 | 7,0 |
| Роми | 2,2 | 12,7 |
| Власи | 0,4 | 0,1 |
| Срби | 2,1 | 0,8 |
| Други | 1,9 | 4,6 |
| Не се изјасниле | 0,1 | - |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 |

Извор: Административни извори на Министерството за труд и социјална политика.

Податоците за структурата на населението се од пописот во 1994 година, додека другите податоци се добиени од изјаснувањата на домаќинствата.

Споредувајќи ги наведените податоци со информацијата од Наневски (1998) за дистрибуцијата на парична помош во 1996 година, може да се констатира дека во 1996 година учеството на Ромите во социјалната парична помош изнесувало 54,9 %, на Турците 20,9 %, на Албанците 12,9 %, на Македонците 6,1 % и на другите 12,2 %. Се забележува дека ромското население во помала мера користи социјална помош, додека евидентен е пораст на учеството на Македонците и на Албанците. Сметаме дека во користењето социјална помош големо значење има и менталитетот на одделните социјални групи.

Според структурата на домаќинствата најголем број социјална помош во 1999 година примаат четиричлените и повеќечлените семејства.

Според квалификациската структура на носителот на правото на социјална помош, доминираат неквалификувани лица (45,8 %) и лицата со средно образование (21,7 %).

## *1.3. МЕРЕЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА*

Националниот извештај за човековиот развој подготвен од страна на УНДП за 1998 година меѓу другите причини за осиромашување на населението во Република Македонија ги набројува и следниве:

- зголемување на разликите во приходите меѓу одделни групи на населението;
- присуство на диво вработување со ниски плати и без платени даноци за пензиско и за здравствено осигурување.

Македонија се вклучува во светските трендови во однос на разликите во дистрибуција на приходите меѓу најбогатите и најсиромашните. Коефициентот Џини во периодот 1991-1997 година пораснал од 22 на 27, што значи дека од индикатор на ниска нееднаквост се претвори во индика-

тор на умерена нееднаквост и е 10 пати повисок во приватниот отколку во јавниот сектор. Таа констатација покажува дека и секторот на вработување се јавува како показател на сиромаштијата. Државниот сектор нуди посигурни но ниско платени места, а новосоздадениот приватен сектор нуди добро платени но несигурни места. Секторот на вработување се покажа како силен индикатор на субјективната сиромаштија.

## 2. ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Периодот на транзиција, кој во деведесеттите години ја зафати источна Европа, предизвика крупни промени на економски и на политички полан. Република Македонија не е исклучена од тие промени. Беа напуштени принципите на договорната економија и беше заземен курс кон пазарна економија. Овие промени предизвикаа низа други (во областа на социјалната заштита, во начинот на медиумското информирање, во политичката култура итн.).

Сите големи промени, без оглед колку биле посакувани од страна на населението, предизвикуваат одредена доза на загриженост, на немир или на несигурност, и тоа од три причини: прво, затоа што одредени стратуми од целокупната популација стравуваа дека ќе го изгубат претходниот поповолен статус; втората причина лежи во неизвесноста дали потфатот ќе успее; а третата произлегува од несигурноста по која цена спроведените раформи ќе ги доведат работите на повисоко ниво.

Секако, имајќи го предвид карактерот на овој труд, како и комплексноста на изучуваниот проблем, ние не би можеле да се осврнеме на целокупните состојби и односи во македонското општество, кои влијаеа да се зголеми бројот на сиромашните во Република Македонија.

Во теоретскиот дел беше нагласено дека настанатите промени во овој транзициски период влијаеа Република Македонија да има низок економски степен на развиеност. Ваквата состојба во Републикава влијаеше да се зголеми невработеноста а да се намали вработеноста. Таа состојба резултира со зголемување на бројот на сиромашните граѓани.

Причините за зголемувањето на сиромаштијата ги бараме токму во промените што се случија во тој период: централизацијата на власта, корумпираноста, макроекономската политика и немањето сопствена стратегија за развој.

Општата хипотеза укажува на врската меѓу промените настанати во транзицискиот период (промените на економски и на политички план), опаѓањето на економскиот развој во Републикава, зголемувањето на невработеноста, намалување на вработеноста, опаѓањето на височината на вкупните месечни приходи и зголемувањето на бројот на сиромашните граѓани.

Сиромаштијата секогаш се јавува како последица од дејствување на многу фактори, кои секогаш причинско-последично се поврзани, при што тешко може да се издели само една причина за нејзиното постоење.

Независната варијабла на нискиот економски развој е комплексна целина и посредно влијае на зависната варијабла на осиромашувањето, при што е отежната проверката на општата хипотеза. Имено, проверката ќе се изврши врз основа на апликативни докази. Соочени со комплексната причинска поврзаност на промените во транзицискиот период, невоедначената категоризација на поимите, различните методологии при собирањето и при прикажувањето на податоците и недостапноста на одделни податоци го отежнаа проверувањето на основната хипотеза.

Промените во макро и во микро еконономската политика, следени преку монетарно-кредитната политика, преку финансиската политика, преку политиката на цени и преку надворешнотрговската политика ќе бидат основните индикарори што ќе ни послужат да утврдиме за каков економски развој станува збор во анализираниот период во РМ.

За добивање појасна слика на состојбата со економскиот разој во РМ, со цел да се утврди дали промените во трензицискиот период се резултат на новонастанатата состојба, ќе бидат ализирани истите индикатори од поранешната СРМ, која беше во составот на СФРЈ, со што ќе се направи споредба меѓу двата периода.

Анализа ќе се направи и на микро економски план, при што како индикатори ќе ни послужи моделот и начинот на приватизација. Особено внимание ќе му се посвети на правото на работа (какво беше тоа право во поранешна СРМ и промените што настанаа на овој план во транзицискиот период), со цел да се откријат факторите што имаат најсилно влијание врз осиромашувањето на граѓаните.

Во анализата на причинско-последичната поврзаност на варијаблите истакнавме дека состојбата со вработеноста/невработеноста и малите плати се причина за осиромашување, при што тие ќе бидат посебно анализирани во делот за причините за сиромаштијата.

Како индикатори за изнесената констатација служат одделни прашања од спроведената анкета „Социјалната исклученост на граѓаните на РМ" како и прашањата од анкетниот прашалник „Промените во социјалната структура во РМ".

Посебните хипотези гласат:

1. Колку се приходите во домаќинството ponиски, толку е поголем ризикот од осиромашување на домаќинството.
2. Ризикот од осиромашување се зголемува доколку лицата се невработени или стечајни работници.
3. Колку е понизок степенот на образование на членовите во домаќинствата, толку е поголема можноста домаќинството да е сиромашно.

Иако цениме дека приходите, образованиeто и работниот статус не се единствените причини за состојбата но сиромаштијата, определбата за нив е лимитирана пред сè од достапноста на потребните податоци за анализа. Сепак, сосема е евидентно дека задоволувањето на материјалните, на културните и на социјалните ресурси во најголема мера зависи од имањето/немањето пари во домаќинството. Токму поради тој момент особено

внимание се посветува на вработеноста и на невработеноса, како и на платите и на нивната исплата. Имено, посебната хипотеза „Колку е приходот во домаќинството понизок, толку е поголем ризикот од осиромашување на домаќинството“ е насочена токму кон таа релација.

## *2.1. МАКРО И МИКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА*

### 2.1.1. МАКРОЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА

#### 2.1.1.1. **Макроекономската политика во СРМ и промените што настанаа во Република Македонија**

Макроекономската политика, олицетворена во економската политика на државата, го детерминира карактерот на опкружувањето и условите за успешно спроведување на сите субјекти. Всушност, таа е оној клучен фактор кој може да влијае позитивно или негативно врз мотивираноста на стопанските субјекти за нивно активно вклучување или за пасивно следење на стопанските текови.

Во текстот што следува ќе се обидеме да дадеме одговор дали монетарно-кредитната, фискалната, надворешнотрговската политика или политиката на цени се фактори за развој или за стагнација на македонското општество, сакајќи на тој начин да провериме за каков економски развој (или стагнација) станува збор во Републикава.

##### 2.1.1.1.1. Монетарно-кредитната политика

Во најширока смисла, кредитно-монетарниот систем служи за финансирање на општествената репродукција. Тој поимно ја означува поврзаноста на сите елементи, институции и механизми врз кои се заснова начинот на кредитирањето.

Кредитот, пак, како економска категорија е врзан за постоењето на стоковото производство, за пазарот и за стоковно-паричните односи, а и со самата природа на процесот на производство, на распределбата и на потрошувачката. Тој е фактор на планскиот развој на стопанството.

Преку функцијата на кредитот на најрационален начин концентрираните парични средства се ставаат во промет. Кредитот му овозможува на стопанството проширување на капацитетите и зголемување на производството. Тој му олеснува на стопанството да ги надмине повремените или сезонските потреби од одредени средства, го поттикнува производството и го обезбедува неговиот континуитет, може да ја стеснува или да ја проширува потрошувачката, да ги спречува паузите и застоите во производството.

Регулирањето на движењето на паричната маса, што е задача на монетарно-кредитната политика, се состои во утврдување на еднаков, помал или поголем пораст на паричната маса од порастот на побарувачката на пари. Во ситуација кога има поголем пораст на паричната маса од порастот на побарувачката на пари, монетарно-кредитната политика мора да влијае со дополнително оживување на побарувачката на стока, а со тоа и на порастот на производството. Ако е порастот на паричната маса еднаков на паричното барање, тогаш тоа одговара на неутрално дејствување на монетарно-кредитната политика на домашниот пазар. Монетарна нерамнотежа настанува кога во државата има поголема или помала парична маса од паричната побарувачка. Доколку монетарно-кредитната политика е рестриктивна, може да резултира со помала парична маса од побарувачката. Ваквата политика може да доведе до тешкотии во реализацијата на сопствената активност, односно до дефлаторна депресија, која најчесто е проследена со опаѓање на стопанскиот развој. Поголемата парична маса од паричната побарувачка може да предизвика ограничена стоковна понуда и високи цени, односно инфлаторни тенденции.[154] Самоуправниот период се карактеризираше со долготрајна инфлација. Причините за таквата сос-

---

154 Šimović Aleksandar, „Monetarno kreditna politika u funkciji stabilizacije privrede", *Problemi reforme privrednog sistema SFRJ*, Globus, Zagreb 1989, 198-202.

тојба извираа од најразлични страни. Најнепосреден свој одраз тие причини наоѓаа во монетарно-кредитниот систем. Тука би го изделиле актуелното гледиште кое беше присутно во економската литература: застапниците на ова гледиште[155] ги пронаоѓаат инфлаторните тенденции во нарушувањето на односите во инвестициските циклуси. Според Иван Рибникар, новото производство, дополнителното производство или новото претпријатие почнуваат со мал сопствен капитал. Позајмените пари треба да се вратат. Но познато е дека во финансиски најслаба положба е новото претпријатие, кое со нова технологија влегува во конкретна стопанска гранка, па во неможност секогаш да ги изврши коректно обврските кон заемодавачот, тоа троши дел од своите амортизациски средства или од краткорочните банкарски кредити. Како последица од тоа, претпријатијата или запаѓаат во загуби или бараат повисоки цени. Повисоките цени ја намалуваат реалната вредност на долгот, па со тоа и неговата отплата. Значи, излезот се бара во ново печатење пари, односно во инфлација. Од ова произлегува дека стопанските субјекти најчесто ги качувале цените заради покривање на стопанските промашувања или поради кршење на финансиската и на кредитната дисциплина. Така покачените цени повлекуваат зголемување на личните доходи и на кредитите, со што тие ја зголемуваа паричната маса, а зголемената парична маса, пак, предизвикуваше зголемена побарувачка и нов пораст на цените. Инфлацијата предизвикуваше нарушување на целокупниот процес на општествената репродукција, особено галопирачката инфлација. Со оглед на тоа дека рентабилноста на инвестацискиот проект беше најважниот критериум, многу стопанственици биле принудени да работат на границата на рентабилноста или со загуба. Инфлацијата не ја погодуваше само проширената репродукција, туку и простата. Амортизацијата номинално растеше, но под дејство на инфлацијата се разводнуваше, затоа што каматите на овие средства никогаш не го следеа инфлацискиот пораст, и затоа не беше во можност да одговара на својата намена кога ќе настанеше потреба едно основно средство да се замени со ново.[156]

---

155 Ribnik Ivan, „Finansiranje privrede i inflacija", *Problemi reforme privrednog sistema SFRJ*, Globus, Zagreb 1989, 198-202.

156 *Ibid.*, 232-234.

Овој процес создаде повеќе негативности, а ние ќе ги изделиме работењето со амортизирани средства и високата зависност на препријатијата од банкарски кредити.

Во тој контекст, слична беше и состојбата во СРМ (само 20 % од истражуваните организации имале приближно 20-30 % средства од опрема, а другите 80 % работеле со опрема чијашто отпишаност/застареност била од 40 до 80 %). Заклучокот е јасен: повеќе од половина од опремата во СРМ беше амортизирана, што е економски неоправдано,[157] бидејќи бара чести репаратури, а тоа значи чести застои во производството, трошење средства за резервни делови итн. Втората негативна последица беше зависноста на стопанските субјекти од банкарските кредити. Степенот на кредитната задолженост ќе го прикажеме во наредната табела, каде што ќе биде изложен колкав процентуален дел на деловни средства потекнувале од сопствените извори на анализираните препријатија по гранки во наведените години, додека останатите биле средства од кредити.

Табела 33: Степен на кредитна задолженост во СРМ (1985-1988 год.).

| | 1985 | 1986 | 1987 | 1988 |
|---|---|---|---|---|
| Преработка на неметали | 36,7 | 43,5 | 41,0 | 40.6 |
| Металопреработувачка | 34,7 | 37,5 | 38,9 | 45.1 |
| Производство на бичена граѓа (плочи) | 36,6 | 39,7 | 39,1 | 42.1 |
| Производство на финални производи од дрво | 21,2 | 30,9 | 30,1 | 27.2 |
| Производство на преѓи и ткаенини | 36,1 | 40,7 | 33,5 | 32.3 |
| Производство на готови текстилни производи | 29,3 | 31,0 | 21,8 | 20.5 |
| Производство на прехранбени производи | 45,9 | 46,6 | 45,2 | 45.8 |
| Производство на пијалоци | 44,9 | 43,8 | 26,9 | 24.4 |
| Земјоделство и рибарство | 42,6 | 48,0 | 41,9 | 40.3 |
| Вкупно | 36,1 | 40,4 | 38,5 | 38.8 |

Извор: Д-р Глигор Бишев, кој ги направил пресметките врз основа на податоци од завршни сметки во СОК на СРМ.

Податоците од истражувањето „Штрајковите и општествениот систем" [158] зборуваат дека во СРМ просечно 38,4 % (за наведените години) од деловните средства биле вложувани од сопствени средства, а 61,6 % имале

---

157 Стојановска Весна, *Анализа на македонскиште асиекши на конфликшиие на ЗТ, Штрајковиие и оиишесшвениош сисшем*, ИСППИ, Скопје 1991, 145.

158 Бишев Глигор, „Монетарно кредитна политика на СФРЈ и нејзиното влијание врз штрајковите во СРМ", *Шшрајкови и оиишесшвениош сисшем*, ИСППИ, Скопје 1991, 80.

екстерно потекло. Имено, во СРМ не беше можно во секое време да се добие кредит за потребен износ и по поволни услови.

Инфлацијата негативно дејствуваше на надворешнотрговската размена. Имено, инфлацијата предизвикуваше пренапрегната побарувачка и високи цени, што на платниот биланс дејствуваше двострано: од една страна го намалуваше извозот поради преголемата внатрешна потрошувачка и тоа по цени повисоки од надворешните, а, од друга страна, со оглед на таквата состојба, стопанските субјекти (производителите) не беа заинтересирани за извоз, освен ако добиеја премија, со што ја товареа домашната акумулација. Големата побарувачка и високите цени го стимулираа увозот. Вака создадената ситуација условуваше сè поголеми задолжувања во странство. Задолжувањето, пак, носеше други последици за натамошниот развој. Секако, последно во овој контекст беше влијанието на инфлацијата во процесот на зголемувањето на бројот на сиромашните граѓани, а со тоа и до опаѓање на животниот стандард.

Во транзицискиот период се случија одредени промени на овој план. Прво, законите за стечај и за ликвидација значеа напуштање на доктрината дека сите општествени стопански субјекти, без оглед на нивната успешност, мораат да опстојат, бидејќи овие закони одредуваа под кои не-поволни економски околности (загуби) општествените препријатија да згаснат.[159] Ова, иако во практиката недоследно се спроведуваше (особено при приватизирањето на препријатијата, за што ќе стане збор подолу), позитивно дејствуваше во овој дел на кредитно-монетарната политика, во кој се избегнуваше кредитирање на загубарите со сите негативни последици што беа наведени претходно. Од крајот на 1989 година, инфлацијата беше, макар привидно, запрена. Ваквата состојба овозможуваше малку порегуларни кредитно-монетарни текови. Но, имајќи го повторниот пораст на инфлацијата од втората половина на 1990 година, како и инертноста на состојбите во случај кога без исклучок секое препријатие беше кредитно многу зависно од државата, кредитно-монетарната политика сè уште беше

---

[159] „Закон на присилно спогодување, стечај и ликвидација", *Службен весник на СФРЈ*, Белград, 84/1989.

многу етатизирана, што ја правеше недоволно функционална за трансформација на стопанските субјекти во насока на пазарна економија. Во втората половина од 1991 година, како и во првите месеци од 1992 година, Југославија и Македонија навлегоа во хиперинфлација. Така, месечната инфлација во југо-динарската зона во мај 1992 година изнесуваше 102 %.[160] Кон крајот на април 1992 година, со воведувањето на македонската парична единица (денарот)[161] беше извршено монетарно осамостојување на Републикава. Притоа беше воведена рестриктивна монетарна политика, особено на паричната маса, со цел да се влијае врз стабилизирањето на економските текови, пред сè на цените. Степенот на рестриктивност на паричната маса изнесуваше 31,6 %, а, во однос на обемот за поддршка, стоковно-паричните трансакции изнесуваа околу 27 %.[162] Во контекст на недвосмислено позитивните остварувања и влијанија секако беа и забавената инфлација (во јуни беше на ниво од 8,3 %, во август 6,6 %), како и стабилизацијата на девизниот курс на денарот во тие два-три месеци. Се чинеше како да се исцрпени придобивките од спроведувањето на кредитно-монетарната политика. Наспроти тоа, уште при замената на динарите за денари, во промет беа пуштени 50 % поголеми количества готови пари[163]; нивната структура беше неповолна. Овој висок готовински промет, и покрај високиот коефициент на вртење на парите, придонесуваше за зголемување на паричната маса. Имаше и девизни трансакции надвор од контрола. Паричната маса порасна несразмерно, особено во нестопанските дејности (141%)[164]. Отсуството на странска акумулација ја натера државата да врши откуп на девизи за денари. Есконтната стапка не ја одигра својата

---

160 Петковски Михаил, „Како против инфлација“, *Економски магазин*, промотивен број, Скопје 1993, 10.

161 Тоа е остварено со „Законот за парична единица на Република Македонија“ и со „Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија“, *Службен весник*, 26/1992, Скопје.

162 *Анализа на основните движења во РМ во 1992 година*, Министерство за развој, 28.12.1992 година.

163 *Ibid.*

164 *Ibid.*

улога да го одредува ритмот на движењето и осцилациите на сите други каматни стапки, бидејќи таа беше и натаму многу ниска, а реално и натаму е многу ниска. Со тоа, рестриктивната монетарна политика не успеа да ја собори инфлацијата и да обезбеди стабилност на цените. Во тој период, кредитниот потенцијал на банките бележеше опаѓање. Од друга страна, кредитите беа намалени за тековните активности во стопанството и не можеа да ги следат увозно-извозните активности на препријатијата.

Така, според општата оценка на Владата и на научните аналитичари, кредитно-монетарната политика во овој период не може да се смета за успешна.[165]

Во подоцнежниот транзициски период настанаа големи промени на овој план. Уште на почетокот на 1994 година, платите на буџетските корисници беа замрзнати со цел да се елиминира инфлацијата. Во тоа се успеа, за што сведочат и показателите (инфлацијата во 1993 год. изнесуваше 230 %, во 1994 – 54 %, во 1995 – 9,2 %). Но паралелно со оваа значајна придобивка дојде и до апрецијација на денарот. Така, високата стапка на инфлација во 1993 год. беше проследена со стапка на депрецијација од -120 %. Во 1994 година депрецијацијата изнесуваше -2 %; а во 1995 г. девизниот курс остана непроменет. Крајниот резултат од ова, според д-р Илија Тодоровски,[166] е погрешниот метод на акомодирање на девизниот курс. Оваа политика на Владата наиде на големи критики. Аргументите на Владата се дека оваа политика по долгиот пад на стопанското производство бележи позитивен тренд. Сепак, монетаристичкиот пристап наиде на критика од релативно голем број стопанственици, од економската наука и, секако, од опозицијата. Според мислењето на д-р Наталија Николовска, реалниот курс треба да биде акомодиран според цените на производите што го сочинуваат нашиот извоз.[167] Слично е мислењето и на д-р Тихомир

---

165 Петковски Михаил, *цит. дело*, 12-13.

166 Тодоровски Илија, *Влијанието на државата врз процесирањето на стопанските субјекти*, НИП Глобус, Скопје 1997, 167.

167 Николовска Наталија, „Опасно економско тонење“, *Економски магазин*, бр. 74, Скопје, 15.03.1996, 8-10.

Јовановски, според кого некои економисти им даваат примат на монетарните фактори, додека кај други економисти реалните фактори се основна детерминанта во конципирањето и во остварувањето на глобалната макроекономска политика; додека трети економисти бараат баланс меѓу монетарните и реалните фактори. Понатаму, д-р Јовановски истакнува дека некои национални економии во прв ред во својата макроекономска политика го ставаат прашањето на стабилноста што ја постигнуваат преку монетаристичкиот пристап. Таква е и политиката на Меѓународниот монетарен фонд. Македонија, барајќи кредити, стана сè повеќе зависна од политиката на ММФ. Во преговорите со неа, Македонија пропушта посилно да го назначи и да го одбрани својот интерес, со цел преку малку полабава монетарна политика и преку умерена инфлација да дојде до развој, особено кога кај производителите има големо незадоволство од девизниот курс.[168]

И кредитната политика во овој период не би можела да се оцени како успешна. Во претходниот период, како што истакнавме (самоуправниот), претпријатијата станаа многу зависни од банкарските кредити, што беше резултат или на погрешно водена кредитна политика или на политика која имаше цел да ги направи претпријатијата зависни од државата.

Во почетниот период позицијата на овие претпријатија се влоши со тоа што Македонија по распадот на Југославија дојде под удар на блокадата од север и на ембаргото од југ, со што битно се намали кредитната маса. Претпријатијата земаа кредити со секакви камати, со убедување дека сепак би можеле да ги пласираат своите производи во странство или на поранешните југословенски простори. Реалноста беше сосема поинаква, така што од ден на ден се намалуваа нивните активности и финансиските капацитети. Во таквата ситуација банките бавно реагираа со приспособувањето на каматните стапки на променетите услови. Високо се задолжија дури и некои дотогаш успешни препријатија (МЗТ, Славија, Железарница, Годел, Астибо, Газела итн.).[169]

---

[168] *Без наслов но со повод*, МТВ 2, Скопје, 8.10.1996 год., разговор со д-р Тихомир Јовановски и др.

[169] „Газела" зема кредит од 9 милиони германски марки во 1991 год., а во 1995 година долижи 232 милиони. „Југотутун" зема кредит во 1993 година со камата од 148 % кога инфлацијата

Кредитните капацитети ги намали и Владата на Република Македонија со својата несоодветна политика. Задолжена од претходниот период со камата од 6, 7, или 8 % во вкупниот долг, кој изнесуваше 1200 милиони $, таа потроши огромен дел од кредитите на враќање на своите кредити што досега ги добиваше од разни меѓународни финансиски институции под поволни камати од 1, 2, или 3 %, чија вредност изнесуваше 400 милиони $.

Би можеле да заклучиме дека кредитно-монетарната политика во државава не беше успешна, со што значително се намалуваат економските ефекти на нашата економија и нејзиното брзо и ефикасно преструктурирање.

### 2.1.1.1.2. Фискална политика

Значајна компонента на макроекономската политика е фискалната политика, која кај нас се нарекува и како политика на општествено финансирање. Успешно водење на оваа политика значи успешно остварување на повеќе општествени функции, т.е. на фискалната, која значи обезбедување средства за финансирање на општата и на заедничката потрошувачка; на економската, која значи обезбедување средства за инвестирање и за интервенција во стопанството; на социјалната, која, меѓу другото, значи и заштита на стандардот на посиромашните итн. За потребите на овој труд ќе се задржиме само на прашањата колкави се одвојувањата од стопанските субјекти со оглед на тоа што тоа битно влијае врз нивниот мотивациски процес, дали овие одвојувања квалитетно ги задоволуваат потребите за кои се наменети, со оглед на тоа што стопанството нужно го чувствува повратното влијание преку квалитетна управа како кординатор на општествените активности, и колкави средства се наменети за инвестиции во стопанството, со оглед на тоа што овие средства може да значат динамизирање и урамнотежување на стопанските текови.

---

е 55 %. Ова се само неколку примери за тоа како претпријатијата стопанисувале, свесно или од незнаење („Пропаст во ,каменото море'", *Економски магазин*, бр. 66. Скопје, 15.11.1996 год., 38; „Собрание на Стопанската комора на Македонија за состојбата во тековната репродукција", *Економски магазин*, бр. 69, Скопје, 01.01.1996 год., 13).

Фискалниот систем зафаќа различни делови од општествениот производ, во различни периоди. Во текот на седумдесеттите години, кога имаше брза експанзија на производството, на потрошувачката и на надворешниот долг, брзо растеше и фискалниот систем, мерен преку релативната вредност на приходите и на расходите. Но високата финансиска пресија, чијшто максимум беше достигнат во 1978 година, и надоаѓањето на сè поголемата економска криза резултираа во сфаќање дека треба да се намали фискалниот дел во општествениот производ на земјата[170] Така, овој дел во општествениот производ во 1979 година изнесуваше 37,4 %, а во 1983 година -28,3 %. Линеарното намалување на средствата при непроменет број на потрошувачи доведе до драстично осиромашување на материјалната основа на општествените дејности (здравство, образование, наука и сл.) и до значително опаѓање на нивните услуги, состојба во која овој сегмент на општествената репродукција не беше во можност да ја врши својата економска функција, што носеше со себе сериозни негативни последици врз економскиот развој на СРМ. Во 1986 година овој тренд беше запрен со зголемување на фискалниот дел на 35,4 % и во следната година 33,2 % во рамките на општествениот производ.[171] Оцената на економистите кои компаративно ги следеа овие состојби беше дека Југославија влегува во групата држави со умерено фискално оптоварување.[172]

Одговорите на другите прашања се содржани во структурата на фискалните приходи и расходи. Кај нас секоја интересна заедница и секој фонд располагал со сопствени приходи. Обично постоеја неколку вида приходи, така што ретко се применуваше заедница на приходи со соодветна распределба меѓу учесниците. Единствени поважни исклучоци беа основниот данок на промет, чии приходи им припаѓаа на републиките, на покраините и на општините. Значи, доминираше систем на сепарација на

---

170 Ričević Božidar, Mijatović Boško, „Jugoslovenski finansiski sistem“, *Problemi reforme privatnog sistema SFRJ*, Globus, Zagreb 1989, 244.

171 Ристевска Слободанка, *Системот и политиката на општествено финансирање во СФРЈ и нивно влијание врз штрајковите во СРМ*, 70.

172 Ričević Božidar, Mijatović Boško, *цит. дело*, 243-247.

приходите, во кој фискалните институции самостојно ја водеа политиката на приходи и ги одредуваа височината на стапките на даноците, придонесите и другите инструменти, разните фискални олеснувања, ослободувања и слично. Притоа во најзначајните фиксални приходи спаѓаа приходот од даноци и приходот од личниот доход, со учество од 35,1 % во вкупниот фискален фонд, а потоа данокот и придонесите од доходот со 23,8 %. Други фискални приходи беа даноците и придонесите на населението во кои влегуваа оние што му се наметнуваат на приватниот сектор, даноците на имот, на имотни права, на приходи од имот и даноците наменети за странски лица. Потоа, повеќе од половина од вкупните приходи им припаѓаа на СИЗ-овите од општествените дејности и од социјалната заштита, околу една третина одеше на беџетите и околу една седмина на СИЗ-овите и на фондовите за материјална репродукција.

Расходите, исто така, беа многу фрагментаризирани. Одбранбените расходи влегуваа со 1/3 од вкупните расходи, а расходите на органите на управата сочинуваа 1/4 од буџетските расходи. Значи, категорјата расходи беа меѓубуџетските трансфери и трансферите на општествените дејности и на социјалните дејности.

Регионалното прелевање на доходот преку фискалниот механизам беше ограничувачки фактор на фискалниот систем, што многу го погодуваше стопанството во СРМ. Притоа, имајќи предвид дека сојузните органи се наоѓаа во Белград, СРМ беше релативно помал корисник на средствата од буџетско-инвалидската заштита и територијалните расходи на ЈНА, како и со оглед на послабата редистрибутивна моќ на фондот за неразвиените републики и за Косово. Македонија повеќе внесуваше отколку што добиваше од федералниот буџет. Така, она што го внела во федералниот буџет кумулативно во периодот 1981-1985 година изнесувало 96,1 милијарди динари, а она што го добила по сите основи изнесувало 27,4 милијарди денари, што значи дека имала негативен биланс од 68,7 милијарди динари.[173] При вака високи диспаритети на општата и на заедничката по-

[173] Тодоровски И., *цит. дело*, 172.

трошувачка не постоеше систем на хоризонтално фискално израмнување, како на пример постоење на сојузни фондови за социјално осигурување, за образование, за наука итн. Од изнесеното можеме да заклучиме дека во самоуправниот период фискалната политика ја оствaруваше само својата фискална функција (алиментирање на приходи за општата и за заедничката потрошувачка), додека речиси немаше никаква улога во другите функции.

Во периодот од почетокот на 1990 година се случија важни промени и во фискалниот систем. Во текот на 1990 год. дојде до нарушување на фискалниот систем поради неисполнувањето на републичките обврски кон федерацијата, до гаснење на фондот за неразвиени и сл. Во 1991 и 1992 година Македонија веќе водеше сопствена фискална политика. Предноста на новиот фискален систем се состоеше во:

- извршувањето на поголема централизација на фискалните институции, односно значајно беше намалена сепарацијата на приходите. Ова беше постигнато преку елиминирањето на федералните финансиски институции непосредно пред и по осамостојувањето на Републикава, и со незаживувањето на локалната самоуправа по елиминирањето на кумуналниот систем. Позитивно во оваа околност беше тоа што се овозможи поконзистентно остварување на целите на фискалната и пошироко на макроекономската политика, бидејќи се елиминира можноста републичките макроекономски зафати да влезат во колизија со нечии други; и
- елиминирањето но фискслното регионално прелевање преку укинување на сојузните даноци.

Во овој период позитивна новина беше донесувањето на Законот за данок од добивка.[174] Според него, основата на даночењето беше добивката која претставуваше разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи, а во вкупните приходи (освен материјалните трошоци и даноците) влегуваа и бруто личните доходи (чл. 8). Значи, фискалниот систем од овој аспект е поставен на поекономични односи. Новите промени во фискалниот систем,

---

[174] *Службен весник на Република Македонија*, 5/1993, Скопје.

освен позитивните дејства, имаа и негативности, затоа што постоеја релативно високи зафаќања од стопанските субјекти. Имено, општата годишна стапка од данокот на промет во однос на даночната основа изнесуваше 25 %, односно толкава даночна стапка се наплаќаше кога стопанскиот субјект го продаваше производот на крајниот корисник.[175] Лицата вработени во стопанските претпријатија ги плаќаа (преку претпријатието) следниве придонеси: пензиско-инвалидско осигурување во износ од 20 % од бруто личниот доход или од платата; здравствена заштита и осигурување во износ од 8,6 % од бруто платата; придонес за вработување од 1,5 % од бруто платата; придонесот за Стопанската комора на РМ и за градот Скопје кој изнесува 1,12 %, односно 0,07 % исто така од бруто платата. Што ќе останеше потоа од платата се одбиваше персонален данок од доход во износ од 23 до 35 %.[176] По сите овие одбитоци, како што веќе претходно изнесовме, се даночеше добивката со 30 %. Дел од високите зафаќања се должеа и на фактот што некои стопански субјекти не ги регистрираа своите стопански активности, при што државата не изгради метод и апарат да им влезе во трага на ваквите појави, со тоа целокупната државна и општествена алиментација отпаѓаше на помал број субјекти, така што нивните давачки нужно беа поголеми.[177] Оваа состојба особено е присутна во западните делови Од републикава, каде што е многу изразен природниот прираст на населението, каде што има најмногу корисници на социјална помош.

Значи, големите зафаќања од стопанството и сè уште недоволно дефинираната даночна политика во крајна дистанца основно служеја за алиментација на државата и на општествените потреби, па не можеме да ги оцениме како поволни за развојот на македонското стопанство, имајќи го притоа предвид и недомаќинското трошењето, за што веќе зборувавме при анализата на структурата на јавната потрошувачка. Имено, во јавната

---

175 „Закон за измена и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги", *Службен всник на РМ*, 80/1993, Скопје.

176 „Закон за персонален данок од доход", *Службен весник на РМ*, 80/1993, Скопје.

177 „Собрание на Стопанска комора на РМ за состојбите на тековната репродукција", *Економски магазин*, Скопје, 01.01.1996 год., 13.

потрошувачка, во целиот транзициски период, владината потрошувачка е со најголем процент (41-47 %), најмалку средства се трошат за социјалната заштита (1,2-1,9 % ).[178]

### 2.1.1.1.3. Политика на цени

Во стопанството условите за производство и потрошувачката се манифестираат како услови на понуда и на побарувачка од чиј меѓусебен однос со посредство на пазарниот механизам се формираат нивоата и релативните односи на цените. Значи, пазарот, како сѐ уште незаменлив регулатор за усогласување на производството и на општествените потреби и како верификатор на општествената оправданост на производството, преку системот на цените и преку другите за него својствени манифестации овозможува манифестирање на субјективните економски законитости, како основни критериуми на валоризацискиот систем на економска активност на економските субјекти. Со тоа, на макроекономски ниво би се овозможило насочување на стопанските текови и на развојот кон поставените цени, а на микроекономски ниво на стопанските субјекти би им се овозможило самостојно донесување на економските одлуки според пазарни и според други економски критериуми. Логиката на функционирањето на целиот стопански механизам би се засновала врз принципите на оптималност. Системот би функционирал врз основа на меѓузависност на микро и на макро управувачките маханизми и повратни спреги и би бил конзистентен.[179] Негативното дејство на цените е можно со контрола на цените. Кога ќе бидат исцрпени економските мерки, можна е и административна интервенција. Економскиот начин на контрола на цените е содржан во форма на зголемен меѓусебен притисок на големите општествени партнери, како што се производителите, продавачите, потрошувачите, синдикатите и државата.[180]

---

[178] Види во делот за состојбите во Македонија.

[179] Maksimović Slobodan, „Sistem cijena – dileme i problemi", *Problemi reforme privrednog sistema SFRJ*, Globus, Zagreb, 102, 108, 109.

[180] Acin S. Svetlana, „Administriranje nesavladano gradivo iz teorije tržišta i cene", *Problemi reforme privrednog sistema SFRJ*, 49.

Практиката од претходниот систем зборува за административно одредување на цените. Токму во периодот кога имаше висок степен на контрола на цените( административна), дојде до рекорден пораст на сите видови цени (во 1981 год. тие пораснаа за 40 %, во 1982 за 31 %, во 1983 за 60 %, во 1986 за 55,3 %, во 1987 за 98,3 % итн.[181] Во овој период дојде и до инфлација, се влошија и условите за производство. Според мислењето на Светлана С. Ацин, недостигот од свест за овој проблем лежи во мешањето на каузалните компоненти. Имено, цените беа последица од неправилната распределба на доходот, затоа контролата на цените никогаш не успеала да ги стабилизира нив. Успехот во нивното стабилизирање лежеше во стабилизирањето на нивните причини.[182]

Имено, системските причини за диспаритетот на цените, според повеќемина економисти, лежи во следново: недејствување на цената на капиталот; ниската цена на работната сила; немањето на институционализирана цена на природните ресурси, како последица од идеологијата која не ја признаваше природната рента. Поради тоа, калкулацијата на трошоците на производството не содржеше трошоци на природните ресурси. Со тоа политиката на цени не може да ја оцениме како функционална.

По осамостојувањето на РМ дојде до натамошна либерализација на цените, од што беа исклучени само цените на монополските производи.

#### 2.1.1.1.4. Надворешнотрговска политика

Надворешнотрговската политика е крајно значајниот дел на целокупната макроекономска политика. Преку надворешнотрговската размена се обезбедуваат стоки и услуги кои самата таа не може да ги произведе или за вакво производство нема ресурси, производни капацитети или стручност, или би ги произведувала по многу повисока цена; порационално економско однесување; тежнеење за подобар квалитет. Конкуренцијата на

---

[181] *Ibid.*, 47-57.

[182] *Ibid.*

странските производи и услуги не дозволува домашните производи и услуги да тендираат кон нерационално високи цени. Сумарно и просто кажано, првата развојна предност од надворешнотрговската размена значи поголемо, а втората поевтино производсво.

Во овој дел ќе бидат изложени согледувањата на економската наука, поткрепени со аргументи, дали надворешнотрговската политика обезбедуваше релативно висок степен на вклученост на југословенското, потоа и на македонското стопанство во меѓународната поделба на трудот, понатаму дали постоеше урамнотеженост меѓу увозот и извозот, бидејќи поголемиот надворешнотрговски дефицит би бил потенцијална опасност за идниот развој на определена држава, понатаму, дали постоеше сразмерна девизна распределба меѓу републиките и покраините и отвореност на југословенското, а со тоа и на македонското стопанство кон светските стопански трендови, што би значело негова флексибилност кон различните промени на светскиот пазар на производи и услуги.

Платно-билансната ситуација во Југославија во 70-тите и во 80-тите години минуваше низ три фази. Во седумдесеттите се продлабочуваше платно-билансната нерамнотежа, имаше кумулирање на надворешниот долг и влегување во критична зона на задолженост и на економска ликвидност.

Периодот 1981-1985 година се карактеризираше со криза и со изнудување на ригорозни мерки за надворешно прилагодување како задоцнето реагирање на неповолните надворешни околности, како што беа неповолните енергетски и технолошки трендови, редуцирањето на кредитирањето на задолжените држави и високите камати. Втората половина на 80-тите години носеше нови тенденции кои требаше да се постигнат преку интегрални и преку ефикасни мерки на економската политика.

Дефицитот на надворешната трговска размена се подигна од 1,7 милијарди долари во 1973 год. на 6.1 милијарди долари во 1980 год.

Можеме да набројуваме многу причини за влошените надворешно-економски текови. Надворешните фактори што влијаеја врз неповолниот развој на околината беа: зголемување на цената на нафтата за четирипати

во 1973/ 1974 год. и за двапати во 1979/1980 год., нестабилноста на клучните валути, рецесивните состојби и протекционизмот на развиените индустриски земји на запад, забраната на меѓународната трговија и сл. Значајна улога имаа и внатрешните фактори. Имено, подолго време беше одржувана стратегијата за екстензивен развој и запроизводство насочено кон потребите на домашниот пазар, придружено со инфлација и со надворешно задолжување со цел да се покријат недостасувачките средства за многу широкиот фронт на инвестиции и за предимензионираната домашна потрошувачка. Системските решенија беа неповолни за платно-билансната ситуација.

Платно-билансните позиции на републиките и на покраините значеа нивни заокружени биланси на плаќање, односно регионализација што овозможуваше оптимална алокација на девизни средства со многу нееднакви услови на стопанисување на подрачјата на републиките, односно на покраините.

Примена на принципот девизите да припаѓаат на ОЗТ-ата, кои ги остваруваат во услови на девизен дефицит, создаваше големи економски проблеми. Тоа доведе до крајно нееднаква положба на стопанските ОЗТ во здобивање со девизи, до големи девизни уцени, односно до продажба на девизи по повисок курс и под притисок на политичките фактори, до девизна регионализација.[183]

## 2.1.1.2. Макроекономската политика во Република Македонија во овој десетгодишен транзициски период

Веднаш по осамостојувањето, мерките на макроекономската политика беа насочени кон либеризација на цените и на надворешната трговија, односно кон пазарно формирање на цените и на девизниот курс, што пре-

---

[183] Богоев Ксенте, „Платно билансно прилагодување на Југославија", *Југословенско банкарство*, бр. 10, Београд 1985, 46-49.

дизвика пораст на општото ниво на цените. Одржувањето на воспоставената микроекономска стабилност условува релативно висока стапка на економски развој, намалување на невработеноста и зголемување на животниот стандард на населението. Преку рестрикции од страна на побарувачката, високата инфлација беше навреме и брзо неутрализирана. Рестриктивната монетарна и финансиска политика, редукциите на банкарските пласмани и политиката на плати резултираат со макроекономска стабилност, која сè уште се одржува.

Основната насока на макроекономската стабилност се согледува во ниската стапка на инфлација, во стабилниот девизен курс и во нискиот буџетски дефицит кој во просек се движи околу 2 % од БДП на земјата.

Тенденцијата за одржување на ниска стапка на инфлацијата е оправдана. Меѓутоа, тука мора да се земат предвид и некои битни економски законитости коишто укажуваат на некомпатибилноста на одржувањето на ниската стапка на инфлација со истовремено намалување на невработеноста. Економската теорија потсетува дека на краток рок „компромисот“ за ниската стапка на инфлација ја условува високата стапка на невработеност и спротивно – ниската стапка на невработеноста кореспондира со високата стапка на инфлацијата.

Во периодот од 1989 до 1993/4 година, којшто е познат како период на формирање на пазарната економија во Република Македонија, не можат да се извлечат некои позначајни логички заклучоци за врската меѓу движењето на стапката на невработеноста и инфлацијата. Меѓутоа, со процесот на јакнење на пазарната економија, од 1995 година наваму, како последица од политиката за намалување на стапката на инфлација можеме да констатираме дека имаме постојан пораст на невработеноста во државата. Очигледно е дека креаторите на макроекономската политика предност даваат на одржувањето на ниска стапка на инфлацијата, што, секако, од аспект на социоекономската сигурност на граѓаните, е дискутабилно решение, особено ако се знае дека на тој начин се зголемува бројот на сиромашните граѓани. Притоа не треба да се заборави дека растечката невработеност е резултат и на ред други економски и неекономски фактори.

Рестриктивната монетарна политика, односно политиката на редукција на понудата на пари, резултираше со пораст на цената на капиталот, односно со пораст на каматните стапки, што директно се одрази на инвестициската активност во економијата ( види Табела 34).

Табела 34: Движење на каматните стапки (во проценти на годишно ниво).

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1990 |
|---|---|---|---|---|
| Активни реални каматни стапки | 18,8 | 16,1 | 20,1 | 21,6 |
| Пасивни реални каматни стапки | 9,3 | 6,9 | 10,8 | 12,6 |
| Каматни маргини | 9,8 | 9,6 | 9,4 | 9,0 |

Извор: Административни извори на Народна банка на Република Македонија.

Високите каматни стапки се резултат на малата ефикасност и конкурентност на банкарскиот систем.

Во услови на монетарна политика заснована врз девизниот курс како номинално средство, високите каматни стапки се користат и за одржување на стабилноста на девизниот курс, преку влијанија врз степенот на валутната супституција и на приливот и одливот на капитал.

Девизниот курс се одржува на ова ниво од април 1997 година, кога се случи последната девалвација на денарот. Флуктуациите на девизниот курс на денарот во однос на германската марка, во периодот по девалвацијата, се големи и се резултат на психолошки фактори, на исплата на заостанати пензии, на регреси за годишни одмори, на исплата на заробени девизни штедни влогови, на кризата во регионот и сл. Сите наведени и други фактори резултираа со зголемена побарувачка на девизни средства, што услови притисок врз девизниот курс на денарот во правец на негова депрецијација. Развојните амбиции ја наметнуваат потребата од поголема флексибилност на девизниот курс. Со оглед на фактот дека македонската економија е мала и отворена, со недоволно развиен финансиски систем, можеби најповолен би бил фиксниот но приспособлив паритет на националната валута, кој би се движел во зоната на дозволени флуктуации 5-7 %, што би овозможило пофлексибилна монетарна и воопшто макроекономска политика.

Освен изразената внатрешна нерамнотежа, што се гледа во високата стапка на невработеноста, македонската економија се соочува и со хронична надворешна нерамнотежа изразена преку високи платно-билансни дефицити. Во 1999 год. значително се намали дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќање. Тој во однос на 1998 год. е понизок за 55,7 % (во 1998 год. изнесуваше 8,5 %, а во 1999 год. 3,9 %).

Поради кризата во регионот, во 1999 год. е регистрирана намалена надворешнотрговска размена за 7,0 %, што е резултат на намалувањето на извозот и на увозот на стоки за 7,8 %, односно за 6,4 % респективно. Како резултат од тоа се намали покриеноста на увозот со извоз од 68,5 % во 1998 год. и се сведе на 66,4 % во 1999 год. Влошената состојба во надворешнотрговската размена се одрази и на севкупноста на увозот каде што доминираат производите за репродукција со 63,0 % од вкупниот извоз, што во однос на 1998 год., поради падот на индустриското производство, значи намалување за 1,9 %. Особенои загрижува високиот процент од вкупниот извоз, од стоките за широка потрошувачка (22,4%), како и нискиот процент на средствата за работа (14,1 %). Последниве само ја потврдуваат ниската стапка на инвестиции, односно недоволната развојна компонента во економијата.

Надворешниот долг на Република Македонија кон крајот на 1999 год. изнесуваше 1494 милиони $ и, споредено се претходната година, бележи пораст за 2,7 %. Во структурата на долговите доминираат среднорочните и долгорочните кредити на кои отпаѓаат 96,3 % од вкупните долгови.

Ваквата состојба се објаснува преку екстремните фактори на рестриктивната монетарна политика, која, сакајќи да постигне стабилност на цените, резултираше со намалување на економската активност, што, пак, наметна потреба од супституирање на домашното производство со увозот. Поради фактот што мал дел од вкупниот увоз е наменет за средства за производство, одливот на девизни средства е неизбежен, а тоа наметнува потреба од задолжување.

Што се однесува до буџетот на државата, тој во последниве неколку години бележи мал дефицит. Буџетскиот дефицит во потполност одговара

на темпото на економската активност во државата, и е комбиниран во критериумите поставени со Мастришкиот договор (3 % од БДП). Во 1997 год. дефицитот изнесуваше 1,8 % од БДП, во 1998 год. 2,1 %, а во 1999 год. е постигната избалансираност на буџетот, но врз вкалкулираните трошоци за бегалците и структурните реформи, при што буџетот покажа суфицит. Иако проекциите за јавната потрошувачка за 2000 год. упатуваат на натамошно одржување на низок буџетски дефицит, кон крајот на 2000 год. е остварен суфицит на буџетот на државата од околу 400 милиони германски марки. Со оглед на фактот што од 1 април 2000 год. започна функционирањето на ДДВ, остварениот буџетски суфицит, сметаме, претставува резултат од тој данок и од високите акцизи. Овие околности несомнено влијаеја на и онака слабата активност на земјата.

Исто така, неповолна е структурата на јавните расходи. Во структурата на буџетските расходи доминираат трошоците за плати и за социјални трансфери. Вработените во јавната администрација на име на плата и надоместоци апсорбираат 33,2 % од вкупните буџетски расходи, а високата невработеност е причина за високиот процент од буџетските расходи наменет за социјалните трансфери (38,1 %). Како резултат на тоа се јавува потреба за реформи во јавната администрација.

Малиот обем на капиталните расходи, исто така, е значаен момент за макроекономската политика во државата, бидејќи од него зависи развојната ориентација на буџетот, како и создавањето поволна клима за функционирање на приватниот сектор. Капиталните расходи бележат минимално учество од 5 % во вкупните буџетски расходи, односно 2 % од БДП. Со цел да се поддржи инвестициската активност на приватниот сектор, со инвестирање во инфраструктурата, многу истражувања ја истакнуваат нужноста од зголемување на учеството на капиталните расходи во вкупните јавни расходи на ниво од околу 4 % од БДП.

Треба да истакнеме дека, и покрај пренагласеното значење на стабилизациските компоненти на макроекономската политика, таа резултираше со понизок економски растеж од очекуваниот.

Имајќи ги предвид досегашните остварени резултати во поглед на зголемувањето на економската активност, можеме да констатираме дека со досегашните проекции перманентно се преценува моќта на македонската економија. Имено, повеќе од една деценија македонската економија нема постигнато повисока стапка на реален пораст на БДП од 3 %.

Секој економски растеж, па и економскиот растеж на Република Македонија се темели врз очекуваниот пораст на ивестициската активност. Во услови на постоење на огромен јаз меѓу потенцијалниот и реалниот БДП, што значи недоволна искористеност на постоечките производствени капацитети и работната сила, многу е тешко да се определи реалната стапка на пораст на инвестициската активност, односно процентот на учеството на инвестициите во БДП, којашто би била оптимална за континуиран растеж на економијата.

На крајот би можеле да заклучиме дека реализираната макроекономска политика не придонесе за пораст на животниот стандард на граѓаните во Република Македонија. Таа обезбеди само нивно своевидно „преживување", а не и човеков развој, така што можеме слободно да тврдиме, врз основа не изнесените податоци,[184] дека е оправдана поставената хипотеза – во овој транзициски период недоволно се развиени развојните компоненти на РМ.

Како што е општо познато, економската наука, во целиот период по Втората светска војна па до денес, како индикатори за стопанскиот развој и за нивото на економска развиеност ги користи веќе анализираните индикатори во претходниот текст (националниот доход, односно општествениот производ per capita, индикаторите за цените, инвестициските стапки, стапката на вработеност и невработеност, процентите на лична, на јавна и на инвестициска потрошувачка и сл). Во изнесената анализа укажавме на влијанието на една група индикатори според кои може да се забележи нивото на економската развиеност. Заклучокот е очигледен: РМ

---

[184] Сите изнесени податоци се преземени од соодветните институции што се занимаваат со изнесениот проблем: Министерството за развој, Народната банка, Државниот завод за статистика.

во анализираниот период, анализирана врз основа на индикаторите за човековиот развој[185] спаѓа во државите со среден човеков развој. Анализата на индикаторите за економски развој покажува дека БДП од 1991 до 1995 год. бележи постојано опаѓање, а благо зголемување се забележува од 1996 до 1999 год.[186] Доколку се има предвид индексот на трошоците за живот во анализираниот период (1990-1999), кој бележи постојано зголемување, а индексот на реалните нето плати опаѓа,[187] тогаш ни станува сосема јасна сликата на благото покачување на БДП од 1996 година наваму. Анализата на структурата на индивидуалната и на јавната потрошувачка[188] одат во прилог на тезата дека во РМ во транзицискиот период имаме неповолен економски развој. Причините за неповолниот економски развој веќе ги изнесовме при анализата на макроекономската политика. Имајќи ја предвид комплексноста на проблемот (сиромаштијата) и желбата да се разоткријат причините за зголемувањето на бројот на сиромашните, со цел да се проверат поставените хипотези, ќе направиме анализа и на микроекономската политика.

## 2.1.2. МИКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

За појасно да ја сфатиме поврзаноста на промените на микро планот, прво ќе се осврнеме на правото на работа, потоа ќе укажеме на состојбата со вработеноста и со невработеноста. Во тој контекст ќе укажеме и на моделот и на начинот на приватизација, како и на ниските и нередовни плати во Република Македонија.

---

185 Види Табела 1.

186 Види Табела 7.

187 Види Табела 8.

188 Види Табела 11.

#### 2.1.2.1. **Право на работа**

Секоја држава би требало да обезбеди егзистенцијален континуитет за сите граѓани на својата територија. Во однос на работоспособниот дел од своето население, таа го постигнува тоа преку санкционирање на правото на работа.

Ова право значи перманентна грижа на државата да му обезбеди работа на поединецот или, во случај на оневозможеност, да му обезбеди надомест за невработеност. Притоа секоја држава тргнува од своите можности и сфаќања, и тоа го постигнува на разни начини. Во некои случаи таа обезбедува вработување преку јавни работи, во други дополнително инвестира во стопанството, во некои случаи таа административно ги вработува луѓето, во други таа само доделува надоместок врз основа на невработеност итн. За да добиеме појасна слика за правото на работа во транзицискиот период, ќе направиме обид да го анализираме тоа право и во претходниот систем, од каде што јасно ќе ги забележиме причините за осиромашувањето во овој транзициски период.

Во целиот повоен период во Југославија (со тоа и во Македонија) правото на работа беше уставно и законски регулирано. Во првиот повоен период тоа беше сфатено во апсолутна смисла, односно како право секое работно активно лице веднаш по пријувањето за работа да ја добие, со што се стигнуваше до полна вработеност. Значи, државните органи кои имаа големи управувачки ингеренции спрема економските субјекти ја имаа обврската за вработување.

Во текот на педесеттите години, а особено по стопанската реформа (1965 год.), со давање на поголема стопанска самостојност на стопанските субјекти се промени и односот на државата кон вработувањето. Во овој период државата административно не вработуваше; значи, дозволуваше невработеност. Сепак, сфаќајќи го ова право како многу значајно од многу аспекти (економски, социјални, психолошки итн.), таа најпрвин му даде уставен третман.[189]

---

[189] *Устав на СФРЈ*, чл. 159; *Устав на СРМ*, чл 210.

Понатаму, државата се обидуваше да го реализира тоа право на повеќе начини: нормативни и практични. Прв во овој контекст би го навеле инвестицискиот начин на вработување. Втор начин на вработување беше исто така преку инвестиции кои беа остварувани преку јавни заеми, односно преку средства што граѓаните ѝ ги ставаа на државата.[190]

Покрај овие, постојат и административни начини за остварување на правото за работа. Така, законот за приправници[191] ја задолжуваше секоја ОЗТ да прими одреден број приправници секоја година, сразмерно со бројот на вработените лица. Повремено беше практикувано вработување на незаконски начин преку општествени акции за вработување, кога државата им наложуваше на организациите да примат одреден број лица, кои по правило подолго време чекаат вработување, без притоа тие да искажуваат потреба од таков кадар.

Во периодот кога невработеноста стана голема, со цел да се заведе ред при вработувањето, беа донесени критериуми за приоритет при вработувањето, како дел од законската регулатива.[192] Од моментот кога лицето ќе се вработи, организацијата беше должна да го почитува неговото право на работа, што законски беше регулирано. Во овој контекст на невработените им се обезбедуваше одреден надоместок во одредени ситуации, што почна полека да го оптоварува буџетот. Во овој период беше евидентен напорот на општествената заедница да не дозволи пропаѓање на неуспешните стопански субјекти, меѓу другото, и заради задржување на нивото на вработеноста.

Од изнесеното може да се извлече заклучок дека правото на работа беше остварувано на најразлични начини, во кои беа испреплетени економски, политички и социјални мотиви. Секако, многу тешко е да се определи колку лица биле вработени со економски, а колку со социјални или со административни мотиви. Бројот на вторите не беше мал, но административните вработувања создадоа битни економски проблеми, што се состоеја

---

190 „Закон за заем за вработување", *Службен весник на СРМ*, 46/1986, Скопје.

191 *Службен весник на СРМ*, 13/1978 , Скопје.

192 „Закон за вработување", *Службен весник на СРМ*, 32/1987, Скопје.

во следново: тие претставуваа непродуктивен трошок на организацијата (превоз, потрошен материјал итн.), кој заедно со исплатата на личните доходи на превработените битно ја подигнуваше цената на конкретните производи и ја намалуваше конкурентската способност на стопанските субјекти; второ, законската обврска да го задржува технолошкиот вишок, и законската обврска да прими приправници, како и разни акции за вработување ги ставаа организациите едни во однос на други во нерамномерна положба – сите не го поднесуваа подеднакво социјалниот товар.

Оценувајќи го изнесеното, се наметнува заклучокот дека правото на работа не беше соодветно реализирано, односно на сметка на социјалните ефекти беа жртвувани значајни економски содржини. Ова беше значаен фактор што партиципираше во неефикасноста на целокупниот општествен систем.

Во транзициskиот период на овој план се случија извесни промени: се укина задолжителниот прием на приправници; второ, веќе не се спроведуваат општествени акции за вработување; и трето, кон технолошкиот вишок законодавството пројави амбивалентен став. Имено, амандманот X од Уставот на СФРЈ пропишуваше дека на работникот не може да му се прекине работниот однос ако поради технолошки или други унапредувања престане потребата од неговата работа во конкретната организација додека не му се обезбеди друго работно место кое одговара на неговите работни способности или додека на друг начин не му се обезбеди правото на работа. Македонскиот Устав (амандман 13) имаше слична дефиниција по ова прашање. Разработка на статусот на технолошкиот вишок наоѓаме во законската регулатива. Сојузниот закон за основните права од работниот однос велеше дека на работникот кој претставува технолошки вишок не може да му престане работниот однос доколку не му се обезбеди едно од следниве права: право на работа во друга организација, односно кај работодавец на работно место што одговара на неговите работни способности; второ, право на преквалификација или на доквалификација за работа на друго работно место во истата работна организација или во друга работна организација; следно право е правото на докупување на стажот ако му не-

достасува до пет години пензиски стаж за остварување на правото на самостојна пензија; четврто, право на еднократен надомест во вид на испратнина во височина од најмалку 24 просечни лични доходи на работниците во организацијата остварени во тримесечјето во кое остварува право на испратнина, ако писмено изјави дека сака да му престане работниот однос и дека со тие средства трајно го решава своето натамошно работно ангажирање (чл. 21). Според републичкиот Закон за работни односи, работникот можеше да го добие економскиот надоместок само ако го користи за: самостојно вршење дејност со личен труд; земјоделска дејност; трето, за засновање работен однос во друга организација, односно кај работодавец со вложување и со здружување средства; и ако на друг начин трајно го решава своето вработување (чл. 16).

Работникот кому не му беше обезбедено едно од претходно наведените права имаше право на паричен надомест најмалку во височината на загарантираниот доход, додека не се стекнат условите за остварување на тоа право, а најдолго две години (Сојузен закон, чл. 21). Но републичкиот закон велеше дека работникот на кого работниот однос му престанал по истекот на времето за кое остварувал паричен надомест следните две години има предност при вработување во организацијата, односно кај работодавецот каде што му престанал работниот однос (чл. 18).

Ако се осврнеме на последниве одредби на сојузниот и на републичкиот закон, ќе забележиме амбивалентност, затоа што, според сојузниот закон, по истекот на времето одредено за прием на паричен надомест, работникот се здобива со едно од претходните права (одење во друга организација, преквалификација итн.), а според републичкиот го губи статусот на вработен. Инаку, републичкиот закон ја обврзува организацијата, односно работодавачот во ваков случај да подготви програма за обезбедување на правата на работникот, за што задолжително се известува синдикатот.

Ваквата состојба, во услови на толкување на законски одредби од претходниот период, создава можности за манипулации од страна на раководните кадри во претпријатијата, кои се на штета на оние со пониско

образование и со несоодветно занимање, што директно условува намалување на и онака нивните ниски приходи.

Подоцнежниот транзициски период (1993-1996 год.) донесе нови промени на овој план. Според новиот Закон за работни односи, ставот на законодавецот врз основа отпуштање на работници со отказ поради економски, технолошки, структурни или слични промени веќе беше недвосмислен – тие можеа да бидат отпуштени и без нивна согласност. Според мислењето на отпуштените работници,[193] најчесто се отпуштаат членовите на опозициската партија на која ѝ припаѓа директорот; оние кои не се полтрони; оние кои не се пријатели и роднини на директорот; оние кои не можат да го потплатат или да му ветат некоја услуга на директорот. Резултатите од квантитативната анализа ни укажуваат на поинакви резултати. На прашањето кои работници најчесто се отпуштаат резултатите се: 3,17 % од испитаниците сметаат дека се отпуштаат членовите на опозициската партија на која припаѓа директорот; 1,42 % сметаат дека се отпуштаат оние кои не се полтрони; 1 % од испитаниците сметаат дека се отпуштаат оние кои не се пријатели или роднини на директорот; 1,33 % сметаат дека се отпуштаат оние кои не можат да го потплатат или да му ветат некоја услуга на директорот; 1.25 % сметаат дека се отпуштаат лицата со долг работен стаж; 3 % сметаат дека се отпуштени оние што се најслаби работници; 3 % сметаат дека се отпуштени оние на кои нужно им се укинува работното место поради технолошки или економски промени; 13,84 % сметаат дека не се отпуштаат работници; додека останатите не одговарале бидејќи не биле вработени.[194] Меѓутоа, стечајните работници (31) од истото истражување го делат претходното мислење.

Секако, определен број механизми за заштита на работниот статус постоеја и во најновото законодавство, а тие се состоеја во следново: рабо-

---

[193] Од вкупниот број анализирани (431) работници кои се отпуштени од работа, 45 се од примерокот за квалитативна анализа, 31 од анкетираните во проектот *Социјална исклученост на граѓаните на РМ*, 355 лица се анализирани од податоците од квалитативната анализа спроведена во 1998 год. во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

[194] Со оглед на недоволноста и на несоодветниот опфат на анализираните единици, имаме одредена доза на сомнеж за вистинската слика за појавата.

тодавецот, пред да се одлучи да отпушти работници со отказ поради економски, технолошки или други структурни промени, беше должен претходно да ги информира работниците и синдикатот за ваквите промени и за нивните последици во поглед на намалувањето на работниците, односно за тоа колкав број и каква структура на работници би била опфатена со тие промени, како и што би било преземено да се ублажат последиците од таквите промени; второ, работодавецот беше должен да ги извести работниците на кои ќе им престане работниот однос најмалку шест месеци пред тоа да ја извести за ваквата одлука службата надлежна за посредување при вработување. Работодавецот беше должен да преземе мерки заради ублажување на негативните последици од престанокот на работниот однос, а особено да го ограничи бројот на нови вработувања; да утврди намалување на бројот на вработените со цел да се овозможи природен одлив на работната сила; внатрешно распределување на работниците, ограничување на прекувремената работа, скратување на работното време. Во овој контекст, најголем процент (92,1 %) од отпуштените работници велат дека за престанокот на работниот однос[195] дознале најмногу една недела пред да бидат отпуштени. Во однос на ограничувањето на прекувременото работење, вработените во приватниот сектор се жалат дека работат навистина прекувремено, а приходите им се ниски.[196] Овој податок ни дава право да судиме дека не се почитуваат одлуките.

Сепак, и покрај сите напори да се задржат вработените на своите работни места, доколку се укажеше потреба од затворање на определени работни места, работодавецот имаше право да отпушти работници, под претпоставка да задоволуваше еден од наведениве услови: да ги вработи своите работници кои стануваа вишок во неговата организација кај друг работодавец без огласување на работните места, доколку тие одговараат на нивната стручна подготовка, односно со квалификациите; да обезбеди стручно оспособување, преквалификација или доквалификација кај дото-

---

195 Од вкупно 431 работник, 397 се известени непосредно пред да бидат отпуштени.

196 За овој проблем пошироко во делот за платите.

гашниот или кај друг работодавец; и да му исплати еднократен надомест во вид на испратнина во височина од едномесечна плата на работникот за секои две години работен стаж, а најмногу дваесет месечни плати. Анализата и тука зборува за неспроведување на пропишаните одредби. Имено, најголемиот дел од работниците останале дома – под бирото за вработување; само 49 (11,4 %) од работниците се вработени на нови работни места. Меѓутоа, поголемиот број од нив имаат земено „24 плати" (88,6 %).

Последно во овој контекст беше правото на работникот, на кој му престанал работниот однос, на приоритет при вработување кај работодавецот доколку во период од две години работодавецот би имал потреба од работник со иста стручна подготовка. Само како поткрепа (негативна), 49-те работници не се вработени по изнесената основа, туку по сопствени канали (врски).

Доколку работодавецот се одлучи да прогласи работник за технолошки или за економски вишок, тој треба да ги почитува критериумите што определуваат кој работник има предност да го задржи своето работно место, содржани во Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија. Тоа беа следниве критериуми: потреба за ефикасно функционирање на работата на работодавецот; стручна подготовка и квалификација; работно искуство; успешност во работењето; вид и значење на работното место; работен стаж; возраст; социјално-економска состојба. Значи, интерната регулатива предвидуваше лицата со поголем вкупен број бодови да ги задржат своите работни места. Доколку едно лице изгубеше работа, тоа добиваше паричен надомест за невработеност 3-24 месеци во зависност од стажот на осигурување, а со повеќе од 25 години стаж на осигурување паричен надоместок му се исплатуваше од неговото ново вработување или пензионирање. Овој надомест не беше противречен со испратнината (значи, се добиваше и покрај добиената испратнина) и изнесуваше 50 % од аконтацијата на просечниот личен доход на невработенит за последните три месеци, а најмалку 80 % од височината на загарантираниот личен доход во Републиката. Невработените беа и здравствено осигурани, а беа и пензиски осигуреници додека го примаа паричниот надомест.

Потоа, доколку немаа други приходи, беа опфатени со програмата за социјална заштита на населението. Грижата за оваа категорија работници го оптоварува и онака малиот буџет на државата.

Значи, во последниов период оние административни методи за вработување се напуштија, полека отстапувајќи им место на поекономските тенденции во остварувањето на ова право, што се согледува преку воведувањето на испратнината, која претставува почетен или дополнителен капитал за приватното претприемништво. Сепак, самиот факт што од општествено препријатие се бара да обезбедува и да финансира начини за остварување на правото на работа на својот технолошки вишок, што му одзема значителен дел од неговата енергија и ја намалува неговата економска моќ, а имплицитно сепак подразбира задржување на голем дел од технолошкиот вишок, укажува на тоа дека сè уште е силен социјалниот момент во стопанисувањето на претпријатијата што ја трансформираат својата сопственост. Ова предизвикува две негативни последици; првата лежи во тоа што неговата ослабена економска моќ му ја намалува конкурентската способност, особено во однос на странските стопански субјекти, со што се влошуваат развојните перспективи бидејќи сме увозно зависни и во поглед на нови сознанија и во поглед на нови технологии и во поглед на енергетски суровини; втората лежи во тоа што општествениот сектор го става во инфериорна конкурентска позиција и во однос на приватниот сектор кој најчесто нема технолошки или економски вишок. А тоа стопанисување под нееднакви услови не создава реални претпоставки за водење успешна макроекономска политика, односно ги замаглува критериумите за оцена на успешноста на стопанските субјекти, што е од значење на натамошното економско процесирање.

Од друга страна, и отпуштањето поради економски, технолошки, структурни, и други промени не изгледа дека би ја постигнало својата цел. Првата причина за ваквото тврдење произлегува од фактот што трошоците за работната сила во претпријатијата, според службата за платен промет, изнесуваат 12 % од вкупните трошоци на работењето, додека најголем дел од остатокот го создаваат трошоците за резерви, за камати на

земени кредити и за материјални трошоци. Втората причина за наведеното тврдење би произлегла од околноста што отпуштањето на вишокот работници би овозможило помали непродуктивни одлевања на капиталот на конкретно претпријатие, но само доколку притоа бидат отпуштени непродуктивните работници со што би се намалила погонската и креативната сила на претпријатието, односно неговата конкурентска моќ. Индикациите сепак одат во оваа насока. Имено, ако се анализира општиот колективен договор што е преточен и разработен во речиси секоја самоуправна регулатива, предност да го задржат своето работно место имаат лицата со подолг стаж и со поголема возраст. Значи, најголем број бодови во борбата за опстанок добиваат најстарите поединци, а најмал број најмладите. Податоците што ги истакнавме не зборуваат дека отпуштањата од работа се од тој профил. Општо е познато дека најголем ентузијазам за работа имаат најмладите, при што и искуството од 5, од 7 или од 8 години е доволно големо да се познава технологијата на работата. Со тоа примената на овие критериуми значи елиминација на еден погонски слој во организацијата. Другите критериуми формално упатуваат кон тоа предност да му се даде на подобриот работник, односно на оној работник што врши работа во поголем обем, односно ако ја врши поквалитетно и побрзо. Но тука се наметнува проблемот на немање критериуми за вреднување на работниот учинок. Во таков контекст при долгогодишната негативна селекција на раководен кадар има индикации  дека прво недостасуваат сознанија кај раководниот кадар за реално вреднување на работниот учинок, а уште помалку интерес да се задржат подобрите поединци, бидејќи постои прикриена или отворена конфликтност меѓу квалитетните работници и неквалитетниот раководен кадар кој ги дезавуира нивните напори. Со тоа е повеќе од очигледно дека подобриот дел од кадарот би ги изгубил своите работни места. На тој начин колективите во оваа фаза на транзиција се во опасност да ја влошат својата положба од кадровски аспект.

Значи, реализацијата на правото на работа од една страна претставува социјален товар, а од друга страна во себе содржи латентна опасност да го влоши кадровскиот состав на општествените претпријатија или на

оние што се во процес на трансформација на нивната сопственост, па, со оглед на големината и на сеопфатноста на стопанските активности на овој сектор, реализацијата на наведеново право и понатаму останува еден од значајните фактори на економската криза.

### 2.1.2.2. **Приватизацијата**

Денес општоприфатливо е мислењето дека приватизацијата е процес од глобален карактер, кој започна во Велика Британија и во САД кон крајот на 70-тите години и се прошири во други држави од развиениот свет, како и во низа земји во развој, вклучувајќи ја и нашата земја. Заедничко за сите подрачја во светот каде што приватизацијата зела замав е тоа што се настојува да се намали улогата на државата во стопанството и да се ограничат нејзините социјални функции, а за сметка на ова да се зголеми улогата и значењето на пазарните механизми и на приватниот сектор.

Во најширока смисла, со овој термин (приватизација) се означува трансферот на средствата и на контролните функции од државниот, односно од јавниот (општествен) кон приватниот сектор.[197] Честопати, кога станува збор за промените на сопственичката структура во стопанството, од страна на најголемите поборници за започнување на процесот на приватизацијата беа употребувани термините *реприватизација* па дури и терминот *денационализација*. Во нашата замја поголемиот дел од општествената сопственост е настаната по оригинерен а не по дивергентен пат, односно не се изведе од приватна сопственост по пат на национализација. Оттаму терминот *реприватизација* е неприфатлив за наши услови. Исто така, терминот *приватизација* по својата суштина се разликува од терминот денационализација, кој од своја страна означува враќање на средствата и на контролните функции на некогашните сопственици.

---

[197] Славевски Трајко, *Македонската економија во транзиција*, Институт отворено општество, Скопје 1995, 18.

Денес во литературата можеме да забележиме повеќе дефиниции за приватизацијата. За потребите на овој труд цениме дека не треба да посветуваме особено вниманиее на нив. За нас е прифатливо мислењето на Т. Славевски,[198] кој од различните и многубројни дефиниции за приватизацијата извлекува четири заеднички основни компоненти што го сочинуваат овој процес:

- приватизација на финансирањето на одделни услуги чие производство и натаму останува во јавниот сектор;
- приватизација на производството на одделни услуги чие финансирање и натаму е во надлежност на јавниот сектор (обично по пат на оданочување), како на пример, т.н. договор за дело или контрактирање. Притоа приватни претпријатија вршат одредени услуги за јавниот сектор, како на пример, перење и подготвување храна за државни болници, училишта и слично;
- денационализација сфатена како продажба на јавни претпријатија и како трансфер на функции од државата на приватниот сектор во врска со ова и
- либерализација во смисла на делумно или на потполно укинување на нормативните прописи кои му биле пречка на приватниот сектор за влегување во одредени дејности и за настап на пазарите за чие снабдување претходно јавниот сектор имал ексклузивно право.

Анализата и практиката од досегашните приватизации во светот покажа дека за зголемување на економската ефикасност на макро и на микро план влијае и зголемениот степен на конкуренција, а не само менувањето на формата на сопственоста од државна (односно јавна) во приватна. Исто така, не можеме да тврдиме дека со приватизирањето неминовно ќе следува економски напредок во државата. Досегашните емпириски истражувања направени во одделни земји зборуваат дека не мора секогаш да му се дава предност на приватниот сектор кога зборуваме за рентабилноста во работењето. Така, на пример, државниот сектор е поефикасен во

198 *Ibid.*, 18.

производството и во дистрибуцијата на електрична енергија во САД, додека приватниот сектор е поефикасен во вршењето на комуналните услуги. Имаме и друг пример – кога и државниот и приватниот сектор оперираат речиси на идентично ниво на економска ефикасност – со државните и приватните железници во Канада. Примерите само ја скратуваат можноста од генерализации.

Голем број држави излезот од длабоките кризи во кои се наоѓаат го бараа во радикалното и во брзото менување на видот на сопственоста, односно во приватизацијата на најголемиот број стопански субјекти во државата. Ова беше условено и од фактот што меѓународните и други финансиски институции помошта што требаше да ја дадат во земјите ја условуваа со јакнењето на приватниот сектор во овие држави.

Анализите на посериозните економисти упатуваат на заклучок дека на релативно зголемување на учеството на приватниот сектор во стопанството на сметка на секторот на државата, односно на општествената сопственост, може да се смета само на долг рок и дека сите обиди за промени на овие односи во релативно краток временски период би биле осудени на неуспех. Својот став го поткрепуваат со бројни тези, при што како позначајни би ги изделиле: непостоењето на развиени пазари на капитал и други финансиски институции; големиот број претпријатија кои работат со загуби; непостоењето на развиени пазари на капитал; сѐ почестото лимитирање на странски инвестиции; сѐ поголемиот отпор кон приватизацијата од страна на одделни слоеви во општеството (работничка класа, невработени и др.).

Во нашата земја, процесот на приватизација може да се подели на период пред донесувањето на Законот за опшествен капитал (јули 1990 год.) и период на примената на тој закон. Приватизацијата во првиот период беше спроведувана како узурпација на општествената сопственост, како кражба или како распределба надвор од законските норми. Тоа е период, како што вели И. Ацевски,[199] кога еден дел од „високите слоеви" се

---

[199] Ацевски И., *Општеството и човекот во транзиција*, Екопрес, Скопје 1995, 37.

стекна со солидна материјална основа, која во новите услови ќе им послужи да заземат добри стартни позиции во процесот на приватизацијата. Тие честопати ја злоупотребуваа својата власт и моќ за остварување на личните интереси. Прелевањето на општествениот капитал во приватна сопственост беше зачестена појава. Во новонастанатите услови, моќта на работниците во претпријатијата беше само формална. Општествениот капитал секојдневно се ограбуваше во услови на голема неправда.

Во новосоздадената клима, неизбежна беше потребата од промена на сопственичката структура.

Специфичноста на приватизацијата во Македонија започна со примената на Законот за општествен капитал, кој дејствуваше позитивно на психолошки план, но се покажа непродуктивен. За нас од особено значење е начинот како се спроведуваше тој закон, со кој речиси 1/5 од општествениот капитал се трансформира во акционерски.

Дилемата со сопственоста се чинеше дека е завршена со предавањето на „фабриките на работниците“. Фиктивно се плаќаше и на тој начин претпријатието стануваше сопственост на вработените. Неминовен беше подолг период за да се сфатат релевантните елементи на тој процес.

Приватизацијата во овој период се одвиваше децентрализирано и беше целосно препуштена на претпријатието. Како што истакнуваат некои научници, се работи за еден тип „самоприватизација“. Тука имаше голем простор за грабеж, кој остави зад себе многу нечесни работи. Цехот најскапо го платија вработените кои во хиерархијата на претпријатието беа најдолу.

Спроведувањето на приватизацијата според Законот за општествен капитал беше неселективно, како во поглед на големината на претпријатијата, така и во поглед на дејноста што ја извршуваат препријатијата. Најголемо беше учеството на големите претпријатија, кои имаа најголема монополска положба и можеа да функционираат како јавни претпријатија.

Особено голема неправда предизвика утврдувањето на вредноста на капиталот на претпријатието што се приватизира. Моделот кој ја изедначува вредноста на капиталот со книговодствената вредност, за сите

претпријатија, без разлика на големината и на успешноста е неприфатлив. Примената на Законот за општествена сопственост само ги озакони веќе применуваните незаконски постапки. Така се создаде привид на пазарно стопанисување.

Со идеја да се подобри ситуацијата се донесе Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Тогаш, практично, приватизацијата се најде на почеток. Со новиот закон се заговара концепт на автономна приватизација, што значи приватизација контролирана од државата (односно од Агенцијата за приватизација), за разлика од претходниот период кога приватизацијата на претпријатието остана надвор од доменот на државата, кога купувачот и продавачот беа ист субјект. Поради тоа што се работи за платена приватизација, проценката на капиталот ја вршат лица кои се овластени од страна на Агенцијата.

Во зависност од големината на претпријатието, понудени се следниве методи на приватизација: За малите претпријатија се предвидени два модела на трансформација: со откуп на претпријатието од страна на вработените и со продажба на идеален дел од претпријатието, при што е можен само еден избор. Во откупот на претпријатието учествуваат само активно вработените под еднакви услови. Се откупува најмалку 51 % од проценетата вредност на претпријатието. Делот што останува се пренесува на Агенцијата во вид на удел, за што има фиксна девиденда од 2 % годишно. Вториот метод се состои во продажба на идеален дел од претпријатието по пат на јавен повик и на непосредна согласност.

За средните претпријатија, освен веќе изнесените модели, Законот предвидува и уште еден модел – продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето со докупени 20 % од проценетата вредност на капиталот.

Трансформацијата на големите претпријатија е иста како и на малите. Разликата е во тоа што уделот за добивање на управувачки пакет се намалува на 10 %.

Одлуката за трансформација на претпријатието се остварува во согласност со Агенцијата, каде што се формира Одбор врз паритетна основа.

Основните резултати од процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал до 31.12.2000 година, според големината на претпријатијата, според секторите и според моделите на трансформација, се прикажани во текстот што следува.

Табела 35: Трансформација на претпријатијата по големина (состојба до 31.12.2000 год.).

| Големина | Број | Проценета вредност (во ДЕМ) |
|---|---|---|
| Големи | 253 | 3 194 818 199 |
| Средни | 313 | 885 959 013 |
| Мали | 1 050 | 404 061 835 |
| Вкупно трансформирани | 1 616 | 4 484 837 046 |
| Во процес | 126 | 154 674 388 |
| Вкупно | 1 742 | 4 639 513 434 |

Извор: Извештај за работењето на Агенцијата за приватизација за 2000 година.

Како што може да се забележи од Табела 35, до 31.12. 2000 год. во Република Македонија е извршена трансформација на вкупно 1616 претпријатија. Резултатите од процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал зборуваат дека учеството на малите претпријатија е најголемо (64,97 %), што е разбирливо и самото по себе. Проценетата вредност од вкупно трансформираните претпријатија изнесува 4 484 837 046 ДЕМ. Ако ги анализираме трансформираните претпријатија по сектори, ќе заклучиме дека најмногу се приватизирани претпријатија во индустријата (29,76 %), во градежништвото (24,93 %), во трговијата (20,97 %) итн. (види Табела 36).

Табела 36: Трансформација на претпријатијата по сектори (состојба до 31.12.2000 год.).

| Сектор | Број | Проценета вредност во ДЕМ |
|---|---|---|
| Индустрија | 481 | 2 844 085 872 |
| Земјоделство | 403 | 37 558 434 |
| Градежништво | 118 | 23 894 450 |
| Трговија | 339 | 48 797 993 |
| Транспорт | 52 | 774 355 |
| Финансии | 117 | 23 754 456 |
| Занаетчиство | 54 | 488 531 |
| Туризам | 58 | 174 411 17 |
| Вкупно | 1 616 | 4 484 839 046 |

Извор: Извештај за работењето на Агенцијата за приватизација за 2000 година.

Во извештајниот период, до 31.12.2000 год., доминира трансформацијата на малите претпријатија од земјоделството и од индустријата, при што најзастапени се моделите за продажба на идеален дел и за откуп на претпријатието (види Табела 37).

Табела 37: Трансформација на претпријатијата по модели (состојба до 31.12.2000 год.).

| Модел | Број | Проценета вредност во ДЕМ |
|---|---|---|
| Според закуп | 66 | 114 471 007 |
| Откуп од страна на вработените | 395 | 155 744 498 |
| Продажба на идеален дел | 143 | 555 760 565 |
| Преземање на управувањето | 240 | 1 393 931 819 |
| Закуп со откуп | 4 | 1 872 951 |
| Дополнително вложување | 25 | 169 726 428 |
| Пренесување на Агенцијата | 28 | 305 292 394 |
| Конверзија на побарувањата на доверителите во траен влог | 86 | 627 711 291 |
| Странски капитал | 155 | 49 400 052 |
| Приватен капитал | 135 | 67 280 369 |
| Ликвидација | 166 | 90 180 |
| Откуп | 173 | 1 043 557 493 |
| Вкупно | 1 616 | 4 484 839 046 |

Извор: Извештај за работењето на Агенцијата за приватизација за 2000 година.

Поради неможноста со повеќе индикатори да ја оцениме состојбата со приватизацијата,[200] ќе ги искористиме податоците за 126-те претпријатија кои се во процес на приватизирање, за да укажеме на еден момент кој има свое влијание врз осиромашувањето. Имено, 56 од проценетите претпријатија се во стечај, 11 чекаат решение од судот за да се трансформираат во стечај. За поголем број од останатите претпријатија се води повторна постапка, заради новата структура на капиталот утврдена од Управата за приходи, или се врши продажба на претпријатието на берза или е завршена приватизацијата во 2001 година.[201] Податоците само ни укажуваат на

200 Тешко може научно да се расветли приватизацијата како причина за сè поголемото осиромашување во републикава. „Фактот" што свесно се обезвреднува вистинската вредност на претпријатието што се приватизира како и недостапноста на информациите за бројот на вработените пред приватизацијата, според одредена структура и според состојбата со вработените по приватизацијата, создаде низа проблеми во истражувањето, барем за потребите на овој труд. Проблемот останува предизвик за некоја натамошна анализа.

201 Пресметано од податоците дадени во *Извештајот за работењето на Агенцијата во 2000 година.*

присутните нелогичности во процесот на трансформирање на претпријатијата од општествен во приватен сектор.

Една од сегашните реалности е фактот што трансформацијата на претпријатијата предизвика повеќе удари и шокови врз луѓето.

Рамка 2

> Изјава на една испитаничка: „Работев во ,Ангрокожа увоз-извоз'. Добро ни одеше работата додека не се даде можност да се приватизира претпријатието. Ние работниците многу не се разбираме во откупувањето на претпријатието. Постапуваме како што ќе ни кажат обично претпоставените. Како би можеле поинаку, кога тие можеа и тогаш да не отпуштат од работа. А тие есапот го правеле според нивна мерка. Сите ветуваaa се, а ветеното отиде по вода, а ние на улица. Што можам да работам сега на 49 години? Маж ми исто така е стечаец, од „Црвена ѕвезда".

Приватизацијата но и реформите спроведени во текот на овој транзициски период придонесоа да настанат големи социјални разлики. Во секоја голема општествена преобразба има „добитници" но и „губитници". Тоа се случува и во овој период на преструктуирање на стопанството. Основниот проблем во сегашниот период е тоа што губитниците се мнозинство, а добитници се само мал број. Големиот број невработени се зголеми со бројката на стечајните работници (види Табела 38). Речиси нема можности за нови вработувања. Опадна животниот стандард и квалитетот на живеење.

Табела 38: Број на стечајните работници, на технолошкиот вишок од работен однос и на технолошкиот вишок од загубарите во периодот 1997-2000 година (состојба во декември).

| | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 |
|---|---|---|---|---|
| Стечај | 25 738 | 17 283 | 8 536 | 7 542 |
| Технолошки вишок од работен однос | 13 479 | 15 336 | 17 135 | 19 899 |
| Технолошки вишок (загубари) | 6 512 | 6 020 | 5 512 | 6 127 |
| Вкупно | 45 729 | 38 639 | 31 183 | 26 778 |

Извор: Административни извори на Републичкиот завод за вработување.

Како што се забележува од табелата, се намалува бројот на стечајните работници (од 25738 во 1997 год. на 7542 во 2000 год.). Треба да се има предвид состојбата на веќе приватизираните претпријатија. Изразита е промената кај загубарите.[202]

Сосема оправдани се мислењата на (431) отпуштените работници дека „директорите ги доведоа фирмите да пропаднат за да можат евтино да ги купат".

Приватизацијата и обликувањето на стопанскиот систем во согласност со пазарните елементи на стопанисување имаат силно влијание врз социјалната сигурност на населението во Република Македонија. Резултатите од истражуањата одат во прилог на изнесениот став. Имено, интервалот од 42-52,4 %, укажува на мислењата на граѓаните кои сметаат дека настанале промени, и тоа негативни, во сите области на нивната социјална сигурност.[203] Приватизацијата предизвика големи промени во сопственичката структура на стопанството. Учеството на општествениот сектор во финансирањето на домашниот производ се намалува за сметка на учеството на приватниот сектор.

Од сето погоре изнесено може да заклучиме дека применетиот модел на приватизација, како и недоследностите во нејзиното спроведување, придонесоа да се зголеми бројот на невработените, односно да се намали бројот на вработените.

### 2.1.2.3. **Невработеност и вработеност**

Невработеноста, како општествена појава, не е својствена за сите периоди од историскиот развој на општеството. Сепак, невработеноста како неактивиран дел од вкупната работна сила, по својот обем, динамика

---

202 Дадената табела заслужува подетаљна анализа за таквата состојба каква што е прикажана во табелата, но за потребите на овој труд цениме дека е доволно да имаме само претстава за состојбата. Подетаљната анализа е предизвик за за натамошни истражувања.

203 Резултати од истражувањето *Промени во социјалнаѿа сѿрукѿура во РМ.*

и структурни карактеристики, сè повеќе се издвојува како мошне сериозен проблем со кој се соочува Република Македонија денес.[204]

Иако невработеноста е присутна подолг временски период, со тенденција кон постојан пораст, таа во периодот на транзиција од еден во друг општествено-економски систем ја достигна својата кулминација. Сосема евидентен е заклучокот дека, доколку промените во општествено-економскиот систем условуваат зголемување на бројот на лицата што не се работно ангажирани, тогаш сиромаштијата е плод на тие промени. Неопходноста од идентификување на невработеноста, односно од утврдување на реалниот обем и нејзините структурни карактеристики, бара темелна анализа. Нашиот интерес ќе го задржиме на состојбата и на профилот на невработените. За таа цел најпрвин ќе направиме оцена на состојбата на пазарот на трудот во Република Македонија во периодот на транзиција. Оцената ќе ја направиме на различните извори на податоци за мерење на состојбата на пазарот на трудот и на степенот на нивната усогласеност со меѓународните стандарди.

Основни извори на податоци ќе ни бидат Државниот завод за статистика, Заводот за вработување на РМ и Заводот за платен промет.

Концепциските разлики во оцената на состојбата на пазарот на трудот во Република Македонија се однесуваат пред сè на изворите на податоците (административни или анкета на работната сила).

Како предности на употребата на административните извори се истакнува споредување со други административни истражувања доколку потекнуваат од ист регистар, помалите трошоци за истражувањето и помалите грешки во примероците.

Предноста на анкетата на работната сила се согледа во детаљните информации за лицата/домаќинствата; во големата покриеност на истражуваното население и во фактот што анкетата е единствен извор на информации за одредени категории. Недостатокот на овој извор е поголемата примерочна грешка, големите трошоци за нејзино спроведување и неможноста да се добијат точни податоци за одредени проблеми, додека,

---

204 Вкупната работна сила ја сочинуваат бројот на вработени и на невработените лица.

пак, податоците од административните извори се ограничени на она што е административно регистрирано.

Разликата меѓу наведените извори се согледа и во дефинирањето на основните поими. Вработени, според анкетата на работната сила, се оние кои:

- за време на извештајната недела работеле за пари (во готово или во натура) или за профит најмалку еден час;
- за време на извештајната недела привремено (поради болест, отсуство, студии и сл.) биле отсутни од работното место, но формално биле вработени;
- помагале на семеен имот или во претпријатие без плата.

Според административните извори, за работници се сметаат оние лица кои засновале работен однос на неопределено време, без оглед на тоа дали работат полно или пократко од полното работно време.

Како невработени, според анкетата на работна сила, се лицата кои ги исполнуваат следниве услови:

- не работеле за време на извештајната недела;
- активно барале работа и
- биле подготвени да прифатат работа во извештајната недела или наредната недела.[205]

Невработени, според административните извори, се сите оние лица кои се регистрирани во Заводот за вработување на РМ.[206]

Републичкиот завод за статистика прави напори да ги усогласи дефинициите со препораките на Меѓународната организација на трудот (ILO).

### 2.1.2.3.4. Бројна состојба и динамика на невработените

Невработеноста во РМ се карактеризира со тенденција кон постојан повеќедецениски растеж. Со мали осцилации, почнувајќи од седумдесеттите години, таа се движи на ниво од околу една петтина од вкупната

---

205 Невработеноста се следи во текот на извештајна недела (според *Анкетата за работна сила*).

206 Регистрирањето на невработеноста се следи на крајот на извештајниот месец (според административните извори).

работна сила. Ваквата тенденција продолжува и во осумдесеттите години, а понагласени промени се евидентни во периодот по 1990 година.

Во временскиот период 1981-1989 година, бројот на невработените се зголемил за 23 755 лица, или просечно годишно по околу 2970 лица. Процентуално изразен, пак, порастот на невработеноста изнесува 18,7 %.[207] Со оглед на промените во обемот на работна сила, при што поинтензивно растеше бројот на вработените, стапката на невработеноста, според состојбата во 1981/1989 година, се задржува на исто ниво од 22,5 %. Притоа треба да се има предвид дека вкупната работна сила ја сочинуваат годишниот просечен број на вработените и на невработените лица, а стапката на невработеност е пресметана како процентуално учество на бројот на невработените лица во однос на вкупната работна сила.

Вториот разгледуван период 1996-1999 година, којшто коинцидира со започнување на процесот на транзицијата, се карактеризира со значителен пораст на невработеноста. Тенденцијата кон истовремен пораст на вработеноста и на невработеноста е прекината, и во овој временски интервал овие две години се движи во дивергентна насока. Бројот на невработените продолжува да расте од година во година, при што тој е најголем во последните две години. Така, нивниот број од околу 156 300 лица во 1990 година се заголемува на околу 237 600 лица во 1996 година, односно апсолутниот пораст изнесува 81 250лица (околу 13 540 лица просечно годишно). Релативниот, пак, пораст на невработеноста достигнува 52 %. Од следењето на ваквите движења се забележува дека стапката на невработеност интензивно се зголемува од 23,6 % на 41,1 %,[208] особено во последните три години. Оттаму, може да заклучиме дека на крајот на вториот период дошло речиси до удвојување на големината на стапката на невработеност во споредба со претходниот период, што укажува на димензиите и на тежината на проблемот со невработеноста во земјата (види Табела 39).

---

207 Димитриева Елка, Јаневска Верица, „Квантифицирање на невработеноста во Република Македонија и најзините структурни карактеристики", Меѓународен научен симпозиум *Економски и социјални аспекти на невработеноста во Република Македонија и во Бугарија и претпоставки за нејзино намалување*, фондација „Фридрих Еберт", Скопје 2000, 8.

208 Бележиме дека при пресметувањето на стапката на невработеност во вкупниот број на вработени не се вклучени лицата кои самостојно вршат дејност.

Големи разлика настанале и во бројната состојба и во структурата на регистрираните лица кои бараат работа од аспект на нивниот статус (порано вработени и лицата кои првпат бараат работа). И кај двете категории забележлив е апсолутен пораст којшто е поголем кај првата во однос на втората категорија. Во првиот период бројот на првовработените лица е зголемен за 23, %, а во вториот зголемувањето изнесува дури 130,2 %. Порастот на бројот на лицата кои првпат бараат работа соодветно изнесува 17,4 % и 35,7 %. Ваквите движења придонеле за промени и во релативното учество на анализираните големини во вкупниот обем на невработените, при што, сепак, доминантно останува учеството на лицата кои првпат бараат работа. Ваквата неповолна состојба со невработеноста се потврди и со податоците од анкетата за работна сила. Меѓутоа, треба да истакнеме дека таа ја опфаќа регистрираната и нерегистрираната невработеност, која според состојбата во април 1996 година изнесува 251 489 лица.[209] Стапката на невработеност, односно, според термините на Заводот за статистика, коефициентот на невработеност изнесува 31,9 %.[210]

Табела 39: Број и структура на невработеноста во Република Македонија.

| Год. | Брачна состојба | | | Структура во % | | Базични индекси за вкупно невработени | Стапка на невработеност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Порано вработени | Првпат вработени | Порано вработени | Првпат вработени | | Вкупно | Мажи | Жени |
| 1981 | 126,645 | 27,594 | 99,051 | 21,8 | 78,2 | 100,00 | 22,3 | 15,8 | 33,6 |
| 1989 | 150,400 | 34,072 | 116,328 | 22,7 | 77,3 | 118,8 | 22,1 | 17,8 | 28,5 |
| 1990 | 156,323 | 26,910 | 129,413 | 17,2 | 82,8 | 123,4 | 23,0 | 18,8 | 29,4 |
| 1991 | 164,816 | 35,222 | 129,594 | 21,4 | 78,6 | 130,1 | 24,5 | 20,1 | 31,5 |
| 1992 | 172,089 | 36,189 | 135,900 | 21,0 | 79,0 | 135,9 | 26,2 | 22,1 | 32,5 |
| 1993 | 174,848 | 36,293 | 138,555 | 20,8 | 79,2 | 138,1 | 27,7 | 23,6 | 33,7 |
| 1994 | 185,906 | 39,060 | 146,846 | 21,0 | 79,0 | 146,8 | 30,0 | 25,8 | 36,4 |
| 1995 | 216,222 | 52,078 | 164,204 | 24,1 | 75,9 | 170,7 | 35,6 | 31,5 | 41,7 |
| 1996 | 237,573 | 61,938 | 175,635 | 26,1 | 73,9 | 187,6 | 38,8 | 35,0 | 44,5 |
| 1997 | 252,979 | 67,224 | 185,755 | 26,6 | 73,4 | 199,8 | 41,7 | 38,2 | 46,8 |

Извор: Елка Димитриевска, Верица Јаневска, „Социо-економски аспекти на невработеноста“, *Некои аспекти на развојот на македонската економија во транзиција*“, фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 2000, 242.

209 Анкета за работна сила на Републичкиот завод за статистика, април 1996 год.

210 Тој е пресметан според стандардите на ИЛО, како учество на бројот на невработените во вкупната работна сила (вработени и невработени).

Релативно големата разлика во споредба со претходно пресметаната стапка (41,1 %) произлегува пред сѐ, од разликата во обемот на вкупната работна сила, односно во делот на вработените чиј број е проценет на 537 591 лице,[211] додека годишниот просек на регистраната вработеност за 1996 година изнесува 339 824 лица.

Во целиот анализиран транзициски период е забележливо постојаното злолемување на бројот на невработените лица (види Табела 40). Разгледувана е состојбата на апсолутниот износ на бројот на невработените во однос на состојбата во почетокот на транзицискиот период. Забележлив е огромен пораст на бројот на невработените лица – во 1999 година бројот на невработените се зголемил за 123,27 % во однос на бројот на невработените во 1990 година.

Табела 8: Број невработени во Република Македонија, според Заводот за вработување (состојба од 31.12.1900 заклучно 31.12.1999 год.)

| Година | Вкупно | Базични индекси база1990 год. | Верижни индекси |
|---|---|---|---|
| 1990 | 159,000 | 100,00 | - |
| 1991 | 167,000 | 105,03 | 105,03 |
| 1992 | 173,000 | 108,81 | 103,59 |
| 1993 | 177,000 | 111,32 | 102,31 |
| 1994 | 196,000 | 125,16 | 110,73 |
| 1995 | 229,000 | 144,02 | 116,84 |
| 1996 | 245,000 | 154,09 | 106,99 |
| 1997 | 257,000 | 161,63 | 104,90 |
| 1998 | 333,000 | 209,43 | 129,57 |
| 1999 | 355,000 | 223,27 | 106,61 |

Извор: Пресметано врз основа на податоци од Републичкиот завод за статистика.

Овој податок ни дава право да тврдиме дека транзицискиот период (1990-2000 година) не создаде поволни можности за вработување, туку, напротив, го зголеми бројот на невработените.

[211] Со Анкетата, согласно со пресметките на ИЛО, во вработени се вклучени лицата на возраст од 15 и од повеќе години кои за време на извештајната недела во анкетата работеле за пари или за профит, работејќи најмалку 1 час и за време на анкетата биле привремено отсутни од работното место, но формално биле вработени, и оние кои помагале на својот имот или во семејното претпријатие без плата.

Во врска со енормната невработеност, значајно е да се истакнат разликите во регионалната разместеност на невработеноста што се условени од повеќе фактори, при што треба да се има предвид и влијанието на големината на одделни општини. Изразени со стапката на невработеност, како еден од релативните индикатори, тие мошне сликовито ги прикажуваат регионалните отстапувања. Ако во 1981 година само девет општини имале стапка на невработеност над 30,0 %, во последниве години речиси сите општини бележат стапки повисоки од оваа вредност.

Во врска со квалитетот на делот од расположливиот човечки потенцијал којшто е надвор од економската активност, значајно е да се укаже на демографските и на социоекономските белези на невработените, кои покажуваат значителни промени, главно во негативна насока.

Структурата на невработеноста според полот во предтранзицискиот период се карактеризира со релативно поголемо учество на жените во споредба со мажите, додека во текот на транзицијата доаѓа до опаѓање на нивното учество, иако апсолутниот број расте. Така, според состојбата во 1997 година, учеството на жените изнесува 45,4 %, односно 43,9 %, според Анкетата за работна сила.[212]

Неповолни промени се забележуваат и во структурата на регистрираните невработени лица според возраста. Во првиот период (1981-1989 година), со релативно поголема застапеност се помладите, за разлика од вториот период (1990-1999 година) кога движењата се во спротивна насока. Имено, учеството на младите (до 25 години) се намалува од 53,6 % во 1989 година на 24,0 % во 1997 година, а се зголемува учеството на лицата од старосната група 25-40 години (од 36,0 % на 52,4 %) и на оние над оваа старосна група (од 10,4 % на 23,6 %). Ваквата тенденција продолжува и во наредните години.[213]

Токму таа возрасна група е и најризична кај сиромаштијата. Имено, вкупниот збирен индекс, како и индексот на длабочината на сиромашти-

---

[212] Зборник на трудови *Економски и социјални аспекти на невработеноста во РМ и во Република Бугарија и претпоставките за нејзино надминување*, 11.

[213] *Ibid.*, 11.

јата, во целиот временски период е највисок кај лицата на возраст до 40 години (за 1997 год. вкупниот збирен индекс е 19,8, за 1998 година изнесува 24,0, во следната година се покачува на 26,9, а во 2000 година достигнува вредност од 28,8. Појавата особено загрижува бидејќи сиромаштијата кај оваа категорија од година во година се продлабочува. Имено, за тоа зборува индексот на длабочината, кој во 1997 година изнесуваше 3,5, следната година се покачи за 0,8, во 1998 година изнесуваше 5,1, а во 2000 година достигна вредност од 5,8).

Во врска со квалитетот на расположливата работна сила во РМ, значајна е и структурата на невработените лица според занимањето. Во вкупно регистрираните невработени, според состојбата во 1996 година, доминира учеството на работниците без занимање (околу 50 %). Од вработените кои имаат занимање во релативно поголема застапеност се издвојуваат механичарите, текстилците, металците, финансиерите и економистите, електричарите, потоа трговците и сродните занимања, градежниците и земјоделците (учество од 5,3 % до 2,3 %).[214]

Интересен е и овој податок: Повеќето од сиромашните лица во РМ немаат соодветно занимање. Оние што имаат занимање се токму горенаведените. Ова ни дава право да констатираме дека постои заемна поврзаност меѓу занимањето на невработените лица и нивната состојба на сиромаштија.[215]

Доколку ја анализираме структурата на вработените по дејности, ќе забележиме неповолни промени во овој транзициски период. Учеството на стопанските дејности, кои во периодите на развој до постигнувањето на индустриска зрелост се основата за развој, во овој транзициски период во РМ тие опаѓаат од 82.7 % во 1989 година на 75,2 % во 1996 година (види Табела 41). Трговијата го намалува учеството за 4, индустријата за 3, рударството за 8, а земјоделството за 2 процентни поени.

---

214 *Ibid.*, 13.

215 Квалитативната анализа спроведена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања укажа дека од 400 домаќинства кои беа анализирани, невработените членови од домаќинството во најголем процент немаат стекнато содветно занимање или се механичари, текстилци, металци, продавачи, градежници итн.

Табела 41: Структура на вработените во Република Македонија.

| | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 516,534 | 507,324 | 468,372 | 436,117 | 421,028 | 395,686 | 356,617 | 339,824 |
| Стопански дејности | 82,7 | 82,3 | 81,6 | 82,9 | 80,0 | 78,6 | 76,3 | 75,2 |
| Индустрија и рударство | 41,3 | 40,6 | 40,3 | 40,5 | 39,8 | 39,9 | 38,3 | 37,5 |
| Земјоделство и рударство | 8,4 | 7,5 | 7,6 | 7,8 | 7,2 | 7,7 | 6,7 | 6,4 |
| Шумарство | 0,8 | 0,8 | 0,8 | 0,8 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 1,1 |
| Водостопанство | 0,5 | 0,5 | 0,6 | 0,6 | 0,6 | 0,6 | 0,7 | 0,7 |
| Градежништво | 9,0 | 9,4 | 9,1 | 9,1 | 8,7 | 8,4 | 8,8 | 9,3 |
| Сообраќај и врски | 5,0 | 5,2 | 5,2 | 5,2 | 5,0 | 5,3 | 5,9 | 6,0 |
| Трговија | 9,8 | 10,2 | 10,1 | 10,4 | 9,4 | 7,5 | 6,2 | 5,8 |
| Угоститолство и туризам | 2,0 | 2,3 | 2,2 | 2,3 | 2,1 | 2,1 | 2,2 | 2,0 |
| Занаетчиство и лични услуги | 1,0 | 1,4 | 1,2 | 1,4 | 1,4 | 1,3 | 1,2 | 1,1 |
| Станбено кумунална дејност | 1,8 | 1,6 | 1,7 | 1,8 | 1,9 | 2,0 | 2,3 | 2,4 |
| Финансиски, технички и деловни услуги | 3,0 | 2,8 | 2,8 | 3,0 | 3,0 | 2,9 | 3,1 | 2,9 |
| Вонстопански дејности | 17,3 | 17,7 | 18,4 | 17,1 | 20,0 | 21,4 | 23,7 | 24,8 |

Извор: *Статистички преглед*, бр. 220, Завод за статистика на РМ.

Процесот на приватизација, како неопходен услов, но не и како цел на транзицијата, слично како и кај другите држави во транзиција, започнат е и сè уште трае кај нас. Од аспект на структурата на вработените, според официјалната статистика, во периодот 1991-1995 година доаѓа до трансформација, и тоа: учеството на вработените во фирмите во општествена сопственост се намалува од 84,1 % на 62,2 %, учеството на вработените во мешаните фирми се зголемува од 14 % на 32,2 %, додека учеството на вработените во приватните фирми се зголемува од 0,5 % на 1,3 % (Табела 42).

Табела 42: Вработени според видот на сопственоста во РМ (годишен просек).

| Година | Вкупно | Општествена | Задружна | Мешана | Приватна | Државна |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на вработени | | | | | | |
| 1991 | 468,372 | 393,896 | 6,521 | 35,359 | 2,596 | |
| 1992 | 446,117 | 304,446 | 5,000 | 131,777 | 4,894 | |
| 1993 | 421,028 | 303,905 | 4,000 | 107,360 | 5,763 | |
| 1994 | 395,686 | 285,915 | 2,739 | 100,655 | 6,377 | |
| 1995 | 356,617 | 221,942 | 3,508 | 114,764 | 4,665 | 11,738 |
| Структура (во %) | | | | | | |
| 1991 | 100,0 | 84,1 | 1,4 | 14,0 | 0,5 | |
| 1992 | 100,0 | 68,3 | 1,1 | 29,5 | 1,1 | |
| 1993 | 100,0 | 72,2 | 1,0 | 25,5 | 1,3 | |
| 1994 | 100,0 | 72,3 | 0,7 | 25,4 | 1,6 | |
| 1995 | 100,0 | 62,2 | 1,0 | 32,2 | 1,3 | 3,3 |

Извор: Пресметано според податоци од Заводот за статистика на РМ, СГМ, 1992, 1993, 1994, 1995.

Како резултат на состојбата во стопанството, ниска е просечната нето исплатената плата по вработен. Честопати една плата е единствен извор на приход во семејството. Исто така, исплатата е нередовна и доцни и по неколку месеци, се прима во вид на стока или во вид на бонови, што уште повеќе ја влошува состојбата.

Износите на исплатените нето плати по работник во периодот 1995-1999 година се прикажани во Табела 43.

Табела 43: Исплата на нето плата по работник.

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 8581 | 8817 | 9063 | 9394 | 9664 |
| Стопански дејности | 8302 | 8569 | 8888 | 9288 | 9620 |
| Вонстопански дејности | 9373 | 9445 | 9469 | 9623 | 9754 |

Извор: Административни извори на Републичкиот завод за статистика.

Како што може да се забележи, платите се доста мали. Се забележува сосема благ пораст во анализираниот период. Платите во вонстопанските дејности се малку над просекот. Меѓутоа, височината на платите не ги задоволува ниту месечните потреби од минимум храна предвидени од Републичкиот завод за унапредување на домаќинствата (види Табела 44).

Табела 44: Месечна вредност на минималните потреби од храна (пресметана по вредноста на артиклите во малопродажба, секоја година на 31.03.).

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни * | 9 421 | 9 638 | 9 633 | 9 726 | 10 135 |

* Вкупна месечна вредност на минималните потреби, изразена во денари.

Извор: Сопствена анализа.

Голем дел од фирмите (околу 20 %)[216] ги исплатиле платите со задоцнување од неколку месеци.

[216] *Некои аспекти од развојот на македонската економија во услови на транзиција*, зборник на трудови, Економски институт, Скопје, 36.

Движењето, односно опаѓањето на реалните примања во анализираниот период покажува многу неповолна состојба, којашто се манифестира со тенденција на опаѓање.[217] Опаѓањето на реалните плати, како што истакнуваат економистите,[218] е карактеристично за сите држави во транзиција. Во најнеразвиените држави платите се драматични со што имаат силно влијание врз намалувањето на бројот на припадниците на средните слоеви и врз нивното претопување во долните слоеви, поточно – врз нивно осиромашување. Од изнесените податоци е сосема евидентна поврзаноста меѓу височината на платите и осиромашувањето.

Структурните карактеристики на невработеноста, на вработеноста и состојбата со платите во Републикава во анализираниот период сосема јасно укажуваат на нивната поврзаност со сиромаштијата.

Состојбата со високата стапка на невработеност, намалената вработеност и малите плати укажуваат дека во досегашниот транзициски период во РМ не се создадоа поволни услови за економски растеж, со што се потврдува општата хипотеза. Од друга страна, тој неповолен развој резултираше со зголемена невработеност, со намалена вработеност, со мали и нередовни плати, со што се потврдува каузалната поврзаност меѓу економскиот развој, невработеноста, вработеноста и малите плати. Всушност, тоа го потврди анализата на истакнатите параметри во државите што се во транзиција (види го делот *Тенденции за осиромашување во светот*).

Општиот заклучок би гласел: Спроведувањето на микроекономската политика во овој десетгодишен транзициски период не даде позитивен плод во економскиот развој во Република Македонија. Овој период го карактеризира зголемување на бројот на невработените, намалување на бројот на вработените, мали плати. Овој период особено го почувствуваа невработените кои не можеа на друг начин да се снајдат освен да бараат социјална помош и вработените кои примаат нередовни и мали плати, особено оние кое живеат само од таа плата (немаат други приходи). Тука се наметнува едно суштествено прашање: Кои се тие граѓани и дали токму ниските приходи ги маргинализираат? Одговорот на првото прашање е

---

217 *Ibid.*, 37.

218 *Ibid.*, 36.

сосема јасен – тоа се сиромашните граѓани, додека одговорот на второто прашање ќе го побараме во текстот што следува.

Врз основа на направената анализа би заклучиле уште еднаш, но овојпат врз анализа на други индикатори (стапката на вработеност и на невработеност), дека во анализираниот период, следејќи го движењето на овие индикатори, РМ бележи опаѓање на економскиот развој.

## *2.2. АНАЛИЗА НА НИСКОПРИХОДОВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА*

Анализирани се приходите на 1199[219] домаќинства според: местото на живеење, станбената област во која живеат, типот на живеалиштето, полот, возраста, семејниот статус, сопственоста на живеалиштето, школската подготовка, работниот статус и националната припадност. Посебно се анализирани домаќинствата со ниски приходи. Анализирани се истакнатите варијабли посебно со секоја независна варијабла, пресметана е нивната зависност. На тој начин се елиминирани помалите зависности. Потоа се анализирани ставовите на испитаниците за оцената на сопствената положба во домаќинството, за расходите, за оброците на домаќинството, мислењето на испитаниците за тоа каде се наоѓа на скалата „богат – сиромашен", ставот на испитаниците дали го оправдуваат незаконскиот начин на обезбедување егзистенција, нивниот став кои работници имаат предност при унапредувањето, ставот на испитаниците кои работници најчесто се отпуштаат од работа и каде испитаниците ја гледаат својата перспектива.[220]

---

219 Анализата е направена според податоците добиени од анкетата во рамките на проектот *Социјална исклученост на граѓаните на РМ.*

220 Анализата не е правена врз основа на наш инструмент. Таа се резултат од проектот *Социјалната исклученост на граѓаните на РМ.* Примерокот не е соодветно адаптиран за анализа на сиромашни лица. Недостасуваат некои прашања за да се направи подобра анализа (недостасува податокот за бројот на членовите во домаќинството, со што обопштувањето секогаш е под сомнение бидејќи ние претпоставивме постоење на четиричлено семејство со едно полнолетно дете и со едно дете на возраст под 15 години. На тој начин, според ОЕЦД стандардот, утврдивме коефициент 2,6, со кој ги делевме приходите за да утврдиме колку изнесуваат на еден член, за да утврдиме кои се сиромашни и да ги изделиме во анализата).

## 2.2.1. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ

Анализата на податоците укажа дека најзастапени се приходите од 6001 до 10000 денари. Имено, на 281 испитаници (23,4 %) вкупните приходи им се движат во тој опсег. Потоа следуваат приходите над 20000 денари (19,3 %), а приходи од 10001 до 15000 денари имаат 228 испитаници (19,0 %); потоа следуваат приходите од 4001 до 6000 денари за кои се изјасниле 14,4 % од испитаниците; со 12,5 % учествуваат приходите од 10001 до 20000; со вкупни приходи од 4000 денари во домаќинството се изјасниле 8,7 % од испитаниците (види Табела 45)

Табела 45: Височина на приходите во домаќинствата и бројот на домаќинствата изразена во апсолутни и во релативни показатели.

| | До 4 000 | Од 4 001 до 6 000 | Од 6 001 до 10 000 | Од 10 001 до 15 000 | Од 15 001 до 20 000 | Над 20 000 | Нема приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број домаќинства | 104 (8,7 %) | 172 (14,4 %) | 281 (23,4 %) | 228 (19,0 %) | 150 (12,5 %) | 232 (19,3 %) | 32 (2,7 %) |

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

За потребите на натамошната анализа, изнесените приходи ќе ги сведеме на ОЕЦД стандарди (види Табела 46).[221]

Табела 46: Дневна/месечна височина на приходите во домаќинствата сведени според ОЕЦД стандардот и број на домаќинствата (во денари).

| | 44 дн. 1379 мес. | 56 дн. 1724 мес. | 89 дн. 2759 мес. | 139 дн. 4310 мес. | 195 дн. 6034 мес. | Над 222,5 дн. 6896 мес. | Нема приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број домаќинства | 104 (8,7%) | 172 (14,4%) | 281 (23,4%) | 228 (19,0%) | 150 (12,5%) | 232 (19,3%) | 32 (2,7%) |

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Споредувањето на една појава со иста или со слична на неа е овозможено доколку се пресметани индексите – стандардите за анализираната

[221] Поради недостаток од податоци претпочитавме просечно четиричлено домаќинство со три возрасни членови, од кои едниот член е дете постаро од 15 години и едно дете помало од 15 години.

појава. Во овој случај би ја искористиле таа можност, но со голема доза на претпазливост. Имено, речиси во сите рапорти од Светската банка среќаваме вакви податоци: „Државата е многу сиромашна бидејќи на луѓето им стојат на располагање дневно од 2 до 3 $“. Доколку направиме споредба со гореизнесените податоци, тогаш сликата станува појасна. Имено, најголемиот број на анализираните домаќинства, освен оние со приходи над 20000 денари, според пресметаната вредност на доларот, се сиромашни.

Анализата што ќе следува е базирана токму врз таа констатација. Резултатите за приходите на селските и на градските домаќинства зборуваат дека разликата меѓу нив е статистички значајна, на сите нивоа на ризик, меѓутоа со изразито мал интензитет ($x^2$ = 41,14; C = 0,18; степен на слобода 6).[222]

Уште помал интензитет на зависност покажаа приходите и сопственоста на живеалиштето ($x^2$ = 28,98; C = 0,15; степен на слобода 18). Меѓутоа, разликите не се значајни само кога анализата ја правиме со ризик од 0,02 и 0,01 насто.

Ценејќи според интензитетот на зависноста меѓу приходите и полот, би истакнале дека разликата е речиси безначителна. Имено, само со ризик од 0,8, 0,7 и 0,5 разликите се статистички значајни. ($x^2$ = 7,07; C = 0,07; степен на слобода 6).

Поголем интензитет во зависноста има меѓу височината на приходите и националната припадност ($x^2$ = 198,9, C коефициентот = 0,4, степен на слобода 42).

Од горespоменатите независни варијабли, образованието и височината на приходите бележат повисок степен на статистичко значење, што ни дава право да тврдиме дека разликите во образованието и во височината на приходите во домаќинството се статистички значајни, меѓутоа нивната поврзаност е средно изразена ($x^2$ = 363,77; C = 0,49; степен на слобода 54). Кај лицата без образование најчести (37,5 %) се приходите 4000-6000 ден.

Во групата испитаниците кои завршиле од I до III одделение најмногу учествуваат приходите 6000-10000 денари (30,2 %). Дека имаат дека имаат приходи од 6000-10000 денари најмногу се изјасниле испитаниците

---

222 Табелата е во Прилогот.

кои имаат завршено од IV до VII одделение (32,5 %). Интересен е податокот дека најголем е процентот на испитаниците кои се изјасниле дека имаат приходи од 6000-10000 денари (освен на оние со високо обрсзование, од кои најмногу се изјасниле дека имаат приходи 10000-15000 денари). (види Табела 47)

Табела 47: Домаќинства според вкупните приходи во домаќинството и според степенот на образование (структурен показател).

| | Без образование | Завршено I-III одд. | Завршено IV-VII одд. | Завршено основно | Тригодишно средно | Четиригодишн о средно | Гимназија | Вишо | Високо | Магистратура, докторат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 25,0 | 18,6 | 17,5 | 16,8 | 6,67 | 2,15 | 0,93 | 2,0 | 0,9 | 0,0 | 8,63 |
| 4000-6000 ден. | 37,5 | 27,9 | 22,5 | 21,7 | 17,5 | 9,68 | 5,56 | 1,0 | 1,82 | 0,0 | 14,35 |
| 6000-10000 ден. | 20,8 | 30,2 | 32,5 | 27,5 | 27,5 | 21,15 | 23,15 | 25,0 | 4,55 | 0,0 | 23,44 |
| 10000-15000 | 4,2 | 13,9 | 15,0 | 17,5 | 20,0 | 21,86 | 21,3 | 28,0 | 16,36 | 0,0 | 19,02 |
| 15000-20000 | 6,2 | 4,6 | 3,7 | 5,5 | 13,3 | 16,85 | 18,5 | 21,0 | 18,18 | 50,0 | 19,35 |
| Над 20000 | 6,2 | 4,6 | 6,2 | 8,4 | 15,0 | 24,01 | 26,85 | 20,0 | 55,45 | 50,0 | 12,51 |
| Нема приходи | 0,0 | 0,0 | 2,5 | 2,6 | 0,0 | 4,3 | 3,7 | 3,0 | 2,73 | 0,0 | 2,97 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ“, сопствена анализа.

Разликата е статистички значајна на сите нивоа на ризик и меѓу приходите и типот на живеалиштето ($x^2$ = 192,83; C = 0,31; степен на слобода 24).

Семејниот статус и приходите укажуваат дека разликата е статистички значајна но со среден интензитет ($x^2$ = 104,7; C = 0,29 степен на слобода 36).

Висок интензитет на зависност постои меѓу работниот статус и приходите ($x^2$ = 286,8; C = 0,59 степен на слобода 114).

Во натамошната анализа се вклучени работниот статус и образованието, кои покажаа најсилна меѓусебна поврзаност.

Следен чекор во проверката на посебната хипотеза „колку се приходите во домаќинството пониски, толку е поголем ризикот од осиромашување“ се состои во утврдување на степенот на зависност меѓу вкупните

месечни приходи и оцената на испитаниците за станбената положба на домаќинствата, колку просечно месечно трошат домаќинствата (храна, облека и обувки, струја, вода, кирија, гориво за моторни возила и превоз, средства за хигиена, телефон, лекови и медицински услуги, печат и книги, друго – пијалаци, цигари, разонода), колку оброци дневно конзумираат, оцена за финансиската состојба во домаќинството, мислењето на испитаниците каде се наоѓаат на скалата „сиромав - богат", ставот на испитаниците дали во услови на неповолна економска положба оправдуваат незаконски начин да се обезбеди егзистенција.

Разликите меѓу варијаблите кај сите анализирани индикатори се статистички значајни, меѓутоа интензитетот на зависноста е најголем кај вкупните месечни трошоци (C = 0,8). Одделно состојбата изгледа вака:

Вкупните месечни приходи во домаќинството и оцената на испитаниците за финансиската состојба во домаќинството покажа големо статистичко значење ($x^2$ = 510,4) и висока поврзаност (C = 0,55).

Мислењето на испитаниците каде се наоѓаат на скалата „сиромашни - богати" многу зависи од нивните приходи во домаќинството. Разликата меѓу мислењето на испитаниците дали се сиромашни или богати и височината на приходите во домаќинството е статистички значајна и има висок интензитет ($x^2$ = 468,7; C = 0,53).

Разликата меѓу оцената на испитаниците за финансиската состојба на неговото домаќинство и за височината на приходите е статистички значајна ($x^2$ = 356,1) и има среден интензитет (C = 0,48).

Височината на приходите влијае и врз изјаснувањето на испитаниците дали станбената положба им е многу добра, средна или неповолна. Разликите се статистички значајни ($x^2$ = 256,9; C = 0,42).

Приходите во домаќинството не се решавачкиот фактор дали членовите од домаќинствата кои имаат неповолна материјална состојба ќе ги користат незаконските начини за стекнување на егзистенција, и покрај тоа што разликите се статистички значајни ($x^2$ = 17,8), со незначителен интензитет на зависноста (C = 0,12).

Како што веќе истакнавме, колку месечно просечно ќе трошат членовите од домаќинството, како и за што ќе се трошат парите, многу зависи од тоа колку пари има домаќинството. Разликата меѓу овие варијабли статистички е многу значајна ($x^2$ = 2072,7) со висок степен на поврзаност (C = 0,8).

Вака силно изразената поврзаност ја потврдува поставената хипотеза дека задоволувањето на материјалните, на културните и на социјалните потреби на луѓето е ограничено со височината на нивните приходи. Во согласност со изнесеното, слободно можеме да тврдиме дека една од причините за осиромашување во Република Македонија се токму ниските приходи во домаќинствата.

Следниот чекор во анализата се состои во поврзување на варијаблите кои покажале најизразена зависност со приходите (работниот статус, школската подготовка, каде се наоѓаат на скалата сиромашни - богати (од 1 до 10) и расходите во домаќинството). Направено е вкрстување на три варијабли на две нивоа. Најпрвин се вкрстени вредностите на варијаблите: работен статус со своите варијации и вкупните приходи и расходите во домаќинствата; работен статус со своите варијации, вкупните приходи и мислењето каде се наоѓаат на скалата сиромашни - богати (од 1 до 10); школската подготовка со своите варијации и вкупните приходи и расходите во домаќинствата; школската подготовка со своите варијации, вкупните приходи и мислењето каде се наоѓаат на скалата сиромашни - богати (од 1 до 10);

Резултатите се следниве:

Скалата е нумерирана од 1 (најсиромашни) до 10 (најбогати); 5 (ниту богати ниту сиромашни).

Најголем број од постојано вработените анкетирани лица (205) се изјасниле со ранг од 1 до 4. Во релативни показатели, 57,4 % се изјасниле со ранг од 1 до 4, 28,3 % се изјасниле дека не се ниту богати ниту сиромашни. Сосема е забележлива поврзаноста меѓу приходите на постојано вработените и субјективното чувство за сопствената сиромаштија (види Табела 48), што оди во прилог на поставената посебна хипотеза.

Слична законитост е запазена кај испитаниците кои се анализирани според образованието. Зависноста е изразена меѓу приходот и образованието (како што веќе истакнавме). Не е забележана некоја поголема зависност меѓу оцената како себеси се оценуваат на скалата сиромашни - богати; варијаблата приход има најсилно влијание.[223]

Табела 48: Трајно вработени според вкупните месечни приходи и мислењето за тоа каде се наоѓа на скалата *сиромашен - богат*.

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| 4000-6000 ден. | 6 | 7 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 |
| 6000-10000 ден. | 5 | 12 | 20 | 19 | 15 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72 |
| 10000-15000 | 0 | 6 | 20 | 25 | 19 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 76 |
| 15000-20000 | 2 | 4 | 9 | 27 | 19 | 4 | 3 | 0 | 0 | 0 | 68 |
| Над 20000 | 0 | 1 | 5 | 21 | 46 | 18 | 13 | 4 | 1 | 0 | 109 |
| Нема приходи | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| Вкупно | 15 | 32 | 58 | 100 | 101 | 26 | 20 | 4 | 1 | 0 | 357 |

Белешка: Од 1 до 10 скала сиромашен - богат.

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Со оглед на големиот број празни полиња (31), не е добро да се пресметува статистичка зависност, и покрај тоа што празните полиња имаат свое значење за анализираната појава.

Истата законитост е присутна и кај привремено вработените.

Сосема потврдена е посебната хипотеза со ставовите на невработените и на стечајните работници кои себеси се оценуваат на скалата под 5 (види ги табелите 49 и 50).

Табела 49: Невработени според височината на вкупните месечни приходи и според мислењето каде се наоѓаат на скалата богат - сиромашен.

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 24 | 12 | 13 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 55 |
| 4000-6000 ден. | 23 | 23 | 23 | 5 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 79 |
| 6000-10000 ден. | 20 | 12 | 28 | 20 | 7 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 91 |
| 10000-15000 | 9 | 9 | 18 | 13 | 12 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 63 |
| 15000-20000 | 1 | 2 | 8 | 11 | 11 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 37 |
| Над 20000 | 2 | 3 | 4 | 7 | 14 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 38 |
| Нема приходи | 1 | 3 | 5 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| Вкупно | 80 | 64 | 99 | 64 | 54 | 14 | 5 | 1 | 0 | 0 | 381 |

Белешка: Од 1 до 10 скала сиромашен - богат.

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

223 Види во Прилогот.

Табела 50: Стечајни работници според височината на вкупните месечни приходи и според мислењето каде се наоѓаат на скалата богат - сиромашен.

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 4000-6000 ден. | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 6000-10000 ден. | 1 | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| 10000-15000 | 1 | 3 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 |
| 15000-20000 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Над 20000 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Нема приходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 3 | 8 | 12 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31 |

Белешка: Од 1 до 10 скала сиромашен - богат.

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Имено, и покрај тоа што се согласивме дека нема да ги анализираме само приходите над 20 000 денари, сепак и тие испитаници кои имаат приходи над 20 000 денари себеси не се сметаат за богати.

Ова толкување ќе го објасниме со помош на квалитативната анализа. Анализите на месечните расходи[224] зборуваат дека за најминимални потреби за храна, пресметани по тековни цени, за моделот на домаќинството што го анализираме (четиричлено) се потребни повеќе од 20 000 денари.

Со помош на анализата на работниот статус, на приходите и на расходите, уште еднаш ќе ја тестираме посебната хипотеза.

Кај сите категории на испитаници: постојано вработените, привремено вработените, невработените, стечајните работници и кај другите категрии е забележливо дека трошат во согласност со вкупните приходи. Одделно анализирано, трошоците за храна заземаат најголемо учество во вкупните приходи, што може да се види во прилогот. Овој податок се потврди и со квалитативната анализа – со анализата на месечните расходи во целиот десетгодишен период. Честа беше појавата вкупните приходи да се помали од прикажаната состојба со расходите. Овие домаќинства (во

224 Овие домаќинства најмногу трошат за храна.

зависност од тоа дали постојано се сиромашни или осиромашиле во овој транзициски период), за да ги задоволат основните материјални, културни и социјални потреби, честопати позајмуваат пари, купуваат со одложено плаќање или, како што велат самите: „на рабуш“. Оваа констатација оди во прилог на поставената хипотеза дека приходите се толку мали кај сиромашните домаќинства што тие се принудени да позајмуваат за да ги задоволат основните минимални потреби од храна.

Оваа констатација сосема јасно се забележува и од прикажаната табела во прилогот. Имено, постојано вработените најмногу се изјасниле (78, односно 22 %) дека за храна трошат 4000-6000 денари. Доколку одделно ги анализираме височината на приходите и трошоците за храна, ќе забележиме дека од 6-те домаќинства кои имаат приход до 4000 ден., 3 од нив трошат 2000-4000 денари, другите трошат повеќе од 4000 денари; од 20-те домаќинствата со приходи 4000-6000 денари, 13 се изјасниле дека трошат за храна до 4000 денари, 2 домаќинства сите пари ги трошат за храна, 3 трошат повеќе отколку што има приходи. Динамиката е запазена и кај другите интервали на приходите и на расходите за храна. Свесни сме дека примерокот е мал за обопштување, но, доколку се има предвид и квалитативната анализа, и ако добиените резултати се исти, тогаш имаме право да обопштуваме.

Невработените (381 и 397од квалитативната анализа) најмногу се изјасниле дека за храна трошат 2000-4000 денари. Со оглед на малку поразличните резултати од именуваните извори, посебно ќе ги анализираме.

Според резултатите од квалитативната анализа, испитаниците речиси целиот приход го трошат за храна, а честопати и позајмуваат.

Квантитативната анализа исто така зборува дека приходите од 6 до 10 илјади се најбројни (24 %). Меѓутоа, најмногу испитаници (138 или 36,2 %) се изјасниле дека за храна трошат од 2 до 4 илјади денари. Одделната анализа на секој приходовен интервал и на расходите за храна изразени во денари упатува за иста законитост како и кај другите групи испитаници.

И тука можеме да констатираме поврзаност меѓу расходите за храна, да ја потврдиме Егеловата законитост (во услови на низок животен

стандард, 60 % од приходите одат за храна) и индиректно да заклучиме дека сиромашните имаат многу низок животен стандард.

Оваа теза ќе ја поткрепиме со анализата на издатоците за обувки и за облека кои зборуваат за многу мали расходи за таа намена (види во прилогот), каде што најголемо забележаното учество на расходите за облека и за обувки изнесува 1000 денари, а има и такви домаќинства без расходи за обувки и за облека меѓу анкетирани и меѓу сите модалитети на приходите.

Анализата на вкупните приходи и расходи сосема јасно укажува на поврзаноста на работниот статус, на приходите и на расходите, односно на недостаток на пари за задоволување на материјалните, на културните и на социјалните потреби на граѓаните на РМ. Имено, кај анкетираните кои имаат приходи до 4000 денари се прикажани вкупни расходи повисоки од 4000 денари. Иста е состојбата и со приходите од 4 до 6 илјади денари. Кај мал број испитаници кои имаат приходи од 6 до 10 илјади расходите се во рамките на тие приходи. Понатаму, како што се зголемуваат приходите, така се зголемуваат и расходите.

Сета досегашна анализа оди во прилог на прифаќање на поставената посебна хипотеза. Имено, колку што се приходите пониски во домаќинството, толку е поголем ризикот од осиромашување.

## *2.3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ НА РМ“.*

Анализата ќе ја започнеме со разгледување на одговорите на прашањето: На кое место, според вашата оцена, се наоѓате на скалата сиромашен - богат?. Анализирана е варијаблата работен статус (Табела 51).

Табела 51: Оцена на испитаниците за своето мислење каде се наоѓаат на скалата сиромашен - богат, според работниот статус.

| | Работен статус | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оцена | Постојано вработен | Привремено вработен | Невработен | Под стечај | Други | Вкупно |
| 1 | 15 | 5 | 80 | 3 | 49 | 152 |
| 2 | 32 | 5 | 64 | 8 | 44 | 153 |
| 3 | 58 | 16 | 99 | 12 | 86 | 271 |
| 4 | 100 | 22 | 64 | 4 | 65 | 255 |
| 5 | 101 | 30 | 54 | 4 | 63 | 252 |
| 6 | 26 | 3 | 14 | - | 30 | 73 |
| 7 | 20 | 3 | 5 | - | 4 | 32 |
| 8 | 4 | 1 | 1 | - | 4 | 10 |
| 9 | 1 | - | - | - | - | 1 |
| Вкупно | 357 | 85 | 381 | 31 | 345 | 1199 |

Белешка: Сиромав 1 2 3 4 5 6 7 8 9 богати. $x^2$ = 150,7; C = 0,3; m = 32; бидејќи степенот на слобода е поголем од 30 тој се пресметува[225]

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Резултатите зборуваат дека разликите меѓу работниот статус и оцената сиромашен : богат се статистички значајни, но степенот на поврзаноста не е голем.

Со оглед на фактот дека невработените и стечајните работници се ризични групи, гледани од аголот на сиромаштијата, посебно се изделени, и е направена анализа (види Табела 52).

Табела 52: Субјективната оцена на невработените и на стечајните работници за тоа каде се наоѓаат на скалата сиромашен - богат.

| | Невработени | Под стечај | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | 80 | 3 | 83 |
| 2 | 64 | 8 | 72 |
| 3 | 99 | 12 | 111 |
| 4 | 64 | 4 | 68 |
| 5 | 54 | 4 | 58 |
| 6 | 14 | - | 14 |
| 7 | 5 | - | 5 |
| 8 | 1 | - | 1 |
| 9 | - | - | - |
| Вкупно | 381 | 31 | 412 |

Белешка: Сиромав 1 2 3 4 5 6 7 8 9 богати. $x^2$ = 6,6; с = 0,1; м = 8; р = 0,75.

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

225 Бидејќи степенот на слобода е поголем од 30, значајноста можеме да ја тестираме со формулата ($\sqrt{2 \cdot x^2} - \sqrt{2 \cdot \text{степен на слобода} - 1}$). Во нашиот случај 9,5, со оглед дека пресметаната вредност е поголема од 1,65, $x^2$, е значаен (со ризик од 5 %), т.е. треба да ја отфрлиме хипотезата.

Анализираната разлика е статистички значајна (м = 8, р = 0,75), меѓутоа степенот на таа значајност е многу мал. Имено, врз оценката како се чувствуваат невработените и стечајните работници, во скалата сиромав - богат, влијаат и други фактори. Оваа констатација може да се потврди доколку анализата ја направиме со ризик од: 0,5; 0,1; 0,01, каде што разликата не е статистички значајна, односно разликите во субјективното мислење на испитаниците (невработените и стечајните работници) дали се богати или сиромашни и нивното рангирање на скалата сиромашен - богат не се статистички значајни.

Следен индикатор за состојбата на сиромаштија е прашањето: „Дали оброците на вашето домаќинство се: 1. доволни по количина и по состав; 2. доволни само по количина; 3. не се доволни ни по количина ни по состав"?.

Направената анализа од ова прашање и од независната варијабла (работниот статус) е прикажана во табелата што следува.

Табела 53: Доволност/недоволност на оброците според квантитетот, според квалитетот и според работниот статус.

| | Постојано вработен | Привремено вработен | Невработен | Под стечај | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оброците се доволни | 217 | 48 | 131 | 14 | 164 | 579 |
| Доволна е само количината | 89 | 20 | 138 | 13 | 107 | 367 |
| Не се доволни ни по количина ни по состав | 49 | 16 | 111 | 4 | 74 | 254 |
| Без одговор | 2 | 1 | 1 | | | 4 |
| Вкупно | 357 | 85 | 381 | 31 | 345 | 1199 |

$x^2 = 64,3$; c = 0,2; м = 12; p = 0,05

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Од прикажаните резултати може да се забележи дека најголем број од испитаниците се изјасниле дека оброците не им се доволни ниту по состав ниту по количина (579 - 48,3 %). Оброците им се доволни само по количина, но не и по квалитет, на 367 испитаници (30,6 %), на 21,2 % од анкетираните оброците не им се доволни ниту по состав ниту по квалитет.

Интересен е податокот што во вкупниот број на изјаснети анкетирани лица кои сметаат дека оброците им се недоволни (254), невработените најмногу се изјасниле дека оброците не им се доволни и по состав и по квалитет (111 - 43,7 %). Со оглед на фактот што на сиромашните лица оброците им се недоволни, овој податок оди во прилог на поставената посебна хипотеза дека ризикот од осиромашување се зголемува доколку членовите од домаќинствата се невработени или стечајни работници.

Доколку ги изделиме невработените и стечајните работници од вкупната маса на анкетирани (1199), и ако ја тестираме хипотезата - $H_0$: дека, нема разлика меѓу одговорите и случајно расподелените одговори, ќе ги добиеме следниве разултати.

Табела 54: Доволност/недоволност на оброците според квантитетот и според квалитетот.

| | Невработени | Под стечај | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Оброците се доволни | 131 | 14 | 146 |
| Доволна е само количината | 138 | 13 | 151 |
| Не се доволни ни по количина ни по состав | 111 | 4 | 115 |
| Без одговор | 1 | | 1 |
| Вкупно | 381 | 31 | 412 |

$x^2 = 3{,}99$; $c = 0{,}097$; $м = 3$; $p = 0{,}05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ“, сопствена анализа.

Имено, пресметаната вредност $x^2 = 3{,}99$, со степен на слобода $м = 3$ и со степен на ризик $p = 0{,}05$ одат во прилог на прифаќање на поставената нулта хипотеза дека нема разлика меѓу одговорите и случајно распределените одговори на невработените и на стечајните работници во однос на нивната субјективна оцена за материјалната состојба, што значи дека со 5 % ризик може да тврдиме дека разликите не се статистички значајни.

Проверка на поставената хипотеза е направена и со друг индикатор на сиромаштијата – со прашањето: Каква е вашата субјективна оцена за сопствениот материјален статус?. Резултатите од вкрстувањето на овие две варијабли (работниот статус и одговорите на поставеното прашање) се дадени во табелата што следува.

Табела 55: Субјективна оценка за материјалната состојба на домаќинствата според работниот статус на главата на домаќинството.

| | Постојано вработен | Привремено вработен | Невработен | Под стечај | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу добра | 7 | 3 | 3 | | 3 | 16 |
| Добра | 117 | 22 | 43 | 1 | 75 | 253 |
| Задоволителна | 142 | 36 | 96 | 8 | 111 | 393 |
| Незадоволителна | 80 | 20 | 177 | 16 | 121 | 414 |
| Многу неповолна | 16 | 4 | 62 | 6 | 35 | 123 |
| Вкупно | 357 | 85 | 381 | 31 | 345 | 1199 |

$x^2 = 128,4$; $c = 0,31$; $м = 16$; $p = 0,05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Резултатите упатуваат на заклучокот дека најголем дел од испитаниците оцениле дека материјалната состојба им е неповолна (34,5 %). Интересно е што и овојпат невработените лица најмногу се изјасниле дека нивната материјална положба им е неповолна. Нивното учество во вкупната маса на анкетирани (414), кои се изјасниле дека имаат неповолен материјален статус, изнесува 28,3 %. Овие податоци, всушност, одат во прилог на хипотезата која укажува на поврзаноста на работниот статус и на субјективната оценка на испитаниците за нивната материјална состојба. И пресметаниот $x^2$ квадрат зборува дека со степен на слобода од 16 и со 5 % ризик можеме да тврдиме дека разликите се статистички значајни со средно изразен интензитет. Анализата на ставовите на стечајните работници и на невработените за тоа прашање е прикажана во табелата што следува.

Табела 56: Субјективна оценка за материјалната состојба на домаќинствата според работниот статус на главата на домаќинството (невработени и стечајни работници).

| | Невработени | Под стечај | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Многу добра | 3 | | 3 |
| Добра | 43 | 1 | 44 |
| Задоволителна | 96 | 8 | 104 |
| Незадоволителна | 177 | 16 | 193 |
| Многу неповолна | 62 | 6 | 68 |
| Вкупно | 381 | 31 | 412 |

$x^2 = 2,3$; $c = 0,07$; $м = 4$; $p = 0,05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Врз основа на добиените податоци ($x^2$ = 2.3; C = 0,07; м = 4; p = 0,05) можеме да тврдиме дека разликите статистички не се значајни, со што може да тврдиме дека со степен на слобода 4 и со 5 % ризик дека нема зависност меѓу анализираните варијабли (работниот статус и субјективната оценка за сопствената материјална состојба).

Врз основа на податоците од анкетата и од тестираните варијабли, поставената нулта хипотеза за непостоење разлики меѓу анализираните варијабли (работниот статус и оцената за: доволноста на оброците, материјалниот статус, како и оцената на скалата сиромав - богат) секаде е отфрлена. Тоа укажува на фактот дека разликите се статистички значајни на дефинираните степени на слобода и на ризик од 0,05.

Меѓутоа во сите анализи направени меѓу невработените и стечајните работници, и нивните ставови на поставените прашања, прифатена е нултата хипотеза. Ова упатува на заклучокот дека разликите меѓу очекуваните и запазените фреквенции се мали, при што разликите не се статистички значајни.

Сметаме дека друг фактор што има големо влијание врз сиромаштијата е образованието. При анализата на сиромаштијата во РМ, дојдовме до заклучок дека образованието влијае врз состојбата со сиромаштијата. До овој заклучок дојдовме откако ги анализиравме двата индикатора на сиромаштијата, вкупниот збирен индекс и индексот на длабочината. Имено, во целиот анализиран транзициски период, највисока вредност на индексите за длабочината и вкупниот збирен индекс бележат лицата без образование, со незавршено основно и со основно образование (види *Профил на сиромаштијата во РМ*).

За тестирањето на хипотезата дека колку што е понизок степенот на образование на членовите од домаќинствата, толку е поголем ризикот од осиромашување, ќе ни послужи прашањето: Колку приходи во пари остварува месечно вашето домаќинство?, кое им е поставено на граѓаните на РМ, во рамките на проектот „Социјално исклучување на граѓаните на РМ". Добиените податоци се средени во табелата што следува.

Да претпоставиме дека нема разлики меѓу анализираните варијабли – степенот на образование и вкупните приходи во домаќинството.

Табела 57: Вкупни приходи во домаќинството според степенот на образование.

| | Без образование | Завршено I-II одд. | Завршено IV-VII одд. | Завршено основно | Тригодишно средно | Четиригодишно средно | Гимназија | Вишо | Високо | Магистратура, докторат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 12 | 8 | 14 | 52 | 8 | 6 | 1 | 2 | 1 | | 104 |
| 4000-6000 ден. | 18 | 12 | 18 | 67 | 21 | 27 | 6 | 1 | 2 | | 172 |
| 6000-10000 ден. | 10 | 13 | 26 | 85 | 33 | 59 | 25 | 25 | 5 | | 281 |
| 10000-15000 | 2 | 6 | 12 | 54 | 24 | 61 | 23 | 28 | 18 | | 228 |
| 15000-20000 | 3 | 2 | 3 | 17 | 16 | 47 | 20 | 21 | 20 | 1 | 150 |
| Над 20000 | 3 | 2 | 5 | 26 | 18 | 67 | 29 | 20 | 61 | 1 | 232 |
| Нема приходи | 0 | | 2 | 8 | | 12 | 4 | 3 | 3 | | 32 |
| Вкупно | 48 | 43 | 80 | 309 | 120 | 279 | 108 | 100 | 110 | 2 | 1199 |

$X^2 = 363,8$; $C = 0,48$; $м = 54$; $p = 0,05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ“, сопствена анализа.

Врз основа на пресметаниот степен на слобода[226] со 5 % ризик ја отфрламе нултата хипотеза, бидејќи запазените резултати многу се разликуваат. Коефициентот на контигенција C = 0,48 укажува на поголема меѓузависност на анализираните варијабли.

И покрај тоа што прикажаните вкупни приходи во претходната табела не се високи, ќе ја тестираме истата хипотеза дека нема разлики меѓу анализираните варијабли (степенот на образование и вкупните приходи во домаќинството), но овојпат само врз изјавите на анкетираните лица со приходи од 4000 до 10000 денари. Податоците се прикажани во табелата што следува.

Табела 58: Вкупни приходи во домаќинството (4000-10000) според степенот на образование.

| | Без образование | Завршено I-II одд. | Завршено IV-VII одд. | Завршено основно | Тригодишно средно | Четиригодишно средно | Гимназија | Вишо | Високо | Магистратура, докторат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 12 | 8 | 14 | 52 | 8 | 6 | 1 | 2 | 1 | | 104 |
| 4000-6000 ден. | 18 | 12 | 18 | 67 | 21 | 27 | 6 | 1 | 2 | | 172 |
| 6000-10000 ден. | 10 | 13 | 26 | 85 | 33 | 59 | 25 | 25 | 25 | | 281 |
| Вкупно | 40 | 33 | 58 | 204 | 62 | 92 | 32 | 28 | 8 | 0 | 557 |

$X^2 = 85,7$; $C = 0,36$; $м = 18$; $p = 0,05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ“, сопствена анализа.

226 Види белешка 225.

Анализата на пресметаниот $x^2$ упатува на истиот заклучок како и при анализата на сите модалитети на варијаблата вкупни приходи. Имено, разликите меѓу анализираните варијабли (приходите во домаќинството и степенот на образование) се статистички значајни со средно изразен интензитет.

Да претпоставиме дека не постои ралика меѓу степенот на школска подготовка (без образование, од прво до трето, со завршено четврто до седмо и со завршено осмо одделание) и вкупните приходи во семејството. Со помош на податоците од споменатото истражување ќе ја провериме хипотезата.

Табела 59: Степен на образование и вкупни приходи во семејството.

| | Без образование | Завршено I-III одд. | Завршено IV-VII одд. | Завршено основно | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 12 | 8 | 14 | 52 | 86 |
| 4000-6000 ден. | 18 | 12 | 18 | 67 | 115 |
| 6000-10000 ден. | 10 | 13 | 26 | 85 | 134 |
| 10000-15000 | 2 | 6 | 12 | 54 | 74 |
| 15000-20000 | 3 | 2 | 3 | 17 | 25 |
| Над 20000 | 3 | 2 | 5 | 26 | 36 |
| Нема приходи | 0 | | 2 | 8 | 10 |
| Вкупно | 48 | 43 | 80 | 309 | 480 |

$X^2 = 17{,}2$; $C = 0{,}04$; $м = 18$; $p = 0{,}05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјалната исклученост и несигурност на граѓаните во РМ", сопствена анализа.

Пресметаниот $x^2 = 17{,}2$ и степенот на слобода $м = 18$ одат во прилог на прифаќање на поставената хипотеза дека нема разлика меѓу степенот на школска подготовка (без образование, од прво до трето, со завршено четврто до седмо и со завршено осмо одделание) и вкупните приходи во семејството. Ваквиот резултат е очекуван бидејќи сите испитаници имаат ниски приходи, при што ризикот од осиромашување е најмногу изразен кај нив.

На крајот, би можеле да резимираме дека неповолниот економски развој во РМ во периодот 1990-2000 година придонесе да се зголеми бројот на невработеноста, да се намали бројот на вработените и да се намали вред-носта на платите. Оценувајќи го економскиот развој според истакна-тите индикатори (стапка на вработеност, стапка на невработеност, БДП, просечно нето исплатени плати итн.), констатиравме дека станува збор за неповолен економски развој.

Неповолниот економски развој во РМ се одрази на многу сегменти од општественото живеење во Републикава. Ние се задржавме на неговиот одраз на состојбата со сиромаштијата. Имено, ниските и нередовни плати, неможноста да се најде работа и отпуштањето од работа ги сметаме за ос-новни (примарни) фактори што влијаат врз зголемувањето на бројот на сиромашните граѓани во РМ. Ваквата претпоставка беше преточена во општата хипотеза која се потврди со помош на индикаторите за економски развој.

Многубројни се посредно фактори кои исто така влијаат врз зголе-мувањето на бројот на сириромашните граѓани. Ние се определивме за нискиот степен на образованието на членовите од домаќинството, за ниските приходи во домаќинството, како и за работниот статус на члено-вите од домаќинството – невработеност на двајца полнолетни членови кои се работно способни, стечајни работници. Проверката на посебните хипо-тези се изврши со помош на податоците од анкетата „Социјална исклу-ченост на граѓаните на Република Македонија“. Имено, добиените подато-ци се во прилог на поставените посебни хипотези.

# VI ДЕЛ

# ПОСЛЕДИЦИ ОД СИРОМАШТИЈАТА

Економските реформи создадоа големи разлики меѓу националните економии во државите, предизвикаа рецесија и сиромаштија.

Сиромаштијата за десет пати[227] се зголеми во минатите десет години. Опаѓањето на економскиот развој беше својствен за земјите што го минуваат транзицискиот период. Последица од стагнацијата во економскиот развој, секако, е зголемувањето на бројот на сиромашните.

Република Македонија не е исклучена од процесот на транзициски промени. Анализите на макро и на микроекономските показатели нè упатија токму на таков заклучок.

Доколку се анализираат показателите на инфлацијата, буџетскиот дефицит и учеството на јавниот долг во БДП,[228] би можеле да констатираме дека во македонското стопанство не е така лошо (што се забележува од Табела 60).

Меѓутоа, загрижуваат податоците од анализата на инвестициите во БДП, на реалниот пораст на БДП, на невработеноста во однос на активното население и на порастот на платите (види Табела 61).

---

[227] *Транзиција – првите десет години, анализи и поуки за Источна Европа и за поранешниот Советски Сојуз*, Светска банка, *Зум*, 1 февруари 2002 год., 31.

[228] Би сакале да истакнеме дека податоците треба многу внимателно да се анализираат (на пр. порастот на БДП, освен другото, се зановува и врз големата разлика во приходите – богати : сиромашни).

Табела 60: Поважни индикатори на македонското стопанство.

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|
| Инфлација | 0,8 | 4,4 | 0,8 | -1,1 |
| Буџетски дефицит | -0,7 | 0,3 | 1,8 | 1,5 |
| Вкупен јавен долг (учество во БДП) | 60,0 | 60,0 | 47,7 | 51,0 |

Извор: Административни извори на Министерство за развој на РМ.

Табела 61: Поважни индикатори на македонското стопанство.

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|
| Инвестиции во БДП | 15,4 | 15,0 | 17,8 | 17,9 |
| Реален пораст на БДП | 1,2 | 1,5 | 2,9 | 2,7 |
| Невработеност во однос на активното население | - | 31,6 | 32,2 | 40,8 |
| Пораст на платите | 0,4 | 0,2 | 3,8 | 2,9 |

Извор: Административни извори на Министерство за развој на РМ.

Во споредба со Бугарија, со Романијаи со Југославија, Република Македонија има 35-60 % повисоки плати по вработен. Овој податок не треба да нè охрабрува. Имено, доколку се имаат предвид нередовната исплата на платите, податокот дека во периодот 1990-1999 година платите се намалени за 32,4 %,[229] како и вредноста на потрошувачката кошница, состојбите со платите во Републикава е загрижувачки.

Целокупниот транзициски период резултираше со голем број социоекономски промени:

– опаѓање на вработеноста;

– зголемување на невработеноста;

– опаѓање на реалните плати;

– висока корумпираност;

– зголемување на корисниците на социјална помош;

– пораст на емиграцијата, особено на младиот образован кадар;

– регионална неразвиеност;

– социјално исклучување и несигурност на граѓаните;

– опаѓање на животниот стандард и

– осиромашување.

---

229 Извор: Министерство за развој на Република Македонија, сопствена пресметка.

Имајќи ја предвид комплексноста на истражуваниот проблем, како и раководејќи се од прифатената дефиниција во ова истражување за сиромаштијата: „како сиромашни се сметаат лицата, семејствата и групите лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво што ги исклучува од минимум прифатливиот начин на живеење во државата во која живеат“, причините ќе ги бараме само во рамките на оваа дефиниција.

Во една поширока димензија би можеле да кажеме дека недоволната економска развиеност е последица од „сиромашните ресурси – сиромаштија во земјата“, што, всушност е прифатливо, и во тие рамки можеме да зборуваме за последиците од сиромаштијата. Ние се одлучивме анализата да ја направиме спротивно, односно економската неразвиеност да ја анализираме како причина за осиромашувањето.[230] Ваквата состојба уште еднаш упатува на заемната поврзаност и на условеноста на овие фактори.

Сиромаштијата е историска, класно условена општествена појава. Таа е специфична и мошне неповолна за оние што се што се во таква состојба).

Поголемиот обем, длабочината и подолгорочното траење на оваа состојба објективно може да се изразат како значајни фактори што влијаат врз севкупната општествена аномија.

Последиците од состојбата (одделни лица, семејства и групи лица да не можат да ги задоволуваат потребите од материјална, од културна и од социјална природа на соодветно ниво) се многубројни. Нашиот интерес ќе биде фокусиран на последиците врз самата личност, на средината каде што живее и дејствува таа, како и пошироко во општеството.

Последиците од состојбата на сиромаштија најнепосредно ги одразуваат материјалната и социјалната положба, биолошко-психолошките состојби и однесувањето на граѓаните кои се во таква состојба (сиромаштија) како и нивната специфична култура на живеење и на однесување.

---

[230] Цениме дека овој проблем заслужува посебен научен интерес, што, всушност, е и натамошен предизвик на авторот.

Сиромаштијата во РМ создаде ризични маргинализирани групи, создаде ранливи групи. Да си сиромашен за многу домаќинства значи да си гладен, да немаш гориво за затоплување и за превоз, да немаш засолниште над главата, да немаш медицинска грижа итн.

Последиците од сиромаштијата се многубројни. Ќе истакнеме неколку: гладување, болести, намалени социјални комуникации, губење на интересот за стекнување образование, социо-патолошки појави. Интегрирани сите заедно создаваат една посебна култура на сиромаштијата во Република Македонија.

Прашање што заслужува посебно внимание, анализирајќи ги последиците од сиромаштијата, секако е приоритетот при задоволувањето на веќе лимитираните потреби, во услови кога многу сиромашни домаќинства немаат никакви приходи или нивните приходи се ниски.[1] Секој човек има потреба од задоволување на различни потреби.[231] Меѓутоа, одделни луѓе не можат да ги задоволуваат дури ни примарните потреби. Самото лимитирање на задоволувањето на човековите потреби е последица пред сè од нивната состојба – што се сиромашни. Погрешно е мислењето со кое се смета дека сиромашни се граѓаните поради сопствена вина (има и такви). Имено, причините, како што веќе истакнавме во претходната глава, се во самото општество.

Сите луѓе сакаат да живеат слично како нивните сограѓани. Големите разлики во начинот на живеење честопати прави сиромашни опреде-

---

[231] Потребите што човек треба да ги задоволува може да ги групираме како: општи и специфични; постојани и променливи; незаменливи и заменливи; лични; заеднички и општествени; вистински или замислени; потреба од луксуз; културни потреби; политички потреби; потреби за спортување и за рекреација; потреба од дружење со роднини, со пријатели; потреба од работа итн.

Во литературата општо е позната поделбата на примарни, секундарни и терцијарни човекови потреби. Како примарни се сметаат потребите за храна, за облека, за обувки и за домување. Секундарните потреби ги вклучуваат трајните потрошувачки добра, додека терцијарните ги опфаќаат разните потрошувачки услуги.

Секако треба да имаме предвид дека наведените и многу други потреби на човекот и на неговото семејство постојано се менуваат. Тие варираат во зависност од одделните фази на развој на членовите во домаќинството, а и во однос на поединецот во зависност од неговите психички или физички карактеристики. Имено, треба да се внимава на разликите меѓу половите, во староста, па и во однос на климатските услови.

лен број луѓе кои не можат да живеат како другите. За жал, чести се глет-ките непосредно до модерно урбанизираните населби да живеат семејства како ова на фотографијата.[232]



Во услови на изразена поларизација: богати - сиромашни, ниски - високи приходи, евтини - луксузни производи, скромни станови со мала квадратура - луксузни станови со голема квадратура итн., последицата е очекувана: зголемено субјективно чувство за сопствената положба (чувство на сиромаштија).

Со помош на квалитативна анализа на сиромашните домаќинства, во текстот што следува ќе ги дефинираме последиците од состојбата на сиромаштија.

---

232 Ова домаќинство беше среќно и хармонично сè додека не се изградија новите објекти, вселени, како што велат тие, со препотентни луѓе, со луксузни автомобили, со прекрасни облеки, со луѓе кои ги полнат контејнерите со работи кои можат да се користат (здрави чевли, облека, маси и што ли не).

# 1. НЕДОХРАНЕТОСТ

Немањето никакви приходи во домаќинството ги ограничува можностите за задоволување на примарните потреби на човекот (потребите за одржување во живот: храна, облека, домување). Ништо нема приоритет за задоволување на човековите потреби кај сиромашните. Прашање што секојдневно ги мачи сиромашните е што ќе се јаде денес и како, со кои пари да се набави храната.

Од последиците на неправилната исхрана понекогаш сиромашните завршуват Мелнуришед Мојсен (7-годишно дете од Нигерија, на фотографијата подолу) со згрижување во болница; а некои, пак, завршуваат трагично.



Гладувањето е најизразена последица од сиромаштијата. Денес во светот гладуваат милиони луѓе.

Гладувањето е својствено за сиромашните граѓани и во нашата Република. Всушност, тоа го потврдија и резултатите од квалитативната анализа.

Дневната потрошувачка кај анализираните домаќинства се движи до 116 денари[233] потрошувачка кошница, а пресметано според моделот на ЕЕЗ (според вредноста на цените во малопродажба), таа чини 457 денари[234]. Според овој модел на ЕЕЗ, на нашите домаќинства им недостасуваат 341 денар. Оттука се наметнува прашањето како преживуваат нашите сиромашни граѓани. Моделот што го нуди ЕЕЗ е неприфатлив за нашите граѓани.[235] Споредбата во натамошната анализа ќе ја правиме со моделот за минимум потреби за храна, кој ни го нуди Заводот за унапредување на домаќинствата на РМ. Според тој модел, анализата е направена на три категории сиромашни домаќинства: 1. со месечни расходи до 2000 денари, 2. 2000-3000 денари и 3. 3000-3600 денари.

## *1.1. АНАЛИЗА НА РАСХОДИТЕ ЗА ХРАНА КАЈ СИРОМАШНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Анализирани се расходите за храна на 50 сиромашни домаќинства (двапати годишно) во периодот 1990-2000 година. За појасно да се претстави состојбата на несодветна исхранетост на сиромашните домаќинства во Републикава, ќе ги користиме и разултатите од квантитативната анализа.

Македонските сиромашни домаќинства во целиот истражуван период не покажуваат отстапувања од вообичаениот начин на задоволување на потребата од храна. Анализираните домаќинства во исхраната најмногу конзумираат житни производи (лебот се конзумира над предвидените минимум стандарди), како и виталните масти (масло и маргарин).[236] Појадо-

---

233 Пресметана според ОЕЦД стандардот.

234 Дневната потрошувачка кошница е пресметана според моделот на ЕЕЗ. Цените се преземени од малопродажбата на 15.05. 2000 година (сопствена пресметка).

235 Ова е еден вид алиенација на македонските граѓани. Зачудувачки е податокот што во стратегиите што ги прави државата се преземаат модели од други земји, а за споредбена анализа не се добри.

236 Минимум потребите за егзистенција на четиричлено семејство, според стандардите на Заводот за унапредување на домаќинствата во РМ, изнесуваат:

ците најчесто се состојат од леб, од маргарин и од чај. Ручеците најчесто се манџи со зелка, со грав или со компири. Вечерите честопати се прескокнуваат (констатацијата е својствена за родителите). Добрата исхранетост бара соодветна застапеност на минерално-витаминско-протеинскиот состав на храната. Задоволувањето на потребите од храна кај поголемиот дел од сиромашните домаќинства е под предвидениот стандард што го дава Заводот за унапредување на домаќинствата (види Табела 62).

Табела 62: Конзумирана храна од страна на сиромашните домаќинства, споредена со стандардите што ги дава Заводот за унапредување на домаќинствата (состојба во декември 2000 година).

| | Под стандардите | Стандарди од Заводот | Над стандардите |
|---|---|---|---|
| Житни производи | 8 | 0 | 41 |
| Месо, риба, јајца | 47 | 3 | 0 |
| Млеко и млечни производи | 44 | 6 | 0 |
| Витални масти | 11 | 8 | 31 |
| Зеленчук и негови преработки | 42 | 8 | 0 |
| Овошје и негови преработки | 50 | 0 | 0 |
| Шеќер и негови преработки | 41 | 5 | 4 |

Извор: Резултати од квалитативна анализа, сопствена пресметка.

Во пролетниот период во истата година не се забележани некои поизразити промени во начинот на исхраната.

Слободно може да констатираме дека сезоната нема свое позитивно влијание врз начинот на исхраната на сиромашните домаќинства.

1. Производи од жито и житни преработки: леб 45,0 кг, брашно 3,0 кг, тестенини 3,0 кг, ориз 1,5 кг, бисквити 0,5 кг;
2. Месо, риба, јајца и преработки од месо: јунешко месо со коски 5,0 кг, пилешко месо 4 кг, салама 0,5 кг, риба ослиќ 1,0кг, јајца 60;
3. Млеко и преработки од млеко: млеко 40 л, кравјо сирење 2,0 кг, урда 3,0 кг;
4. Витални масти: свинска маст 2,4 кг, масло 2,0 л, маргарин 1,0 кг:
5. Зеленчук и преработки од зеленчук: компири 20 кг, грав 2,0 кг, зелка 5,0 кг, кромид 1,0 кг, боранија и слично 3 кг, моркови 1,0 кг, домати туршија 10,0 кг, пиперки туршија 10,0 кг;
6. Овошје и преработки од овошје: јаболки, круши и сл. 15 кг, тиква 4,0 кг, сирупи 0,5 л;
7. Шеќери, преработки од шеќер, зачини и сл.: шеќер 4 кг, џем 2 кг, кафе 0,3 кг, ракија и сл. 1 л, чај 0,3 кг, чоколади 0,3 кг.

Потребите за храна се пресметани за семејство од 4 члена, и тоа: татко на возраст 40-50 год., мајка 35-40 год., син 15 год. и ќерка на возраст до 10 години. Вредноста на артиклите е пресметана според цените во малопродажбата.

Разлика постои кога се прави анализа на расходите за исхрана во почетокот на анализата (1990, 1991, 1992, 1993 година) и анализата на расходите во 1999-2000 година (особено до израз доаѓа разликата кај домаќинствата во кои не настанале некои промени, пред сѐ на финансиски план). Имено, во почетокот на анализата (1990, 1991, 19992, 19993, 1994 година) домаќинствата ги користат заштедите од претходниот период (пред сѐ финансиски заштеди), па е забележана поголема разновидност во конзумирањето на храната.

Храната најчесто е набавена по пониски цени, честопати со поминат рок на употреба. Не се исклучени и можностите кај некои домаќинства да се конзумира храната што останала како отпад по пазарите.

Начинот како се хранат сиромашните семејства најчесто е условен од парите што им стојат на располагање во домаќинството. Не е исключено влијанието на културните навики (види Рамка 3)

Рамка 3

| |
|---|
| Домаќинство кое 7 години нема друг приход во домаќинството освен социјалната помош (2900 денари) во една прилика заработува три илјади денари. Парите „не ни пренокиле“ во домаќинството. Веднаш се потрошени за храна набавена во кафеана. |

Нутриционистите го оценуваат начинот на исхрана[237] на сиромашните домаќинства крајно неповолно, посочувајќи на низа последици од таквата состојба, пред сѐ здравствени.

Една последица од неправилната исхранетост е случајот со синот на Љубица, Алберт (види Рамка 4).

[237] Консултацијата за добиените резултати од квалитативната анализа е направена со нутриционистите од Заводот за унапредување на домаќинствата во Република Македонија.

Рамка 4



Алберт е едно од десетте деца на Љубица.

Љубица е самохрана мајка која живее во бараките за социјална помош во Кондово. Таа никогаш не била мажена. Љубица дури не знае точно кој е таткото на Алберт. Децата се грижат сами за себе. Повозрасните женски деца се проституираат, бидејќи мајка им е веќе болна и не може да придонесува во семејството. Сите живеат во една соба. Во училиште не одат. Оправдување, според Љубица, е дека во Кондово нема македонско училиште. Љубица е Македонка. Децата зборуваат и ромски и албански. Поради несоодветната исхрана и поради недоволната хигиена и грижа за двегодишниот Алберт, тој е тежок само 9,5 кг и има сериозни нарушувања на целокупната здравствена состојба. Шест месеци бил во болницата за детски белодробни болести во Козле, Скопје. Љубица се жали дека го отпуштиле за да умре дома. Следната, 1998 година, Алберт еден месец престојувал на инфективната клиника во Скопје поради труење од храна. Во почетокот на 1999 година згаснува животот на Алберт, во детската клиника во Скопје.

Би можеле да резимираме: задоволувањето на егзистенцијалните потреби од храна кај сиромашните домаќинства е сведена на преживување. Честопати се прескокнуваат оброците. Прехранбените артикли што се конзумираат се неквалитетни.

# 2. ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ

Десетгодишниот период на транзиција во Република Македонија, како што истакнавме, резултираше со зголемување на бројот на домаќинствата кои станале сиромашни. Состојбата на лишеност од задоволување на одделни човекови потреби особено се одрази врз здравјето на членовите на сиромашните домаќинствата.

Ваквата констатација најдобро може да се забележи и од графичкиот приказ на структурата на заболените според приходите во домаќинствата (види го графиконот што следува).

Графикон 14: Структура на заболени лица
според приходите во семејството.




Извор: *Социо-економска структура и проблеми на населението во РМ*, ИСППИ, Скопје, 2001, 123.

Податоците во дијаграмот јасно покажуваат дека лицата со помали приходи во семејството имаат повисок морбитет и спротивно. Утврдена е и статистички значајна разлика меѓу приходите и морбитетот, $x^2 = 122{,}75$, коефициентот на контигенција $C = 0{,}23$, степен на слобода м = 9, со ризик од $p = 0{,}05$.

Најмногу заболени лица има кај оние со приходи 3001-5000 денари, а најмалку кај домаќинствата со приходи над 25000 денари.

На слична состојба упатуваат податоците од медицинската литература. Имено, воочлива е поврзаноста меѓу влошените социјално-економски услови (особено невработеноста) и психосоцијалниот стрес кој се рефлектира врз здравствената состојба на населението. Меѓу најзначајните показатели за последиците од сиромаштијата се морбидитетот од кардиоваскуларните заболувања, душевните растројства и самоубиствата, малигните неоплазми и други болести, порастот на алхохолизмот, на пушењето, на наркоманијата итн.

Во натамошниот текст е направен обид да се согледа и да се прикаже поврзаноста меѓу состојбата на сиромаштија и здравствената состојба на населението во Република Македонија. Анализата ќе ја направиме со помош на достапните податоци од демографската и од здравствената статистика за морбидитетот, за организацијата и за активноста на здравствената служба, за измените и за дополнувањата на законската регулатива и за тековните реформи во областа на здравството и на здравственото осигурување, како и за информации од литературата.

Во патологијата на сиромашните домаќинства во Републикава, како што истакнува проф. Дончо Донев,[238] доминираат и имаат тренд на натамошен пораст хроничните незаразни болести, кои имаат поврзаност со начинот на живеење. Сознанието дека повеќето од хроничните болести воопшто не можат да се објаснат исклучиво со една причина, резултираат со мултикаузална поврзаност на болестите.

Социјалната средина е еден од значајните фактори за човековото здравје, а таа кај сиромашните домаќинства е нарушена.

Социјалната средина во која живеат и работат сиромашните е извор на разни предизвици со кои се нарушува нивната здравствена состојба.

Научните знаења за поврзаноста на стилот на живеење и условите во кои луѓето живеат и работат имаат силен одраз врз нивното здравје и

---

[238] Дончо Донев е професор на Медицинскиот факултет во Скопје и директор на Институтот за социјална медицина.

врз должината на животот. Иако секое лице е одговорно за сопствениот стил на живеење, сепак сиромаштија (особено подолготрајната) создава посебен стил на живеење, кој е надвор од индивидуалната контрола.

Постојат многубројни докази за поврзаноста на ниските приходи со здравствената состојба. Смртноста на доенчињата најчесто се користи за илустрација на ваквото тврдење. Имено, државите со висока смртност на доенчињата (над 100 ‰) имаат изразито низок национален доход по жител (до 400 $).

Во Република Македонија бројот и стапката на живородени деца во овој транзициски период е благо намалена, од 17,1 ‰ во 1991 година на 13,5 ‰ во 1999 година. Општата стапка на смртноста од 7,2 е зголемена на 8,3 ‰ (умрени на 1000 жители). Како резултат на тоа во периодот 1991-1999 година природниот прираст на населението од 9,0 е намален на 5,2 ‰ (Табела 63).

Прикажувањето на вкупниот морбидитет на населението во РМ е отежнато поради поставеноста на здравствено-статистичкиот систем за одделно прибирање податоци за регистрираните заболувања во амбулантно-поликлиничките дејности во примарната здравствена заштита, особено во болничката дејност. Голем е бројот на сиромашните кои не се лекуваат.

Табела 63: Витален индикатор во РМ во периодот од 1991 до 1999 година.

| Витални индикатори (на 1000 жители) | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Живородени | 17,1 | 16,2 | 25,6 | 17,3 | 16,6 | 15,8 | 14,8 | 13,5 |
| Вкупна смртност | 7,2 | 7,8 | 7,5 | 8,2 | 8,4 | 8,1 | 8,3 | 8,3 |
| Смртност на доенчиња | 28,2 | 30,6 | 24,1 | 22,3 | 22,7 | 16,4 | 15,7 | 14,9 |
| Природен прираст | 9,0 | 8,4 | 8,1 | 8,1 | 8,2 | 7,7 | 6,5 | 5,2 |

Извор: Административни извори на Републичкиот завод за статистика.

Регистрираниот морбидилитет, според доставените извештаи од здравствените домови, прикажува благ пораст на бројот на заболувањата во транзицискиот период.

Болестите на респираторниот систем се водечките заболувања во примарната здравствена заштита кои зафаќаат од 1/4 до 1/3 од сите регистрирани заболувања во службите за општа медицина и во службите за медицина на трудот. Оваа појава, според мислењето на проф. Дончо Донев,[239] е многу застапена кај децата.

Според статистиката на болнички рагистрираниот морбидитет во 1996 год., најголема е застапеноста на респираторните болести (16,4 %), потоа следуваат кардиоваскуларните (13,2 %), болестите на дигестивниот систем (11,8 %), повредите и труењата (7,7 %) итн.

Заразните болести подлежат на задолжителна регистрација и, според законот, на поединечно пријавување. Со спроведувањето на посебни превентивни програми и со успешна имунизација беа постигнати значителни резултати во намалувањето на бројот на заболувањата. Сепак, одделни заразни болести во нашава земја сè уште се повисоки во споредба со некои европски земји. Особено загрижува благото зголемување на овој тип болести во периодот 1990-2000 година. Според службата за статистика при здравствените домови и според болничко регистрираните, цревните заразни болести сè уште се присутни на нашиве простори (заболените имаат ниски материјални приходи) особено во руралните средини, со несоодветно решено водоснабдување, не се исклучени и урбаните населби кои немаат соодветна инфраструктура и каде што се живее во лоши станбени услови. Најчести болести од овој тип се дизентеријата, заразната жолтица од типот Б, салмонелози итн.

Честопати сиромаштијата се мери и според заболените од ТБЦ, што е сосема погрешно за времето во кое живееме. Заболувањето од овој тип не е секогаш предизвикано од сиромаштија.

Денес, кога во Републикава имаме пораст на сиромаштијата, забележливо е благо осцилирање на заболените од туберкулоза, од 163,2 во 1980 година на 79,4 во 1993 година (на 1000 жители), во 1997 год. е забележано благо покачување на 83,3, а во 1999 година има евидентно намалува-

---

[239] Неговиот суд е заснован врз податоците од службите за здравствена заштита на децата до 6 год. и од службите за заштита на училишни деца и младинци.

ње на 70,3 (на 1000 жители). Намален е и бројот на инфицираните од ТБЦ вирусот на 28,4 во 1999 год. од 31,2 во 1996 година (на 1000 жители).

Во овој транзициски период со програмата за имунизација беа опфатени 92 (98 %) од лицата. Од 1992 год. наваму забележливо е благо опаѓање на опфатеноста како резултат на недостигот од вакцини.

Како посебна последица во овој блок (здравствен), која произлегува главно од немање пари, е и неодењето на лекар и користењето алтернативни лекарства. Честопати лекувањата на овој начин завршуваат несакано. Анкетираните честопати се жалат на лошиот третман од страна на лекарскиот персонал (види Рамка 5).

Рамка 5

Ш. Окрен, 21-годишен, женет, татко на две деца, КВ работник, остварува приход за семејството собирајќи железо „од контејнерите" (2 денари за еден кг).

Живее во една соба 3 на 2 метри. Собата е опремена со еден шпорет и со черги на кои спијат. Струја имаат, но не ја плаќаат. Таа се води на заеднички стан на повеќе сопственици. Вода и тоалет има надвор. Добива помош од 2800 денари.

Окрен е инвалид на едната рака.

Есента 2000 година, Окрен беше тешко болен. Започна со обична настинка, заврши во болница за болести на градите. За своите маки тој говори: „Сè почна кога се разболев првпат, ме однесоа со коњска кола во поликлиниката во Ѓорче Петров. Таму никој не ме погледна, сè додека комшијата не се закани. Докторката само од врата ме погледа и ми препиша лекови (се муртеше – сум и смрдел). Лековите како да ги купам, немам пари. Можеше инјекција да ми стави, вели Окрен. Не сакам да се грозат од мене. По две недели морав да одам во Државна болница, да се лечам. И таму докторите и сестрите не ме гледаа како другите, кои им купуваа кафе и други работи. Јас сум сиромав, не можев да им купам ништо.

Средствата за смирување (од типот лексилиум) се присутни во секое домаќинство, што упатува на една влошена психичка рамнотежа, на напнатост и на стресна ситуација. Ваквата состојба е последица од немањето пари, од неизвесноста дали ќе се земе плата, дали фирмата ќе оди под стечај, кои работници ќе бидат отпуштени, како да се поправи расипаниот апарат, како да се купи нова облека итн. Не наоѓајќи излез од ваквата состојба, најчесто членовите од овој тип домаќинства заболуваат од болести на срцето и имаат зголемен крвен притисок. Некои завршуваат и трагично (види ги графиконите 15 и 16).[240]

---

[240] Свесни сме дека на овој проблем не сме му посветиле доволно внимание. Тој проблем заслужува посебно научно внимание и претставува предизвик за натамошна анализа.

Графикон 15: Болести на срцето и на крвните садови во периодот 1991-1999 година.




Извор: Административни извори на Службата за медицина на трудот.

Графикон 16: Најчести причини за смрт во Република Македонија во текот на 1999 година.




Извор: Административни извори на Службата за медицина на трудот.

Врз основа на сето погоре изнесено, можеме да заклучиме дека севкупниот начин на живеење на сиромашните домаќинства негативно влијае врз здравјето на членовите на домаќинството.

## 3. ХИГИЕНСКИ ПРОБЛЕМИ

Честопати кога зборуваме за сиромаштијата сметаме дека сиромашните лица не обрнуваат внимание на својата хигиена. Овде би сакале да се осврнеме малку повеќе на хигиената како последица од состојбата на сиромаштија.

Имено, долготрајната состојба да се биде сиромашен создава посебни навики на живеење – посебна култура на живеење. Токму во рамките на таа култура на живеење се и лошите навики за задоволување на хигиенските потреби (види ја следната фотографија).



Не се согласуваме дека трајно сиромашните не можат барем „водата и метлата“ да ги користат како средство за одржување на личната хигиена, како и хигиената во домовите. Имено, има сиромашни домаќинства од тој тип кои совршено добро се грижат за хигиената.

Не ја исклучуваме можноста дека сиромаштијата има свое влијание врз неможноста да се набават соодветни средства за одржување на хигиената (детергент, паста за заби, тоалетна хартија, сапун итн.).

Квалитативната анализа ја потврди оваа констатација. Споредено со стандардите што ни ги дава Заводот за унапредување на домаќинствата во РМ, за минималните едномесечни средства за хигиена нашите сиромашни граѓани ги задоволуваат своите хигиенски потреби под пропишаните стандарди.

## 4. СТАНБЕНИ ПРОБЛЕМИ

Станбените услови кај сиромашните домаќинства, како што истакнавме, се лоши. Објектите во кои живеат домаќинствата најчесто се направени од неквалитетен материјал, со мала квадратура, не се доволно затоплени, честопати се влажни, руинирани итн.[241]

Лошите станбени услови се последица од состојбата на сиромаштијата во самото домаќинство. Тие влијаат врз здравјето на луѓето и врз односите во семејството.

Проблем што произлегува од општата состојба со сиромаштијата во државава е и лошата станбена политика кај нас. Денес тешко може да се реши станбеното прашање, со оглед на неповолните услови и на високите цени на станбениот простор. Оваа појава е особено чувствителна за младите брачни двојки. Тие, младите брачни двојки, се принудени да живеат со родителите. Живеењето во заедница, од своја страна, носи последици за брачниот живот.

---

241 Види го делот *Станбени услови.*

## 5. ОБРАЗОВНИ ПРОБЛЕМИ

Немањето пари, особено долготрајниот процес да се нема приход во домаќинството, ги скратува можностите сиромашните да се стекнуваат со нови знаења. Овој процес е комплексен.

Поголем број од родителите во анализираните домаќинства се жртвуваат нивните деца да се школуваат, но можностите им се ограничени. Имајќи ги предвид големите трошоци за школување, честопати нивното жртвување е да се заврши, како што велат тие, барем средно училиште. Поради неможноста да се вработат и поради долготрајната состојба на сиромаштија, тие родители сѐ помалку ги стимулираат своите деца да учат. Во многу домаќинства родителите ги поддржуваат децата да не одат на училиште за сметка на некој приватен бизнис (продавање по пазарите, питање, работа на имот, собирање хартија, леб, железо од контејнерите итн.).

## 6. НАРУШЕНИ СОЦИЈАЛНИ ОДНОСИ ВО СЕМЕЈСТВОТО

Во социолошката литература е познато дека општествената положба на семејството е детерминирана од пошироките општествено-економски состојби кои се присутни во конкретниот општествен систем. Интензивните промени кои секојдневно се случуваат во современото семејство во Македонија често одат во насока на нарушување на неговата социјална сигурност, која, како што ни е познато, претставува елементарна цивилизациска вредност во сите поразвиени општества.

Најголем број од семејните односи (52,62 %)[242] во периодот на транзиција, според резултатите од истражувањето, се влошиле (види Табела 64).

Табела 64: Семејните односи во периодот на транзиција.

| | |
|---|---|
| Останале исти | 43,93 % |
| Значително се подобрени | 2,57 % |
| Многу се подобрени | 0,89 % |
| Значително се влошиле | 38,80 % |
| Многу се влошиле | 13,82 % |
| Вкупно | 100,00 % |

Извор: *Социјално-економска структура и проблеми на населението во РМ*, ИСППИ, Скопје 2001, 135.

Особено загрижува мислењето на испитаниците (на половината од нив) дека во семејствата треба да имаат по едно или по две деца, оправдувајќи го овој став со неповолната економска состојба (невработеност, мали плати, нерешено станбено прашање).

Табела 65: Социјални аспекти за планирање на семејството.

| | |
|---|---|
| Од едно до две деца | 49,51 % |
| Три деца | 31,98 % |
| Четири деца | 11,60 % |
| Не сум размислувал | 6,91 % |
| Вкупно | 100,00 % |

Извор: *Социјално-економска структура и проблеми на населението во РМ*, ИСППИ, Скопје 2001, 137.

Како последица на состојбата на сиромаштија нарушени се социјалните односи во домаќинството. Големиот товар што го носат родителите (не се исклучени и останатите членови од домаќинството) во условите што ги определува нивната состојба на сиромаштија, честопати завршува со караници, со конзумирање алхохол, со проституција, со скитање, со питачење, со насилство, со разводи, со обиди за самоубиства, со самоубиства, со проневери итн.

---

242 Јакимовски Јорде, Бубевски Душан, Матилов Наум, *Социјално-економска структура и проблеми на населението во РМ*, ИСППИ, Скопје 2001, 133.

Состојбата на сиромаштија влијае и врз слабеењето на социјалните комуникации на домаќинствата. Сиромашните се затвораат во себе. Сè поретко ги посетуваат родниниte и пријателите. Овој тип домаќинства одамна ги заборавиле семејните слави, родендените, прославите. Апстинираат од сите комуникации што се поврзани со пари (свадби, матурски итн.) и полека се изолираат. Прилозите што следуваат подолу ќе ни ги доловат резултатите од квалитативната анализа токму на овој план. Поради немањето никакви приходи во домаќинството и не можејќи да го прехранат семејството, некои членови од сиромашните домаќинства излезот го бараат во продавањето на сопственото тело за пари. Немајќи друг начин да се задоволат потребите од пари, некои членови посегнуваат по сопствениот живот, други излезот го бараат во алкохолот, трети во кражбите, некои, пак, целосно се изолираат од средината во која живеат.

Рамка 6

1. Самохрана мајка од западниот регион. Мажот ѝ починал пред 9 години. Живее во општествен стан кој треба да го отплати. Мајка е на три малолетни деца. Прима пензија од 3800 денари, невработена, нема завршено основно образование.

„Барам работа секаде, каква и да е работата. Знаете, денес работа се добива за пари. Јас пари немам, единствено што имам, тоа е моето телото". Со голема тежина и доза на непријатност, оваа самохрана мајка изјави дека на тој начин ги прехранува децата.

2. Домаќинство со 10 членови, од Скопје. Таткото е пензионер со пензија од 9400 денари, мајката е невработена. Двајцата синови се женети, имаат по две деца. Никој во семејството не остварува приход. Постариот син е стечаен работник од ФАС „11 Октомври". Неговата сопруга била вработена во приватна фирма од Србија, која пропаднала. Помалиот син сè уште студира, исто и неговата сопруга. Живееат во стан од 90 $м^2$.

Ќерката на постариот син има 14 години. На крајот од учебната година прави обид за самоубиство, конзумирајќи преголема доза таблети. Откако закрепнува, по неколку години, запрашана зошто го сторила тој чин, таа вели: „Како ќе им кажев на другарите дека нема да одам на полуматура затоа што моите родители немаат пари".

3. Четиричлено семејство од Скопје. Мажот е стечаен работник, жената е вработена во „Типо" како продавачка. Не можејќи да поднесе по цел ден да седи дома без работа, сопругот почнува да пие. Сопругата вели: „Јас кога сум на работа, тој се пијанчи. Кога ќе се вратам тој е дрво пијан. Сите не малтретира. Мене ме прави неморална. Честопати и физички ме малтретира. Направив обид да се лечи.

Тој, откако разбра дека јас го побарав тоа, сега ме малтретира уште повеќе. Ова не се трпи повеќе. Решивме со децата да се тргнеме. Но, каде да одиме, кириите се скапи, ние плата со месеци не земаме".

4. Домаќинство од Скопје. Не можејќи да ги задоволи барањата на членовите во домаќинството, 39-годишниот родител честопати го користи недозволениот начин на стекнување приход во домаќинството, за што двапати бил на издржување казна затвор.

5. Домаќинство од с. Ваташа, Каавадарци. Млада брачна двојка со четири женски деца. Невработени се, на 26 и 25-годишна возраст. Живеат во станбена куќа од родителите на сопругот. Ова домаќинство, гледано отстрана, изгледа среќно и хармонично. Но, кога ќе разговараш и ќе се зближиш со нив ќе сфатиш дека станува збор за разочарано домаќинство од сѐ, дури и од сопствените деца. Не им обрнуваат доволно внимание и љубов (за тоа барем не треба пари). Иако се млади, не се дружат со никого од селото. Не славеле ниту еден роденден на децата, не комуницираат, освен вербална комуникација надвор од домовите, ниту со соседите. Во почетокот и ние не бевме примени внатре во домот, иако временската прогноза не беше поволна да се разговара во дворот. Подоцна, кога се воспостави комуникацијата, тој проблем се надмина. Причината е следнава: во нивниот дом нема мебел. Тие се срамат, затоа не одат кај други домаќинства. Имено, сметаат дека ако одат треба и да им дојдат дома кај нив – а каде да дојдат. Нивниот дом не бил отсекогаш така празен. Немањето пари за храна ги принудило, како што велат тие, да продаваат некои предмети.

## 7. НАРУШУВАЊЕ НА БИО-ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА

Како последица од состојбата на сиромаштија, особено кога не може да се врзе еден крај со друг, кога позајмените пари треба да се вратат, кога се расипал шпоретот или некој друг апарат, кога децата бараат пари за книги, за облека, за обувки и сл., кога инкасаторот им ѕвони на врата, кога некој близок роднина ги кани на свадба, кога не знаат дали „фирмата" ќе им оди под стечај или дали токму тие ќе бидат прогласени за технолошки вишок, или кога се разболел некој член од домаќинството, многу често доаѓа до сериозни психички растројства. Од ваквата слика, надополнета и со неправилната исхрана, тогаш станува јасно за каков квалитет на развој на децата би можеле да зборуваме.

Честа е појавата мајките да не можат да ги дојат децата, да се раѓаат деца со одредени аномалии. Честа е појавата во сиромашните домаќинства децата да немаат правилен психофизички развој, несоодветна социјализација, стагнација и намалување на сите витални функции. Ваквата појава ќе ја прикажеме преку примерот на домаќинството од с. Беловиште. За жал, мораме да истакнеме дека вакви примери често среќаваме кај сиромашните домаќинства.

Рамка 7

> Петчлено домаќинство од с. Беловиште, Тетовско. Ова домаќинство е константно сиромашно. Сиромашни биле, како што се сеќава еден 80-годишен соселанец, од кога се сеќава тој за членовите од тоа семејство. Состојбата на сиромаштија во тоа семејство, нивниот соселанец ја гледа во нивните навики – не сакаат да работат, мрзливи се. Како резултат од неправилната исхрана, но и од посебната култура на нивното живеење, општ е впечатокот дека децата се ретардирани. Имено, секогаш се настрана од играта на соселаните. Честопати со нив се потсмеваат, честопати се искористувани, но тие не се ретардирани. Согледувајќи ја нивната ситуација, побаравме помош од психијатар, кој констатира дека децата се сосема здрави. Причината е во нивниот начин на живеење – несоодветна социјализација, стагнација и намалување на сите функции.

## 8. ДЕЦА НА УЛИЦА

Како последица од сиромаштијата во Републикава се зголеми и бројот на децата на улица. Тоа се деца кои денот го почнуваат и го завршуваат по крстосниците, по булеварите или близу до чаршијата каде што питаат, нешто работат или, едноставно, безделничат. Овие деца се крајно дезинтегрирани од пошироката социјална средина, и тоа на планот на виталните човечки потреби: живеат во апсолутна сиромаштија, имаат проблематичен личен и семеен идентитет (немаат лично име и државјанство), не ги посетуваат училиштата (немаат ниту основно образование), нивната

социјализација почнува и завршува во нивните семејства, кои се затворени за надворешни влијанија, односно за нормите и за вредностите на пошироката средина. Прифаќајќи го семејниот модел на живеење, децата само ги продлабочуваат модалитетите. Овие деца се надвор од системот на здравствената заштита. Тие немаат здравствени легитимации, со што им е одземено правото на бесплатна редовна здравствена заштита. Од спроведената анкета се доби податокот дека дури 80 % од родителите сами ги лекуваат децата.[243] Овие деца (35 %) немаат вода за пиење во домовите, се бањаат како што ќе се снајдат, неретко како двете дечиња на фотографијата. 93 % од анкетираните немаат бања.



Овие деца се жртви на сиромаштијата.

[243] *Улични деца, деца на улица*, Зборник трудови од научен собир одржан на 07.12.2000 година на Филозофскиот факултет, Скопје, 182.

# 9. БЕЗДОМНИЦИ

Деца, жени или мажи со изгубена иднина, со искината облека, со подадена валкана рака бараат корка леб. Секоја нивна судбина е различна; крајот им е ист на сите – бездомништво.[244]

Севкупните промени кои настанаа во Републикава во периодот 1990-2000 година иницираа мала економска активност, што од своја страна услови опаѓање на животниот стандард на граѓаните. Во услови кога социјалните трансфери сè повеќе се намалуваат, до израз дојде продлабоченоста на сиромаштијата, за што говори и зголемувањето на индексот на длабочината на сиромаштијата од 4,6 во 1997 на 6,0 во 2000 година (според мерењата во Републичкиот завод за статистика.). Крајниот исход на продлабоченото осиромашување во Републикава резултира со зголемување на бројот на бездомниците. Во Скопје има околу 50. Овој број не е дефинитивен, процената се движи до 200 бездомници, како што истакнува проф. Марија Доневска.

Поголемиот број од бездомниците се стари машки лица, а присутно е и семејно бездомништво. Најчесто бездомниците се самци (50 %). 35 % се разведени, 14 % се во брак, 3 % се вдовци/вдовици, другите се разделени без никакви контакти со семејствата.[245] Поголемиот дел од нив се ментално болни. Барем така изгледаат. Подетална психијатриска анализа можеби нема да се согласи со нашата констатација. Тие се плашат од контакти, се плашат дека ќе бидат нападнати. Од друга страна, бараат помош од други. Во контактите се многу агресивни и недоверливи.

Нивниот живот е сведен на барање храна по контејнери и на питање.

---

244 Новинарски опис на бездомниците во Скопје: Миновска Мери, „На маргините од крајна беда", *Зум*, февруари 2002 год., 53.

245 Доневска Марија, *цит. дело*, 53.

# 10. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ

Во последниве неколку години во нашава држава настанаа големи промени во многу сфери од општественото живеење (пред сè во економскиот и во социјалниот систем). Овие промени создадоа определени тешкотии во областа на економскиот живот во земјата, со што се зголеми бројот на социјално загрозеното население.

Во овој транзициски период, врз разни основи, неминовно дојде до отпуштање на работниците од работа.

Со донесувањето на Законот за социјална заштита од 1997 год., како законско право, влезе и социјалната помош за работоспособни и за материјално необезбедени лица. Станува збор за некогашниот паричен надомест до височина на социјално заштитното ниво за работоспособното население. Од мај 1998 година како постојано решение наместо Програма е донесена Одлука за условите, за критериумите, за височината, за начинот и за постапката за утврдување и за остварување на правото на социјална парична помош од страна на Владата на РМ.

Според наведената Одлука, право на социјална парична помош можат да користат сите граѓани без оглед на политичката, на верската, на националната или на која било друга припадност, а основен услов за стекнување со ова право е материјалната и имотната состојба на домаќинствата.

Целокупното право на остварување на социјалната помош се реализира преку Центарот за социјална работа како јавна установа која врши работи од областа на социјалната заштита.

Правото на социјална помош се остварува со: постојана парична помош, социјална парична помош, паричен надомест за помош и за нега, право на здравствена заштита, надомест на плата за скратено работно време поради нега на дете со пречки во развојот, еднократна парична помош, право на домување.

Во РМ, во 2000 година, според правата кои произлегуваат од Законот за социјална заштита, има 98 485 корисници, а со тоа државниот буџет е помал за 257 891 902 денари. Најмногу корисници има во Скопје (24 850), потоа следуваат Тетово (9 313), Прилеп (8588), Куманово (7378), Гостивар (5101) итн.[246]

Во Рамка 8 се зборува за последиците од користењето на правата на социјална заштита.

Рамка 8

Домаќинство 1: Самохрана мајка од Скопје. Вработена во Здравствениот дом во Скопје како медицинска сестра. Живее во општествен стан од 45 м$^2$, кој треба да го отплати, со две деца и со свекрва. Синот студира, ќерката е во основно училиште. Единствен приход во семејството е нејзината плата од 9000 денари. Право на социјална помош не може да оствари.

Домаќинство 2: Млада брачна двојка со деветмесечна ќерка. Живеаат во стан од 75 м$^2$, сопственост на родителите на сопругот (родителите живеат во друг стан). Примаат социјална помош (2700 денари).

Домаќинство 3: Бекири Агин, од с. Кондово, живее во куќа од 120 м$^2$, но куќата е сопственост на неговиот татко. Тој живее во една соба со сопругата и со малата шестмесечна ќерка. Тој е забен техничар. Речиси никогаш кога беше посетено нивното домаќинство не беше дома. Неформално дознавме дека тој работи во некоја приватна ординација во Скопје.

Домаќинство 4: Мустафа Нурид е 84-годишен жител од с. Кондово. Има 8 деца, сите женети. Тој е сопственик на целиот имот со кој располага домаќинството Нурид (она што на прв впечаток се забележува во неговиот двор се две куќи со по три ката, во дворот има трактор, мерцедес, како што вели стариот, нерегистриран, бидејќи тој е стар и не може да го вози. Во неформален разговор дознаваме дека тој воопшто не знаел да управува со автомобил. Старата куќа во која бевме упатени да влеземе со социјалниот работник е преадаптирана според законските барања за остварување на правото за социјална помош. Имено, куќата имаше четири соби. Тројцата синови кои го оствариле тоа право живеат во нив. За четвртата соба стариот Мустафа вели дека е негова. Според начинот како беше опремена, таа може да биде соба за прием на гости.

Домаќинство 5: Ромско домаќинство од с. Злокуќани. Според сите основи, домаќинството навистина е сиромашно. Но, што се случува. За да ги задоволат барањата за користење социјална помош, се изложуваат на дополнителен трошок правејќи посебна соба за нив – „куќа“ и во онака тесниот двор. Во дворот веќе има четири такви, како што тие ги нарекуваат „куќи“, една до друга. Ова ромско домаќинство има шест члена.

246 Извор: Министерство за труд и социјална политика.

Домаќинство 6: Четиричлено домаќинство од Кочани. Двајцата сопружници се невработени. Живеаат во станот на нивни другар, со своите двегодишни близнаци. Поради семејни расправии ова домаќинство ги има прекинато сите контакти со родителите. Сопругата има завршено виша педагошка академија, тој е машински бравар. Не поднеле барање за користење социјална помош бидејќи, како што велат тие, „срамота е да бараат помош“: „Ние сакаме да работиме, а не да бараме помош“.

# 11. НИЗОК ЖИВОТЕН СТАНДАРД

Иако е тешко да се зборува за еднонасочен причинско-последичен однос на последиците од сиромаштија, сепак, нискиот животен стандард е резултат и на зголемениот број сиромашни граѓани во Републикава. Имено, нискиот квалитет на живеење се должи на: невработеноста и ниската продуктивност, на намалените работни способности, на социјалните и на пеихичките зависности, како и на лошата здравствена состојба, ниските приходи, сиромаштијата воопшто, недохранетоста, нездравиот начин (стил) на живеење. Всушност, сето изнесено ни го определува магичниот круг на сиромаштијата.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Сиромаштијата е повеќедимензионална историски условена појава, која не може да се разбере доколку не се направи разграничување на поимот *сиромаштија* од другите поими што се употребуваат за слично или за исто значење; и доколку не се утврдат граничните линии и индикаторите според кои се мери.

Во стручната литература се употребуваат многу зборови кои имаат исто или слично значене на зборот сиромаштија (просјаци, бездомници, социјално загрозени, материјално необезбедени, беспарица, немаштија, беда итн).

Сиромаштија имало и ќе има сè додека постои човекот и човековото општество. До појавата на првите класни општества продукцијата и репродукцијата на сиромаштијата била условена од недостигот на природни извори, неразвиеност на производните сили и од сеопшта неможност на човекот да се справи со дејствувањето на природните сили.

Првите научни размислувања за овој проблем ги среќаваме кај старите египетски и кај старите индиски мислители, особено во делата на филозофските толкувања на античките мислители Платон и Аристотел. Тие укажуваат на причинско-последичните аспекти на сиромаштијата, развивајќи утилитаристички или хуманистички побуди.

Проблемот на сиромаштијата е присутен и во делата на средновековните мислители, пред сè во теолошките доктрини.

Во периодот на првобитната акумулација на капиталот сиромаштијата стана својствена за одделни слоеви. Особено изразена во тој период

беше невработеноста, експлоатацијата на човековиот труд, општествените нееднаквости, што несомнено имаа свое директно влијание врз репродукцијата на сиромаштијата во тој период.

Теоретичарите од тој период, во зависност од потребите и од можноста за решавање на проблемот со сиромаштијата, се групирале во:

- оние кои сметаат дека проблемите со сиромаштијата во високоразвиените капиталистички општества се лесно решливи социјални проблеми;
- оние кои сметаат дека проблемите ќе се решат сами од себе, автоматски;
- оние кои сметаат дека проблемите со сиромаштијата не треба да се решаваат, бидејќи се во функција на одржување на системот и
- оние кои сметаат дека сиромаштијата практично е нерешлив социјален проблем.

Интересот за проучување на сиромаштијата по Втората светска војна е намален. Имено, се сметало дека економскиот напредок го елиминирал овој проблем. Ваков став доминира кај авторите од социјалистичките замји, кои сметале дека сиромаштијата ќе исчезне со воспоставувањето на новото општествено уредување. Некои автори дури сметаат дека не треба да се употребува поимот сиромаштија.

Интересот за проучување на сиромаштијата повторно заживува во постиндустриските општества.

Во литературата се застапени различни теории за сиромаштијата: теории кои сметаат дека сиромаштијата ќе се намали со контролата на раѓањето, со поттикнување на работа и со различни облици на казнување; теории кои препорачуваат ресоцијализација на сиромашните лица; теории кои се залагаат за измена и за приспособување на помалите сиромашни општествени средини; теории кои предлагаат поголеми општествени реформи; теории кои причините за сиромаштијата ги бараат во поединците; други теории кои причините за сиромаштијата ги бараат во одделни општествени процеси во структурите на општествените нееднаквости; теории кои не го признаваат постоењето на сиромаштијата; теории кои зборуваат дека сиромаштијата е последица од вродени недостатоци на индиви-

дуите, поради кои не можат да се вклучат во работен процес и самостојно да ја обезбедат својата егзистенција; теории кои сметаат дека државата треба да презема социјално-политички мерки со цел да ги заштити сиромашните слоеви во општеството; теории кои се залагаат за преземање мерки за прераспределба на доходот со цел да се постигне поголема ефикасност и социјална сигурност на сите членови во државата; теории кои зборуваат за културен образец на сиромашните итн.

Дефинирањето на сиромаштијата е вториот значаен проблем што се рефлектира и врз различните методи за утврдување на линиите на сиромаштијата. Сиромаштијата се дефинира со некој вид доход или со некоја благосостојба, сфаќајќи ја како апсолутна или како релативна категорија. При определување кој е сиромашен, се утврдуваат објективни или субјективни мерила.

Економистите долго време ја дефинираа сиромаштијата како ниво на доход под проценетите трошоци за живот од егзистенционално ниво. Притоа воочиле дека сиромашните семејства за храна трошат 1/3 од доходот. На тој начин го пресметале минималниот егзистенционален приход. Тој минимум се добива откако минималниот буџет за храна ќе се помножи со фактор три.

Кај сите дефиниции е сосема евидентна потребата од определување минимум стандард како појдовна основа од која ќе се тргне при разграничување на сиромашни од несиромашни лица, семејства или групи лица.

Општо земено, дефинициите за сиромаштијата може да се поделат во три димензии: објективни/субјективни; апсолутни/релативни; директни/расходовни.

Дефинициите за сиромаштијата, според апсолутниот стандард, во себе содржат објективни мерила. Тие обично вклучуваат процена на темелните човекови потреби и се мерат во рамките на средствата потребни за одржување на здравствените и на физичките способности на лицата, на семејствата или на групите лица. Поголемиот број мерила се однесуваат на определувањето на квантитетот и на квалитетот на храната, на облеката и на станот. Апсолутната сиромаштија честопати се нарекува и сиромаштија на работ на опстанокот.

Дефинирањето на сиромаштијата според релативните стандарди се темели врз определување на стандарди кои се однесуваат на определено време и на определено простор.

Дефинирањето на субјективната сиромаштијата се засновува врз сопственото доживување на сиромаштијата.

Ние како сиромашни ги сметаме лицата, домаќинствата и групите лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во Република Македонија.

При мерењето на сиромаштијата се тргнува од претпоставката дека постојат однапред определени и добро дефинирани нивоа на животен стандард наречени „линии на сиромаштија", кои мора да се достигнат доколку не сакаме едно лице да биде карактеризирано како сиромашно. Граничните линии, профилот и индикаторите за сиромаштија се основа за анализа на сиромаштијата.

За операционализација на концептот на сиромаштија неопходно е дефинирање на ресурсите според кои ќе се мери животниот стандард (приходи или расходи).

Сиромаштијата најчесто се анализа во контекстот на домаќинствата. Имено, домаќинствата се разликуваат според големината и според демографскиот состав. Дефлатор на овие разлики се еквивалентните скали, без кои не е можна споредба (ОЕЦД: прв возрасен 1,0, втор возрасен 0,7, деца 0,5; ОЕЦД модел: прв возрасен 1,0, втор возрасен 0,5, деца 0,3; ЛИС: прв возрасен 1,0, втор возрасен 0,7, деца 0,3).

Мерна единица е домаќинството, индивидуата и *per capita.*

Индекси на сиромаштија се: *Head count index*, тој е збирен индекс кој го покажува процентот на населението коешто живее под линијата на сиромаштија. Тој е главен индекс за застапеноста на сиромаштијата; *Poverty gep index.* Овој индекс може да се дефинира како среден пропорционален недостиг на приход за целата популација (наместо на сите сиромашни домаќинства или индивидуи). Тој е индикатор на длабочината на сиромаштијата; *Poverty serverity index.* Овој индекс покажува како се распоредени

сиромашните под линијата на сиромаштија. Тој е индекс на остриноста на сиромаштијата.

Сиромаштијата може да се мери според утврдената апсолутна линија на сиромаштија, според релативна линија на сиромаштија, како и според субјективна линија на сиромаштија.

Апсолутна линија на сиромаштија се засновува врз утврдување на апсолутниот стандард за опстојување со минимални трошоци. Тешкотии при пресметување на апсолутен стандард на опстојување се јавуваат при определување на егзистенцијалните потреби и при квантитативната процена на овие потреби.

Релативната линија на сиромаштија се засновува врз утврдувањето на релативниот стандард за опстојување, определен како неопходно ниво на приход (расход). При утврдувањето на релативниот стандард, неопходен е избор на индикатор кој ќе биде база за определување на релативната линија на сиромаштијата (просечен приход/расход; медијален приход/расход).

Субјективната линија на сиромаштија се засновува врз утврдување на субјективен стандард за определување, кој, според мислењето на населението, е неопходен за да се избегне сиромаштијата.

Мерењето на сиромаштијата во Република Македонија е извршено во Републичкиот завод за статистика, според расходовниот модел. Притоа се утврдени апсолутните и релативните линии на сиромаштијата. Како основен показател при утврдувањето на нивоата на животниот стандард е земана потрошувачката на домаќинствата. Определбата за потрошувачката како база за мерење на сиромаштијата е земена поради: големите варирања во приходите во домаќинствата, добивање нето плата со задоцнување, приходите се недоволни да ги покријат тековните трошоци и фактот што трошоците покажуваат поголема стабилност во текот на времето.

Мерења на сиромаштијата се направени и во Економскиот институт во Скопје, според приходовниот модел. Базата на податоци ја сочинуваат статистичките податоци од Заводот за статистика.

Мерења на сиромаштијата се напревени и во Институтит за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје, како и во Економскиот факултет во Прилеп.

Резултатите од мерењата на сиромаштија се различни, и покрај тоа што се мерени исти индекси. Овие податоци укажуваат на потребата на овој проблем да му се посвети поголемо внимание во научните истражувања, со што би се добила поголема објективност во анализата на сиромаштијата во Републикава.

Целиот досегашен транзициски период во Република Македонија, може да го поделиме во три периоди: 1990-1993 година, кога се забележува опаѓање на економските показатели; 1994-1997 година, период на стабилизација; и 1998-2000 година, период на заживување.

Првиот период се карактеризира со осамостојување на Република Македонија. Тоа е периодот кока настана тотален колапс на индустријата.

Вториот период е периодот на спроведување на стабилизациската програма предложена од ММФ. Тоа е периодот на започнување на процесот на приватизација.

Третиот период се карактеризира со назначително „будење" на индустријата, но и со нов економски шок.

Македонија од 1992 год. е на патот на трансформација од некогашна самоуправна во модерна пазарна економија. Крајната цел на таа трансформација е членството во ЕУ. Патот на транзиција се темели врз „правилата на играта" што ги поставија ММФ и Светската банка. Економската политика се темели врз стратегијата на шок-терапија. Доктринарна основа на стратегијата е комбинацијата од неокласичниот либерализам и од ортодоксниот монетаризам.

Интересен е податокот што во овој период државните расходи постојано растат и веќе не е прашање на издржливост на општеството на даночниот товар, туку повеќе е прашање на амбициите на реформистите во однос на трошењето на парите.

Во овој период се појавија голем број незаконски, неидентификувани ставки (афери), узурпирања и „пљачкосувања" на економското богат-

ство на народот, кои го претворија буџетот во класичен пример на „дупнато корито“.

Промените во овој транзициски период и монетарната стабилизација требаше да биде инструментална цел за структурно приспособување на Македонија кон глобалната светска економија. Меѓутоа, од условите што се наметнуваа во државава, се анулираа сите можности за реализација на политиката на структурно преобразување.

Системот не создава внатрешна акумулација, додека надворешната се троши преку различни форми на непроизводствена потрошувачка. Фамозното структурално преобразување сè повеќе ја претворија државава во шверцерска транзитна зона, со целосно корумпирана и криминогена структура.

Транзициското искуство од една декада во Република Македонија дава сосема транспарентни показатели на промените во економскиот систем: порастот на ОБП во периодот 1991-2000 година има негативна вредност ( просечно -3 %), индексот на ОБП per capita забележува загуби на материјалната основа на развојот. Просечниот пораст на индустиското производтво има стапка од 6,5 во периодот 1975- 1985 година; во периодот на транзицијата тој се трансформира во пад со стапка од 8 %, со што се случи рапиден процес на дезиндустријализација и на ориентација кон нови форми на индустриско производство. Во овој период е забележан голем пад на инвестициските вложувања. Учеството на инвестициите во осумдесеттите години изнесуваше просечно 30 %, додека во транзицијата тоа опадна на 16 %.

Учеството на индустриското производство во структурата на општествениот бруто-производ падна од 47 % (1985 година) на 18 % (1999 година). Стапката на невработеност од 20 % во 1989 година се зголеми на 51,3 % во 2000година (пресметана според стандарданиот метод).

Сосема очекуван е и порастот на сиромаштијата од 9 % во 1994 година на 21 % во 2000 година, според податоците во Републичкиот завод за статистика или според резултатите од истражувањето во Економскиот факултет во Прилеп, спроведени во рамките на проектот „Влијание на про-

мените во политичките и економските системи врз вредносната ориентација и типовите на политичка култура на граѓаните во државите во централна, источна и југоисточна Европа – со посебен осврт на Република Македонија", каде како показател е земен head count ratio, којшто го претставува проценталниот износ на населението што живее под утврдениот праг на сиромаштија во однос на вкупното население. Прагот на сиромаштијата, слично како и во Заводот за статистика, е утврден на 60 % од просечните лични месечни приходи, што, според истражувањата, изнесуваат 5000 денари. Имено, процентот на населението во Република Македонија што живее под прагот на сиромаштија изнесува приближно 41 %, а во некои региони достигнува и над 45 %, што од своја страна укажува на алармантноста на проблемот на сиромаштијата во Македонија.

Бавното спроведување на реформите во економскиот систем се должи на ниското ниво на развеност (како што истакнавме), на стагнацијата, на економската криза, на наследената висока задолженост, на изградбата на нова самостојна држава, на неповолните услови на опкружувањето на државата, на отежнатите деловни комуникации со развиените замји во светот, на партиските интереси. Тоа се само неколку од пречките за нормалното одвивање на економските промени.

Надворешните опкружувања имаа и сè уште имаат негативно влијание врз економскиот развој на Македонија. Досегашната криза во регионот му нанесе и сè уште му нанесува големи штети на стопанството. Освен тоа, војните и политичките тензии ги забавуваат реформите и преструктурирањето на стопанството. Како резултат од војните на поранешните простори на некогашна СФРЈ, на ембаргата, на војната во Косово, на тензиите на северната граница и на новонастанатата состојба со албанските екстремисти, дојде до многу неповолни услови за успешно стопанисување и спроведување на предвидените мерки. Особено треба да се истакне војната во Косово и бегалската криза од 1999 год., со кои ѝ се нанесе голема материјална штета на македонската економија.

Бавното вклопувањето во надворешните економски односи и сè поголемото присуство на сивата економија имаат влијание во севкупната структура на стопанството во Република Македонија.

Промените некаде настанаа спонтано, но поголемиот дел од нив се иницирани и преземени од страна на државата, со економски реформи и со мерки на макроекономска политика.

Токму затоа, овој труд ги бара причините за сиромаштијата во промените иницирани и преземени од страна на државата, со економски реформи и со мерки на макроекономска политика.

Денес слободно може да кажеме дека нашето пауперизирано преживување го доведовме до целосна зависност од милосрдието и од разбирањето на меѓународната заедница. Не можеме многу да парадираме со демагошки изрази, при што и поимот сувереност ни е проблематичен.

Економската и социјалната криза што ја погоди Република Македонија во последните години предизвика значајни промени во благосостојбата на населението изразена со влошувањето на стандардот на граѓаните, со економска несигурност и со пораст на сиромаштијата.

Голем дел од населението стана зависно од социјалната помош (10 % од населението во државава прима социјална помош од буџетот).

Досегашната економска транзиција доведе до:

- губење на традиционалните пазари за пласирање на производите;
- крупни нарушувања во односите на пазарот;
- драстичен пад на индустриското производство и опаѓање на бруто домашниот производ;
- висока невработеност (36,0 % според стандардите на ИЛО, односно 41,7 % според официјалните статистички податоци за 1997 година);
- зголемување на стечајните постапки;
- нередовна исплата на платите, на пензиите и на другите примања на граѓаните и нивното релативно опаѓање;
- опаѓање на личниот стандард на населението. На пример: само на 5,1 % од испитаните граѓани вкупните месечни приходи им се доволни и им останува да заштедат; 16,8 % од нив живеат со штедење, но имаат до-

волно; другите испитаници имаат проблеми со задоволувањето на месечните потреби. Интересен е податокот што, од вкупните месечни приходи што им стојат на располагање, испитаниците најмногу изделуваат за храна. На прашањето: Дали можете да оцените колку просечно месечно издвојувате пари за храна од вкупните ваши приходи? се добиени договори кои само го потврдуваат Егеловиот закон, што ни дава право да кажеме дека во Република Македонија имаме низок животен стандард, бидејќи 72% од испитаниците се изјасниле во прилог на Егеловиот закон; измена на шемите на социјалното осигурување, социјална несигурност и раслојување.

Мал е процентот на оние кои ѝ припаѓаат на високата класа (0,6 %). 1,9 % од граѓаните се изјасниле дека ѝ припаѓаат на високата средна класа; 30 % сметаат дека ѝ припаѓаат на средната класа; 4,7 % сметат дека ѝ припаѓаат на ниската средна класа; 32 % ѝ припаѓаат на работничката класа, а 23 % сметаат дека ѝ припаѓаат на ниската класа.

Актуелната состојба во економската свера (стечај, ликвидација на препријатијата и структурно прилагодување на препријатијата) придонесе за кумулирање на неактивиран и на делумно активиран човечки потенцијал. Кај голем број до населението, во услови на намалена стопанска активност и вработеност и на нередовна исплата на платите, сосема очекувано доаѓа до намалување на потрошувачката на храна и сè помалку може да се издвојуваат средства за облека, за обувки, за мебел, за бела техника и за други апарати во домаќинството.

Цениме дека падот на стопанската активнот е основната причина за падот на реалниот бруто домашен производ. Имено, реалниот бруто домашен приход во 1997 год. изнесуваше 66 % во споредба со оној од 1990 год., односно реално опадна за 3,6 % просечно годишно. Негативниот тренд на бруто домашниот производ ја одразува целокупноста на реалното живеење во државата.

Со помош на мерките на макроекономската политика се врши приватизација на препријатијата. Поранешната општествена сопственост се трансформира во приватиот сектор.

Некоординираноста и неправилностите во преструктурирањата на препријатијата од општествена во приватна сопственост,условија промени во севкупната структура во стопанството. Неправедниот начин на спроведување на приватизацијата има свое директно влијание врз зголемувањето на бројот на лицата кои се најдоа пред бирото за вработување, а исто така и врз нередовноста во исплатувањето на платите и врз нивната ниска вредност.

* * *

Повеќегодишните мерења и квалитатативната анализа на сиромаштијата овозможија идентификување на основните профили на сиромаштијата, на ризичните групи од населението и на ризичните фактори за осиромашување.

Врз основа на мерењето и на следењето на сиромаштијата, во Републиката може да се идентификуваат три главни групи сиромашни домаќинства: традиционално сиромашни, новоосиромашени домаќинства и хронично сиромашни.

Традиционално сиромашни најчесто се замјоделските домаќинства од руралните средини, кои имаат ниско образовно ниво на членовите од домаќинството, кога членовите од домаќинството се стари, кога местото на живеење е со низок економски потенцијал.

Транзицијата предизвика многу социо-економски промени кои од своја страна создадоа многу нови социјални категории и процес на социјална стратификација. Социјалните последици од транзицијата ги почуствуваа и домаќинствата од урбаните средини. Како домаќинства кои токму во тој период почувствуваа опаѓање на животниот стандард се: домаќинствата без ниту еден вработен, домаќинствата со вработени членови кои не ги добиваат своите плати навреме, домаќинствата кои имаат повеќе членови.

Најранливите групи од населението се хронично сиромашните: старите лица, неспособните лица, институционализираните лица, земјоделските домаќинства без каков било постојан приход.

Следењето и анализата на сиромаштијата укажа на заедничките карактеристики на сиромашните лица/домаќинства:

- Ниско образовно ниво. Најголем дел од членовите на сиромашните домаќинства се со незавршено основно образование или само со основно образование. Ова е особено изразено кај руралните и кај ромските домаќинства, што сигурно силно влијае врз високиот ризик од осиромашување токму на овој вид домаќинства и врз долгорочниот ризик од продлабочување на нивната сиромаштија.
- Ризичен економски статус на пазарот на трудот. Најголем дел од невработените сиромашни лица се долготрајно невработени или, доколку се вработени, имаат несигурна работна иднина. Голем дел од нив се вработени во неформалниот сектор, што не го намалува ризикот од натамошно осиромашување. Ризичниот статус на пазарот на трудот е посилно изразен во помалите урбани средини и во руралните области. Основната причина е што пазарот на трудот во овие средини е ограничен и помалку флексибилен. Истовремено, помали се можностите за преквалификации на сиромашните лица, како начин за нивно приспособување на потребите на пазарот на трудот.
- Лоши услови за живеење. Сиромашните лица, пред сѐ традиционално и хронично сиромашните лица. живеат во многу лоши станбени услови. Ова е многу изразено во руралните области и во приградските населби во поголемите урбани средини.
- Лоша здравствена состојба. Ниското образовно ниво, лошите услови за живеење и пред сѐ долгорочната сиромаштија влијаат врз лошата здравствена состојба на поголем дел од сиромашните лица.
- Социјална правда/неправда. Освен квантитативните, мерливи карактеристики на сиромашните лица/домаќинства, забележителни се и квалитативните карактеристики на сиромаштијата. Чувствата на социјална неправда заради процесот на осиромашување и долгорочната сиромаштија се препознатливи кај поголемиот дел од сиромашните домаќинства.

Резултатите од квантитативните и од квалитативните истражувања на сиромаштијата во Република Македонија ни овозможија да идентификуваме кој е сиромашен и колку е сиромашен во периодот 1990-2000 год.

- Вкупниот број сиромашни домаќинства во Републикава е во постојан пораст. Особено загрижува постојаното зголемување на индексот на длабочината на сиромаштијата.
- Најдинамични промени во овој период се случија во големите градови, каде што најмногу е изразена нееднаквоста во приходите и социјалната стратификација на населението.
- Најголем ризик од натамошно осиромашување постои кај жителите на главниот град во Републикава.
- Најранлива група од населението се невработените, вработените кои имаат мали плати, вработените кои не примаат редовно плата, пензионерите од првата категорија, домаќинствата со деца до седум години, руралните домаќинства (оние кои немаат земја, а се вработени во градовите и немаат редовни плати или тие се мали), самечките старечки домаќинства, младите брачни парови (каде што главата на домаќинството е невработено лице на возраст до 40 години).

* * *

Периодот на транзиција, кој ја зафати источна Европа, предизвика големи промени на повеќе полиња на општествениот и на економскиот систем. Република Македонија не е исклучена од тие промени. Особено до израз дојдоа промените во политичкиот (еднопартиски – повеќепартиски), и во економскиот систем. Беа напуштени принципите на договорната економија и беше заземен курс кон пазарна економија. Овие промени предизвикаа низа други (во областа на социјалната заштита, во начинот на масмедиумското информирање, во политичката култура итн.).

Сите големи промени, без оглед колку биле посакувани од страна на населението, предизвикуваат одредена доза на загриженост, на немир

или на несигурност, и тоа од три прости причини: прво, затоа што одредени стратуми од целокупната популација стравуваа дека ќе го изгубат предходниот поповолен стстус; втората причина лежи во неизвесноста дали потфатот ќе успее; а третата произлегува од несигурноста – по која цена спроведените раформи ќе ги доведат работите на повисоко ниво.

На едно структурално ниво, причините ги бараме во степенот на економската развиеност на РМ.

Општата хипотеза укажува на врската меѓу промените настанати во транзицискиот период – промените на економски и на политички план, кои влијаеа Република Македонија да има низок степен на економска развиеност и тенденција за зголемување на бројот на невработените, за намалување на вработеноста, за опаѓање на височината на вкупните месечни приходи, како и за зголемувањето на сиромашните граѓани. Општата хипотеза гласи: Нискиот степен на економска развиеност придонесе да се намали бројот на вработените и да се зголеми бројот на невработените, како и да се намалат вкупните приходи во домаќинствата. Ваквата состојба резултираше со зголемување на сиромаштијата.

Причината за намалениот економски развој на Републикава во транзицискиот период ја бараме во затекнатите услови од претходниот период, во преструктурирањето на стопанството кон новите услови на стопанисување, во високата централизација на власта и во корумпираноста.

При проверката на општата хипотеза, беа користени: индикатори за економскиот развој, и тоа: бруто домашниот производ, индексите на цените, на инвестициските стапки, на процентот на личната, на јавната и на инвестициската потрошувачка, на стапката на вработеност и на невработеност и индексот на плати и на реалните трошоци за живеење.

Општата хипотеза укажува на дејствувањето на повеќе веријабли, при што беше направена нејзина проверка на едно структурално ниво. Прво беа анализирани податоците добиени од секундарните извори на индикаторите на развојот.

Резултатите зборуваат дека:

- Во анализираниот период во Републиката БДП бележи опаѓање сè до 1996 година, кога се забележува благо злолемување.
- Степенот на кредитна задолженост во анализираниот период бележи пораст.
- Кредитните стапки, исто така, бележат пораст.
- Опаѓа структурата на просечно користените деловни средства (акумулацијата) во анализираниот период.
- Индексот на трошоците за живот расте, а индексот на реалните плати опаѓа.

Анализата на структурата на индивидуалната потрошувачка во анализираниот период бележи опаѓање кај сите артикли. Притоа најголема е потрошувачката на храна.

Ваквата состојба на прикажаните индикатори на економската развиеност ја потврдува поставената хипотеза дека РМ во транзицискиот период има низок – неповолен економски развој.

Како последица од таквата состојба, секако е зголемувањето на бројот на невработените и опаѓањето на вработеноста. Ваквата теза беше потврдена со помош на индикаторите за економскиот развој (стапки на вработеност и невработеност).

Причини за сиромаштијата има многу. Ние се определивме за оние кои условуваат низик економски развој, ценејќи дека тие се базични и од нив произлегуваат другите.

Раководени од познатата Марксова анализа на економијата во Англија, во нашата анализа за утврдување на причините за осиромашување на граѓаните во РМ, тргнавме од „најопштата“ причина – нискиот економски развој, па потоа кон поединечните: образованието, работниот статус, приходите. За таа цел беа поставени посебните хипотези:

1. Колку се приходите во домаќинството пониски, толку е поголем ризикот од осиромашување на домаќинството. Шематскиот приказ е: низок приход (x - независна варијабла), осиромашување на домаќинството (y - зависна варијабла) x → y.

2. Ризикот од осиромашување се зголемува доколку лицата се невработени или стечајни работници. Шематски изразена врската меѓу работниот статус (x) и сиромаштијата (y) е x → y.

3. Колку е понизок степенот на образование на членовите на домаќинствата, толку е поголема можноста домаќинството да е сиромашно. Ист е шематскиот приказ на независната варијабла, на степенот на образование (x), како и на зависната варијабла сиромаштијата (y).

Користејќи ги резултатите од анкетата „Социјалната исклученост на граѓаните на Република Македонија" спроведена од страна на ИСППИ, беа теститани посебните хипотези со помош на $x^2$ тестот. Добиените резултати одат во прилог на поставените посебни хипотези.

На крајот би резимирале: намалениот економски развој во периодот 1990-2000 година во нашата Република услови опаѓање на вработеноста, зголемување на невработеноста, опаѓање на реалната вредност на платите, зголемување на бројот на корисниците на социјална помош, регионална неразвиеност, зголемување на бројот на социјално исклучените граѓани, опаѓање на животниот стандард и осиромашување на граѓаните.

* * *

Сиромаштијата е историска, класно условена општествена појава. Таа е специфична и мошне неповолна состојба за оние кои се сиромашни.

Значајни фактори што влијаат врз севкупната општествена аномија секако се и сѐ поголемиот обем и сѐ поголемата длабочина на сиромаштијата во Република Македонија.

Последиците од состојбата одделни лица, семејствата и групи лица да не можат да ги задоволуваат потребите од материјална, од културна и од социјална природа на соодветно ниво, се многубројни. Нашиот интерес беше фокусиран на последиците за самата личност, на средината каде што живее и каде што дејствува, како и пошироко во општеството.

Последиците од состојбата на сиромаштија најнепосредно ја одразуваат материјалната и социјалната положба, биолошко-психолошките состојби и однесувањата на сиримашните граѓани, како и нивната специфична култура на живеење.

Сиромаштијата во Република Македонија создаде ризични маргинализирани групи, ранливи групи. За многу домаќинства да си сиромашен значи да си гладен, да немаш гориво за затоплување и за превоз, да немаш покрив над глава, да немаш медицинска грижа итн.

Последиците од сиромаштијата во овој труд се искажани со помош на изјавите на самите сиромашни граѓани. Притоа последиците се фокусурани на станбено комуналните и кон здравствено-хигиенските услови, на образовниот и на економскиот статус, на социјалната загрозеност и на социјалните проблеми.

Поголемиот дел од сиромашните домаќинства во РМ живеаат во објекти од цврста градба. Меѓутоа, иако објектите се направени од цврста градба, тие не ги задоволуваат потребните градежни стандарди. Тие имаат мал број простории, а бројот на членовите кои живеат во тие простории е голем. Станбената површина на многу домаќинства е помала од 5м$^2$ на еден член. Оваа појава е особено својствена за Ромските домаќинства. Најголемиот дел од домаќинствата немаат тоалет и бањаво внатре во домовите. Загрижувачка е и нивната состојба со канализацијата, бидејќи голем број од нив немаат воопшто канализација или имаат септички јами кои им создаваат проблеми бидејќи не се соодветно направени. Снабдувањето со вода за пиење најчесто е од чешми во дворовите, при што зиме често се соочуваат со проблеми.

Последиците од сиромаштијата особено се изразени преку лошата здравствена состојба на членовите на сиромашните домаќинства, како и преку стекнувањето лоши хигиенски навики.

Образовниот статус особено е загрижувачки кај помладите членови на постојано сиромашните домаќинства. Повеќето од младите во тој тип домаќинства имаат завршено само основно образованиее, но исто така загрижува и бројот на оние кои не завршиле основно училиште и бројот на

неписмените. Оваа појава е особено присутна кај сиромашните ромски домаќинства.

Домаќинствата кај кои доминира вакво ниво на образование немаат реални можности редовно да посетуваат средно училиште, додека секое друго школување кое води кон стекнување квалификации се наплаќа. Повеќето од членовите на овој тип домаќинства немаат реални можности за финансирање таков вид школување. Многу од нив, особено девојките, рано стапуваат во брак, имаат повеќе деца и на тој начин стануваат уште позагрозени. Ваквата состојба ја наметнува неопходноста изворите на средства за живот да се бараат прифаќајќи најниско платени работни места, вклучувајќи го тука и шверцот. Многу чести се случаите кога децата остваруваат приходи во домаќинствата.

Најдирекно изразена последица од сиромаштијата секако е сведувањето на индивидуалната потрошувачка само на потреби од храна (набавени по евтини цени, честопати со сомнителелно потекло и со изминат рок на траење).

Зголемувањето на бројот на корисниците на социјална помош, исто така, е последица од сиромаштиата.

Зголемен е и бројот на социјалните девијации во домаќинствата.

Последиците од сиромаштијата се многубројни, но сепак гладувањето, кардиоваскуларните болести, намалените социјални комуникации, губењето на интересот за стекнување образование, проституцијата, алхохолизмот, питањето, лошите услови за живеење, стекнувањето лоши хигиенски навики и барањето социјална помош се најчестите последици со кои се соочуваат сиромашните граѓани во Републикава.

Имајќи го предвид изнесеното, напорите за намалување/надминување на проблемот со сиромаштијата би требало да бидат насочени кон:

- побрз и порамномерен економски развој, со што ќе се намали невработеноста, ќе се зголеми продуктивноста во работењето и ќе се создадат поволни услови за зголемување на вредноста на платите;
- децентрализација на власта, во одделни делови од системот;

- подготовка на стратегија за економски развој и нејзино доследно спроведување;
- соодветно насочување на социјалните трансфери кон најсиромашните домаќинства и лица, со што би се намалила нееднаквоста на приходите на населението, како една од сериозните причини за продлабочување на сиромаштијата.

# ЛИТЕРАТУРА


Ацевски Илија, *Општеството и човекот во транзиција*, Екопрес - Магнаскен, Скопје 1995.

Ацевски Илија, *Скопје – визија и реалност*, Филозофски факултет, Скопје 1996.

Ацевски Илија, *Скопје - социолошка студија*, Екопрес, Скопје 1996.

Ацевски Илија, *Општеството и човекот во транзиција*, втор дел, Екопрес - Магнаскен, Скопје 1997.

Бранковић Ева, *Квалитет животног стандарда*, Економски институт, Београд 1977.

Вајс Едита, *Друштвени стандард у свету и код нас*, Институт за међународну политику и привреду, Београд 1968.

Видановић Слободан, *Стамбена беда као узрок друштвене дегенерације*, Светлост, Београд 1935.

Галевска А. Наташа, *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Киро Дандарот, Битола 1998.

Георгиевски Петре, *Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина*, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје 1972.

Георгиевски Петре, *Социјалната структура на студентите и нејзиното влијание врз изборот на факултетот*, докторска десертација, Филозофски факултет, Скопје 1981.

Горгиевски Петре, Корубин Јово, Миљовска Десанка и др., *Социологија*, НИП Студенски збор, Скопје 1998.

*Демократија и младите*, Детски парламент на РМ, Скопје 1999.

Димитриева Елка, Петровски Александар и др., *Некои аспекти од развојот на Македонската економија во услови на транзиција*, Економски институт, Скопје 1999.

Димитриевска В., „Поимот сиромаштија и можности за нејзино мерење“, *Социјална сигурност на населението во Република Македонија во услови на транзиција*, фондација „Фридрих Еберт“ Скопје 1998.

Донев Д., „Здравствени аспекти на транзицијата во Република Македонија“, *Национален извештај за човековиот развој*, УНДП, непубликуван материјал, Скопје 2001.

Ђорђевић Б. Драгољуб, *Социологија*, Светозар Марковић, Ниш 1996.

*Економски и социјални аспекти на невработеноста во Република Македонија и Република Бугарија и претпоставки за нејзино намалување*, Меѓународен научен собир, Охрид 1999.

*Жените и мажите во Македонија*, Државен завод за статистика, Скопје 2000.

*Зборник Македонија 1989-1999*, Институт отворено општество, Скопје 2001.

*Извозни можности на СРМ*, Економски институт, Скопје 1990.

*Информација за остварување на финансиски резултати во стопанството на Република Македонија во 1998 година*, Завод за платен промет, Скопје.

Јакимовски Јорде, Тодоровски Илија и др., *Социо-економската структура и проблеми на населението во РМ*, ИСППИ, Скопје 2001.

Јанковић Новак, *О економској добробити*, Истраживачко издавачки центар ССО Србије, Београд 1985.

Матилов Наум, „Социјалната држава и некои аспекти на социјално-економската положба на семејството во Македонија во услови на транзиција“, *Социјална држава помеѓу концептот и практиката*, фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 1998.

Нанески Б., „Економски и финансиски аспекти на социјалната сигурност на населението“ *Социјална сигурност на населението во Република Македонија во услови на транзиција*, фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 1998.

Наумовски Петар, *Одговорност на банките, другите финансиски организации и осигурителните организации за обврските во правниот промет*, докторска десертација, Правен факултет, Скопје 1992.

*Национален извештај за човековиот развој*, РМ, 1997.

*Национален извештај за човековиот развој*, РМ, 1998.

*Национален извештај за човековиот развој, 1999,* Министерство за развој на Република Македонија и Програма за развој на Обединетите нации, УНДП, 1999.

*Национална стратегија за економскиот развој на РМ*, МАНУ, Скопје 1997.

Николовска Наталија, Давкова С. Гордана, *Македонската транзиција во дефект*, МАГОР, Скопје 2001.

Новковска Благица, „Квантитативна анализа на сиромаштијата во Република Македонија“, научен собир *Тенденциите на сиромаштијата и можности за нејзино намалување*, Скопје 2000.

*Општествениот систем и штрајкот*, ИСППИ,Скопје 1990.

Пандев Д., Зарезанкова-Потевска М., Пејковски Ј., „Нови форми на соработка со претприемаштво за ублажување на сиромаштијата“, научен собир, Економски Институт, Скопје 2001.

Петровиќ Воислав, „Стамбена изградња и развој друштвено економских односа у области становања“, *Зборник радова*, Институт за социјалну политику, Београд 1977.

*Политичка енциклопедија*, Савремена администрација, Београд 1976.

Радовановић Мирослав, *Социологија беде и пауперизација*, Дечје новине, Горњи Милановац 1983.

Радовановиќ Мирослав, *Беда и савремени капитализам*, Веселин Маслеша, Сараево 1984.

*Синдикатот низ призмата на научно истражувачкиот интерес*, ССМ и ИСППИ, Скопје 1990.

Славевски Трајко, *Македонската економија во транзиција*, НИП „Екопрес“, Скопје 1995.

*Социална защита на бедните, безработните и потребителите при прехода към пазарна икономика*, Българска академия на науките, София 1994.

*Социална защита на основните рисковни групи от населението*, БАН, Икономически институт, София 1995.

*Социјална политика и социјална работа*, (избор на текстови), Филозофски факултет, Скопје 1999.

*Социјалната сигурност на населението во РМ во услови на транзиција*, (трудови подготвени на научен собир одржан на 27 ноември 1997 год.), фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 1998.

*Социјално пазарно или пазарно стопанство - искуство на Германија и на Македонија*, (трудови подготвени на научниот собир одржан на 9.06. 1998 год.), фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 1999.

*Социјално раслојување во Бугарија и РМ*, ЛИК, Софија 1998.

Стојанова Весна, „Оценка на процесот на приватизацијата“, *Извештај на фондацијата Фридрих Еберт Стифтунг*, Bon 1995.

*Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување*, трудови подготвени на научниот одрѐан на 18 и 19 декември 2000 година, фондација „Фридрих Еберт“, Скопје 2001.

*Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување*, научен собир, декември 2000.

Тодоровски Илија, *Влијанието на државата врз проценувањето на стопанските субјекти*, НИП „Глобус“, Скопје 1997.

Тодоровски Илија, *Влијанието на државата врз процесирањето на стопанските субјекти*, НИП „ГЛОБУС“, Скопје 1997.

*Увозната зависност на стопанството во Македонија.*

Узунов Никола, Костова Љубица, *Современи економски системи*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2000.

*Улични деца – деца на улица*, Зборник на трудови од научен собир одржан на 07.12.2000 во Скопје.

Харингтон Мајкал, *Друга Америка*, Просвета, Београд 1965.

Шешиħ Берислав, *Човек, смисао и бесмисао*, Рад, Београд 1977.

Abel-Smith, „Income Testing of In-Kind Transfers“, во: Garfinkel, ed., *Inkome Tested Transfer Programs: The Case for and Against*, New York 1979.

Acharya S., Panwalker V.P., Read A. and Falk R., *The Employment Guarantee Scheme in Maharashtra: Impact on Male and Female Labor*, Regional Research Paper, The Popolacion Council, Bangkok 1988.

Adam Frane, *Akciono istraživanje*, Marksistiki centar organizacije SK u Beogradu, 1984.

Ahmad E. and Hussain A., „Social Security in China: A. Historical Perspective“, во: E. Ahamd, J. Dreze, J. Hills and A. Sen, *Social Security in Developing Countries*, Clarendon Press, Oxford 1991.

Ahmed A. and Billah K., *Food for Education in Bangladesh, An Early Assessment*, International Food Policy Research Institute, Washington 1994.

Aristotel, *Politika*, BIGZ, Beograd 1975.

*Azerbaijan Poverty Assessment*, Document of World Bank, Fevruary 24, 1997.

Bečin Aleksandar, *Socijalni rad*, *Zbornik pojmova u socijalnoj politici*, Beograd 1973.

Berković Eva, *Kvalitet životnog standarda*, Ekonomski institut, Beograd 1977.

Berković Eva, *Minimum egzistencije, Zbornik pojmova u socijalnoj politici*, Beograd 1973.

C.A. Moser, *Metodi anketiranja u istraživanju društvenih pojava*, Kultura, Beograd 1962.

Carrė Odile et Marynowicz - Hetka Ewa, *Chômage et travail social en pologne en France L` Institutionnalisation*, Presses Universtaires de Lyon 1999.

Dickens R., Ellwoddd D., 2001: *Whither Poverty in Great Britain and the Unted States? The determinants of Changing Poverty and whether Work will Work*, Working Paper 8253.

Dole John, *The poor of the earth*, The Macmillan Press Ltd, 1967.

Dougias Ensminger, Paul Bomani, *Conquest of world hunger and poverty*, The Iowa state university press / Ames 1980.

*Ekonomisti o krizi,* (група аутори), Institut ekonomskih nauka, Beograd 1989.

Fridrih Engels, *Položaj radničke klase u Engleskoj*, Prosveta - BIGZ, Beograd 1977.

Fridrih Engels, *Položaj radničke klase u Engleskoj*, Prosveta BIGZ, Beograd 1977.

From Erih, *Zdravo društvo*, Rad, Beograd 1963.

Gatarić Đuro, *Socijalne razlike*, Avgust Cezar, Zagreb 1998.Giddens E., *Sociology*, 2nd et., Polity Press, Cambridge 1993.

Harlambos Michael, *Uvod u sociologiju*, Globus, Zagreb 1989.

Hicks J.R., *Value and Capital*, Clarendon Press, Oxford 1939.

Horvat Branko, *Jugoslovenska privreda 1965-1983, prijedlozi i rješenja*, Cankarjeva založba, Lubljana 1984.

Horvat Branko, *Politička ekonomija socijalizma*, Globus, Zagreb1984.

*Human Development Report 1997*, Oxford 1997.

*Human Development Under Transition, Summaries of the 1997 National Human Development Reports (NHDRs) for Europe and the CIS*, Regional Bureau for Europe CIS Unitions Development Programme, March 1998.

*Hungary, Poverty and Social Transfers*, The World Bank, Washington 1996.

James Calleja (ed), *Eliminationg poverty in old age*, United Nations Internatonal Institute on Ageing, Malta 1997.

Jovanović Dejan, *Reforme međunarodnog fonda*, Institut ekonomskih nauka, Beograd 1992.

*Labor Markets and Social Policy in Central and Eastern Europe, The Transition and Beyond*, Editer by Nicholas Barr, Published for the World Bank and the London School of Economics and Politcal Science, Oxford 1994.

*Labour Markets, Wages And Social Security in Central and Eastern Europe*, Brussels, April 1995.

Lakičević Z. Mira, *Socijalna ugroženost*, Institut za socijalnu politiku, Beograd 1987.

Milić Voin, *Društvena struktura i pokretljivost Jugoslavije*, Filozovski fakultet, Novi Sad 1996.

Milić Voin, *Sociološki metod*, Nolit, Beograd 1978.

Mitrović Aleksandar, *Na dnu, Romi na granicama siromaštva*, IDPĐ Naučna kniga, Beograd 1990.

Moles A., „Beleška o konceptu kvaliteta života“, *Zbornik Pete međunarodne konferencije*, Nauka i društvo, 2 deo, Beograd 1974.

*National Human Development Report, Macedonia*, 1999.

Nenadić Mile, *Sociološki itinerr*, Prosveta, Beograd 1999.

*New Reality of poverty and Struggle for social transformation*, International Association of Schools of Social Work Viena, Austria 1992.

Platon, *Država*, BIGZ, Beograd 1976.

*Poor Americans How the White Poor Live*, Marc Pilisuk and Phyllis Pilisuk, 1971.

*Poverty Reduction*, Handbook, The World Bank,Washington 1992.

Pošarac A., Cotić V.G., *Socijalni problemi Srbije (siromaštija, nezaposlenost, socijalni transferi)*, Institut ekonoskih nauka, Beograd 1992.

Pulić Ante, „Informacisko društvo i ekonomija", *Privredni vjesnik*, Zagreb 1990.

*Que Sais-Je?*, La pauvrete, Paris, 1998.

Ravallou Martin, *Poverty comparis on- guide to Concepts and Methods.*

*Research Methods in the Social Sciences*, St. Marin s Press New York.

*Social Indicators of Development*, 1996, World Bank, Washington.

*Sociološki faktori razvoja*, Institut za društvena istraživanjka sveučilišta u Zagrebu, Zagreb 1990.

Subbarao K., *Safety net programs and poverty reduction*, The World Bank Wasington DC 1997.

Šefer B., *Životni standard u Jugoslavji*, Globus, Zagreb 1974.

Tofler Alvin, *Šok budučnosti*, Otokar Keršovani, Rijeka 1975.

Živković Miroslav, Đorđević Borislav, Radovanović Miroslav, *Socijalni problemi jugoslovenskog društva*, Sloboda, Beograd 1985.

**Нормативни и програмски акти и статистички показатели**

*Анализа за остварените движења во стопанството во РМ во 1992 година и глобални насоки за економската политика во 1993 година*, Министерство за развој, Влада на РМ, Скопје, 28.12.1992.

*Закон за царинска тарифа*, Службен весник, Скопје, 38/1996.

*Закон за данок на добивка*, Службен весник, Скопје, 5/1993 и 80/1993.

*Закон за присилно спогодување, стечај и ликвидација*, Службени лист СФРЈ, Белград, 84/1989.

*Закон за работни односи*, Службен весник на РМ, Скопје, 78/1993.

*Закон за вработување*, Службен весник на СРМ, Скопје, 32/1987.

*Закон за заем на за вработување*, Службен весник на СРМ, Скопје, 46/1986.

*Закон за здружен труд*, Службени лист СФРЈ, Београд, 53/1976.

*Информација за штрајковите во претпријатијата и установите во РМ во 1991 и 1992 година*, ССМ, Скопје 1993.

*Методологија за проценка на вредноста на претпријатијата со општествен капитал*, Службен весник на РМ, Скопје.

*Методологија за следење на примената на заедничките основи и мерила за распределување на чистиот доход, за утврдување на просечната сложеност на трудот и за други показатели*, Службен весник на СРМ, 38/1996.

*Одлука за утврдување на критериумите, висината,начинот и постапката за утврдување и остварување на правото за социјална парична помош*, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, март, 1998

*Општествен договор за обезбедување середства, критериуми, постапки и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории на граѓани за 1989 година*, Службен весник на СРМ, 10/1989.

*Службен весник на РМ*, Скопје 26/1992.

*Службен весник на СРМ*, Скопје, 13/1987.

*Службен весник на СРМ*, Скопје, 16/1989.

*Устав на РМ*, Службен весник на РМ, Скопје, 52/ 1991.

*Устав на СФРЈ*, Службени лист СФРЈ, 9/1974.

*Устав на СРМ*, Службен весник на СРМ, Скопје, 7/1974.

**Статии и написи во зборници и во списанија**

„Бездомништво", Зум, 1 февруари 2002.

Богоев Ксенте, „Платно-билансно прилагодување на Југославија", *Југословенско банкарство*, Београд 1985, 10.

Варошлија Ѓорѓи, „Политика со алиби", *Економски магазин*, Скопје 1993, промотивен број, стр. 18-19.

Георгиевски Петре, „Методи на акциско истражување", *Дефектолошка теорија и практика*, 1-2 /1999 година.

Гогова Н. Ленче, „Некои аспекти на надворешната задолженост во економиите во транзиција од југоисточна Европа", *Економија бизнис*, бр.49, Скопје 2002.

„Два плус шест“, *Економски магазин*, Скопје 1996, 70, стр. 23.

*Економски развој*, бр. 2, Скопје 2000.

*Економски развој*, бр. 3, Скопје 1999.

*Економски развој*, бр. 3, Скопје 2001.

Жижмонд Егон, „Диспаритет цена у Југославији“, *Економска политика*, Београд.

„За сиромашните - само леб“, *Вечер*, 11.11.1998.

Јовановски Тихомир, „Почитување на динамиката на стопанскиот развој“, *Нова Македонија*, Скопје, 19.10.1996, стр. 16.

Кирициевска С., „Производство поголемо за четири насто“, *Нова Македонија*, Скопје, 15.10.1996, стр. 5.

Ковчегарски Љупчо, „Закон без ефекти“, Економски магазин, Скопје 1995, 72, стр. 11.

Лакичевић Душан, „Људске потребе и нихово задовољавање у области социјалног обезбеђивања“, *Социјална политика и социјални рад*, бр. 5-6, Београд 1980.

Лакичевић Душан, „Теорије сиромаштва“, *Социјална политика и социјални рад*, бр. 2-3, Београд 1983.

Николовска Наталија, „Опасно економско тонење“, *Економски магазин*, Скопје 1996, 74, стр. 8-11.

Николовска Наталија, „Владината политика ги осиромаши граѓаните“, Старт, 29 декенври 2000.

Пејановић Снежана, „Неки проблеми социјалне неједнаквости у новијој савременој теорији и пракси“, *Социјална политика и социјални рад*, бр. 5, Београд 1982.

Петковски Михаил, „Како против инфлацијата“, *Економски магазин*, Скопје 1993, промотивен број, стр. 10.

„Поддршка за девизни натпреварувачи“, *Економски магазин*, Скопје, 15.04.1996, стр. 9.

Поповић Роса, „Утицај економског стања на положај породице“, *Социјална политика и социјални рад*, бр. 5-6, Београд 1984.

„Предлози за Нацрт-законот за царинска тарифа и висината на царинските стапки“, *Економски магазин*, Скопје, 15.03.1996.

„Сиромашните жртви на глобализацијата“, *Актуел*, 31.08.2001.

„Сиромаштијата диктира пактивна заштита“, *Нова Македонија*, 28.11.1997.

„Состојби на Стопанската комора на Македонија за состојбите во тековната репродукција“, *Економски магазин*, Скопје, бр. 69, 01.01.1996, стр. 13.

*Социологически проблеми*, бр. 1, София 1995.

*Статистички годишник*, Државен завод за статистика на РМ, Скопје 2000.

„Табор сиромашних“, Политика, 07.06.1995.

„Транзицијата ја зголеми сиромаштијата“, *Зум*, 1 февруари 2002.

„Увозната зависност на стопанството на СРМ“, Економски институт, Скопје 1987.

„Цене“, *Економска политика*, Београд, април 1990.

„Чеси и Југословени живе најбоље“, *Политика*, 9.10.1994.

Blašković Pero, „Naša nova siromaštija“, *Socijalni arhiv*,1937, br. 8, III.

Diong Business in Macedonia, *Agency of the Republic of Macedonia for Transformation of Enterpises with Social Capital*, Skopje 1995.

Đurić Nikola, „Uzroci i posledice socijalnih razlika na nekim podrujima društvenog života“, *Socijalna politika*, br. 1. Beograd 1985.

Đurić Voislav, „Stanovanje kao društvena pojava, predmet socioloških istraživanja“, *Sociologija*, 1969, br. 3.

Gašić Lazar, „Najniži lični dohodak“, *Socijalna politika*, br. 9, Beograd 1985.

Haller A., „Sistem potreba u društvo udruženih proizvođača“, *Marksizam u svetu*, br. 11, Beograd 1975.

Ilić Drenka, „O društvenim najednakvostima i socijalnim razlikama“, *Socijalna politika i socijalni rad*, br. 2-3, Beograd 1983.

*International Social Work*, No 2, April 1992.

Magdaleniš Ivan, „Socijalna pravda kako je vide siromašni i bogati hrvatski radnici“, *Revija za socijalnu politiku*, br. 4, Zagreb 1998.

Maksimović Slobodan, „Sistem cjena - dileme i problemi“, *Problemi reforme privrednog sistema SFRJ*, Globus, Zagreb.

Nešić Borislav, „Sistem i instrumenti zaštite domaće privrede“, *Finansije*, Beograd 1991, 11-12.

Nikola, „Problemi socijalno slabih van privređivanja“, *Srpski književni glasnik*, Beograd 1935/8.

„Osnovni problemi ostvarivanja ekonomske reforme“, *Jugoslovenski pregled*, Beograd, 2/1991.

Radovanović Miroslav, „Beda i siromaštija“, *Socijalna zaštita u SR Hrvatskoj*, Zagreb, juni 1984.

*Revija za socijalnu politiku*, br.2, Zagreb 2001.

*Revija za socijalnu politiku*. br.4, Zagreb 1998.

*Revue internationale des sciences sociales*, No 148, Juin 1996.

Slaven Letica, „Osnovni izvori-uzroci socijalne ugroženosti“, *Socijalna zaštita u SR Hrvatskoj*, Zagreb, juni 1984.

Stojak Rudi, „Marginalizacija nejednakosti, egalitarizam, siromaštija“, *Socijalna politika*, Beograd 1-2/91.

Stropnik Neda, „Linija siromaštva - osnovni koncepti“, *Revija za Socijalnu politiku*, br. 1, Zagreb 1994.

# ПРИЛОЗИ

Базични индекси (1989 = 100,0) на макроекономските индикатори во Република Македонија (пресметани цени во 1989 год.)

| | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Општествен бруто производ** | | | | | |
| **Вкупно** | 61.3 | 60.5 | 48.0 | 38.7 | 33.4 | 31.7 |
| Индустрија и рударство | 50.1 | 47.3 | 38.1 | 29.8 | 23.2 | 20.8 |
| Земјоделство и рибарство | 70.2 | 73.6 | 71.9 | 45.4 | 41.2 | 37.4 |
| Шумарство | 94.1 | 85.7 | 73.9 | 74.3 | 60.6 | 55.4 |
| Водостопанство | 128.1 | 270.4 | 254.6 | 70.8 | 82.1 | 78.6 |
| Градежништво | 89.8 | 84.8 | 57.4 | 51.1 | 47.5 | 55.5 |
| Сообраќај и врски | 76.8 | 79.7 | 68.1 | 70.6 | 61.9 | 58.1 |
| Трговија | 77.6 | 88.4 | 54.7 | 49.8 | 51.2 | 51.7 |
| Угостителство и туризам | 84.4 | 79.5 | 58.6 | 53.9 | 49.4 | 41.4 |
| Занаетчиство | 83.7 | 73.6 | 52.9 | 55.2 | 41.3 | 38.3 |
| Станбено-комунална дејност | 74.5 | 61.6 | 31.2 | 48.8 | 48.5 | 61.4 |
| Финансиски и други услуги | 85.1 | 65.7 | 55.4 | 60.7 | 58.6 | 56.8 |
| Образование и култура | 118.6 | 70.7 | 52.1 | 42.5 | 74.4 | 80.8 |
| Здравство и социјална заштита | 82.5 | 103.6 | 92.0 | 90.1 | 87.1 | 80.5 |
| | **Материјални трошоци** | | | | | |
| **Вкупно** | 61.0 | 61.8 | 49.5 | 38.3 | 30.8 | 30.5 |
| Индустрија и рударство | 50.0 | 49.5 | 37.2 | 27.6 | 20.9 | 19.6 |
| Земјоделство и рибарство | 81.0 | 93.4 | 91.0 | 56.9 | 47.9 | 42.2 |
| Шумарство | 106.8 | 111.6 | 111.7 | 107.2 | 85.2 | 84.2 |
| Водостопанство | 104.4 | 611.0 | 481.3 | 67.2 | 76.4 | 83.5 |
| Градежништво | 94.9 | 96.0 | 61.3 | 55.1 | 52.1 | 65.7 |
| Сообраќај и врски | 78.6 | 86.5 | 83.2 | 80.9 | 68.4 | 64.8 |
| Трговија | 75.5 | 69.7 | 58.1 | 58.6 | 46.8 | 62.3 |
| Угостителство и туризам | 83.5 | 86.9 | 66.3 | 61.4 | 53.4 | 47.4 |
| Занаетчиство | 89.8 | 75.3 | 56.4 | 61.4 | 43.1 | 40.6 |
| Станбено-комунална дејност | 55.2 | 50.1 | 40.2 | 44.6 | 38.8 | 56.1 |
| Финансиски и други услуги | 100.5 | 63.2 | 65.3 | 71.3 | 54.7 | 50.4 |
| Образование и култура | 122.3 | 46.7 | 25.0 | 30.9 | 50.8 | 57.3 |
| Здравство и социјална заштита | 77.3 | 98.0 | 65.2 | 100.3 | 80.4 | 80.5 |
| | **Општествен производ** | | | | | |
| **Вкупно** | 61.6 | 59.2 | 46.6 | 39.1 | 36.1 | 33.0 |
| Индустрија и рударство | 50.3 | 44.5 | 39.4 | 32.8 | 26.1 | 22.5 |
| Земјоделство и рибарство | 60.5 | 56.0 | 54.8 | 35.1 | 35.2 | 33.1 |
| Шумарство | 89.9 | 77.3 | 61.6 | 63.7 | 52.6 | 46.1 |
| Водостопанство | 137.8 | 137.2 | 166.0 | 72.2 | 84.3 | 76.7 |
| Градежништво | 84.3 | 72.7 | 53.2 | 46.8 | 42.6 | 44.4 |
| Сообраќај и врски | 75.5 | 74.6 | 56.9 | 63.0 | 57.2 | 53.1 |
| Трговија | 78.2 | 93.7 | 53.7 | 47.4 | 52.4 | 48.7 |
| Угостителство и туризам | 85.2 | 73.3 | 52.1 | 47.7 | 46.1 | 36.3 |
| Занаетчиство | 78.4 | 72.2 | 49.8 | 49.8 | 39.7 | 36.4 |
| Станбено-комунална дејност | 89.8 | 70.7 | 24.1 | 52.1 | 56.3 | 65.6 |
| Финансиски и други услуги | 65.7 | 68.8 | 42.9 | 47.5 | 63.5 | 64.9 |
| Образование и култура | 113.4 | 91.4 | 75.6 | 52.6 | 94.8 | 101.0 |
| Здравство и социјална заштита | 87.3 | 108.7 | 116.9 | 80.7 | 93.3 | 80.4 |

Продолжение од претходната страница

| | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Амортизација** | | | | | |
| **Вкупно** | **67.6** | **70.3** | **80.0** | **58.6** | **48.2** | **41.3** |
| Индустрија и рударство | 69.1 | 70.7 | 78.6 | 57.0 | 44.0 | 36.5 |
| Шумарство | 73.1 | 56.5 | 82.7 | 67.9 | 52.4 | 47.1 |
| Градежништво | 89.6 | 94.6 | 101.3 | 75.9 | 59.3 | 57.8 |
| Сообраќај и врски | 56.6 | 68.4 | 77.6 | 58.2 | 52.3 | 46.4 |
| Трговија | 72.1 | 78.6 | 105.3 | 78.4 | 70.5 | 56.3 |
| Угостителство и туризам | 58.2 | 64.2 | 70.7 | 59.1 | 41.6 | 35.9 |
| Занаетчиство | 73.4 | 76.2 | 61.4 | 53.3 | 41.9 | 35.2 |
| Станбено-комунална дејн. | 73.5 | 66.9 | 89.5 | 79.4 | 69.4 | 77.0 |
| Финансиски и други услуги | 55.6 | 51.7 | 56.6 | 53.1 | 47.7 | 41.4 |
| Образование и култура | 94.4 | 58.4 | 98.7 | 165.7 | 72.5 | 156.6 |
| Здравство и социјална заштита | 129.3 | 227.0 | 265.9 | 343.8 | 356.5 | 303.4 |
| | **Национален доход** | | | | | |
| **Вкупно** | **61.0** | **58.0** | **43.1** | **37.0** | **34.8** | **32.1** |
| Индустрија и рударство | 48.0 | 41.3 | 34.7 | 29.9 | 24.0 | 20.8 |
| Земјоделство и рибарство | 60.1 | 55.7 | 53.3 | 34.0 | 34.5 | 32.5 |
| Шумарство | 95.5 | 78.2 | 59.7 | 63.3 | 52.6 | 46.0 |
| Водостопанство | 178.1 | 165.1 | 204.0 | 67.1 | 82.5 | 79.6 |
| Градежништво | 84.0 | 71.7 | 50.8 | 45.3 | 41.3 | 43.7 |
| Сообраќај и врски | 81.3 | 76.6 | 50.5 | 64.5 | 58.7 | 55.2 |
| Трговија | 78.1 | 94.2 | 51.9 | 46.3 | 51.8 | 48.5 |
| Угостителство и туризам | 87.1 | 74.3 | 50.0 | 46.4 | 46.7 | 36.4 |
| Занаетчиство | 78.7 | 71.9 | 49.1 | 49.6 | 39.6 | 36.5 |
| Станбено-комунална дејн. | 93.5 | 71.6 | 9.2 | 45.9 | 53.3 | 63.0 |
| Финансиски и други услуги | 66.7 | 70.0 | 42.0 | 47.1 | 64.6 | 66.5 |
| Образование и култура | 116.7 | 92.5 | 74.8 | 48.6 | 95.6 | 99.1 |
| Здравство и социјална заштита | 86.0 | 105.2 | 112.6 | 73.0 | 85.5 | 73.8 |
| | **Нето плата** | | | | | |
| **Вкупно** | **88.3** | **82.5** | **47.7** | **42.1** | **46.0** | |
| Индустрија и рударство | 86.7 | 35.3 | 41.8 | 44.0 | 40.9 | |
| Земјоделство и рибарство | 76.9 | 55.5 | 52.9 | 11.1 | 40.7 | |
| Шумарство | 90.2 | 91.7 | 51.3 | 68.3 | 53.6 | |
| Водостопанство | 131.0 | 179.7 | 83.6 | 62.3 | 77.3 | |
| Градежништво | 98.1 | 77.1 | 43.3 | 46.7 | 42.5 | |
| Сообраќај и врски | 96.8 | 94.2 | 51.7 | 68.9 | 59.9 | |
| Трговија | 105.5 | 99.6 | 55.9 | 64.6 | 60.2 | |
| Угостителство и туризам | 94.7 | 84.6 | 48.3 | 54.7 | 50.8 | |
| Занаетчиство | 89.7 | 80.7 | 48.0 | 53.0 | 42.4 | |
| Станбено-комунална дејн. | 109.2 | 96.2 | 36.8 | 63.8 | 58.1 | |
| Финансиски и други услуги | 67.6 | 69.6 | 49.0 | 58.2 | 59.9 | |
| Образование и култура | 104.9 | 117.9 | 41.7 | 61.4 | 87.7 | |
| Здравство и социјална заштита | 118.7 | 137.5 | 84.2 | 114.4 | 108.3 | |
| | **Остаток вишок на производство** | | | | | |
| **Вкупно** | 27.0 | 28.3 | 40.3 | 23.8 | 18.6 | |
| Индустрија и рударство | 23.5 | 16.4 | 30.4 | 20.1 | 10.4 | |
| Земјоделство и рибарство | 15.9 | 31.3 | 66.1 | 25.4 | 16.8 | |
| Шумарство | 112.1 | 75.9 | 102.5 | 64.3 | 59.9 | |
| Водостопанство | | | | | | |
| Градежништво | 41.8 | 83.0 | 96.0 | 55.2 | 51.1 | |
| Сообраќај и врски | 41.9 | 46.8 | 71.2 | 77.7 | 80.6 | |
| Трговија | 30.5 | 62.7 | 49.4 | 23.4 | 34.5 | |
| Угостителство и туризам | 83.9 | 65.1 | 70.1 | 36.2 | 42.4 | |
| Занаетчиство | 60.3 | 63.8 | 56.1 | 47.2 | 37.0 | |
| Станбено-комунална дејн. | 85.8 | 45.1 | -63.1 | 7.0 | 56.8 | |
| Финансиски и други услуги | 52.6 | 68.1 | 46.1 | 42.3 | 92.9 | |
| Образование и култура | 183.3 | 66.7 | 243.5 | 53.5 | 158.0 | |
| Здравство и социјална заштита | 51.1 | 77.1 | 145.9 | 38.9 | 48.0 | |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија - Завод за статистика на Република Македонија - Статистички преглед бр.207, 222, 235, 248, 259 и 272 (наши пресметувања)

Стапки на пораст по дејности на макроекономските индикатори

во Република Македонија (постоечки цени од 1989 год.)

| | 1989-1990 | 1989-1991 | 1989-1992 | 1989-1993 | 1989-1994 | 1989-1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Општествен бруто производ | | | | | |
| **Вкупно** | **-38.7** | **-22.2** | **-21.7** | **-21.1** | **-19.7** | **-17.4** |
| Индустрија и рударство | -49.9 | 31.2 | -27.5 | 26.1 | 25.4 | -23.0 |
| Земјоделство и рибарство | 29.8 | 14.2 | 10.4 | 17.9 | 16.2 | 15.1 |
| Шумарство | 5.9 | -7.4 | -9.6 | -7.2 | -9.5 | 9.4 |
| Водостопанство | 38.4 | 64.4 | 36.5 | -8.3 | -3.9 | -3.9 |
| Градежништво | -10.2 | 7.9 | -16.9 | 15.4 | -13.8 | -9.4 |
| Сообраќај и врски | -23.2 | 10.7 | -12.0 | -8.3 | -9.1 | -8.6 |
| Трговија | -22.4 | 6.0 | -18.2 | -16.0 | -12.5 | -10.4 |
| Угостителство и туризам | 15.6 | -10.9 | 16.3 | 14.3 | 13.1 | -13.7 |
| Занаетчиство | 16.3 | 14.2 | -19.1 | -13.8 | -16.2 | -14.8 |
| Станбено-комунална дејн | 25.5 | 21.5 | -32.2 | -16.4 | -13.5 | -7.8 |
| Финансиски и други услуги | -14.9 | -19.0 | -17.9 | 11.7 | -10.1 | -9.0 |
| Образование и култура | 18.6 | -15.9 | -19.5 | 19.2 | -5.7 | -3.5 |
| Здравство и социјална заштита | 17.5 | 1.8 | 2.7 | -2.6 | -2.7 | -3.6 |
| | Материјални трошоци | | | | | |
| Вкупно | -39.8 | -21.4 | -20.9 | -21.3 | -21.0 | -18.0 |
| Индустрија и рударство | 50.0 | 29.6 | -28.1 | 27.5 | 26.9 | 23.8 |
| Земјоделство и рибарство | 16.0 | 3.4 | 3.1 | 13.2 | 13.7 | 13.4 |
| Шумарство | 6.8 | 5.6 | 3.8 | 1.7 | 3.2 | 2.8 |
| Водостопанство | 4.4 | 147.2 | 68.8 | 9.5 | 5.3 | 3.0 |
| Градежништво | -5.1 | 2.0 | -15.0 | -13.8 | -12.2 | -6.8 |
| Сообраќај и врски | 21.4 | 7.0 | -6.0 | -5.2 | 7.3 | -7.0 |
| Трговија | 24.5 | 16.5 | 16.5 | -12.5 | 14.1 | 7.6 |
| Угостителство и туризам | 16.5 | -6.8 | -12.8 | -11.5 | -11.8 | -11.7 |
| Занаетчиство | 10.2 | 13.3 | 17.4 | -11.5 | 15.5 | 14.0 |
| Станбено-комунална дејн | -44.8 | 29.2 | -26.2 | 18.3 | 17.3 | 9.2 |
| Финансиски и други услуги | 0.5 | 20.5 | -13.2 | -8.1 | 11.4 | 10.8 |
| Образование и култура | 22.3 | 31.7 | 37.0 | -25.4 | 12.7 | 8.9 |
| Здравство и социјална заштита | 22.7 | -1.0 | 13.3 | 0.1 | -4.3 | -3.5 |
| | Општествен производ | | | | | |
| **Вкупно** | **-38.4** | **-23.1** | **-22.5** | **-20.9** | **-18.4** | **-16.9** |
| Индустрија и рударство | -49.7 | 33.3 | -26.7 | 24.3 | 23.5 | -22.0 |
| Земјоделство и рибарство | 39.5 | 25.2 | 18.2 | 23.0 | 18.8 | -16.8 |
| Шумарство | 10.1 | 12.1 | 14.9 | 10.7 | 12.1 | -12.1 |
| Водостопанство | 37.8 | 17.1 | 18.4 | 7.8 | 3.4 | -4.3 |
| Градежништво | 15.7 | 14.7 | -19.0 | 17.3 | 15.7 | 12.7 |
| Сообраќај и врски | 24.5 | -13.6 | -17.1 | -10.9 | -10.6 | -10.0 |
| Трговија | -21.8 | -3.2 | -18.7 | -17.0 | -12.1 | -11.3 |
| Угостителство и туризам | 14.8 | 14.4 | -19.5 | -16.9 | -14.3 | -15.5 |
| Занаетчиство | -21.6 | 15.0 | -20.7 | -16.0 | -16.9 | -15.5 |
| Станбено-комунална дејн | 10.2 | 15.9 | 37.8 | -15.0 | 10.8 | 6.8 |
| Финансиски и други услуги | -34.3 | 17.0 | 24.6 | -17.0 | -8.7 | 7.0 |
| Образование и култура | 15.4 | -4.4 | -8.9 | -14.9 | 1.1 | 0.2 |
| Здравство и социјална заштита | -12.7 | 4.3 | 5.4 | 5.2 | 1.4 | 3.6 |
| | Амортизација | | | | | |
| **Вкупно** | **-32.4** | **-16.2** | **-7.2** | **-12.5** | **-13.6** | **-13.7** |
| Индустрија и рударство | 36.9 | -15.9 | -7.7 | -13.1 | -15.1 | -15.5 |
| Шумарство | 26.9 | 18.5 | -6.1 | -9.2 | -12.1 | -11.8 |
| Градежништво | -10.4 | -2.8 | 0.4 | -6.7 | -9.9 | -8.7 |
| Сообраќај и врски | -43.4 | -17.3 | -8.1 | -12.7 | -12.2 | -12.0 |
| Трговија | 27.9 | 11.3 | 1.7 | -5.9 | -6.7 | -9.1 |
| Угостителство и туризам | 21.8 | 19.9 | -10.9 | -12.3 | -16.1 | -15.7 |
| Занаетчиство | 26.6 | 12.7 | -15.0 | -14.6 | -16.0 | -16.0 |
| Станбено-комунална дејн | 26.5 | 18.2 | 3.6 | -5.6 | -7.0 | -4.3 |
| Финансиски и други услуги | -44.4 | 28.1 | -17.3 | -14.6 | -13.8 | -13.7 |
| Образование и култура | 5.6 | 23.6 | -0.4 | 13.5 | -6.2 | 7.8 |
| Здравство и социјална заштита | 29.3 | 50.2 | 38.5 | 36.2 | 29.0 | 20.3 |

Продолжение од претходната страница

| | 1989-1990 | 1989-1991 | 1989-1992 | 1989-1993 | 1989-1994 | 1989-1995 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Национален доход** | | | | | |
| **Вкупно** | **-39.0** | **-23.8** | **-24.5** | **-22.0** | **-19.0** | **-17.3** |
| Индустрија ирударство | -52.0 | -35.7 | -29.7 | -26.1 | -24.8 | -23.0 |
| Земјоделство и рибарство | -39.6 | -25.4 | -18.9 | -23.6 | -19.2 | -17.1 |
| Шумарство | -8.5 | -11.5 | -15.8 | -10.8 | -12.1 | -12.1 |
| Водостопанство | 78.1 | 28.5 | 26.8 | -9.5 | -3.8 | -3.7 |
| Градежништво | -16.0 | -15.3 | -20.2 | -17.9 | -16.0 | -12.9 |
| Сообраќај и врски | -18.7 | -12.5 | -20.4 | -10.4 | -10.1 | -9.4 |
| Трговија | -21.6 | -2.9 | -19.6 | -17.5 | -12.3 | 11.4 |
| Угостителство и туризам | -12.9 | -13.8 | -20.6 | -17.5 | -14.1 | -15.5 |
| Занаетчиство | 21.3 | 15.2 | -21.1 | -16.1 | -16.9 | -15.5 |
| Станбено-комунална дејн. | -6.5 | -15.4 | -54.9 | -17.7 | -11.8 | -7.4 |
| Финансиски и други услуги | -33.7 | -16.3 | -25.1 | -17.2 | -8.4 | -6.6 |
| Образование и култура | 16.1 | -3.8 | -9.2 | 16.5 | -0.9 | -0.1 |
| Здравство и социјална заштита | -14.0 | 2.6 | 4.0 | -7.6 | -3.1 | -4.9 |
| | **Нето плати** | | | | | |
| **Вкупно** | **-11.2** | **-9.1** | **-21.9** | **-19.5** | **-14.4** | |
| Индустрија ирударство | 13.3 | -7.6 | -25.2 | -18.5 | -16.4 | |
| Земјоделство и рибарство | -23.1 | -19.0 | -19.1 | -42.3 | -16.4 | |
| Шумарство | -9.9 | -4.3 | -19.9 | -9.1 | -11.7 | |
| Водостопанство | 31.0 | 34.1 | -5.8 | -11.2 | -5.0 | |
| Градежништво | -1.9 | -12.2 | -24.4 | -17.3 | -15.7 | |
| Сообраќај и врски | 3.2 | -2.9 | 19.7 | -8.9 | -9.7 | |
| Трговија | 5.5 | -0.2 | -17.6 | -10.3 | -9.6 | |
| Угостителство и туризам | -5.3 | -8.0 | -21.6 | -14.0 | -12.7 | |
| Занаетчиство | 10.3 | -10.1 | -21.7 | -14.7 | -15.8 | |
| Станбено комунална дејн. | 9.2 | -1.9 | -28.4 | 9.0 | -10.3 | |
| Финансиски и други услуги | 32.4 | -16.6 | -21.1 | 12.7 | -9.8 | |
| Образование и култура | 4.9 | 8.6 | -25.3 | -11.5 | 2.6 | |
| Здравство и социјална заштита | 18.7 | 17.3 | -5.6 | 3.4 | 1.6 | |
| | **Остаток вишок на производство** | | | | | |
| **Вкупно** | **-73.0** | **-46.8** | **-26.1** | **-30.1** | **-28.6** | |
| Индустрија ирударство | -76.5 | -59.6 | -32.8 | -33.0 | -36.4 | |
| Земјоделство и рибарство | -84.1 | -44.1 | -12.9 | -29.0 | -30.0 | |
| Шумарство | 12.1 | -12.9 | 0.8 | -10.5 | -9.7 | |
| Водостопанство | | | | | | |
| Градежништво | -58.2 | -8.9 | -1.3 | -13.8 | -12.6 | |
| Сообраќај и врски | -58.1 | -31.6 | 10.7 | -6.1 | -4.2 | |
| Трговија | -69.5 | -20.8 | -21.0 | -30.4 | -19.2 | |
| Угостителство и туризам | 16.1 | -19.3 | -11.2 | 22.4 | -15.8 | |
| Занаетчиство | -39.7 | -20.1 | -17.5 | -17.1 | -18.0 | |
| Станбено-комунална дејн. | -14.2 | -32.8 | | -48.6 | -10.7 | |
| Финансиски и други услуги | -47.4 | -17.5 | -22.7 | 19.4 | -1.5 | |
| Образование и култура | 83.3 | -18.3 | 34.5 | -14.5 | 9.6 | |
| Здравство и социјална заштита | -48.9 | -12.2 | 13.4 | -21.0 | -13.0 | |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија-Завод за статистика на Република Македонија-Статистички преглед бр.207, 222, 235, 248, 259 и 272 (наши пресметувања).

Структура (во%) на инвестициите за основни средства по намена на вложувања и по структура на сопственоста во Република Македонија

| Намена на инвестициите | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **2641187** | **10876436** | **19636488** | **24704176** |
| Општествен сектор | 24.5 | 23.3 | 30.4 | 38.1 |
| Приватен сектор | 57.3 | 58.2 | 45.6 | 47.1 |
| Задружен сектор | 0.3 | 0.1 | 0.1 | 0.0 |
| Мешовит сектор | 17.9 | 18.4 | 21.5 | 12.5 |
| Државен сектор | - | - | 2.4 | 2.3 |
| **Производни дејности** | **1279477** | **5562280** | **12475971** | **16361152** |
| Општествен сектор | 35.7 | 33.8 | 38.2 | 50.8 |
| Приватен сектор | 27.0 | 30.8 | 29.4 | 31.6 |
| Задружен сектор | 0.6 | 0.2 | 0.2 | 0.1 |
| Мешовит сектор | 36.7 | 35.2 | 32.3 | 17.3 |
| Државен сектор | - | - | 0.0 | 0.3 |
| **Индустрија и рударство** | **561888** | **2122885** | **3964363** | **4202100** |
| Општествен сектор | 36.2 | 38.1 | 43.3 | 62.6 |
| Приватен сектор | 1.7 | 3.9 | 7.9 | 7.7 |
| Задружен сектор | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Мешовит сектор | 62.1 | 57.9 | 48.8 | 29.6 |
| Државен сектор | - | - | 0.0 | - |
| **Земјоделство и рибарство** | **198833** | **673866** | **1156852** | **1287517** |
| Општествен сектор | 4.8 | 6.5 | 7.1 | 9.7 |
| Приватен сектор | 71.2 | 70.4 | 67.3 | 80.4 |
| Задружен сектор | 3.1 | 0.9 | 0.9 | 0.2 |
| Мешовит сектор | 20.8 | 22.2 | 24.8 | 9.8 |
| Државен сектор | - | - | 0.0 | - |
| **Шумарство** | **12826** | **51779** | **98632** | **87329** |
| Општествен сектор | 98.2 | 99.1 | 100.0 | 99.1 |
| Приватен сектор | - | - | - | - |
| Задружен сектор | - | - | - | - |
| Мешовит сектор | 1.8 | 0.9 | - | 0.9 |
| Државен сектор | | | | |
| **Водостопанство** | **36049** | **59789** | **219940** | **190134** |
| Општествен сектор | 93.5 | 91.8 | 98.8 | 99.6 |
| Приватен сектор | - | - | - | - |
| Задружен сектор | - | - | 0.2 | 0.4 |
| Мешовит сектор | 6.5 | 8.2 | 1.0 | - |
| **Градежништво** | **22362** | **85980** | **451691** | **600138** |
| Општествен сектор | 59.9 | 35.1 | 34.7 | 65.4 |
| Приватен сектор | 10.6 | 29.4 | 47.6 | 23.2 |
| Задружен сектор | 2.4 | 1.2 | 2.0 | 1.4 |
| Мешовит сектор | 27.1 | 34.2 | 15.8 | 9.9 |
| **Сообраќај и врски** | **207353** | **993879** | **2907301** | **5372194** |
| Општествен сектор | 76.3 | 64.6 | 72.3 | 84.3 |
| Приватен сектор | 22.2 | 27.9 | 18.4 | 12.6 |
| Задружен сектор | - | - | - | - |
| Мешовит сектор | 1.5 | 7.4 | 9.3 | 2.3 |
| Државен сектор | - | - | - | 0.7 |
| **Трговија** | **142447** | **623576** | **1362983** | **2057361** |
| Општествен сектор | 2.0 | 1.1 | 1.0 | 0.2 |
| Приватен сектор | 51.1 | 84.2 | 83.7 | 77.7 |
| Задружен сектор | 0.4 | 0.1 | 0.1 | 0.0 |
| Мешовит сектор | 36.6 | 14.5 | 15.2 | 22.1 |

Продолжение од претходната страница

| Намена на инвестициите | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 |
|---|---|---|---|---|
| **Угостителство и туризам** | **24483** | **168814** | **305979** | **347629** |
| Општествен сектор | 23.0 | 5.8 | 3.9 | 13.1 |
| Приватен сектор | 72.4 | 50.9 | 70.4 | 78.2 |
| Задружен сектор | 0.2 | 1.1 | - | - |
| Мешовит сектор | 4.5 | 42.1 | 25.7 | 8.7 |
| **Занаетчиство** | **36542** | **205499** | **270907** | **349194** |
| Општествен сектор | 0.3 | 7.7 | 0.0 | 0.7 |
| Приватен сектор | 98.0 | 88.6 | 94.9 | 97.9 |
| Задружен сектор | - | - | - | - |
| Мешовит сектор | 1.7 | 3.7 | 5.1 | 1.4 |
| **Станбено-комунална дејн.** | **14594** | **262314** | **1221309** | **900873** |
| Општествен сектор | 98.0 | 60.9 | 26.9 | 28.4 |
| Приватен сектор | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 7.7 |
| Задружен сектор | - | - | - | - |
| Мешовит сектор | 1.9 | 39.1 | 73.1 | 62.7 |
| Државен сектор | - | - | - | 1.2 |
| **Финансиски и други услуги** | **8062** | **266475** | **328417** | **784006** |
| Општествен сектор | 4.5 | 18.4 | 5.1 | 1.4 |
| Приватен сектор | 55.4 | 20.1 | 61.6 | 85.7 |
| Задружен сектор | 3.8 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Мешовит сектор | 36.4 | 61.4 | 33.2 | 13.0 |
| **Образование и култура** | **1861** | **22374** | **58900** | **100075** |
| Општествен сектор | 94.7 | 27.1 | 30.3 | 30.3 |
| Приватен сектор | - | 11.3 | 4.6 | 7.8 |
| Задружен сектор | - | - | - | - |
| Мешовит сектор | 5.3 | 61.6 | 65.1 | 61.8 |
| **Здравство и социјална заштита** | **12177** | **25050** | **128697** | **82602** |
| Општествен сектор | 8.6 | 8.2 | 0.3 | 2.8 |
| Приватен сектор | 6.5 | 5.9 | 5.9 | 31.3 |
| Задружен сектор | - | - | - | - |
| Мешовит сектор | 84.9 | 86.0 | 93.8 | 65.8 |
| **Непроизводни дејности** | **1361710** | **5314156** | **7160917** | **8343024** |
| Општествен сектор | 14.0 | 12.2 | 16.8 | 13.2 |
| Приватен сектор | 85.8 | 86.9 | 73.9 | 77.4 |
| Задружен сектор | - | - | 0.0 | - |
| Мешовит сектор | 0.3 | 0.9 | 2.7 | 3.2 |
| Државен сектор | - | - | 6.6 | 6.2 |

Извор: Завод за статистика на Република Македонија - Статистички преглед бр.247, 256, 271 и Соопштение бр. 201од 04.12.1996. (наши пресметувања)

Извозот и увозот во Република Македонија според економската намена (цени од 1989 година).

| | Базичен индекс (1989=100.0) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Извоз | | | Увоз | | |
| | 1990 | 1994 | 1995 | 1990 | 1994 | 1995 |
| **Вкупно** | **42.1** | **78.5** | **66.1** | **63.6** | **84.3** | **74.2** |
| Материјал за репродукција | 44.7 | 71.8 | 65.0 | 51.8 | 59.8 | 55.3 |
| Средства за работа | 33.6 | 43.1 | 29.6 | 47.9 | 95.5 | 68.8 |
| Стоки за широка потрошувачка | 40.2 | 89.5 | 68.8 | 162.1 | 239.3 | 204.5 |
| | Стапка на пораст | | | | | |
| | 1989-1990 | 1989-1994 | 1989-1995 | 1989-1990 | 1989-1994 | 1989-1995 |
| **Вкупно** | **-57.9** | **-4.7** | **-6.7** | **-36.4** | **-3.3** | **-4.8** |
| Материјал за репродукција | -55.3 | -6.4 | -6.9 | -48.2 | -9.8 | -9.4 |
| Средства за работа | -66.4 | -15.5 | -18.4 | -52.1 | -0.9 | 6.0 |
| Стоки за широка потрошувачка | -59.8 | -2.2 | -6.0 | 62.1 | 19.1 | 12.7 |

Извор: Републички завод за статистика - Статистички годишник 1991 и 1996 година (наши пресметувања).

Мислењето за областите во кои настанале промени во задоволувањето на потребите на домаќинството според социопрофесионалната категорија на анкетираното лице.

| Социопрофесионална категорија на анкетираното лице | | исхрана | | | Здравствена заштита и сигурност | | | Хигиена(задоволување на хигиенски потреби) | | | културни потреби | | | Домување | | | Социјална комуникација (односите меѓу луѓето) | | | Друг… | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0 | + | - | 0 | + | - | 0 | + | - | 0 | + | - | 0 | + | - | 0 | + | - | 0 | + | - |
| Работоводител, Менаџер, Директор (01,02) | хор. % | 49.1 | 7.0 | 43.9 | 31.6 | 14.0 | 54.4 | 54.4 | 15.8 | 29.6 | 33.3 | 14.0 | 52.6 | 43.9 | 8.8 | 47.4 | 28.1 | 54.4 | 56.7 | 89.5 | 5.3 | 5.3 |
| | број | 28 | 4 | 25 | 18 | 8 | 31 | 31 | 9 | 17 | 19 | 8 | 30 | 25 | 5 | 27 | 16 | 3 | 38 | 51 | 3 | 3 |
| | вер. % | 3.7 | 1.5 | 2.3 | 2.8 | 3.0 | 2.6 | 3.2 | 3.5 | 1.9 | 2.6 | 4.6 | 2.5 | 2.7 | 2.6 | 2.7 | 2.2 | 2.2 | 3.0 | 2.6 | 20.0 | [illegible] |
| Стручњак.Професионалци со Високо образование (03) | хор. % | 44.2 | 7.5 | 48.3 | 39.2 | 7.5 | 53.3 | 46.7 | 10.8 | 42.5 | 36.7 | 8.3 | 55.0 | 48.3 | 6.7 | 45.0 | 34.2 | 46.7 | 60.8 | 94.2 | | 5.8 |
| | број | 53 | 9 | 58 | 47 | 9 | 64 | 56 | 13 | 51 | 44 | 10 | 66 | 58 | 8 | 54 | 41 | 6 | 73 | 113 | 0 | 7 |
| | вер. % | 7.0 | 3.5 | 5.3 | 7.3 | 3.3 | 5.4 | 5.8 | 5.1 | 5.8 | 5.9 | 5.7 | 5.6 | 6.4 | 4.1 | 5.4 | 5.7 | 4.3 | 5.9 | 5.8 | | 5.4 |
| Стручњак лице со средно образование (07,12) | хор. % | 34.9 | 12.4 | 52.7 | 29.5 | 14.0 | 56.6 | 48.1 | 14.0 | 38.0 | 33.3 | 6.2 | 60.5 | 43.4 | 13.2 | 43.4 | 25.6 | 48.1 | 67.4 | 92.2 | 1.6 | 6.2 |
| | број | 45 | 16 | 68 | 38 | 18 | 73 | 62 | 18 | 49 | 43 | 8 | 78 | 55 | 17 | 56 | 33 | 9 | 87 | 119 | 2 | 8 |
| | вер. % | 5.9 | 6.4 | 6.2 | 5.9 | 6.6 | 6.2 | 6.4 | 7.1 | 5.6 | 5.8 | 4.6 | 6.6 | 6.1 | 8.8 | 5.6 | 4.6 | 6.5 | 7.0 | 6.1 | 13.3 | 6.2 |
| Службеници (04,05) | хор. % | 41.1 | 15.3 | 43.5 | 33.1 | 16.1 | 50.8 | 50.8 | 14.5 | 34.7 | 29.8 | 15.3 | 54.8 | 47.6 | 13.7 | 38.7 | 23.4 | 50.8 | 66.1 | 96.0 | 0.8 | 3.2 |
| | број | 51 | 19 | 54 | 41 | 20 | 63 | 63 | 18 | 43 | 37 | 19 | 68 | 59 | 17 | 48 | 29 | 13 | 82 | 119 | 1 | 4 |
| | вер. % | 6.7 | 7.5 | 5.0 | 6.4 | 7.4 | 5.3 | 6.5 | 7.1 | 4.9 | 5.0 | 10.9 | 5.7 | 6.5 | 8.8 | 4.8 | 4.1 | 9.4 | 6.6 | 6.1 | 6.7 | 3.1 |
| Работници (06,08,09) | хор. % | 31.4 | 10.5 | 58.0 | 26.7 | 11.0 | 62.2 | 42.3 | 10.4 | 47.3 | 31.9 | 6.3 | 61.8 | 40.5 | 8.1 | 51.4 | 30.8 | 42.3 | 63.9 | 93.7 | 0.5 | 5.8 |
| | број | 194 | 65 | 358 | 165 | 68 | 384 | 261 | 64 | 292 | 197 | 39 | 381 | 250 | 50 | 317 | 190 | 33 | 394 | 578 | 3 | 36 |
| | вер. % | 25.5 | 25.9 | 32.9 | 25.6 | 25.1 | 32.4 | 27.1 | 25.1 | 33 | 26.5 | 22.4 | 32.2 | 27.4 | 25.8 | 31.9 | 26.6 | 23.9 | 31.6 | 29.6 | 20.0 | 27.9 |
| Земјоделци (10,11) | хор. % | 37.5 | 17.4 | 45.1 | 26.6 | 17.9 | 55.4 | 49.5 | 13.0 | 37.5 | 48.9 | 5.4 | 45.7 | 47.8 | 9.2 | 42.9 | 50.0 | 49.5 | 43.5 | 95.1 | 1.1 | 3.8 |
| | број | 69 | 32 | 83 | 49 | 33 | 102 | 91 | 24 | 69 | 90 | 10 | 84 | 88 | 17 | 79 | 92 | 12 | 80 | 175 | 2 | 7 |
| | вер. % | 9.1 | 12.7 | 7.6 | 7.6 | 12.2 | 8.6 | 9.4 | 9.4 | 7.8 | 12.1 | 5.7 | 7.1 | 9.7 | 8.8 | 7.9 | 12.9 | 8.7 | 6.4 | 8.9 | 13.3 | 5.4 |
| Невработени (13,14) | хор. % | 36.8 | 12.2 | 51.0 | 32.9 | 13.2 | 53.9 | 45.9 | 12.5 | 41.5 | 35.9 | 9.2 | 54.9 | 43.2 | 9.2 | 47.6 | 36.1 | 45.9 | 56.7 | 92.2 | 0.5 | 7.4 |
| | број | 320 | 106 | 443 | 286 | 115 | 468 | 399 | 109 | 361 | 312 | 80 | 477 | 375 | 80 | 414 | 314 | 62 | 493 | 801 | 4 | 64 |
| | вер. % | 42.1 | 42.2 | 40.7 | 44.4 | 42.4 | 39.5 | 41.4 | 42.7 | 40 | 42.0 | 46.0 | 40.3 | 41.2 | 41.2 | 41.6 | 43.9 | 44.9 | 39.5 | 41.0 | 26.7 | 49.6 |
| Се | хор. % | 36.2 | 12.0 | 51.9 | 30.7 | 12.9 | 56.4 | 45.9 | 12.1 | 42.0 | 35.3 | 8.3 | 56.4 | 43.4 | 9.2 | 47.4 | 34.0 | 45.9 | 59.4 | 93.1 | 0.7 | 6.1 |
| | број | 760 | 251 | 1089 | 644 | 271 | 1185 | 963 | 255 | 882 | 742 | 174 | 1184 | 911 | 194 | 995 | 715 | 138 | 1247 | 1956 | 15 | 129 |
| | вер. % | 100. | 100. | 100. | 100. | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100. | 100. | 100 | 100 | 100 | 100 |

Извор: Резултати од „*Промени во социјалната структура во Република Македонија, со посебен осврт на високото образование.*

## Вкупни приходи во домаќинствата според населено место.

| | Село | Град | Вкупно |
|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 56 | 48 | 104 |
| 4000-6000 ден. | 93 | 79 | 172 |
| 6000-10000 ден. | 120 | 161 | 281 |
| 10000-15000 | 81 | 147 | 228 |
| 15000-20000 | 42 | 108 | 150 |
| Над 20000 | 75 | 157 | 232 |
| Нема приходи | 16 | 16 | 32 |
| Вкупно | 483 | 716 | 1199 |

$X^2 = 41,14$, $C = 0,18$, $м = 6$, $p = 0,05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјална исклученост и несигурност на граѓаните на РМ", сопствени пресметки.

## Вкупни приходи во домаќинствата според типот на живеалиштето.

| | Луксузна куќа | Стан во зграда | Куќа со стандардна конституција | Куќа со субстандардна конституција | Провизорна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 1 | 9 | 50 | 44 | | 104 |
| 4000-6000 ден. | 1 | 27 | 81 | 61 | 2 | 172 |
| 6000-10000 ден. | 2 | 42 | 173 | 64 | | 281 |
| 10000-15000 | 3 | 47 | 142 | 35 | 1 | 218 |
| 15000-20000 | 4 | 46 | 95 | 5 | | 150 |
| Над 20000 | 17 | 54 | 154 | 7 | | 232 |
| Нема приходи | 3 | 6 | 22 | 1 | | 32 |
| Вкупно | 31 | 231 | 717 | 217 | 3 | 1199 |

$x^2 = 192,83$; $C = 0,31$; $м = 24$; $p = 0,5$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјална исклученост и несигурност на граѓаните на РМ", сопствени пресметки.

## Вкупни приходи во домаќинството според полот.

| | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 62 | 42 | 104 |
| 4000-6000 ден. | 95 | 77 | 172 |
| 6000-10000 ден. | 163 | 118 | 281 |
| 10000-15000 | 127 | 101 | 228 |
| 15000-20000 | 73 | 77 | 150 |
| Над 20000 | 128 | 104 | 232 |
| Нема приходи | 13 | 19 | 32 |
| Вкупно | 661 | 538 | 1199 |

$X^2 = 7,07$; $C = 0,07$; $м = 6$, $p = 0,05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјална исклученост и несигурност на граѓаните на РМ", сопствени пресметки.

## Вкупни приходи во домаќинството според возраста.

| | 18-24 год | 25-34 год. | 35-44 год | 45-54 год | 55-64 год | Над 65 год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 16 | 16 | 25 | 15 | 13 | 19 | 104 |
| 4000-6000 ден. | 14 | 31 | 46 | 34 | 28 | 19 | 172 |
| 6000-10000 ден. | 26 | 51 | 79 | 58 | 41 | 26 | 281 |
| 10000-15000 | 24 | 41 | 62 | 62 | 21 | 18 | 228 |
| 15000-20000 | 22 | 34 | 30 | 43 | 11 | 10 | 150 |
| Над 20000 | 35 | 57 | 48 | 46 | 27 | 19 | 232 |
| Нема приходи | 9 | 4 | 9 | 5 | 4 | 1 | 32 |
| Вкупно | 146 | 234 | 299 | 263 | 145 | 112 | 1199 |

$X^2 = 57{,}49$; $C = 0{,}21$; $м = 30$; $p = 0{,}05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјална исклученост и несигурност на граѓаните на РМ", сопствени пресметки.

## Вкупни приходи во домаќинството според националноста.

| | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Роми | Власи | Други | Неопределени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 4000 ден. | 47 | 18 | 15 | 0 | 18 | | 6 | | 164 |
| 4000-6000 ден. | 90 | 30 | 22 | 4 | 19 | 1 | 6 | | 172 |
| 6000-10000 ден. | 171 | 72 | 12 | 2 | 14 | 2 | 8 | | 281 |
| 10000-15000 | 172 | 46 | 0 | 2 | 3 | | 1 | | 228 |
| 15000-20000 | 112 | 33 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | | 150 |
| Над 20000 | 179 | 43 | 1 | 6 | 2 | | | 1 | 232 |
| Нема приходи | 20 | 7 | 2 | 1 | 0 | | 2 | | 32 |
| Вкупно | 791 | 249 | 56 | 17 | 57 | 4 | 24 | 1 | 1199 |

$X^2 = 198{,}9$; $C = 0{,}38$; $м = 42$; $p = 0{,}05$

Извор: Резултати од истражувањето „Социјална исклученост и несигурност на граѓаните на РМ", сопствени пресметки.